Република Македонија

ПРОГРАМА НА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ

2018 -2020 ГОДИНА

јануари 2018 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF FINANCE

Содржина

Вовед 5

1. Општа рамка и цели на економската политика 5

1.1. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ УСВОЕНИ НА ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКИОТ ДИЈАЛОГ ВО МАЈ 2017 ГОДИНА 7

2. Макроекономска рамка 12

2.1. ПОСЛЕДНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА 12

2.2. СРЕДНОРОЧНО МАКРОЕКОНОМСКО СЦЕНАРИО 19

2.3. АЛТЕРНАТИВНИ СЦЕНАРИЈА И РИЗИЦИ 34

3. Фискална рамка 37

3.1. ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И СРЕДНОРОЧНИ ЦЕЛИ 37

3.2. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ВО 2017 ГОДИНА 38

3.3. СРЕДНОРОЧНИ БУЏЕТСКИ ОЧЕКУВАЊА 39

3.4. СТРУКТУРЕН ДЕФИЦИТ 43

3.5. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВЕН ДОЛГ, СОСТОЈБА И ПРОЕКЦИИ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ЈАВНИОТ ДОЛГ 44

3.6. СЕНЗИТИВНА АНАЛИЗА 47

3.7. ФИСКАЛНО УПРАВУВАЊЕ И БУЏЕТСКИ РАМКИ 50

3.8. ОДРЖЛИВОСТ НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ 50

4. СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2020 ГОДИНА 51

4.1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ 51

4.2. РЕЗИМЕ НА РЕФОРМСКИТЕ МЕРКИ 55

4.3. АНАЛИЗА ПО ОБЛАСТИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМСКИ МЕРКИ 55

4.3.1. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ 55
4.3.2. РЕФОРМИ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ И ТРАНСПОРТНИОТ ПАЗАР 59
4.3.3. СЕКТОРСКИ РАЗВОЈ 66
4.3.3.1. Развој на земјоделскиот сектор 66
4.3.3.2. Развој на секторот индустрија 73
4.3.3.3 Развој на секторот услуги 77
4.3.4. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА 80
4.3.5. ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ИНОВАЦИИ, ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА 83
4.3.6. РЕФОРМИ ПОВРЗАНИ СО ТРГОВИЈАТА 86
4.3.7. ОБРАЗОВАНИЕ И ВЕШТИНИ 88
4.3.8. ВРАБОТУВАЊЕ И ПАЗАР НА ТРУД 91
4.3.9. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА, НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 95

5. БУЏЕТСКИ ИМПЛИКАЦИИ НА СТРУКТУРНИТЕ РЕФОРМИ 97

6. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАШАЊА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ 97

Анекс 1. Показатели за македонската економија за 2016 година согласно Процедурата за макроекономските нерамнотежи на Европската комисија 100
Анекс 2. Анализа на одржливоста на надворешниот долг 102
Анекс 3: Преглед на податоци 104
Анекс 4. Придонес од консултациите со заинтересираните страни за ПЕР 2018-2020 132

Листа на кратенки

АВРМ	Агенција за вработување на Република Македонија
АД ЕЛЕМ	Електрани на Македонија
БДП	Бруто домашен производ
ВФП	вкупна факторска продуктивност
ГП	Граничен премин
ДДВ	Данок на додадена вредност
ДЕУ	Делегација на Европска Унија
ДЗС	Државен завод за статистика
ДХВ	државни хартии од вредност
ЕБОР	Европска банка за обнова и развој
ЕЕ	Енергетска ефикасност
ЕИБ	Европска инвестициска банка
ЕК	Европска комисија
ЕНЕР	Единствен национален електронски регистар на прописи
ЕСРП	Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика
ЕУ	Европска унија
ЗЕЛС	Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗЈН	Закон за јавни набавки
ЗОУП	Закон за општата управна постапка
ИПА	Инструмент за претпристапна помош
ИПАРД	Инструмент за претпристапна помош за рурален развој
ИПВ	Индивидуален план за вработување
ИТ	информатичка технологија
ЈЗУ	Јавна здравствена установа
ЈИЕ	Југоисточна Европа
ЈП МЖИ	Јавно Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура
км	километри
МЕПСО	Македонски електропреносен систем оператор
МЗШВ	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МИОА	Министерство за информатичко општество и администрација
МИП	Меѓународна инвестициска позиција
МОН	Министерство за образование и наука
МСП	Мали и средни претпријатија
МФ	Министерство за финансии
НБРМ	Народна банка на Република Македонија
НЕДК	Номинален ефективен девизен курс
НЕМО	Номинални оператори на пазарот на електрична енергија
НКТТ	Национална канцеларија за трансфер на технологии
НКФ	Национална рамка на квалификации
ОЕЦД	Организација за економска соработка и развој
ОИЕ	Обновливи извори на енергија
ОП	Оперативен план
п.п.	процентен поен
ПЕР	Програма на економски реформи
ПИСА	Програма за меѓународни оценки на учениците
ПРУЈФ	Програма за реформа на управувањето со јавните финансии
РЕДК	Реален ефективен девизен курс
РМ	Република Македонија
РОАА	поврат на просечни средства
РОАЕ	поврат на просечен капитал
СБ	Светска банка
СДИ	Странски директни инвестиции
СЕЗ	Секретаријат на Енергетската заедница
СЕРЕЈ	Европска комисија за ефикасност на правдата

СИГМА	Support for Improvement in Governance and Management
СОО	Стручно образование и обука
ССА	Договори за стабилизација и асоцијација
СТО	Светска трговска организација
ТАЕКС	Инструмент за техничка помош и размена на информации
ТС	Трафостаница
УНЕСКО	United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
УНИДО	Организација за индустриски развој на Обединетите нации
ФАО	Food and Agriculture Organization
ФИТР	Фонд за иновации и технолошки развој
ха	Хектари
ХС	Хидросистем
ЦЕФТА	Централно Европски Договор за слободна трговија
CACM	Capacity Allocation and Congestion Managment
CIP	Индекс на конкурентни индустриски перформанси
COSO	Committee for Sponsoring Organization of the Treadway
ECA	Европски систем на сметки
GWh	Гигават часови
HACCP	Hazard Analysis and Critical Control Points
ISO	International Organization for Standardization
MTBF	Среднорочна буџетска рамка (Medium Term Budgetary Framework)
MTEF	Среднорочна рамка на расходи (Medium-term Expenditure Framework)
MW	Мегават
WB6	Western Balkans Six
WBIF	Western Balkans Investment Framework
WTTC	World Travel and Tourism Council

Вовед

Република Македонија како земја кандидат има подготвено досега вкупно 10 програми, односно 7 Претпристапни економски програми и 3 Програми на економски реформи.

Европската Унија (ЕУ) во Стратегијата за проширување од октомври 2013 година воведе нов пристап на економско управување, кое стана клучен столб во процесот на проширување. Главна цел на овој нов приод е да им помогне на земјите од проширувањето прво да се справат со економските основи за да ги исполнат економските критериуми за пристапување.

Новиот пристап на економско управување во процесот на проширување е инспириран од процесот Европски Семестар на ниво на ЕУ. Овој пристап подразбира важна промена во дијалогот за економските политики и подобрено известување со цел да се дадат појасни насоки за потребните реформи за поддршка на долгорочен економски раст и конкурентност. Земјите од Западен Балкан, меѓу кои и Република Македонија, од 2015 година се поканети да ги подобрат економските политики и економското управување преку подготовка на трогодишни Програми за економски реформи (ПЕР) на годишна основа.

Програмата на економски реформи за 2018 - 2020 година претставува четврт ваков документ изработен согласно насоките дадени од страна на Европската комисија (ЕК). Програмата ја прикажува среднорочната макроекономска и фискална рамка, како и секторските структурни реформи за промовирање на конкурентноста и растот.

Програмата е изработена во согласност со Програмата за работа на Владата на РМ 2017-2020 година, среднорочната Фискална стратегија за периодот 2018-2020 и Буџетот на Република Македонија за 2018 година, како и останатите национални стратешки документи: Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, Спогодбата за стабилизација и асоцијација и националните секторски стратегии: Програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021, Стратегијата за иновации 2012-2020, Стратегијата за конкурентност 2016-2020 итн.

Исто така, програмата е во согласност со Стратегијата на ЕУ за брз, одржлив и сеопфатен економски развој „Европа 2020“, како и Стратегијата за Југоисточна Европа - ЈИЕ 2020 на Советот за регионална соработка наречена „Работни места и просперитет во европската перспектива“ која одблиску ја следи визијата на Стратегијата „Европа 2020“.

При подготовката на Програмата земени се предвид препораките наведени во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2016 година, како и специфичните препораки од Министерскиот дијалог од 23 мај 2017 година дадени врз основа на Извештајот на ЕК со оценка на Програмата на економски реформи 2017-2019 година.

Целокупниот процес на подготовка на документот го координираше Министерството за финансии (МФ) со учество на релевантните државни институции. Предложените секторски структурни реформи беа споделени со социјалните партнери и бизнис заедницата преку интернет страната на МФ, преку консултативен состанок во МФ и на состанок на Економско-социјалниот совет, со цел добивање нивно мислење и предлози. Во текот на изработка на ПЕР имаше континуирана соработка со ЕК и ОЕЦД преку мисии и работилници со цел подобрување на квалитетот на ПЕР и јакнење на капацитетот на институциите за приоритизација и координација на економските политики.

1. Општа рамка и цели на економската политика

Макроекономската политика во периодот 2018-2020 година е во функција на развој на економијата и подигнувањето на животниот стандард на граѓаните, преку поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија (МСП), зголемување

на вработеноста во економијата преку активните мерки за вработување, подигнување на нивото на платите во економијата, како и преку зајакнување на системот на социјална заштита.

Согласно Фискалната стратегија 2018-2020 година, главен приоритет во среднорочниот период останува фискалната консолидација согласно Мастришките критериуми. Во периодот 2018-2020 година предвидено е етапно намалување на буџетскиот дефицит и тоа: 2,7% од бруто домашниот производ (БДП) во 2018 година; 2,5% од БДП во 2019 година и 2,3% од БДП во 2020 година. Се очекува умерен и контролиран пораст на државниот долг до 42,6% од БДП на крајот на 2020 година, додека јавниот долг во истиот период се очекува да биде на ниво од 53,5% од БДП.

Во 2018 година економијата се очекува да заздрави и понатамошно да се интензивира економскиот раст. Политичката стабилност и враќањето на довербата кај инвеститорите се очекува да придонесат кон раст на приватните инвестиции. Растот на платите и вработеноста во приватниот сектор поддржан од владините мерки, придружени со очекувањата за ниска и стабилна инфлација во земјата, ќе придонесат кон зголемување на приватната потрошувачка. Континуираниот солиден извоз од новите производствени капацитети, како и опоравувањето на традиционалните извозни сектори како резултат на зајакнатата економска активност на земјите трговски партнери, ќе придонесат за зголемување на извозот и поголемо искористување на индустриските капацитети.

Реалниот раст на БДП се очекува да се зголеми на 3,2% во 2018 година, а во наредните две години да продолжи со нешто посилен интензитет, односно да достигне 3,5% во 2019 година и 4% во 2020 година.

Приватната потрошувачка се предвидува да биде значаен двигател на економскиот раст во овој среднорочен период, која се очекува да забележи раст од 3% на реална основа, додека проекцијата за раст на бруто-инвестициите изнесува 4,4% во просек на реална основа, пред се заради планираните инвестиции на јавниот сектор, како и инвестициската активност на домашните и странските претпријатија. Извозот на стоки и услуги се очекува да забележи реален раст од околу 8,0% во просек, во услови на континуирано солидна активност на извозно-ориентираните капацитети, како и очекуван раст на странската побарувачка, додека увозот на стоки и услуги во овој период се очекува да забележи просечен реален раст од 6,4%.

Предвидениот раст на економската активност во наредниот среднорочен период се очекува да биде придружен со раст на вработеноста, поттикнат преку активните мерки и програми за вработување, поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање нови работни места, како и други мерки за намалување на невработеноста, како резултат на што се очекува стапката на невработеност да достигне 19,5% во 2020 година.

Монетарната политика и во наредниот тригодишен период останува ориентирана кон одржување на ценовната стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото.

Стапката на инфлација во периодот 2018-2020 година се очекува да биде ниска и стабилна и да изнесува 2% годишно.

Согласно последните оцени за надворешниот сектор, дефицитот на тековната сметка на платниот биланс се очекува да остане релативно низок и да бележи постепено стеснување во периодот 2018-2020 година, односно да се намали на 1,9% од БДП во 2020 година.

Република Македонија и во наредниот среднорочен период ќе остане посветена на создавање функционална и конкурентна пазарна економија. Структурните реформи ќе бидат насочени кон зајакнување на човечкиот капитал, стимулирање на иновативноста и креативноста, подобрување на конкурентноста на услужниот и земјоделскиот сектор,

натамошно подобрување на транспортните и енергетски пазари и олеснување на трговијата. Спроведување на овие мерки надополнети со активните мерки на пазарот на трудот, треба да придонесат за зголемување на конкурентноста на македонската економија, креирање работни места и намалување на невработеноста.

1.1. Реализирани активности согласно препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог во мај 2017 година

П 1: Да се развие соодветна стратегија за фискална консолидација преку дефинирање и утврдување вредности на повеќегодишни конкретни мерки на приходната и расходната страна, а притоа да не се загрозат инвестициите што влијаат на растот. Подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните расходи преку подобро насочување и таргетирање на трошоците за трансфери.
Во Фискалната стратегија 2018-2020 година[1] е прецизирано дека фискалната политика во наредниот среднорочен период ќе биде во функција на фискална одржливост и етапна фискална консолидација, задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. Имено, фокусот ќе биде насочен кон создавање поволна деловна клима, поддршка на домашните претпријатија, пред сè на МСП, како и поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти. Во наредниот среднорочен период ќе биде акцентирана определбата за етапна консолидација на јавните финансии, со цел задржување на макроекономската стабилност и контрола на нивото на задолженост. Утврдените основни постулати на фискалната политика во наредниот период обезбедуваат постепено намалување на нивото на вкупниот буџетски дефицит и негово позиционирање на ниво од 2,5% од планираниот БДП во 2019 година и 2,3% од БДП во 2020 година.
П 2: Подобрување на капацитетот за буџетско планирање преку воведување среднорочна рамка на расходи. Зголемување на фискалната транспарентност преку вклучување информации во буџетската документација за составот на финансирање на дефицитот; буџетското влијание на новите иницијативи и политики; достасани неплатени обврски, како и трошоци и заеми на јавните претпријатија. Усвојување фискални правила во рамки на буџетскиот закон, доколку е тешко да се воведат преку уставни промени.
Од декември 2015 година заклучно со ноември 2017 година преку ИПА 2011 се имплементираше Проектот за зајакнување на среднорочното буџетско планирање за ефикасно управување со јавните финансии, чии главни активности беа насочени кон утврдување програмска класификација на расходите, зајакнување на капацитетите за среднорочно планирање и известување согласно методологијата ЕСА. Во рамките на проектот се подготви Прирачник за среднорочна буџетска рамка во рамки на кој детално се дефинира концептот за имплементација на среднорочна буџетска рамка (MTBF) и среднорочна рамка на расходи (MTEF) врз основа на што ќе бидат подготвени и соодветни законски измени и подзаконски акти. Оттука, Министерството за финансии започнува со подготовка на нов закон за буџети каде што ќе бидат вклучени сите планирани реформи во однос на среднорочното буџетирање, како и воспоставување на фискални правила во закон, наместо во устав. Со цел зголемување на транспарентноста преку креирање информации со подобар квалитет, лесни и достапни за пошироката јавност, Министерството за финансии на веб-страницата постави платформа за отчетност и транспарентност и го објави Граѓанскиот буџет за 2017 година[2] со опфат на Ребалансот за 2017 година, како и Граѓанскиот буџетот за 2018 година[3] со опфат на Буџетот за 2018 година. Преку платформата, граѓаните, истражувачката и академската јавност имаат полесен пристап до информации за извршувањето на Буџетот и буџетите на буџетските корисници, квартални податоци за реализираните приходи и расходи на општините, макроекономските податоци, состојбата на долгот и други публикации, билтени и слично. Дополнително на ова се пристапи кон законски измени во Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници со цел истите во рок од 15 дена по доставување во Централен регистар да ги објават Завршните сметки на својата веб-страница. Министерството за финансии и во идниот период ќе работи на зголемување на транспарентноста преку објавување дополнителни податоци, анекси, сценарија во рамките на целокупната буџетска документација: Буџетот на Република Македонија, Завршна сметка, Фискална стратегија, како и на Граѓанскиот буџет на редовна и континуирана основа. Министерството за финансии веќе со Буџетот за 2018 година и Фискалната стратегија 2018-2020 година пристапи кон

[1] http://finance.gov.mk/files/u6/Fiskalna%20Strategija%20na%20RM%202018-2020_0.pdf
[2] http://www.finance.gov.mk/files/u3/Gragjanki%20Budjet.pdf
[3] http://www.finance.gov.mk/mk/node/6810

зголемување на транспарентноста преку воведување дополнителни табеларни прегледи, графикони и појаснувања.

Министерството за финансии објави преглед на неплатените обврски со пресечен датум 31.5.2017 година, изработен врз основа на податоци кои буџетските корисници, фондовите, јавните претпријатија и општините ги доставија до Министерството за финансии.

Како би се воспоставила единствена платформа на која буџетските корисници, единките корисници, јавните претпријатија на државно и локално ниво, ЈЗУ и општините ќе можат да ги пријавуваат достасаните, а неизмирените обврски, Министерството за финансии преку твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии“ изготви софтверско/апликативно решение.

Врз основа на податоците што институциите ќе ги внесуваат на месечна основа, истите ќе се сублимираат во форма на соодветни прегледи, како би можело во секое време да се има евиденција на состојбата со обврските.

Со цел унапредување на процесот на евиденција на обврските, подготовка на акциски план за нивно подмирување во одреден период со соодветна динамика, како и воспоставување систем за превенција од идно создавање обврски Министерството за финансии во соработка со Светска банка ќе пристапи кон подготовка на Стратегија.

П 3: Да се продолжи со напорите за натамошно унапредување на користењето на локалната валута и понатамошно зајакнување на разрешувањето на нефункционалните пласмани преку изработка на сеопфатни стратегии, со инволвирање на сите релевантни субјекти. Поставеноста на монетарната политика би требало да остане конзистентна со таргетирањето на девизниот курс, при користење на просторот во оваа рамка за одржување на ценовната стабилност.

а) Нефункционалните пласмани во банкарскиот систем на Република Македонија од почетокот на глобалната криза остварија пораст, задржувајќи се сепак на умерено и стабилно ниво, кое во периодот 2013-2015 година се движеше околу 11%. Народната банка постојано го следи движењето на нефункционалните кредити, од аспект на одржување на финансиската стабилност, но и поради евентуалните оштетувања на кредитниот канал. Воедно, централната банка постојано презема активности за утврдување на причините за високата перзистентност на постоечките нефункционални кредити, но и за појава на нови нефункционални кредити (анализи и анкети на банките). Во овие рамки, во 2013 година беа направени регулаторни промени во насока на поддршка на реструктурирањето кредити од страна на банките.

Анализите на НБРМ од претходните години упатуваа на висока концентрација на нефункционално кредитно портфолио составено од правни лица, каде што 50-те најголеми нефункционални кредити сочинуваат речиси 60% од вкупниот износ нефункционални кредити кон правните лица. Повеќе од половината од износот на нефункционалните кредити беа „целосно резервирани“. Анкетите на банките укажуваа на вообичаени активности и мерки што ги преземаат за управување со нефункционалните кредити (засилени лични контакти со клиентите, прилагодување на кредитните услови на моменталните финансиски тешкотии), а отписот на побарувања не го користат сè додека постои и најмала веројатност за наплата. При вакви околности, во декември 2015 година, НБРМ направи измени во Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која, најдоцна од 30 јуни 2016 година, банките беа обврзани да извршат отписи на сите побарувања кои се целосно резервирани подолго од две години. Притоа, банките и понатаму имаат можност и обврска да преземаат активности за наплата на овие побарувања, иако се отпишани. Следствено, на крајот на 2016 година, главно како резултат на оваа мерка, учеството на нефункционални пласмани е намалено на 6,6%, а на истото ниво се задржа и во септември 2017 година.

Во текот на 2016 година НБРМ презеде дополнителни активности во насока на испитување на можностите и пречките за поефикасно разрешување на лошите побарувања на банките, а беше испратен и сеопфатен прашалник до банките. Врз овие основи, во насока на натамошно намалување на нефункционалните кредити, во 2017 година Народна банка изработи Предлог-стратегија, со предлог-мерки и активности за подобро управување со нефункционалните кредити, вклучително и нивна продажба, за чие усвојување и спроведување е потребна координирана акција на повеќе институции во државата. Народна банка започна да презема конкретни активности за реализација на некои од предложените мерки, како развивање регистар на преземен имот од страна на банките наменет за продажба, појаснување на дефиницијата за отпис и сл. Процесот на меѓуинституционално разгледување на Предлог-стратегијата е започнат.

б) Во периодот од средината на 2009 година до 2015 година беше присутен тренд на интензивна денаризација на двете страни на билансот на банките, кој беше главно воден од денаризацијата на страна на пасивата, на што се надоврза и денаризацијата на страна на активата. Во овој период, учеството на депозитите со валутна компонента во вкупните депозити се намали за околу 18 п.п., а учеството на кредитите во валутна компонента во вкупните кредити се намали за околу 12 п.п.. Промената во валутните склоности на субјектите во насока на зголемено учество на депозитите во домашна валута може да се објасни со повеќе фактори. Покрај водењето кредибилни макроекономски политики, во функција на одржување макроекономска стабилност, како и здравиот и стабилен банкарски сектор, треба да се истакнат и: зајакнатите фундаменти на домашната економија, повисокиот принос на инструментите во домашна валута, кризата во еврозоната, напорите за развој на домашните финансиски пазари, како и широката лепеза на макро-прудентни мерки што НБРМ ги имплементираше во овој период насочени кон промоција на домашната валута.

НБРМ значајно го поддржа процесот на денаризација главно преку промени кај задолжителната резерва, која во овој

период беше активно користена како макропрудентен инструмент и инструмент за поддршка на денаризацијата. Така, во овој период се изврши дополнително диференцирање на стапките на задолжителна резерва од валутен аспект (намалување на стапката за задолжителна резерва на обврските во домашната валута и зголемување на стапката за обврските во странска валута) и се воведе нулта стапка на задолжителна резерва за депозитите на домаќинства со договорна рочност над 2 години и за депозитите на домаќинствата во домашна валута со договорна рочност над 1 година. Неизвесноста во однос на политичката состојба и шпекулациите во однос на девизниот курс и стабилноста на банкарскиот систем во текот на вториот квартал на 2016 година доведоа до прекин на позитивниот тренд, при што сепак треба да се нагласи дека учеството на депозитите со девизна компонента забележа мал раст (од 1,5 п.п. во вториот квартал на 2016 година) и потоа стабилизирање и враќање на пред-кризното ниво. Пакетот мерки за справување со настанатата ситуација, меѓу другото, вклучуваше и мерка за задржување на процесот на денаризација (зголемување на стапката на задолжителна резерва за денарски депозити со девизна клаузула). Во овој контекст, значајно е да се истакне дека придобивките од неколкугодишниот процес на деевроизација се задржани и покрај надворешните и внатрешните шокови.

Во текот на 2016 година, НБРМ изработи листа на предлог-мерки за натамошна поддршка на процесот на деевроизација во економијата, а во 2017 година НБРМ изработи Предлог-стратегија за деевроизација, во насока на натамошно јакнење на довербата во домашната валута, што е во функција на поддршка на монетарната стратегија на таргетирање на девизниот курс на денарот, како и за натамошно одржување на финансиската стабилност. Предлог-стратегијата предвидува повеќе мерки во оваа насока, како и вклучување и на други надлежни институции. Процесот на меѓуинституционално разгледување на Предлог-стратегијата е започнат.

в) Монетарната политика и во 2017 година е фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. По зголемувањето на основната каматна стапка во мај 2016 година (од 3,25% на 4%) поради неизвесноста поврзана со домашната политичка ситуација и шпекулациите, следеше постепено стабилизирање, што овозможи постепено намалување на основната каматна стапка во три наврати (декември, јануари и февруари), со што во февруари 2017 година каматната стапка беше вратена на прет-кризното ниво од 3,25%. Заклучно со септември, оваа каматна стапка е задржана непроменета, во услови на ниска инфлација, поволна платно-билансна позиција, стабилни движења на девизниот пазар, постепени позитивни придвижувања кај депозитите на банките од средината на годината, но и присутна неизвесност во првата половина од годината и потреба од внимателност. НБРМ ќе продолжи со внимателно следење на движењата, внатрешните и надворешните ризици, и останува спремна за соодветна реакција во насока на одржување на ценовната стабилност во економијата.

П 4: Усвојување сеопфатна и веродостојна програма за реформи во управувањето со јавните финансии. Приоритизација на јавните инвестиции според јасни цели на политиките. Зголемување на транспарентноста на критериумите за селекција на инвестициите и нивното влијание врз економскиот раст и врз фискалните движења

Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии[4] е усвоена на седница на Владата одржана на 19 декември 2017 година. Во Програмата утврдени се 7 приоритетни области и тоа:

- Приоритет 1: подобрена фискална рамка
- Приоритет 2: мобилизација на приходите
- Приоритет 3: планирање и буџетирање
- Приоритет 4: извршување на Буџетот
- Приоритет 5: транспарентно владино известување
- Приоритет 6: внатрешна контрола
- Приоритет 7: надворешна контрола и парламентарен надзор

Во рамките на Програмата една од активностите во Приоритетот – Планирање и буџетирање е и вршење Процена на управувањето со јавни инвестиции (ПУЈИ), во соработка со ММФ. Врз основа на Извештајот за ПУЈИ ќе се процени ефикасноста на јавните инвестиции во земјата, ќе се прикажат предностите и слабостите на односните институции и ќе се дадат практични препораки со цел подобрување на ефикасноста, како и на информациите за проектите вклучени во Буџетот.

П 5: Намалување на користењето на скратената постапка при усвојување на законите и целосно користење на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР) заради обезбедување соодветна и систематска консултација на засегнатите страни; зајакнување на независноста и капацитетите на трговските судови.

Согласно Планот 3-6-9[5], на седницата на Владата одржана на 15 август 2017 година се усвои Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Владата, со што се зголеми максималниот број денови за консултации на ЕНЕР од 10 на 20 дена. Со овие измени се овозможува афирмирање и унапредување на воспоставените практики за партиципативно креирање политики поддржано од владиниот и граѓанскиот сектор.

Дополнително, Владата на седница одржана на 4 јули 2017 година усвои заклучоци со кои се задолжуваат сите

[4] http://finance.gov.mk/files/u3/PFM%20Reform%20%20Programme__MK%20DEC%202017_final%20VLADA.pdf
[5] http://vlada.mk/plan-3-6-9

министерства да ги почитуваат процедурите на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и објавувањето на ЕНЕР. Согласно Деловникот за работа на Владата и системот Е-влада, на седниците на работните тела и на Владата се разгледуваат материјали кои ги содржат потребните мислења согласно член 68 од Деловникот, вклучително и мислењето на МИОА за предлозите на закони кои подлежат на ПВР.

На Седмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација помеѓу ЕУ и Република Македонија, кој се одржа на 20 септември 2017 година во Скопје, беше нагласена заложбата на Владата да преземе понатамошни конкретни чекори за зголемување на транспарентноста, особено со ограничување на употребата на итни и скратени постапки и со систематско ангажирање на граѓанското општество во развојот на политиките и со тоа што владините извештаи навремено ќе бидат достапни за увид од јавноста.

Во однос на препораката за зајакнување на независноста и капацитетите на трговските судови известуваме дека во Република Македонија не постојат посебни трговски судови, туку одделенија за трговски спорови во рамки на граѓанските судови. Судовите во Република Македонија по трговските спорови постапуваат мошне ефикасно.

Ефикасноста на судовите во рамките на Советот на Европа е обработена и во извештаите на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), каде што таа особено е опсервирана низ призмата на стапката на решени предмети (clearance rate) и просечното време за решавање на предметите (disposition time). Во 2016 година во надлежните судови биле примени 1.258 предмети во областа на трговските спорови, а во овој период биле решени 1.432 предмети. Согласно наведеното, стапката на решени трговски предмети (clearance rate) во 2016 година изнесува 113,83%, а просечното време за решавање на предметите (disposition time) изнесува 271,46 дена.

Во однос на независноста на судството, Република Македонија во своето законодавство ги има вградено сите меѓународни стандарди во оваа област. Така, судиите се избираат од страна на Судскиот совет во кој мнозинството членови се од редот на судиите избрани од сите судии во Република Македонија. Исто така, и во сферата на финансирањето на судството е обезбедена неговата независност преку функционирањето на Судскиот буџетски совет кој има клучни надлежности во процесот на подготвувањето и реализацијата на судскиот буџет. Независноста на судството е обезбедена и преку едукацијата на судиите, што се одвива во рамките на Академијата за судии и јавни обвинители.

П 6: Зголемување на опфатот и покриеноста на активните мерки на долгорочно невработените лица, младите и ниско квалификуваните. Подобрување на квалификациите на наставниците и зголемување на уписот во предучилишно образование. Стимулирање на учењето преку пракса во средното стручно образование.

а) Во насока на зголемување на опфатот и покриеноста со активни мерки, во 2017 година беа направени измени и дополнувања на Оперативниот план и беа обезбедени дополнителни 2 милиона евра за финансирање активни програми и мерки за вработување за 2017 година. Дополнителните средства беа искористени претежно за активни мерки за поддршка на вработувањето на младите лица на возраст до 29 години.

Во однос на препораката за зголемување на уписот во **предучилишно образование**, токму зголемувањето на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, зголемување на опфатот на деца, како и вклучување поголем број деца со пречки во развојот и деца од немнозински етнички заедници во овие установи, се клучните предизвици во изминатиот период. Континуирано се работи на проширување на бројот и капацитетите на установите задолжени за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Така, само во текот на 2016 година отворени се 34 објекти (13 објекти за детски градинки, 13 центри за ран детски развој, 2 објекта-приватни градинки, 6 детски градинки во состав на правни лица и приватни училишта).

Во моментов во Република Македонија има вкупно 65 јавни установи за деца - детски градинки и 4 јавни центри за ран детски развој со вкупно 270 објекти распоредени во 59 општини, како и 35 приватни установи. Така, дејноста се реализира во вкупно 305 објекти, од кои 65 објекти се во рурални средини и обезбедуваат предучилишна грижа и воспитување на децата од руралните средини, како посебна целна група.

Со зголемување на капацитетите се зголемува и опфатот на деца, така што во 2016 година се забележува зголемен опфат на деца од 0-6 годишна возраст за 8%, во однос на 2015 година, а за децата на возраст од 3-6 години опфатот во 2016, во однос на 2015 година, е поголем за 21% и изнесува 42%. За споредба, опфатот на деца на оваа возраст во 2006 година изнесувал околу 10,6%.

И во наредниот период продолжуваат интензивни активности за понатамошно проширување на мрежата на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, пред сè преку зголемување на инвестициите за реконструкција, адаптација и изградба на нови градинки. Со овие активности се очекува опфатот на деца во предучилишно образование дополнително да се зголеми за 50% во наредниот четиригодишен период.

Во рамки на проектот „Развивање на капацитетите на предучилишните установи за подобрување на инклузивните практики“, се развиваат капацитетите на предучилишните установи да реализираат програма која одговара на индивидуалните способности, интереси и потреби на децата со потешкотии и да обезбедат високо ниво на поддршка во инклузивна средина.

Во оваа насока е и проектот „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи” кој се спроведува повеќе години во 19 општини и кој значително придонесува за унапредување на вклученоста на децата од ранливите категории население, во овој случај децата-Роми, во предучилишното образование.

Паралелно со овие мерки и активности за зголемување на опфатот на деца, се спроведуваат и мерки за развивање на

капацитетите на вработените во предучилишните установи преку реализирање обуки за воспитувачите и другиот стручен кадар во установите, подготовка на стручни материјали за работа и сл.

б) Во септември 2017 година официјално започна тригодишниот проект за **дуално стручно образование** кој ќе се води по германски терк. Со проектот ќе им се помогне на компаниите што работат во индустријата да обезбедат стручен кадар со тоа што учениците уште за време на своето средно образование ќе бидат подготвувани за работа во конкретна компанија.

Владата ќе се заложи да го имплементира системот на дуално образование во средното стручно образование. Компаниите ќе можат да стипендираат средношколци кои ќе имаат обврска веднаш по завршувањето да се вработат кај нив извесен период.

Министерството за образование и наука (МОН) изготви и одобри обрасци за стандарди на занимања, стандарди на квалификации и наставни програми за стручно образование, врз основа на новите методологии усогласени со меѓународните стандарди. Образецот за квалификации е во согласност со барањата на Македонската рамка на квалификации, додека образецот за наставната програма за стручно образование е модуларно дизајниран и содржи резултати од учење.

Во рамки на проектот „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образованието на возрасните“ за реформи на двегодишното и тригодишното стручно образование, МОН обезбеди **обука за професионален развој на наставниците** во средното стручно образование и обука поврзана со обезбедувањето на новите модуларизирани наставни програми за средно стручно образование. Беа обучени повеќе од 350 наставници кои реализираат настава во 3-годишно и 2-годишно стручно образование и обука. Фокусот на обуките беше ставен на ученикот и на пристапот базиран на резултатите од учење, кои ќе бидат од суштинско значење за ефектот на реформираните квалификации.

Со цел системско воведување на учење преку работа во стручното образование, направени се измени во законската регулатива со која се предвидува работодавачот да ги постигнува целите за практична обука од Наставниот план, обврска на ученикот редовно да посетува практична обука и да ги исполнува работните обврски утврдени со договорот, Стопанските комори (работодавачите) учествуваат во комисиите за завршни испити во стручното образование и обука, работодавачите можат да вршат практична обука за ученици, доколку ги исполнуваат условите во однос на опрема, просторни услови и соодветен кадар.

Изготвена е Стратегијата за стручно образование и обука, како и подзаконски документи – Стандард за опремата и просторните услови и Стандард за стручен и друг кадар за спроведување практична обука/настава - учење преку работа кај работодавач и Договори за изведување практична обука кај работодавач.

Реализирани се обуки за 421 ментор во компании каде што учениците реализираат практична настава, од кои 400 се сертифицирани ментори, 161 наставник по практична настава обучени се во компании и изготвена е програма за стручно-дидактичка обука на обучувачите од работодавачите кај кои се реализира практична обука.

Реализирана е практична настава – учење преку работа во 229 компании со сертифицирани ментори и учењето преку работа на барање на компаниите.

Заради системско прибирање податоци, воведени се Регистар за верификација на работодавачите за изведување на практичната обука кој го води Стопанска Комора на Македонија и Регистар на склучени договори меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практичната обука на учениците.

Формирано е посебно Национално тело за системска имплементација на учењето засновано на работа. МОН секоја година на предлог на Бирото за развој на образованието донесува Програми за обука на наставници во основните и средните училишта.

Бидејќи не постои единствен систем или база во која ќе се интегрираат сите информации /податоци од областа на пазарот на трудот и тоа од институции, организации на работодавачи, стопански комори, локална самоуправа и други чинители кои продуцираат статистики и спроведуваат истражувања од областа на пазарот на трудот, како систем преку кој би се следеле и дестинациите на завршените ученици, Република Македонија прави одредени напори во насока на подобрување на состојбите во ова подрачје. Така, од октомври 2015 година се развива **Опсерваторијата на вештини**, преку која ќе се врши анализа на соодветноста на вештините на учениците од средното образование во корелација со потребите на пазарот на труд, со цел континуирано подобрување на наставните програми, во согласност со барањата на работодавачите. Исто така, Опсерваторијата ќе нуди информации за вработливоста на одредени струки, очекуваното време на чекање работа и нивото на примања по образовен профил и слично, што во голем дел ќе им помогне на идните средношколци и нивните родители при донесување одлука за запишување во одредено средно училиште.

За подобрување на **социјалната инклузија** на најранливите групи во општеството, воведени се стручни обуки во казнено-воспитните установи кои треба да овозможат побрза ресоцијализација на осудените лица и нивно полесно вклучување на пазарот на труд. Досега се обучени 115 осудени лица кои се стекнале со I ниво на стручни квалификации и државно признаени уверенија за стручна оспособеност.

Со цел зголемување на можност за поголема соработка помеѓу работодавачите и средните стручни училишта и верификувани спроведувачи на обука од страна на МОН, за реализација на обуките согласно потребите на работодавачите, а во насока на зголемување на економската активност во општините, во Оперативниот план за 2017 година предвидена е реализација на две пилот програми- и тоа 5.2 Обука за задоволување на локалните потреби од квалификувана работа сила и 5.3 Центар за стручна обука каде што се очекува во првата фаза да бидат опфатени 80

млади невработени лица до 29 години, од кои најмалку 50% се очекува да бидат вработени кај работодавачите што се изјасниле дека имаат потреба од квалификувана и стручна работна сила.
Во однос на зголемување на вработеноста на ранливите категории, воедно фокусирајќи се на поквалитетен престој на учениците со попреченост во образованиот процес, во рамките на програмата Општинско-корисна работа, поддржани се 106 образовни асистенти и 34 лични асистенти на деца во настава во 19 општини. Овие лица се вклучени во редовното основно и средно образование, а моделот на поддршка може да се прилагоди и на децата на претшколска возраст.
За повеќе информации види мерки 16, 17 и 18, како и табела 11.

2. МАКРОЕКОНОМСКА РАМКА

2.1. ПОСЛЕДНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Меѓународно економско окружување. Светската економија во првото полугодие од 2017 година се карактеризираше со зголемена доверба на економските субјекти и создавање поволни услови за финансирање на меѓународниот пазар, што заедно со растот на преработувачката индустрија и трговијата се очекува позитивно да влијаат врз економскиот раст на светската економија кој е проектиран на 3,6% во 2017 година. Растот е главно придвижен од забрзаната економска активност во брзорастечките економии и земјите во развој, а во голема мера се должи на зголемената трговска активност во услови на исчезнување на извозните пречки на овие земји.

Подобрување во економските движења има и кај развиените земји, каде што се забележува зајакнување на инвестициската активност и солиден раст на приватната потрошувачка, што се очекува да влијае врз забрзување на економскиот раст во 2017 година на 2,2%. Европската економија во првото полугодие од годината забележа раст на активноста од 2,3%, при што растот на германската економија, како најголема економија во ЕУ, изнесува 2,0%. Основни двигатели на забрзаниот раст на европската економија во овој период се зголемената активност на преработувачката индустрија и зголемениот извоз на стоки при раст на вработеноста и зголемено ниво на инфлација. Но, и покрај растот на инфлацијата, базичната инфлација остана на ниско ниво и под проектираното од страна на Европската централна банка, што овозможува непречено спроведување на прилагодливата монетарна политика во насока на поттикнување на домашната побарувачка. Ефектите на фискалната политика врз економијата во текот на годината се очекува да останат неутрални. Според тоа, растот до крајот на годината се очекува да се задржи на нивото од 2,3%, поддржан од очекуваното зголемување на приватните инвестиции и растот на извозот, во услови на поголемо искористување на производствените капацитети и зголемена профитабилност на корпоративниот сектор.

Позитивните движења во глобалната економија се очекува да продолжат со засилен интензитет во текот на 2018 година, во услови на зголемена доверба кај инвеститорите, поволни трендови во глобалната трговија и позитивни движења на финансиските пазари. Оттука, растот на глобалната економија се очекува да се зголеми на 3,7% во 2018 година. Позитивни тенденции се очекуваат и во европската економија, во услови на очекувано зголемување на извозот при подобрени услови во глобалната трговија, како и зајакната домашна побарувачка при погодни финансиски услови и намалена неизвесност од спроведувањето на макроекономските политики. Ваквите движења се очекува да придонесат економскиот раст во ЕУ да изнесува 2,1% во 2018 година, а растот во Германија е проектиран на 1,8%.

Последни економски движења во Република Македонија.

Бруто домашен производ. Економската активност во првите три квартали од 2017 година беше под силно влијание на значителниот пад на инвестициската активност на

економските субјекти и реализацијата на капиталните инвестиции, што се огледа преку падот на БДП за овој период од 0,4% на реална основа.

Графикон 2.1. Реален годишен раст на БДП (%)



Извор: Државен завод за статистика (ДЗС)

Потрошувачката забележа раст од 2,1% на реална основа, поттикнат од зголемувањето на приватната потрошувачка од 2,9%, додека јавната потрошувачка бележи пад од 1,4%. Растот на приватната потрошувачка е забележан во време на зголемување на расположливиот доход на домаќинствата, пораст на вработеноста и на платите во економијата. Бруто-инвестициите опаднаа за 5,9%, во услови на значителен пад на активноста во градежниот сектор, што претставува главна причина за намалената економска активност во овој период.

Извозот на стоки и услуги во првите три квартали на 2017 е зголемен за 8,1% на реална основа, во услови на зголемена активност на новите производствени капацитети, поволните движења на надворешната побарувачка, односно раст на економската активност во ЕУ, како и позитивните движења на меѓународните пазари. Согласно номиналните месечни податоци, растот на извозот главно е поттикнат од зголемениот извоз на машини и транспортни уреди од 20,8% и хемиски производи од 15,7%. Увозот на стоки и услуги во истиот период забележа раст од 6,7% на реална основа, што во најголема мера се должи на зголемениот увоз на интермедијарни производи за 15,2%. Повисокиот раст на извозот од увозот во првите три квартали од 2017 година укажува на позитивен придонес на нето-извозот врз растот.

Анализирано по сектори, градежната дејност, која во изминатата година беше главен двигател на економскиот раст, во првите три квартали од 2017 година забележа значителен пад од 11,5% на реална основа. Пад е забележан и во индустријата од 3,9%, додека раст бележат земјоделството од 4,2% и услужниот сектор од 1,1%.

Проценки за 2017 година. Со оглед на падот на реалниот БДП во првите три квартали на 2017 година од 0,4%, како и најновите оценки што укажуваат на закрепнување на економската активност и очекувањата за нејзино дополнително интензивирање до крајот на годината, проекцијата за реалниот економски раст во 2017 година изнесува 1,6%.

Пазар на труд. Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија во 2017 година. Во периодот јануари-септември 2017 година бројот на вработени е повисок за 2,5% на годишна основа. Зголемување на вработеноста е забележано кај услужниот сектор (најмногу во трговијата), индустрискиот сектор (најмногу во преработувачката индустрија) и земјоделството, додека пад е регистриран во градежниот сектор.

Графикон 2.2. Број на вработени и стапка на невработеност



Извор: ДЗС

Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, со што просечната стапка на невработеност во првите девет месеци од 2017 година се намали на 22,5%, што е за 1,5 п.п. пониско споредено со истиот период во 2016 година.

Просечната нето-плата во периодот јануари-септември 2017 година забележа

раст од 2,5% на номинална основа и раст од 1,3% на реална основа. Нето-платите во индустријата во овој период пораснаа за 2,9%, а во услужниот сектор за 2,8% просечно на номинална основа.

Надворешен сектор. Движењата во тековната сметка на билансот на плаќања во првите три квартали од 2017 година се во согласност со јакнењето на позитивните ефекти од новите производствени капацитети врз вкупниот извоз, при истовремени позитивни придвижувања и кај дел од традиционалниот сектор, како и со движењето на светските цени на основните производи. На тековната сметка од платниот биланс во периодот јануари - септември 2017 година е остварен низок дефицит од 61 милион евра, кој е за 59% помал споредено со истиот период лани. Стеснувањето произлегува од подобрувањето кај секундарниот доход и салдото во размената на стоки и услуги, додека дефицитот кај примарниот доход оствари проширување. Во рамки на секундарниот доход, нето откупената ефектива на менувачкиот пазар беше повисока за 12,4% споредено со истиот период лани, главно одразувајќи ја ниската споредбена основа, односно намалениот нето-откуп во вториот квартал лани, како последица на зголемената политичка неизвесност и шпекулативните притисоци.

Табела 2.1. Биланс на плаќања

(% од БДП)	2013	2014	2015	2016	I-IX.2017
Дефицит на тековна сметка	-1,6	-0,5	-2	-2,7	-0,6
Стоки, нето	-22,9	-21,7	-20,1	-18,3	-12,7
Услуги, нето	4,6	4,5	3,8	3,5	3,2
Примарен доход, нето	-2,4	-1,9	-3,2	-3,9	-3,1
Секундарен доход, нето	19	18,6	17,5	16	11,9
Финансиска сметка, нето (без девизни резерви)	0,8	5,1	-0,1	6,1	-1,5
СДИ, нето	2,8	2,3	2,2	3,2	0,5
Портфолио инвестиции, нето	2	5,6	0,7	4,4	-0,2

Извор: НБРМ, ДЗС, проекција на НБРМ за БДП за 2017 година.

Во првите девет месеци од 2017 година, во рамки на финансиската сметка, приливи беа остварени врз основа на трговски кредити и странски директни инвестиции (СДИ). Во периодот јануари - септември 2017 година, СДИ, нето, изнесуваат 51 милион евра, што е за 73,5% помалку во однос на истиот период лани, при нето-одливи врз основа на меѓукомпаниски долг, како и пониски нето-приливи кај сопственичкиот капитал (делумно заради пролонгираната политичка неизвесност) и реинвестирана добивката (во услови на значајно повисок износ на исплатени дивиденди, во вториот и третиот квартал).

На крајот на септември 2017 година, бруто девизните резерви изнесуваа 2.271 милион евра, што претставува намалување за 13% споредено со состојбата на крајот од 2016 година, главно заради трансакциите за сметка на државата (отплата на долг кон странство во јули, во отсуство на надворешно задолжување), ценовни и курсни разлики и достасување на девизните депозити на банките кај НБРМ[6]. Девизните резерви се одржуваат на адекватно ниво, обезбедувајќи просечна покриеност на увозот на стоки и услуги од наредната година од околу четири месеци.

Графикон 2.3. Инфлација (годишни промени, во %)

Извор: ДЗС

Инфлација. Просечната годишна инфлација од почетокот на 2017 година излезе од зоната на негативни годишни промени и во периодот јануари - септември 2017 година изнесува 1,1%, со тренд на постепено забрзување во досегашниот тек од годината. Движењето на инфлацијата е под влијание на цените на горивата, во согласност со нивните движења на светските пазари, како и повисоките цени кај алкохолните пијалаци и тутунот и комуникациите.

[6]Воведени привремено, во екот на политичката нестабилност во вториот квартал на 2016 година.

Просечната базична инфлација, која ги исклучува варијабилните категории (храна и енергија) изнесува 2,1% годишно (пресметки на НБРМ), при што треба да се има предвид дека истата содржи и ефекти од еднократни непазарни ценовни промени (повисоки акцизи кај тутунот). Така, просечната базична инфлација која ги исклучува категориите: непроцесирана храна, енергија, течни горива и мазива и тутун и алкохолни пијалаци изнесува 1% (пресметки на ДЗС).

Монетарни движења и девизен курс. Монетарната политика и во 2017 година е фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Во првите два месеца на 2017 година продолжи постепената нормализација на монетарната политика, започната на крајот на 2016 година. Имено, по зголемувањето на основната каматна стапка во мај 2016 година (од 3,25% на 4%) заради неизвесноста поврзана со домашната политичка ситуација и шпекулациите во однос на девизниот курс и банкарскиот систем, следеше постепено стабилизирање на пазарните очекувања, како и поволни движења кај депозитите и на менувачкиот пазар, како најпогодени пунктови при ескалацијата на кризата во вториот квартал лани. Тоа овозможи постепено намалување на основната каматна стапка во три наврати (декември, јануари и февруари), со што во февруари 2017 година каматната стапка беше вратена на преткризното ниво од 3,25%. Заклучно со септември, оваа каматна стапка е задржана непроменета, во услови на ниска инфлација, поволна платно-билансна позиција, постепени позитивни придвижувања кај депозитите на банките (главно од средината на годината), но и присутна неизвесност особено во првата половина од годината и потреба од внимателност.

Годишниот раст на најшироката парична маса М4 на крајот на септември 2017 година изнесуваше 6,4% (наспроти 6,1% на крајот на 2016 година), при што забрзувањето беше остварено главно во вториот квартал, при присутен базен ефект, додека неизвесноста и забавената економска активност неповолно се одразија врз монетарните движења во останатите квартали. Мало забрзување забележаа и вкупните депозити на приватниот сектор кои во септември беа повисоки за 6% на годишна основа (наспроти растот од 5,7% на крајот на 2016 година). Од секторски аспект, ова главно се должи на забрзувањето на депозитите на домаќинствата. Имено, под влијание на неизвесноста за домашната политичка состојба и шпекулациите, годишниот раст на депозитите на домаќинствата во вториот квартал на 2016 година значително забави, а по преземањето на мерките од страна на НБРМ и смирувањето на состојбите, умерено зајакна во втората половина на годината (во декември изнесуваше 2,5%), при што растот продолжи и во 2017 година и особено забрза во вториот квартал, согласно исцрпувањето на споредбениот ефект од лани. Во септември 2017 година годишниот раст на депозитите на домаќинствата изнесуваше 5,6%, при идентичен годишен пораст и кај депозитите на претпријатијата (наспроти нивниот раст на крајот на 2016 година од 13,4%). Во септември, околу две третини од остварениот годишен раст на вкупните депозити произлегува од растот на депозитите на домаќинствата.

Од валутен аспект, на крајот на септември 2017 година, побрз годишен раст бележеа денарските депозити, со вклучени депозитни пари (8%), наспроти растот кај девизните депозити (3,3%), што е спротивно на динамиката на крајот на 2016 година кога под влијание на политичката неизвесност и шпекулациите, дојде и до промена на валутните преференции (во декември раст на девизните депозити од 8% и на денарските депозити од 4,1%). На крајот на септември 2017 година, растот на денарските депозити, со вклучени депозитни пари, креира над 70% од годишниот раст на вкупните депозити. Следствено, наспроти умерениот раст на учеството на депозитите со валутна компонента во вкупните депозити во вториот квартал на 2016 година (42,7%), нивното учество во декември 2016 година се намали на 41,5%, а во септември 2017 година се задржа стабилно (41,4%), а воедно и натаму е значително пониско наспроти нивото на почетокот на глобалната криза.

Графикон 2.4. Банкарски депозити и кредити

Извор: НБРМ

Графикон 2.5. Каматни стапки (во %, на годишно ниво)



Извор: НБРМ

Банкарските кредити кај приватниот сектор во првите три квартали на 2017 година остварија умерен раст, при поповолни движења од средината на годината наваму, во услови на присутна неизвесност од почетокот на годината и забавена економска активност. На крајот на септември, вкупните кредити на банките кај приватниот сектор беа повисоки за 4,3% на годишно ниво, при што растот во целост се должи на кредитирањето на домаќинствата. Споредено со крајот на 2016 година кога кредитниот раст изнесуваше 6,5% годишно (коригирано за ефектот од пренесување во вонбилансна евиденција на нефункционалните пласмани кои се целосно покриени со исправка подолго од две години), годишниот раст на вкупните кредити бележи умерено забавување.

Каматните стапки на банкарскиот сектор забележаа умерено намалување. Просечните пондерирани каматни стапки на денарските кредити и денарските депозити во септември 2017 година изнесуваа 6,1% и 2,1%, годишно и во однос на крајот на 2016 година се намалија за 0,3 п.п. и 0,4 п.п., соодветно. Со оглед на поголемото намалување на депозитната каматна стапка, каматниот распон е проширен споредено со крајот на 2016 година (за 0,1 п.п.) и изнесува 4 п.п.. Во септември 2017 година, просечните каматни стапки на девизните кредити и девизните депозити изнесуваа 4,8% и 0,8%, при што од почетокот на годината се намалени за 0,4 п.п. и 0,2 п.п., соодветно, што доведе до стеснување на каматниот распон (за 0,1 п.п.), на 4 п.п.. Каматниот диференцијал меѓу денарската и девизната депозитна каматна стапка се стесни за 0,2 п.п. во однос на декември 2016 година и во септември изнесуваше 1,3 п.п..

Банкарски систем. Банките се доминантен институционален сегмент со учество од околу 85% во вкупната актива на финансискиот систем на крајот на 2016 година. Во Република Македонија работат петнаесет банки, од кои единаесет банки се во претежна сопственост на странски акционери, а шест од нив се подружници на странски банки. Странскиот капитал преовладува (главно од земјите од ЕУ) и учествува со околу три четвртини во вкупниот акционерски капитал на банкарскиот систем.

Во првите три квартали од 2017 година, банкарскиот систем остана стабилен, и покрај предизвиците од домашното окружување. Активата на банкарскиот систем на крајот на септември бележи годишен раст од 4%. Притоа, учеството на активата на банкарскиот систем во БДП, на крајот на септември 2017 година, изнесува 71,5% и е непроменето споредено на годишно ниво. Со оглед на умереното забрзување на депозитите, нивното учество во БДП изнесува 51,9% и бележи умерен раст на годишна основа. Во однос на кредитниот пазар, видливо е умерено зголемување на учеството на вкупните кредити во БДП за 0,7 п.п. во однос на третиот квартал од 2016 година (коригирано за отписите).

Анкетата на НБРМ за кредитната активност на банките во првите три квартали на 2017 година упатува на задржување на нето-олеснувањето на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити кај каматната стапка и некаматните приходи, при незначителни промени на условите поврзани со големината на заемот, барањата за обезбедување и достасувањето на заемите. Исто така, се забележува задржување на нето-олеснувањетои на

условите за одобрување кредити на населението, кое главно се однесува на каматната стапка и некаматните трошоци за станбени и потрошувачки кредити. Овие промени се во насока на натамошен олеснет пристап за финансирање на приватниот сектор од банките[7]. Побарувачката за кредити од страна на претпријатијата и населението во првите три квартали на 2017 година (исто како и во 2016 година) банките ја оценуваат како поумерена, што веројатно го одразува ефектот од присутната неизвесност во однос на политичката состојба.

Графикон 2.6. Финансиско посредување (во %)



Извор: НБРМ, ДЗС

Графикон 2.7. Потрошувачки кредити со договорна рочност поголема од 8 години, стапки на раст

Извор: НБРМ

Кредитен ризик. Ефектите од измената на регулативата на НБРМ во доменот на кредитниот ризик (пренесување во вонбилансна евиденција на нефункционалните пласмани кои се целосно покриени со исправка подолго од две години) се исцрпуваат, со оглед на тоа дека по ударниот бран извршени отписи во мај и во јуни 2016 година, последователниот месечен обем на отписите е мал. На крајот на септември 2017 година учеството на нефункционалните во вкупните кредити изнесува 6,6%[8] и е за 0,8 п.п. помало во споредба со септември 2016 година. Околу 80% од нефункционалните кредити се концентрирани кај корпоративниот сектор. Високата покриеност на нефункционалните кредити со издвоената исправка на вредност, при задоволителен обем и квалитет на сопствените средства на банките придонесува за солидна отпорност на банкарскиот систем на неочекувани кредитни загуби. Во насока на натамошно намалување на нефункционалните кредити, Народна банка изработи предлог-стратегија, со предлог-мерки и активности за подобро управување со нефункционалните кредити, вклучително и нивна продажба, за чие усвојување и спроведување е потребна координирана акција на повеќе институционални нивоа во државата.

Макропрудентната мерка за забавување на брзиот раст на потрошувачките кредити со рок на достасување еднаков или подолг од 8 години (воведено поголемо капитално барање од 1.1.2016), даде резултати, бидејќи од нејзиното воведување, овие кредити растат поумерено.

Задолженост на корпоративниот сектор и секторот „домаќинства"[9]. Во 2016 година вкупниот долг на домашниот корпоративен сектор забележа годишен раст од 9,2% и достигна 66,2% од БДП. Како и во минатите неколку години, носител на растот на задолженоста на корпоративниот сектор е надворешната компонента на долгот, која детерминираше над 88% од годишниот раст на вкупниот долг, за сметка на помалото задолжување кај домашните банки. Во долгот кон нерезидентите преовладуваат меѓукомпаниските заеми и трговските кредити (како постабилни и помалку ризични

[7]Согласно Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум, 2016 година, Република Македонија се наоѓа на 45 место според критериумот Олеснување на пристапот до кредити (подобрување за 51 позиција во однос на 2011 година).
[8]Со исклучување на ефектот од отписите, учеството на нефункционалните пласмани во септември 2017 година изнесува 11,5%.
[9] Извор: Извештај за финансиската стабилност во РМ во 2016 година, последен расположлив податок.

текови), чиј раст го определи вкупниот раст на надворешниот долг на корпоративниот сектор во 2016 година. Во рамки на домашното институционално финансирање на корпоративниот сектор, преовладуваат домашните банки, додека небанкарските финансиски институции имаат незначително учество. Во 2016 година, во услови на поволни движења на пазарот на труд и платите, долгот на домаќинствата продолжи умерено да расте, достигнувајќи 23% од БДП (од 22,4% во 2015 година). Банките се најзначајниот кредитор на домаќинствата, на кои отпаѓа 93,9% од долгот.

Профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем се солидни, иако остварената добивка во првите девет месеци од 2017 година е помала за 6,8% во споредба со истиот период од 2016 година. Ваквата промена кај добивката се должи на забавеното намалување на каматните расходи, но и на падот на каматниот приход. Стапките на поврат на активата и на капиталот изнесуваат 1,4% и 12,7%, соодветно.

Табела 2.2. Основни показатели за банкарските ризици (во проценти)

	2014 К4	2015 К4	2016 К4	2017 К3
Адекватност на капиталот				
Стапка на адекватност на капиталот	15,7	15,5	15,2	16,2
Квалитет на актива				
Нефункционални кредити/бруто кредити (нефинансиски субјекти)	11,3	10,8	6,6	6,6
Вкупни издвоени резервации за кредити/нефункционални кредити (нефинансиски субјекти)	104,7	108,4	114,9	112,0
Профитабилност				
РОАА	0,8	1,1	1,5	1,4
РОАЕ	7,4	10,4	13,6	12,6
Оперативни трошоци/вкупни редовни приходи	55,5	51,6	49,8	50,0
Ликвидносен ризик				
Ликвидна актива/вкупна актива	33,2	31,4	30,9	29,5
Ликвидна актива/краткорочни обврски	59,2	54,9	53,5	51,7
Чувствителност на пазарен ризик				
Нето отворена девизна позиција / сопствени средства	17,5	11,1	14,5	7,3

Извор: НБРМ.

Солвентноста на банкарскиот систем е висока. Показателите за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем бележат подобрување во третиот квартал од 2017 година, што произлегува од растот на капиталните позиции (нови субординирани инструменти, а една банка го претвори хибридниот инструмент во акции). Стапката на адекватност на капиталот забележа зголемување во третиот квартал од 2017 година и изнесува 16,2%, додека стапката на основниот капитал (Тиер 1) достигна 14,6%. Новите измени на Законот за банките од октомври 2016 година, кои започнаа да се применуваат од март 2017 година, значат усогласување на домашната регулатива со меѓународниот капитален стандард Базел 3, преку воведување на новите правила на Базелскиот комитет и Европската регулатива за т.н. заштитни слоеви на капиталот, чие исполнување дополнително ќе ја поткрепи солвентноста на банките[10].

Ликвидноста на банкарскиот систем продолжи да се одржува на задоволително ниво. На крајот на третиот квартал од 2017 година, ликвидните средства на банките учествуваат со 29,5% во вкупните средства на банките, при што покриваат 51,7% од вкупните краткорочни обврски и 55,8% од вкупните депозити на домаќинства, што е задоволително ниво и им овозможува непречено работење.

Редовните квартални тестови на сензитивност ја потврдуваат отпорноста на банкарскиот систем на симулираните шокови. Резултатите од стрес тестирањето, кое симулира процентуално зголемување на нефункционалната кредитна изложеност, бележат умерено подобрување во третиот квартал од 2017 година, во споредба со претходниот квартал, кое

[10]За системски значајните банки овие промени се воведуваат фазно и треба да се применат целосно до март 2018 година.

произлегува од повисоката адекватност на капиталот на банкарскиот систем пред изведувањето на симулациите, но и на помалку изразената чувствителност на некои банки на претпоставените шокови. Хипотетичките шокови на страната на кредитниот ризик имаат најголемо влијание врз стабилноста на банкарскиот систем. Симулациите покажуваат дека само при исклучително висок раст на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти (од 181,6%), односно премин на 15% од редовната кон нефункционална кредитна изложеност, адекватноста на капиталот на банкарскиот систем би се спуштила на 8%.

На годишна основа се спроведува и редовен макро стрес тест, кој за 2016 година пајде од две сценарија: првото претпоставува влошување за една стандардна девијација на основните макроекономски варијабли од официјалните проекции на Народна банка за 2017 и 2018 година, додека второто е историско сценарио, и претпоставува дека трендот на макроекономските варијабли остварен во 2001 и 2002 година (во екот на безбедносно-политичката нестабилност на земјата) ќе се преслика во 2017 и 2018 година. Резултатите упатуваат на задоволителна отпорност на вкупниот банкарски систем.

2.2. СРЕДНОРОЧНО МАКРОЕКОНОМСКО СЦЕНАРИО

Макроекономската политика на Република Македонија е во функција на развој на економијата и подигнување на животниот стандард на граѓаните, преку поддршка на домашните претпријатија, пред сè на МСП, зголемување на вработеноста во економијата преку активните мерки за вработување, подигнување на нивото на платите, како и преку зајакнување на системот на социјална заштита.

Бруто домашен производ. Во 2018 година се очекува заздравување на економијата од негативните влијанија на политичката неизвесност во земјата во текот на 2017 година, односно се очекува интензивирање на економскиот раст. Политичката стабилност и враќањето на довербата кај инвеститорите се очекува да придонесат кон раст на приватните инвестиции. Растот на платите и вработеноста во приватниот сектор, поддржан од владините мерки, придружени со очекувањата за ниска и стабилна инфлација во земјата ќе придонесат кон зголемување на приватната потрошувачка. Континуираниот солиден извоз од новите производствени капацитети, како и опоравувањето на традиционалните извозни сектори како резултат на зајакнатата економска активност на земјите трговски партнери, ќе придонесат за зголемување на извозот на Македонија и поголемо искористување на индустриските капацитети.

Оттука, реалниот раст на БДП се очекува да се зголеми на 3,2% во 2018 година, а во наредните две години да продолжи со нешто посилен интензитет, односно да достигне 3,5% во 2019 година и 4% во 2020 година. Во табела 2.3. се прикажани проекциите на релевантни меѓународни и домашни институции за реалниот раст на БДП.

Табела 2.3. Споредба на проекциите за растот на БДП и инфлацијата за Македонија

Институција	Реален раст на БДП (%)				Стапка на инфлација (%)			
	2017	2018	2019	2020	2017	2018	2019	2020
ММФ	1,9	3,2	3,4	3,6	1,2	1,7	1,9	2,0
Светска банка	1,5	3,2	3,9	/	0,9	1,6	2,0	/
Европска комисија	1,7	2,7	3,2	/	1,2	2,0	2,4	/
ЕБОР	1,5	2,5	/	/	/	/	/	/
Виенски институт	1,8	3,1	3,4	/	1,0	1,5	2,0	/
НБРМ	0,5	3,2	3,5	/	1,3	2,0	2,0	/
Министерство за финансии	1,6	3,2	3,5	4,0	1,4	1,7	2,0	2,0

Извор: ММФ (Article IV Consultation, октомври 2017 година), Светска банка (Southeast Europe Regular Economic Report, ноември 2017 година), Европска комисија (European Economic Forecast, ноември 2017 година, ЕБОР (Regional Economic Prospects, ноември 2017 година), Виенски институт (Forecast Report, ноември 2017 година) и НБРМ (Квартален извештај, ноември 2017 година).

Приватната потрошувачка се предвидува да биде значаен двигател на економскиот раст во овој среднорочен период, која се очекува да забележи раст од 3% на реална основа (види графикон 2.8. каде што е прикажан придонесот на поединечните компоненти во растот на БДП). Растот на приватната потрошувачка се поврзува со очекуваниот раст на вработеноста во приватниот сектор, постепеното зголемување на минималната плата, што ќе се одрази врз растот на просечната плата во земјата, како и мерките за зајакнување на социјалната заштита, кои ќе резултираат со раст на расположливиот доход на домаќинствата. Приватната потрошувачка се очекува да биде поддржана и од предвидениот раст на кредитирањето на населението. Проекцијата за реален раст на јавната потрошувачка во овој период изнесува 1,3% во просек.

Графикон 2.8. Расходна структура на растот на БДП (придонес во раст, п.п.)



Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС, п - проекции

Проекцијата за раст на бруто-инвестициите во периодот 2018-2020 година изнесува 4,4% во просек на реална основа. Позитивен придонес врз растот на инвестициите се очекува да имаат планираните инвестиции на јавниот сектор, како и поддршката на инвестициската активност на домашните и странските претпријатија. Враќањето на политичката стабилност во земјата ќе има позитивно влијание врз очекувањата и довербата на економските субјекти, а ќе значи и позитивен сигнал за постојните и потенцијални странски инвеститори. На графиконот 2.8. е прикажан придонесот на бруто-инвестициите во економскиот раст.

Во наредниот среднорочен период, извозот на стоки и услуги се очекува да забележи реален раст од околу 8,0% во просек, со изгледи за одредено интензивирање на растот, во услови на континуирано солидна активност на извозно-ориентираните капацитети, како и очекуван раст на странската побарувачка, особено за производи со повисока додадена вредност, чиј удел во структурата на домашната индустрија се зголемува. Поволни ефекти врз извозот се очекуваат и од предвиденото зголемување на цените на основните метали на среден рок. Проектираниот раст на домашната побарувачка и извозната активност условуваат зголемен увоз на стоки и услуги, кој во овој период се очекува да забележи просечен реален раст од 6,4%.

Пазар на труд. Предвидениот раст на економската активност во наредниот среднорочен период се очекува да биде придружен со раст на вработеноста, поттикнат преку активните мерки и програми за вработување, поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање нови работни места, како и други мерки за намалување на невработеноста.

Според проекциите, во периодот 2018-2020 година се очекува просечен годишен раст на бројот на вработени од околу 2,0%. Растот на побарувачката во овој период се очекува да се одрази и врз понудата на работна сила, која е проектирано да се зголеми годишно за 0,8% во просек. Ваквите движења на пазарот на трудот ќе придонесат просечната стапка на

Графикон 2.9. Раст на бројот на вработени (%) и стапка на невработеност



Извор: ДЗС и проекции на МФ, п - проекции

невработеност во 2020 година да се намали на 19,5%. Растот на просечната нето-плата во овој период се очекува да се движи помеѓу 4,0% и 4,5% на номинална основа.

Графикон 2.10. Продуктивност на трудот и ВФП (стапки на раст)



Извор: Пресметки на МФ, п - проекции

Извори на растот. Вкупната факторска продуктивност (ВФП)[11] се предвидува да има негативен придонес врз економскиот раст во 2017 година, во услови на очекуван пад на инвестициите во основни средства, но силен раст на бројот на вработени. На графиконот 2.10. се прикажани растот на продуктивноста на трудот и на ВФП во периодот 2010 - 2020 година. Во периодот 2018–2020 година, растот на продуктивноста на факторите на производство се очекува да премине во позитивната зона. Сепак, придонесот на ВФП врз растот во овој период е релативно низок и има просечно учество од речиси 16%. Придонесот на трудот во економскиот раст изнесува околу 37%. Физичкиот капитал, согласно со проекциите за раст на инвестициите, во анализираниот период се очекува да забележи раст од 4,6% во просек, придонесувајќи со речиси 47% во вкупниот економски раст.

Потенцијален раст. Пресметката на потенцијалниот аутпут претставува основа за процена на цикличната позиција на економијата. За пресметка на потенцијалниот аутпут се користени два метода. Според првиот метод, филтерот Ходрик Прескот (Hodrick Prescott - HP), кој спаѓа во групата статистички пристапи (a-theoretical) и се базира единствено на историските податоци за БДП[12], потенцијалниот раст на БДП е проценет на 3,2%. Според пристапот функција на производството (PFA), што се користи од страна на ЕК[13], потенцијалниот раст на БДП во анализираниот период е проценет на 3,1%. Резултатите од пресметката на потенцијалниот производ се прикажани на следниот панел на графикони, како и во Табела 5 од Анекс 3.

Графикон 2.11. Потенцијален производ



[11] ВФП е резидуал на растот на останатите фактори на економски раст, трудот и капиталот. За пресметка на физичкиот капитал е применет т.н. perpetual inventory method (види Berlemann and Wesselhöft, Estimating Aggregate Capital Stocks Using the Perpetual Inventory Method, 2014), со користена стапка на амортизација на акумулираниот капитал од 4%.Просечната вредност на делот од доходот од капитал е проценета на 36%, а остатокот е дел од доходот од труд.

[12] Вредноста на трендот се проценува со минимизирање на јазот на фактичкото производство и трендот и варијабилноста за целиот примерок.

[13] Базирано на трудот на Havik et al, The Production Function Methodology for Calculating Potential Growth Rates & Output Gaps, 2014



Извор: Пресметки на МФ

Согласно проекциите за раст на производството во наредниот среднорочен период и проценките за движењето на потенцијалниот производ, во 2017 година цикличната компонента на аутпутот е во негативната зона. Во 2018 година, производниот јаз останува негативен според двете користени методи, но е стеснет споредено со 2017 година. Во 2019 година производниот јаз се очекува да премине во позитивната зона и да остане позитивен и во 2020 година, со тоа што пресметките базирани на методот функција на производството сугерираат повисок јаз споредено со филтерот Ходрик Прескот.

Инфлација. Глобалните и домашните фактори на инфлацијата на среден рок упатуваат на умерено забрзување на инфлацијата, по нејзиното ниско ниво во 2016 година, во согласност со општото надолно движење на цените на основните производи во глобални рамки. Странската ефективна инфлација[14] во 2017 година се проценува на 1,8% (што е повисоко во однос на минатогодишното сценарио од 1,3%). Во 2018 година се очекува дека странската инфлација умерено ќе се забави на 1,4%, а во 2019 година би забрзала на 1,7%.

Графикон. 2.12. Проекција на инфлацијата (%, на годишно ниво)



Извор: ДЗС; октомвриски проекции на НБРМ за периодот 2017-19 година.

Просечната годишна стапка на инфлација во македонската економија во последниот квартал на 2017 година се очекува да се задржи на ниско ниво. Следствено, просечната стапка на инфлација во 2017 година се очекува да изнесува околу 1,3%. Од аспект на компонентите, повисокото просечно ценовно ниво во однос на претходната година е одраз на нагорните промени кај цените на енергијата (во согласност со растот на светските цени на горивата) наспроти надолните притисоци во претходната година, речиси неутралниот ефект од цените на храната наспроти надолните промени во претходната година, како и повисоката базичната инфлација (која, сепак, во еден дел беше водена од еднократни непазарни фактори). Споредено со минатогодишното сценарио, очекувањата за инфлацијата во 2017 година во ова сценарио се непроменети.

Во 2018 година се очекува постепено зголемување на ценовното ниво и инфлација од околу 2%. Растот на потрошувачките цени се очекува во најголема мера да произлезе од

[14]Пресметката на странската ефективна инфлација е изведена од пондерираниот збир на индексите на потрошувачките цени на девет земји кои се најзначајни извозници на производи за лична потрошувачка во Република Македонија. Пондерациската структура базира на нормализираните учества на номиналниот увоз од секоја од земјите во вкупниот номинален увоз во периодот 2010-2012 година.

засилувањето на прехранбената инфлација, во согласност со проектираниот раст на светските цени на дел од примарните прехранбени производи. Исто така, позитивен придонес ќе оствари и базичната инфлација, во услови на подобрување на домашната побарувачка. Од друга страна, енергетската инфлација се очекува да биде негативна и со тоа да има надолно влијание врз вкупната инфлација, согласно со очекувањата за стабилизирање на цената на нафтата на светските берзи, по нејзиниот значителен раст во 2017 година. Во следните две години се очекува стабилизирање на стапката на инфлација околу историскиот просек од околу 2%. Ризиците за проектираната патека на инфлацијата главно се поврзани со неизвесноста околу движењата на цените на светските примарни производи, особено во контекст на геополитичките тензии и нивниот потенцијален одраз врз понудата на глобално ниво.

Монетарна политика и политика на девизен курс. Монетарната политика е насочена кон одржување на ценовната стабилност, преку одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. По зголемувањето на основната каматна стапка во мај 2016 година (од 3,25% на 4%) поради неизвесноста поврзана со домашната политичка ситуација и шпекулациите во однос на девизниот курс и банкарскиот систем, следеше постепена стабилизација, што овозможи нормализација на монетарната политика при постепено намалување на основната каматна стапка во три наврати (декември, јануари и февруари), со што во февруари 2017 година каматната стапка беше вратена на преткризното ниво од 3,25%. Во продолжение на годината, основната каматна стапка се задржа непроменета, во услови на ниска инфлација (во линија со очекувањата), солидна надворешна позиција и стабилни движења на девизниот пазар, позитивни придвижувања кај депозитите на банките (главно од средината на годината), но и присутна неизвесност во првата половина и потреба од внимателност.

Од аспект на сетот инструменти, во акутниот период на политичката криза во вториот квартал на 2016 година беа реактивирани аукциите на девизни депозити на банките кај НБРМ (по нешто поповолни каматни стапки во однос на тековно негативните каматни стапки на меѓународните пазари), што резултираше со висок интерес од страна на банките и следствено, зајакнување на девизните резерви. По остварената стабилизација, кон крајот на октомври 2016 година, одржувањето на аукциите на девизни депозити беше прекинато, а пласираните депозити постепено се ослободуваа согласно нивното достасување, при што до крајот на август 2017 година беа целосно достасани.

Народна банка постојано ги следи движењата во валутната структура на депозитите и кредитите, како и на каматниот диференцијал за инструментите во домашна и странска валута. Во таа насока, во последните години спроведени се и неколкукратни промени во стапките на задолжителна резерва кои генерално се однесуваат на намалување на стапката за задолжителна резерва на обврските во домашната валута (и на подолг рок), што потенцијално преку намалените трошоци соодветно би се одразило и врз каматниот диференцијал, во полза на денарските депозити. Политичката нестабилност и шпекулативните напади во периодот април – мај 2016 година се оценува дека имаа ограничени неповолни ефекти врз валутната структура на депозитите(мал раст на учеството на депозитите со валутна компонента од 1,5 п.п. во вториот квартал на 2016 година и потоа враќање на предкризното ниво), иако трендот на денаризација прекина. Во прилог на нивно ограничување беше пакетот мерки што беа преземени, кои дејствуваа во правец на стабилизирање на очекувањата на населението, во продолжение надополнети со постепеното, делумно смирување на политичката ситуација. Последното зголемување на задолжителната резерва на депозитите со девизна клаузула во мај 2016 година е во функција на задржување на поволните трендови во однос на деевроизацијата во последните години, што повратно го зголемува кредибилитетот на монетарната политика

заснована на стабилноста на девизниот курс на денарот во однос на еврото. Дополнително, во текот на 2017 година е изработена Предлог-стратегија за дееврoизација со предлог-мерки за сеопфатен третман на ова прашање.

И во 2017 година се спроведуваше мерката за ослободување на банките од обврската за задолжителна резерва за кредити одобрени на извозниот и енергетскиот сектор, која се применува од почетокот на 2013 година и обезбеди поддршка на кредитниот раст. Заради позитивните ефекти врз кредитната активност на банките, на крајот на 2015 година примената на оваа нестандардна мерка беше продолжена до крајот на 2017 година, кога, со оглед на умерено забавената кредитна активност, беше пролонгирана уште еднаш, со важност до 2019 година. Во изминатиот петгодишен период, од секторски аспект доминираа кредитите кон нето-извозниците, додека кредитите за производство на електрична енергија поинтензивно започнаа да се одобруваат од втората половина на 2016 година. Покрај поддршката на кредитниот раст, како поволни ефекти за клиентите од оваа мерка се вбројуваат и други аспекти околу кредитирањето на овие сектори, како активната насоченост на банките кон зголемување на кредитната поддршка, достапност на кредитите за поголем број фирми, како и олеснувања кај некои од кредитните услови

Графикон 2.13. Валутна структура на депозити и кредити и каматен распон



Извор: НБРМ.

Графикон 2.14. Показатели за адекватност на девизните резерви



Извор: Пресметки на НБРМ, проценка за 2017.

Монетарната политика и во наредниот тригодишен период останува ориентирана кон одржување на ценовната стабилност, преку одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Резултатите од моделите за оценка на рамнотежниот реален ефективен девизен курс[15] на денарот заклучно со последниот квартал на 2016 година, не упатуваат на поголеми отстапувања од рамнотежното ниво и истите во периодот 2003 - 2016 година се одржуваат во прифатливи рамки од +/-3%, при што во текот на 2016 година тие укажуваат на умерена потценетост на курсот[16]. Во однос на спроведувањето на монетарната политика, значајно е да се наведат и резултатите од моделите за анализа на монетарната трансмисија, кои со последното ажурирање заклучно со 2016 година укажуваат на натамошно подобрување на каматниот канал на трансмисија од основната каматна стапка до каматните стапки на банките (подобрување кај трансмисијата врз активните и пасивните каматни стапки, при поголем преносен ефект кај депозитните стапки).

[15] Според пристапот БЕЕР (behavioral equilibrium exchange rate) за оцена на рамнотежниот девизен курс на денарот, кој базира на потесна дефиниција на реален ефективен девизен курс и е конструиран врз основа на петте најголеми трговски партнери на Република Македонија од Европската Унија. Во моделите (поставени со различна спецификација и оценети според различни техники), како независни варијабли се вклучени: диференцијалот во продуктивноста, трговската отвореност, јавната потрошувачка и вкупната нето девизна актива.

[16] Анализите на ММФ исто така потврдуваат дека не постои значајно отстапување на реалниот девизен курс (IMF Staff Report 2017 Article IV Consultation, November 2017, p.38).

Во изминатиот период на турбулентно надворешно окружување, монетарната политика ја потврди својата флексибилност и дејствуваше преку соодветно прилагодување на монетарниот инструментариум, во насока на поттикнување на кредитниот раст, зајакнување на депозитната база на долг рок и во домашна валута, при истовремено остварување на примарната и интермедијарната монетарна цел. Во овој контекст, монетарната политика обезбеди задоволителен стимул, при што дојде до заживување на кредитниот раст, а дел од мерките, особено во однос на валутната структура и рочноста на штедењето, се очекува да даваат ефекти и во следниот период. Во 2016 година монетарната политика покажа спремност и за соодветно справување со последиците од внатрешнополитички шок, при што ефектите беа краткотрајни. Инфлацијата во 2017 година се задржа на ниско ниво, под доминантно влијание на глобалните фактори на страна на понудата и умерен раст на базичната инфлација. Девизните резерви се одржуваат на адекватно ниво, мерено според различни показатели, што упатува на спремност за апсорбирање на евентуалните шокови. Согласно проекциите на останатите сегменти од економијата, во следниот тригодишен период може да се очекуваат умерени инфлациски движења и генерално поволни движења на девизниот пазар, иако придружени со ризици. Фискалната политика, особено начинот на финансирање на буџетскиот дефицит и спроведувањето на најавената фискална консолидација во наредниот период, остануваат значаен фактор во однос на амбиентот во кој се спроведува монетарната политика, што воедно го нагласува значењето на монетарно - фискалната координација. Движењата во надворешниот сектор, структурата на увозот и ефектите врз девизниот пазар и девизните резерви, ќе бидат од големо значење за монетарната поставеност и во следниот период. Дополнително, и натаму редовно ќе се следи динамиката и структурата на кредитниот раст од аспект на кредитирањето на потрошувачката наспроти кредитирање на инвестициите, како и движењето на депозитите и каматните распони. Монетарната власт и натаму останува подготвена за преземање соодветни мерки, доколку е неопходно, за задржување на ценовната стабилност во економијата.

Во 2017 година се оценува позначително забавување на растот на депозитите кај банките, во услови на сè уште нецелосно стабилизирани очекувања во контекст на политичките настани во земјата, при што депозитниот раст се оценува на 3,6% годишно (во минатогодишното сценарио околу 7%), при висока споредбена основа на крајот на годината. Сепак, со стабилизирање на очекувањата на економските субјекти, растот на економската активност, како и очекуваните приливи преку билансот на плаќања, во текот на наредните две години, се претпоставува зголемување на потенцијалот и склоноста за штедење во банките, а оттука и забрзување на растот на депозитната база (раст од околу 6,0% во 2018 и 2019 година).

Во услови на забавување на темпото на раст на основниот извор на финансирање на кредитната активност и пролонгирана неизвесност, во 2017 година беше забележано умерено забавување на растот на кредитите, при што очекуваниот кредитен раст за крајот на годината изнесува 4,6% (околу 6% во минатогодишното сценарио). Кредитната активност на банкарскиот сектор во следниот тригодишен период се очекува да биде важен фактор на поддршка на растот на приватната потрошувачка и на инвестициите. Во периодот 2018-2019 година се очекува забрзување на растот на кредитната активност на околу 7%, како одраз и на зголемената кредитна понуда и на поголемата подготвеност на приватниот сектор за дополнително задолжување. Така, во услови на здрава солвентна и ликвидносна позиција на банките, при постабилен амбиент и доволно расположливи извори за финансирање, се очекува банките да обезбедат поголема кредитна поддршка и за населението и за корпоративниот сектор. Растот на расположливиот доход и поволните очекувања, се оценува дека дополнително ќе ја поддржат кредитната побарувачка и кредитоспособноста

на економските субјекти. И понатаму се очекуваат поволни ефекти врз штедењето и кредитната активност од досега преземените мерки на НБРМ.

Надворешен сектор и негова одржливост на среден рок. Движењата во тековната сметка на билансот на плаќања на Република Македонија и натаму се во знакот на структурните промени во економијата во текот на последните неколку години, кои овозможија зајакнување на извозниот сектор и подобрување на салдото на тековната сметка. Имено, дефицитот на тековната сметка во последниот седумгодишен период (2010-2016 година) во просек изнесува 2% од БДП (наспроти претходниот седумгодишен просек од околу 6%). Согласно остварените движења и оценките за последниот квартал на 2017 година, дефицитот на тековната сметка за 2017 година се оценува на 2% од БДП, што би било мало стеснување во споредба со претходната година (2,7% од БДП). Проценетиот дефицит за 2017 година е во согласност со очекуваното ниво во минатогодишното макроекономско сценарио, прикажано во ланската ПЕР. Стабилните остварувања во тековната сметка упатуваат на зајакнати фундаменти на економијата и поголема отпорност на надворешниот сектор во однос на шокови (домашни и надворешни).

Графикон 2.15. Структура на извозот според производи (во %)



Извор: ДЗС

Графикон 2.16. Географска дистрибуција на извозот (учества во %)



Извор: ДЗС

Вкупниот трговски дефицит[17] во периодот јануари – септември 2017 година оствари мало проширување од 1,2%, при побрз годишен раст на извозот од 15,1%, наспроти растот на увозот од 11,2% (но при малку повисок апсолутен пораст на увозот). Зголемувањето на извозот главно се должи на повисокиот извоз на машини и транспортни уреди и хемиски производи, што главно го одразува ефектот од новите производствени капацитети во слободните економски зони. Дополнително, позитивен придонес имаа и дел од традиционалните сектори (железо и челик, руди, тутун). Зголемувањето на увозот главно се должи на повисокиот увоз на суровини, опрема и енергија (при неповолен ценовен ефект кај енергијата). Највисок дефицит во размената на стоки во анализираниот период е остварен со Велика Британија, а највисок суфицит е остварен со Германија.

Анализирано структурно, како резултат на новите капацитети во економијата, регистрирано е значително подобрување на извозната структура. Тоа се темели на постепеното зголемување на учеството на производи со повисока додадена вредност на страна на извозот, главно хемиски производи и машини и транспортни уреди, кое на крајот на септември 2017 година достигна 53%. Промените во извозната структура соодветствуваат со СДИ кои во изминатите години беа главно концентрирани во овие дејности. Во периодот 2009-2016 година во просек околу 60% од новиот странски капитал е вложен во секторот на разменливи добра, при што може да се очекува негов натамошен придонес во насока на извозна диверзификација. Од друга страна, забележано е намалување на учеството на традиционалните извозни производи - железо и челик и текстилни производи (при помало

[17]Според надворешнотрговската статистика, каде што увозот е прикажан на ц.и.ф.-основа.

намалување кај текстилот наспроти позабележителниот пад кај железото и челикот), при што нивното учество од доминантни 40% во 2010 година е сведено на 18,5% на крајот на септември 2017 година, што ја потврдува извозната диверзификација и осовременувањето на извозната структура[18]. Во однос на извозот на железо и челик, треба да се има предвид дека неповолните трендови во последните години беа условени од неповолните движења на меѓународниот пазар на метали и падот на нивните цени, додека во 2017 година согласно поповолните ценовни движења на светскиот пазар и глобалното закрепнување, се забележува стабилизирање на нивното учество во вкупниот извоз.

Графикон 2.17. СДИ според економски дејности (% од вкупните СДИ)



Извор: НБРМ.

Трговската размена на новите компании во странска сопственост продолжува да се интензивира. Учеството на извозот на овие компании во вкупниот извоз на стоки од економијата постојано е во пораст, достигнувајќи близу 50% од вкупниот извоз во првите девет месеци на 2017 година. Имајќи предвид дека овие компании увезуваат репроматеријали и опрема од странство, учеството на увозот на овие капацитети во вкупниот увоз на стоки исто така континуирано расте, но сепак со побавна динамика во однос на растот на извозот (учество од околу 31% во првите девет месеци од 2017 година).[19] На нето основа, новите компании во странска сопственост бележат позитивно салдо во размената со странство, кое во периодот 2011-2013 година во просек изнесуваше 0,5% од БДП, додека во следните три години е интензивирано и достигна околу 3% од БДП.

Графикон. 2.18. Извоз и увоз на новите компании со странски капитал (структурно учество, во %)



Извор: НБРМ и ДЗС

Покрај директните ефекти во однос на извозот и вработеноста, влезот на СДИ во секторот на разменливи добра има повеќекратни позитивни ефекти во економијата. Тоа главно се однесува на можностите за трансфер на нови технологии, осовременување на производната структура, како и зголемена побарувачка за суровини од локалните компании што резултира со

[18]Намалување на учеството на извозната страна во последните години бележи и извозот на минерални горива и мазива, што главно ја одразува промената во деловната ориентација на нафтената рафинерија (со одраз на двете страни на размената).

[19]Извор: НБРМ. Според надворешнотрговската статистика (царински декларации), каде што извозот на стоки е претставен на ф.о.б основа, додека увозот на стоки е на ц.и.ф основа.

подобрување на квалитетот на локалните добавувачи[20] (особено преку влијание за имплементирање стандарди во нивното работење). Со тоа, постепено се зголемуваат секундарните ефекти од СДИ во економијата.

Анализата на географската насоченост на македонскиот извоз ја потврдува доминацијата на ЕУ како главна извозна дестинација, каде што во периодот јануари-септември 2017 година се извезени околу 81% од македонскиот извоз, што претставува значителен пораст споредено со 2008 година кога близу 60% од македонскиот извоз бил насочен кон ЕУ. Во рамки на ЕУ, во последните години, значителен пораст оствари учеството на извозот кон Германија, а позитивни придвижувања има и извозот кон Белгија и Романија (како и Шпанија) при пониски почетни учества, додека намалено е учеството на извозот кон Грција, Италија и Бугарија. Вкупната размена на Република Македонија со ЕУ во периодот јануари - септември 2017 година сочинува околу 70% од вкупната трговска размена на Република Македонија, при што во услови на повисок пораст на извозот од увозот, остварено е значително стеснување на дефицитот со ЕУ за околу 57% на годишна основа.

Во периодот јануари – септември 2017 година, реалниот ефективен девизен курс (РЕДК)[21] на денарот дефлациониран со трошоците на животот оствари депрецијација од 1,1% на годишна основа, додека со исклучување на примарните производи, РЕДК на денарот според истиот ценовен индекс оствари минимална апрецијација (0,1%) споредено со истиот период од минатата година. Ваквите движења кај двата индекса се остварени во услови на поволен ефект од релативните цени и умерена апрецијација на номиналниот ефективен девизен курс на денарот во однос на валутите на некои од земјите трговски партнери. Номиналните трошоците за труд по единица производ во првите три квартали на 2017 година бележат раст од 6,5%, што во услови на умерен раст на платите, го одразува падот на продуктивноста (при раст на вработеноста и пад на економската активност).

Графикон 2.19. Извозен пазарен удел (% од светскиот извоз на стоки и услуги)



Извор: ММФ и НБРМ, проекција за 2017 година

Графикон 2.20. Извоз и увоз на стоки и услуги/БДП (во %)



Извор: ДЗС и проекција на НБРМ за периодот 2017-2020 г.

Извозниот пазарен удел на економијата во светскиот извоз, во 2016 година забележа пораст, како продолжение на растот во претходниот период, од 2013 година наваму. Во 2017 година се оценува натамошно умерено забрзување на извозниот пазарен удел во светскиот извоз на стоки на услуги, во услови на поголемо забрзување на македонскиот извоз на стоки и услуги од растот на светскиот извоз на стоки и услуги. Степенот на трговска отвореност на македонската економија генерално е висок, при што во периодот 2014-2016 година се

[20]Согласно Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум 2016 година, Република Македонија според последното рангирање се наоѓа на 89 позиција според критериумот СДИ и технолошки трансфер (подобрување за 24 позиции споредено со 2011 година) и на 47 место според критериумот квалитет на локалните добавувачи (подобрување на ранг-листата за 44 позиции споредно со 2011 година).

[21]Во рамки на РЕДК, при пресметката на номиналниот ефективен девизен курс и релативните цени, вклучени се 15 најзначајни трговски партнери на Република Македонија според нивното учество во надворешнотрговската размена во периодот 2010-2012 година и базен период 2010 година.

одржува на релативно стабилно ниво од околу 110%, а од 2017 година и во наредниот тригодишен период се оценува постепено умерено зголемување на степенот на трговска отвореност на економијата на околу 120%. Подетална анализа на надворешните и внатрешните индикатори за одржливост е презентирана во Анекс 1.

Меѓународна инвестициска позиција и надворешен долг. На крајот на третиот квартал на 2017 година негативната меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 7,1% споредено со крајот на 2016 година, при повисок пораст на обврските кон странство споредено со растот на средствата. Проширувањето на негативната МИП е остварено во услови на намалувањето на позитивната МИП на монетарната власт (одразувајќи го падот на девизните резерви), како и зголемена негативна нето позиција на „останатите сектори“ и државата[22], наспроти намалената негативна нето позиција кај депозитните институции. Негативната МИП во септември изнесува 58,5% од проценетиот БДП и во однос на крајот на 2016 година е проширена за 1,2 п.п. од БДП.

Графикон 2.21. МИП и нето надворешен долг



Извор: НБРМ и ДЗС

Графикон 2.22. Структура на обврските кон странство (%)



Извор: НБРМ

Со оглед на значителното учество на СДИ на страната на обврските кон странство (околу 50% во последните неколку години), што е карактеристично за земји кои конвергираат, при анализата на надворешната позиција потребно е да се согледаат и други показатели, како што е нето надворешниот долг, којшто ги опфаќа само должничките инструменти, на нето-основа. На крајот на третиот квартал на 2017 година нето надворешниот долг на Република Македонија изнесува 28,8% од проценетиот БДП, што претставува зголемување за 1,8 п.п. од БДП во однос на крајот на 2016 година (при пораст на нето-долгот кај јавниот сектор за 2,4 п.п. и истовремено намалување кај приватниот сектор за 0,6 п.п. од БДП).

Графикон. 2.23. Бруто надворешен долг



Извор: НБРМ

На крајот на третиот квартал од 2017 година, бруто надворешниот долг изнесува 7.406 милиони евра (без репо-трансакциите на НБРМ, кои се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата кон нерезиденти). Притоа, бруто-долгот претставува 72,5% од БДП и споредено со крајот на 2016 година е намален за 1,7 п.п. од БДП. Ова намалување главно се должи на долгот на јавниот сектор (намалување за 2,1 п.п. од БДП), додека долгот на приватниот сектор се зголеми (за 0,4 п.п. од БДП). Во структурата на долгот и натаму

[22]Секторот држава опфаќа: централна влада, локална самоуправа и фондови за социјално осигурување.

доминира долгорочниот долг со учество од околу 75%. Анализата за одржливоста на надворешниот долг е презентирана во Анекс 2.

Графикон. 2.24. Показатели на задолженоста



Извор: пресметки на НБРМ

На крајот на третиот квартал на 2017 година покриеноста на краткорочниот долг според преостанато доспевање со девизни резерви изнесува 0,9 што упатува на малку намалена ликвидност во однос на плаќањата кон странство, при умерено повисоко ниво на краткорочниот долг според преостанато доспевање и истовремен пад на девизните резерви. Анализата на надворешната задолженост[23] на Република Македонија укажува на ниско ниво на задолженост според три показатели (бруто надворешен долг, сервисирање на долгот и отплата на камата, поединечно, во однос на извоз на стоки и услуги), додека единствено според учеството на бруто-долгот во БДП задолженоста е висока. Според проекцијата за финансиската сметка на платниот биланс за периодот 2017-2020 година, сите показатели за задолженоста во однос на извоз се очекува да бележат подобрување или да се задржат релативно стабилни во следниот тригодишен период (при очекувано зајакнување на извозот), со исклучок на показателот за сервисирањето на долгот во однос на извозот кој би забележал влошување во 2020 година (при достасување на поголем износ за отплата на долг кон странство). Од аспект на рочната структура, се очекува да се задржи доминацијата на долгорочниот долг.

Проекции на билансот на плаќања. Економското заздравување на глобално ниво се очекува да продолжи и во следните години. Во овој контекст, странската ефективна побарувачка за македонски производи[24] во 2017 година на годишна основа се оценува дека забрза, бележејќи пораст од 2,2%, што е повеќе од очекувањата во минатогодишното сценарио (1,7%). Економската активност кај трговските партнери во 2018 година се очекува да има сличен раст од 2,1%, а во 2019 година растот на странската побарувачка би забавил на 1,8%.

Последните оцени за надворешниот сектор во следните три години укажуваат на задржување умерен дефицит на тековната сметка на ниво од околу 2% од БДП. Потребите за надворешно финансирање се очекува и во следниот тригодишен период да бидат покриени преку задолжување и директни инвестиции. Се очекува дека капиталните приливи ќе овозможат одржување адекватно ниво на девизни резерви од околу четиримесечна покриеност на увозот на стоки и услуги од следната година.

Паралелно со постепеното стабилизирање на странската побарувачка, при натамошен позитивен ефект од постојните компании со странски капитал и поголемо искористување на нивните капацитети, како и очекувања за нови капацитети, извозот на стоки и услуги во следните три години се очекува да продолжи да расте. Увозот на стоки и услуги во следните три години, би бил движен од растот на увозот за потребите на производството наменето за извоз, но и од увозот за потребите на зајакнатата инвестициска потрошувачка. За 2017

[23]Според пристап на Светска банка, при што во пресметката на показателите се користат тригодишни подвижни просеци на БДП и извозот на стоки и услуги, како именители. Методологијата дефинира и критериуми на задолженост, како референтни вредности за степенот на задолженост.

[24]При пресметката на странската побарувачка се земаат предвид стапките на раст на БДП (според Консензус Форкаст) на десетте најзначајни трговски партнери, согласно нивното учество во македонскиот извоз во периодот 2010-2012 година.

година, се оценува умерено стеснување на дефицитот во размената на стоки и услуги на 14,1% од БДП (наспроти остварениот од 14,8% од БДП во 2016 година). Оваа оценка е заснована на подобрувањето на салдото во размената на стоки (посебно заради придонесот на новите индустриски капацитети), наспроти умереното проширување на енергетското трговско салдо (согласно движењето на светските цени на горивата) и малку помалиот суфицит во размената на услуги. Проценетиот дефицит во размената на стоки и услуги во 2017 година е понизок и во однос на очекувањата од минатогодишното сценарио (15,3% од БДП), согласно поголемото подобрување кај неенергетското трговско салдо наспроти очекувањата. Во периодот 2018- 2020 година се очекува дефицитот во размената на стоки и услуги да следи блага опаѓачка тенденција, при што во периодот 2018-19 година би се движел околу 13% од БДП, а во 2020 година дополнително би се намалил на околу 12% од БДП. Во овие рамки, се очекуваат позитивни поместувања кај салдото на услугите, согласно зајакнатите извозни преспективи на услужниот сектор (особено во делот на услугите за доработки, транспортните услуги и патувањата), надополнети со мало стеснување на неенергетското салдо, а во 2019-2020 година се очекува умерено стеснување на енергетското трговско салдо согласно очекуваните движења на светските цени на суровата нафта.

Графикон. 2.25. Биланс на плаќања (% од БДП)



Графикон.2.26.Компоненти на тековната сметка (% од БДП)



Извор: НБРМ, проценка за 2017 и проекции за 2018-2020 г. Извор: НБРМ, проценка за 2017 и проекции за 2018-2020 г.

Значаен дел од дефицитот во размената на стоки и услуги и натаму ќе биде финансиран од приливите врз основа на секундарниот доход (кој главно го одразува нето-откупот на менувачкиот пазар, како основна компонента на приватните трансфери). Нето-приливите врз основа на секундарен доход во 2017 година се проценуваат на 16,2% од БДП, што претставува мало забрзување споредено со 2016 година (кога изнесуваа 16% од БДП и воедно забавија како последица на зголемената побарувачка за странска ефективa поради политичката неизвесност). Во следните три години се очекува нето приливите кај секундарниот доход да се одржуваат релативно стабилни, со блага опаѓачка тенденција (до 15,7% од БДП во 2020 година). Дефицитот кај категоријата „примарен доход“ во тековната сметка за 2017 година се проценува на 4,2% од БДП, додека во следните три години се очекува умерено да се зголеми и да се одржува на ниво од околу 5% од БДП, согласно предвидувањата за раст на доходот на странскиот капитал.

При вака проектирани движења на ставките на тековната сметка, за 2017 година се проценува дефицит на тековната сметка од 2% од БДП, а воедно и во следните три години дефицитот би се задржал релативно стабилен, на ниво од близу 2% (1,8% од БДП во 2018-19 година и 1,9% во 2020 година). Притоа, постепеното умерено стеснување на дефицитот во размената на стоки и услуги при подобрување на размената и кај двете компоненти, се очекува делумно да биде неутрализирано од умереното проширување на дефицитот кај примарниот доход и очекувањата за натамошно мало забавување на приливите од приватните трансфери. Намалувањето на дефицитот на стоки и услуги на околу 12-13% од

БДП е во согласност со очекуваните среднорочни ефекти од приливот на СДИ во последните неколку години во секторот на разменливи добра (како и очекувањата за натамошни приливи), кои веќе придонесоа за промени во структурата на економијата, поголема извозна диверзификација, а следствено, во услови на зајакнување на нивниот извозен потенцијали поповолно надворешно окружување, придонесоа и за стеснување и стабилизирање на трговскиот дефицит на пониски нивоа (за споредба, дефицитот во размената на стоки и услуги во 2009 година изнесуваше 22,7% од БДП).

Капиталните приливи во 2017 и следните три години главно ќе произлезат од очекуваните СДИ и очекуваното надворешно задолжување на јавниот и приватниот сектор. СДИ во 2017 година се проценуваат на 2,5% од БДП, што претставува умерено забавување споредено со 2016 година (3,2% од БДП), што главно ја одразува намалената доверба на инвеститорите во услови на политичка нестабилност, како и повисокиот износ на исплатени (кумулирани) дивиденди. Растот на домашната економија и смирувањето на домашната политичка состојба, заедно со подобрувањето на глобалниот амбиент, се очекува да придонесат за позитивни перцепции кај инвеститорите, при што СДИ во следните три години се очекува постепено да растат и во 2020 година да достигнат 3,3% од БДП. Оваа проекција е слична како и во минатогодишното сценарио и се должи на континуитетот на приливите врз основа на СДИ (вклучително и во 2016 и 2017 година кои беа во знакот на внатрешнополитичката криза), очекувањата за реинвестирање на дел од добивката кај постојните странски компании, како и најавите за натамошна примена на политики за привлекување нови СДИ. Во услови на отплата на долг на државата кон странство и пониски нето СДИ, во 2017 година на финансиската сметка се проценува мал нето-одлив од околу 0,5% од БДП, додека во следните три години се очекуваат нето-приливи кои во 2018 година би биле повисоки (4,7% од БДП) согласно очекуваното задолжување на државата, а во следните две години би се одржувале на пониско ниво (близу 3% од БДП). Проектираните движења во тековната и финансиската сметка се оценува дека ќе овозможат дополнителна акумулација на девизни резерви во следниот тригодишен период на кумулативна основа и понатамошно одржување релативно стабилна и адекватна покриеност на просечниот увоз од секоја наредна година.

Финансиски сектор. Задржување на стабилноста на финансискиот систем, неговиот натамошен развој и зголемувањето на интермедијацијата остануваат главни приоритети во областа на финансискиот систем. За таа цел ќе бидат преземени следниве активности:

- во 2018 ќе се донесе нов Закон за банките со кој ќе се изврши усогласување на банкарската регулатива со Директивата 2013/36/ЕУ за пристапот на активностите на кредитните институции и прудентната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (ЕУ) бр. 575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми. Со новиот закон ќе се овозможи продолжување на процесот на зајакнување на домашната регулатива преку натамошна хармонизација на барањата за системот за управување со ризиците воспоставен од страна на банките и негово соодветно следење од надлежниот супервизорски орган.

- во истиот период предвидено е донесување на Закон за опоравување на банки со проблеми во кој ќе се имплементира Директивата 2014/59/ЕУ за опоравување на банки со проблеми. Со новиот закон ќе се дефинираат органите и инструментите коишто ќе им бидат на располагање за брза реакција во случај на ризици и проблеми во работењето на одделна банка.

- во 2018 година ќе се донесе Закон за платежни услуги и платни системи во кој ќе бидат транспонирани одредбите на Директивата за платежни услуги 2 (2015/2366/ЕЗ), Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ), Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ), Директивата за платежни сметки (2014/92/ЕЗ), како и соодветни

одредби на Регулативата за заменски надоместоци за картично засновани платежни трансакции (2015/751/ЕЗ) и Регулативата за воспоставување технички и деловни барања за кредитни трансфери и директни задолжувања во евра (260/2012/ЕЗ). Иницијалната верзија на предлог-законот за платежни услуги и системи се подготви преку проектот „Понатамошна хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал и платежни и финансиски услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициони услуги“, финансиран од ИПА 2010 кој беше во времетраење од 18 месеци и истиот заврши во август 2016 година. Оваа верзија е во процес на надградба со новите директиви и регулативи на ЕУ кои не беа опфатени со проектот на ИПА, а се значајни за поставување издржана правна рамка во платежната сфера во Република Македонија со која ќе се постигне висока усогласеност со регулативата на ЕУ. Со донесување на Законот за платежни услуги и платни системи ќе се овозможи:

- отворање на пазарот на платежни услуги за даватели на платежни услуги кои не се банки и за нови издавачи на електронски пари и зголемување на конкуренцијата во овој сегмент од платниот систем;

- воспоставување усогласен прудентен режим за давање овластувања на даватели на платежни услуги кои не се банки и на издавачи на електронски пари, заради обезбедување соодветно ниво на безбедност на корисниците на платежните услуги;

- воспоставување хармонизирани правила за работење кои ќе се применуваат на сите даватели на платежни услуги и издавачи на електронски пари заради обезбедување еднаков пристап на пазарот на платежни услуги;

- повисок степен на заштита на корисниците на платежни услуги;

- повисок степен на платежна вклученост и

- поголем степен на хармонизација со ЕУ во доменот на платежните инструменти.

- два нови закона во областа на пазарот на капитал (Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите) ќе бидат донесени во првата половина од 2018 година. За подготовката на новите закони беше одобрен проектот „Понатамошна хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал и платежни и финансиски услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициони услуги“, финансиран од ИПА 2010.

Новите законски решенија ќе бидат целосно усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал, ќе обезбедат поголема транспарентност на компаниите, воведување нови финансиски инструменти и услуги, воведување нови платформи за тргување, детално дефинирање на однесувањата на учесниците на пазарот на капитал кои ќе се сметаат за пазарна манипулација, како и зголемување на овластувањата на Комисијата за хартии од вредност како надзорен орган во областа на пазарот на капитал.

- во 2018 година ќе се донесе нов Закон за осигурување. Новиот Закон за осигурување ќе биде целосно усогласен со Директива 2009/138/ЕЗ за основање и водење деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II) и ќе се постигне компатибилност и конкурентност на домашната осигурителна индустрија со онаа во земјите членки на ЕУ. Со Законот ќе се зголеми сигурноста и стабилноста на осигурителниот сектор и ќе се зајакне заштитата на осигурениците. Ќе се зајакнат капиталните барања за работење на осигурителните друштва, ќе се пропишат супервизорски мерки соодветни на утврдените неправилности во работењето на друштвата и ќе се воспостават ефикасни механизми за заштита на правата на потрошувачите на осигурителни услуги.

2.3. АЛТЕРНАТИВНИ СЦЕНАРИЈА И РИЗИЦИ

Алтернативни сценарија. Во продолжение ќе бидат образложени две алтернативни сценарија. Првото алтернативно макроекономско сценарио се заснова на претпоставката за понизок економски раст на економијата на ЕУ во текот на периодот на предвидување. Согласно ова сценарио, проекцијата на реалниот раст на БДП во 2018 година изнесува 2,5%, во 2019 година 2,7%, а во 2020 година 3,1%.

Ваквото сценарио имплицира послаба надворешна побарувачка и понизок раст на извозната активност и соодветно на индустриското производство. Согласно ова сценарио, реалниот раст на извозот се очекува да изнесува 5,7% во просек годишно во периодот на предвидување, што е за 2,2 п.п. понизок раст споредено со основното сценарио.

Ваквото сценарио претпоставува неповолни ефекти и врз приливот на капитал во земјата во форма на директни инвестиции, што имплицира и побавен раст на бруто-инвестициите на среден рок, како последица на понискиот раст на инвестициите во градежни работи, како и на увозот на капитални добра. Како резултат на ова, проекцијата за реален раст на бруто-инвестициите е пониска за 1,2 п.п. во однос на основното сценарио, т.е. изнесува 3,2% во просек годишно во периодот на предвидување. Понискиот раст на бруто-инвестициите главно се должи на побавниот раст на приватните инвестиции, а во помала мера на растот на јавните инвестиции.

Последиците врз потрошувачката се очекува да бидат помали во однос на другите компоненти. Така, проектираниот реален раст на јавната потрошувачка изнесува 1%, а реалниот раст на приватната потрошувачка изнесува 2,4% во просек годишно во периодот на предвидување. Понискиот раст на извозот, како и на домашната побарувачка, имплицираат побавен раст на увозот, кој во анализираниот период е предвидено да се зголеми во просек за 4,7% годишно, што е за 1,7 п.п. понизок раст во однос на основното сценарио.

Второто алтернативно макроекономско сценарио е поврзано со ризикот од послаб придонес на домашната побарувачка врз економскиот раст, во услови на понизок степен на реализација на инфраструктурните проекти и послаби ефекти од поддршката на инвестициската активност на претпријатијата. Во вакви услови, проектираниот реален раст на бруто-инвестициите изнесува 1,9% просечно годишно во периодот на предвидување, што е за 2,5 п.п. понизок раст споредено со основното сценарио, при што е проценето дека 3/4 од овој ефект е последица на јавните инвестиции, а остатокот е последица на приватните инвестиции. Притоа, послабиот раст на инвестициите имплицира понизок реален раст на увозот, кој согласно ова сценарио изнесува 5,8% просечно годишно во периодот на предвидување, што е за 0,6 п.п. понизок раст во однос на основното сценарио. Ефектите врз извозот во овој период се очекува да бидат нешто помали, со што нето-извозот има благ позитивен придонес врз економскиот раст, но само делумно го надоместува негативниот ефект на послабиот раст на инвестициите врз домашната побарувачка и економскиот раст. Оттука, согласно ова сценарио, проектираниот раст на економската активност изнесува 2,9% во 2018 година, 3,1% во 2019 година и 3,4% во 2020 година.

Во однос на пазарот на трудот, понискиот економски раст имплицира побавен раст на бројот на вработени и побавно темпо на намалување на стапката на невработеност во однос на основното сценарио. Така, согласно првото алтернативно сценарио се очекува просечниот годишен раст на бројот на вработени да изнесува 1,6% во периодот на предвидување, а стапката на невработеност во 2020 година да се намали на 20,1%. Согласно второто алтернативно сценарио, растот на вработеноста во периодот на предвидување се очекува да изнесува 1,8% просечно годишно, што ќе резултира со пад на стапката на невработеност на 19,8% во 2020 година.

Во однос на стапката на инфлација, се претпоставува дека движењата на цените на основните производи на светските берзи не се променети во однос на основното сценарио, односно претпоставуваме слични оцени за условите на страната на понудата и на нивото на странските цени. Побавниот раст на економската активност, согласно првото алтернативно сценарио, имплицира дека не се очекуваат инфлациски притисоци од страна на побарувачката, имајќи предвид дека производниот јаз е проценето да се затвори во 2019 година, а за 2020 година е проценет низок позитивен производен јаз.

Ефектите на алтернативните сценарија врз буџетскиот дефицит се презентирани во точка 3.6. Сензитивна анализа.

Ризици. Ризиците во однос на проектираниот раст на економската активност генерално се намалени споредено со проекциите во претходната програма, посебно тие поврзани со домашното окружување. Во однос на ризиците поврзани со меѓународното окружување, тие се главно поврзани со економските движења и динамиката на раст на економијата на ЕУ, како главен трговски партнер на Македонија. Така, евентуално послаби економски остварувања во ЕУ и другите трговски партнери на земјата од проектираните во наредниот среднорочен период може да ги влошат изгледите за раст на економската активност во Македонија, преку послаб раст на извозот и индустриското производство, како и намален прилив на странски капитал. Дополнителен ризик претставува и послабиот раст од очекуваниот или евентуално падот на цените на основните метали на светскиот пазар.

Во однос на домашното окружување, ризиците се значително намалени во услови на стабилизирање на домашната политичка состојба и изгледи за зголемен раст на домашната економија. Имено, проектираниот раст на домашната побарувачка, која се очекува да има значаен придонес кон растот на економската активност, на среден рок е поврзан со ризици, кои се оценети како урамнотежени, а кои првенствено се однесуваат на растот на бруто-инвестициите, односно на реализацијата на инфраструктурните проекти, како и на ефектите од поддршката на инвестициската активност на домашните и странските претпријатија врз економијата.

Главните ризици во однос на прикажаното сценарио за надворешниот сектор во наредниот период и понатаму во еден дел произлегуваат од глобалното окружување, особено динамиката на глобалното закрепнување и нејзиниот одраз врз растот на домашната економија и перцепциите на инвеститорите. Евентуално послабата надворешна побарувачка може да има неповолни ефекти врз присуството на домашните извозници на странските пазари. Евентуалната нестабилност на финансиските пазари, потенцијалното разгорување на геополитичките ризици, можат да доведат до поголема аверзија кон ризик на инвеститорите и следствено ризици од помали капитални приливи на недолжничко финансирање или евентуални капитални одливи со цел финансирање на матичните компании. Во однос на ефектите од Брегзит, се оценува дека директните ефекти од излегувањето на Велика Британија од ЕУ врз македонската економијата би биле мали, додека потенцијален ризик претставува индиректното пренесување ефекти преку ЕУ, како наш најзначаен трговски партнер. Дополнително, и движењето на светските цени е придружено со неизвесност, со можни ефекти како врз домашната инфлација, така и врз извозните цени. Наспроти поволните поместувања на светските цени на металите во 2017 година, очекуваните движења за следниот период укажуваат на помалку поволни и дивергентни ценовни движења што е значајно за перспективите за раст и извоз на домашната метална индустрија, како традиционален извозен сектор, иако со значително намалено учество во последните години (во контекст на структурните промени во економијата и веќе доминантното учество на секторите кои создаваат производи со повисока додадена вредност).

Проценката и опфатот на ефектите од новите извозни капацитети во економијата е клучен за проекцијата на трговското салдо. Бројот на извозни капацитети во економијата расте и тие по процесот на воспоставување на производствените капацитети, започнуваат да даваат придонес на страната на извозот. Притоа, остварениот трговски дефицит во последните четири години беше понизок од очекуваниот во прикажаните сценарија, во голем дел како резултат на новите извозни компании, што упатува на нагорен ризик (потенцијален и за во иднина). Во овој контекст, треба да се истакне дека тековното сценарио инкорпорира очекување дека и во текот на следниот тригодишен период дел од постојните компании и натаму ќе го зголемуваат искористувањето на производниот потенцијал, но сепак нагорниот ризик останува, особено во однос на новите компании. На среден рок, промените во производната структура се очекува да доведат до натамошна диверзификација на извозот и подобрување на извозните перформанси, што е во прилог на јакнење на флексибилноста на економијата во однос на надворешните шокови. Со оглед на растечкиот број нови производствени капацитети во економијата, како и очекуваното подобрување на глобалното окружување, очекувањата во тој поглед се оправдани. Проекцијата на нето-приливите врз основа на секундарен доход (во нивни рамки на нето откупената ефектива на менувачкиот пазар), предвидува постепено забавување на нивното учество во БДП и генерално може да се оцени како конзервативна. Проекцијата за нето-приливите врз основа на СДИ води сметка за досегашните остварувања и се оценува како умерена, при што земен е во предвид континуитетот на овие приливи (на умерено ниво, дури и при кризни години), очекувањата за реинвестирање на дел од добивката на постојните компании со странски капитал, како и продолжување на политиките за привлекување СДИ.

Ризиците во однос на проекцијата на инфлацијата главно се условени од претпоставките за движењата на цените на основните производи, евентуалните промени на регулираните цени и можниот преносен ефект врз другите цени во економијата. Ризиците за проектираната патека на инфлацијата на среден рок претежно се поврзани со надворешните фактори на страната на понудата (производниот јаз би бележел мали позитивни промени).

Во однос на очекувањата за кредитниот раст кај банките, динамиката на глобалното опоравување, во контекст на неговото влијание врз домашниот економски раст, и квалитетот на кредитното портфолио, како и досега, би влијаеле на согледувањата на банките за ризиците и следствено на кредитирањето. Ризиците поврзани со деловните стратегии на странските банкарски групациите, како и промените во регулаторните барања, исто така можат да имаат ефекти врз работењето на нивните подружници присутни во земјата.

Наведените ризици во однос на прикажаното макроекономско сценарио за следниот тригодишен период[25] упатуваат на потреба од постојано следење на евентуалните промени во надворешните и домашните економски услови во наредниот период и навремено преземање адекватни мерки од страна на носителите на политиките. Треба да се наведе и дека очекуваната внатрешнополитичка стабилизација, во комбинација со подобрени евроатлански перспективи упатува на потенцијални нагорни ризици на сценариото.

[25] Треба да се наведе дека проекциите за надворешниот и монетарниот сектор базираат на Фискалната стратегија за периодот 2017-19 година, како единствено расположлива во периодот на изготвување на овие проекции.

3. ФИСКАЛНА РАМКА

3.1. ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА[26] И СРЕДНОРОЧНИ ЦЕЛИ

Фискалната политика во наредниот среднорочен период ќе биде во функција на фискална одржливост и етапна фискална консолидација, задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. Имено, фокусот ќе биде насочен кон создавање поволна деловна клима, поддршка на домашните претпријатија, пред се на МСП, како и поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти.

Во наредниот среднорочен период ќе биде акцентирана определбата за етапна консолидација на јавните финансии, со цел задржување на макроекономската стабилност и контрола на нивото на задолженост.

Проектираните приходи на консолидираниот владин буџет во наредниот тригодишен период бележат релативно намалување како учество во БДП, и тоа од 31,1% од БДП во 2018 година на 30,5% во 2020 година. Како резултат на континуитетот во спроведување дисциплинирана буџетска политика и зајакната контрола на јавните трошења, вкупните расходи во периодот 2018-2020 година исто така ќе остварат намалување и тоа од 33,8% во 2018 година на 32,8% во 2020 година.

Утврдените основни постулати на фискалната политика во наредниот период обезбедуваат постепено намалување на нивото на вкупниот буџетски дефицит и негово позиционирање на ниво од 2,5% од планираниот БДП во 2019 година и 2,3% од БДП во 2020 година.

Табела 3.1. Консолидиран општ владин буџет (во милиони денари)

	2018	2019	2020
Консолидиран општ владин буџет –Приходи	206,262	216,040	228,225
% од БДП	31.1	30.7	30.5
Консолидиран општ владин буџет –Расходи	224,495	233,969	245,100
% од БДП	33.8	33.3	32.8
Консолидиран општ владин буџет –Дефицит	-18,233	-17,929	-16,875
% од БДП	-2.7	-2.5	-2.3
Централен буџет –Приходи	116,545	122,616	131,125
% од БДП	17.6	17.4	17.5
Централен буџет - Расходи	134,778	140,545	148,000
% од БДП	20.3	20.0	19.8
Централен буџет - Дефицит	-18,233	-17,929	-16,875
% од БДП	-2.7	-2.5	-2.3
Буџетски фондови - Приходи	57,420	60,772	64,323
% од БДП	8.6	8.6	8.6
Буџетски фондови - Расходи	57,420	60,772	64,323
% од БДП	8.6	8.6	8.6
Буџетски фондови - Дефицит	0	0	0
% од БДП	0.0	0.0	0.0
Буџет на локална власт - Приходи	32,297	32,652	32,778
% од БДП	4.9	4.6	4.4
Буџет на локална власт - Расходи	32,297	32,652	32,778
% од БДП	4.9	4.6	4.4
Буџет на локална власт - Дефицит	0	0	0
% од БДП	0.0	0.0	0.0

Извор: Министерство за финансии

[26] Фискалната стратегија 2018-2020 година е објавена на веб страната на МФ http://finance.gov.mk/files/u3/Fiskalna%20Strategija%20na%20RM%202018-2020.pdf

3.2. Извршување на Буџетот во 2017 година

Во периодот јануари-септември 2017 година реализацијата на приходите и приливите на Буџетот на Република Македонија е во рамките на очекувањата за овој период од годината, а плаќањата на расходите се реализираат редовно и навремено. Вкупните приходи се реализирани во износ од 130.972 милиони денари (70,9% во однос на планираните со Ребалансот за 2017 година), односно истите се повисоки за околу 4,1% во однос на наплатените приходи за анализираниот период од претходната година. Од овој износ 77.821 милиони денари се даночни приходи кои бележат пораст од 2.805 милиони денари или за 3,7% повеќе во однос на лани. Приходите од ДДВ се наплатени во износ од 35.555 милиони денари и се повисоки од истиот период во 2016 година за 1,7% и истите доминираат во структурата на даночните приходи со 46,3%. Повисоки приходи споредено со минатата година се остварени и кај данокот на добивка за 11,5%, персоналниот данок на доход за 7,9%, акцизите за 2,5% и увозните давачки за 7%.

Приходите од социјални придонеси се остварија во износ од 38.509 милиони денари. Тоа е за 1.639 милиони денари или 4,4% повеќе од соодветниот период во 2016 година. По основ на пензиско осигурување реализирани се 25.890 милиони денари, додека по основ на здравствено осигурување наплатени се 10.971 милиони денари.

Во првите девет месеци од 2017 година, неданочните приходи изнесуваат 10.009 милиони денари, кои во однос на истиот период во 2016 година се повисоки за 480 милиони денари, односно за 5%. Капиталните приходи изнесуваат 1.100 милиони денари, остварени од продажба на градежно земјиште и општествени станови. Буџетските корисници реализираа 3.366 милиони денари по основ на донации од меѓународна мултилатерална и билатерална соработка.

Расходите во периодот јануари-септември 2017 година се реализираа во износ од 142.027 милиони денари (69,9% во однос на планираните со Ребалансот за 2017 година), односно за 7.127 милиони денари или 5,3% повисоко во однос на истиот период од минатата година. Во овие рамки, тековните расходи изнесуваа 130.501 милиони денари или за 5,2% повеќе во однос на истиот период во 2016 година. Во овој период исплатени се 19.627 милиони денари за плати и надоместоци за вработените во институциите кои се буџетски корисници, додека расходите за стоки и услуги се реализираа во износ од 10.542 милиони денари.

Најголемо учество во структурата на тековните расходи имаат трансферите, за кои во овој период се исплатија 93.900 милиони денари. Редовно се сервисираа обврските на државата по основ на исполнување на правата за загарантирана социјална заштита на населението (парични надоместоци за ранливите категории граѓани, како и надоместоци по основ на детски и родителски додаток) за чија намена се реализираа 6.143 милиони денари. За редовна исплата на пензиите се наменија 38.643 милиони денари, за финансирање на здравствените услуги и надоместоци се исплатија 19.770 милиони денари, додека за исплата на паричен надоместок во случај на невработеност се наменија 716 милиони денари преку Агенцијата за вработување. Кон општините се трансферираа 11.227 милиони денари како блок дотации за финансирање на пренесените надлежности, како и наменски дотации за финансирање на материјалните трошоци во локалните јавни установи. Исто така, се трансферираа и 1.572 милиони денари од приходот остварен од ДДВ. Во овој период исплатени се и најголем дел од земјоделските субвенциите, односно околу 85% од планираните за цела година.

За редовно сервисирање на обврските по основ на камати беа одвоени 6.432 милиони денари согласно амортизационите планови за домашно и надворешно задолжување. Од овој износ 4.395 милиони денари беа наменети за исплата на камати по надворешно задолжување.

Капиталните расходи во периодот јануари-септември 2017 година се реализираа во износ од 11.526 милиони денари или за 6% повеќе во однос на истиот период во 2016 година.

Во овој период остварен е дефицит на Буџетот на РМ во висина од 11.055 милиони денари или 1,75% од проектираниот БДП за 2017 година.

Табела 3.2. Буџет на Република Македонија за 2017 година

(милиони денари)	Буџет 2017	Реализација во периодот јануари-септември 2017
1. Вкупни приходи	**184.745**	**130.972**
1.1. Даночни приходи и придонеси	159.497	116.330
1.1. 1 Даночни приходи	106.755	77.821
1.1. 2 Придонеси	52.742	38.509
1.2. Неданочни приходи	16.321	10.009
1.3. Капитални приходи	1.941	1.100
1.4. Донации и други приходи	6.986	3.533
2. Вкупни расходи	**203.312**	**142.027**
2.1. Тековни расходи	179.915	130.501
2.1.1 Плати и надоместоци	26.614	19.627
2.1.2 Стоки и услуги	17.660	10.542
2.1.3 Трансфери	127.421	93.900
2.1.4 Камати	8.214	6.432
2.2. Капитални расходи	23.397	11.526
3. Дефицит	**-18.567**	**-11.055**
4. Финансирање на дефицит	**18.567**	**11.055**
4.1 Прилив	36.920	25.270
4.1.1 Други приливи	0	79
4.1.2 Странски извори	23.535	2.899
4.1.3 Домашни извори	20.796	13.200
4.1.4 Депозити/ Дополнителни извори	-7.421	9.092
4.1.5 Приходи од продажба на акции	10	0
4.2 Одлив	18.353	14.215
4.2.1 Отплата по странско задолжување	9.057	6.956
4.2.2 Отплата по домашно задолжување	9.296	7.259

Извор: Министерство за финансии

3.3. СРЕДНОРОЧНИ БУЏЕТСКИ ОЧЕКУВАЊА

Вкупните изворни приходи на Буџетот на РМ (централна власт) за периодот 2018-2020 година се планирани во висина од околу 29% од БДП, при што нивното учество во БДП по години се намалува. Проекциите на приходите се на база на постојните законски решенија, а истите ќе бидат предмет на ревидирање со донесување на реформите во насока на воведување поголема праведност во даночниот систем. Притоа, во структурата на планираните приходи, даночните приходи учествуваат со околу 59,5%, приходите по основ на социјални придонеси со околу 28,8%, неданочните и капиталните приходи со околу 9,4%, додека остатокот од приходите се очекува да се реализираат од фондовите на ИПА и други донации. Во рамките на даночните приходи најзначаен износ на приходи ќе се остварува по основ на ДДВ, персонален данок на доход и акциза.

Проекциите на социјалните придонеси кои претставуваат изворни приходи на фондовите за пензиско, здравствено осигурување и вработување, во наредниот среднорочен период се базираат на задржување на постојните задолжителни стапки за социјално осигурување и зголемување на максималната основица за пресметување и уплата на придонесите од 12 на 16 просечни плати за вработените, односно од 8 на 12 просечни плати за самовработените, како и очекуваните позитивни економски движења, кои соодветно ќе се одразат на стапките на раст на вработеноста и на платите.

Неданочните приходи во наредниот среднорочен период учествуваат со околу 8,7% во вкупните приходи, а во нив најзначајно е учеството на приходите по основ на административни такси и други неданочни приходи што ги остваруваат буџетските корисници на сопствените сметки.

Графикон. 3.1. Структура на тековни расходи

Извор: Министерство за финансии

Во проекцијата на приходите на Буџетот во делот на странските донации, во наредниот период планирани се донациите што буџетските корисници ќе ги реализираат за конкретни проекти, како и повлекувањата од предпристапните фондови на ЕУ.

Расходната страна на Буџетот во наредниот среднорочен период ќе биде во функција на редовно и навремено исполнување на сите законски обврски, поддршка на домашната економија и интензивирање на инфраструктурните проекти. Просечното учество на расходите на Буџетот во периодот 2018-2020 година изнесува околу 31,5% од БДП.

При проекцијата на тековните расходи за наредниот период, земени се предвид следните претпоставки:

- во делот на расходите за плати и надоместоци, продолжување на стриктната контрола на новите вработувања и етапно зголемување на платите на одделни сектори согласно фискалните можности (одбрана, здравство, образование);

- навремена исплата на пензиските примања и социјалните надоместоци, со цел обезбедување подобра материјална состојба на корисниците на овие права. Во рамки на среднорочните проекции планирано е редовно сервисирање на обврските по основ на социјалните надоместоци за социјално најзагрозените семејства во вид на социјална помош, детски додаток, надоместоци по основ на права на инвалидизираните лица, воени и цивилни инвалиди;

- обезбедување субвенции и средства од програмата ИПАРД за поддршка на земјоделците за унапредување на земјоделското производство;

- обезбедување поддршка на домашните претпријатија, нови гринфилд инвестиции и подобрување на иновацискиот капацитет на компаниите со цел зголемување на конкурентноста на земјата, а со тоа и зголемување на економскиот раст.

Во Буџетот за 2018 година капиталните инвестиции се планирани на ниво од 24.144 милиони денари, наменети за патна, железничката, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството. Нивното ефикасно спроведување ќе придонесе за раст на економијата и креирање нови работни места.

Графикон. 3.2. Капитални расходи на Буџетот на Република Македонија



Извор: Министерство за финансии

Поконкретно, инвестициони вложувања се предвидени за:

- продолжување со рехабилитација на патиштата на повеќе патни правци;

- продолжување со изградба на нови автопатски делници;
- подобрување на железничката пруга на Коридор X и доизградба на Железничкиот Коридор VIII, како и набавка на нови влечни средства;
- продолжување со активностите за изградба на националниот гасификационен систем;
- подобрување на општинските услуги преку финансирање на инфраструктурни инвестициски проекти во областа на водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води, управувањето со цврст отпад и други инвестиции кои се приоритетни за општините;
- инвестиции во комуналната инфраструктура во руралните подрачја;
- продолжување со изградбата на регионалната клиничка болница во Штип и започнување со изградбата на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје;
- продолжување на активностите за изградба на фискултурни сали и набавка опрема во основните и средните училишта, како и реновирање на основни и средни училишта;
- продолжување со реализацијата на проектот „Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица“, втора и трета фаза, при што третата фаза опфаќа изградба на мали хидроцентрали по течението на реката Злетовица;
- продолжување на втората фаза од проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар“ која опфаќа рехабилитација и модернизација на системите за наводнување во југоисточниот регион;
- продолжување на активностите за изградба, реконструкција, обновување и проширување на 4 казнено - поправни установи со што ќе се имплементираат меѓународните и европските стандарди во затворите;
- продолжување со активностите за изградба на станови за лица со ниски примања.

Проектиран дефицит и негово финансирање. Во периодот 2018-2020 година предвидено е етапно намалување на буџетскиот дефицит и тоа: 18,2 милијарди денари во 2018 година, 17,9 милијарди денари во 2019 година и 16,9 милијарди денари во 2020 година. Ова значи дека во овој среднорочен период се предвидува постепена фискална консолидација, односно учеството на буџетскиот дефицит во БДП ќе се намали од 2,7% во 2018 година, на 2,5% во 2019 година и 2,3% во 2020 година.

Табела 3.3 Проектиран дефицит и негово финансирање.

(милиони денари)	2018	2019	2020
Буџетски биланс	**-18,233**	**-17,929**	**-16,875**
Финансирање на дефицит	**18,233**	**17,929**	**16,875**
Приливи	**40,897**	**32,883**	**53,203**
Домашни извори	17,700	17,374	11,250
Странски извори	34,839	25,485	24,520
Депозити	-11,642	-9,976	17,433
Одливи	**22,664**	**14,954**	**36,328**
Отплата по странско задолжување	12,246	8,755	3,639
Отплата по домашно задолжување	10,418	6,199	32,689

Извор: Министерство за финансии

Финансирањето на планираниот дефицит ќе се обезбедува од задолжување од странски и домашни извори. Задолжувањето во странство може да се реализира преку издавање еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал или преку повлекување средства од поволни кредити од странски финансиски институции и кредитни линии наменети за финансирање одделни проекти. Притоа, изборот на конкретен извор за надворешно финансирање ќе се темели на тековните и очекуваните состојби на меѓународните пазари на капитал. Понатаму, со задолжување на домашен пазар на државни хартии од вредност ќе се обезбеди дополнително финансирање под поволни услови, користејќи ги релативно ниските каматни стапки и високиот интерес на инвеститорите на домашниот пазар за државни хартии од вредност. Со цел оптимизација на исплатите и намалување на ризикот

за рефинансирање, основна заложба на Министерството за финансии ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност преку издавање државни обврзници со подолги рочности.

Буџет на локална власт. Во текот на 2018 година и на среден рок се очекува општините да продолжат со подобра наплата на сопствените приходи, зајакнување на капацитетите за развивање политики за финансирање на општините и јакнење на капацитетите за финансиско управување. Од Буџетот на Република Македонија се обезбедени приходи за општините од дотацијата од ДДВ (општа дотација) во висина од 4,5% од наплатениот ДДВ во претходната година.

Нови приходи се обезбедени со доделување средства од закупнина на земјоделско земјиште во државна сопственост на општините и тоа во сооднос 50% за Буџетот на Република Македонија и 50% за општините, кои ќе почнат да се распределуваат од 2018 година. Приходи се реализираат и од надоместокот од издавање концесија за користење на водните ресурси за производство на електрична енергија (50% за централниот буџет и 50% за локалните власти).

Порастот на сопствените приходи на општините, посебно на приходите од даноци на недвижен имот со подобар опфат на даночната основа на физичките лица и правните субјекти и репроценка на вредноста на недвижниот имот ќе продолжи и во текот на наредниот среднорочен период. Воедно, дел од општините реализираат повисоки приходи од даноци на имот како резултат на повисоката стапка на данокот на имот во рамки на утврдениот распон согласно Законот за даноците на имот. Пораст се очекува и со примената на подобрените елементи на пресметување во Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, како и поквалитетна проценка на вредноста на недвижниот имот со законската можност во општините да се вработи стручно лице проценител или да ги користат услугите на лиценцирани проценители.

Во наредниот период се очекува да се остварат повисоки приходи со утврдување на реалната пазарна вредност на недвижниот имот по завршување на постапката на бесправно изградените објекти на градежно и земјоделско земјиште.

Спроведувањето на Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година во осумте плански региони со подобра вертикална и хоризонтална координација на националните и на локалните политики и интегрираните развојни проекти прилагодени на локалните потреби и услови ќе обезбеди поизбалансиран и територијално насочен локален развој. Посебни напори ќе се вложат за поддршка на општините, со поттикнување на локалниот развој преку поддршка на локалните проекти и нивно усогласување со националните проекти и приоритети.

Реализацијата на низа инфраструктурни проекти поврзани со подобрување на квалитетот на животот соодветно ќе влијае врз подобрувањето на регионалниот развој и активното интегрирање во економијата. Во таа насока ќе се преземат низа проекти за подобрување на вкупната патна и комунална инфраструктура, како и урбанизација на населените места со цел развој и поддршка на рурален туризам и рекреативни центри.

Имплементацијата на проектот „Подобрување на општинските услуги“ поддржан од Светска банка, ќе продолжи и во 2018 година. Средствата се наменети за финансирање инфраструктурни инвестициски проекти во областа на водоснабдувањето и одведувањето отпадни води, управувањето со цврст отпад и други инвестиции во општински услуги. За подобрувањето на услугите и квалитетот на живеење во руралните средини, намалување на социо-економските разлики и подобрување на конкурентноста на овие средини обезбедени се средства на ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура.

Воедно, согласно законската регулатива, општините што ги исполнуваат законските критериуми за задолжување, во наредниот период ќе може да ги финансираат своите проекти преку задолжување со склучување договор за заем кај домашни или кај странски кредитори или преку издавање општински обврзници.

3.4. СТРУКТУРЕН ДЕФИЦИТ

Економската активност со текот на времето има тенденција на раст, но при движењето кон трендната патека вообичаено флуктуира над и под долгорочниот тренд. Ваквите циклични движења во економијата се рефлектираат и врз фискалните движења, преку автоматските стабилизатори. Со цел исклучување на ефектите од флуктуациите на економската активност врз фискалните индикатори и оцена на основната фискална позиција на земјата, вршиме пресметка и анализа на циклично прилагоденото буџетско салдо, кое го добиваме преку прилагодување на буџетските приходи и на буџетските расходи за ефектот на отстапување на потенцијалниот од фактичкиот/ проектираниот БДП, со тоа што прилагодувањето го вршиме на агрегатно ниво.

Графикон 3.3. Буџетски дефицит



Извор: Пресметки на МФ, п-проекција

Пресметките укажуваат дека во 2017 година циклично прилагодениот буџетски дефицит изнесува 2,6% и е понизок од планираниот буџетски дефицит за таа година, со оглед дека цикличната буџетска компонента има негативна вредност, како последица на проценетиот негативен производен јаз.

Табела 3.4. Агрегатни фискални индикатори и производен јаз

	2017	2018	2019	2020
Вкупно буџетско салдо	**-2,9%**	**-2,7%**	**-2,5%**	**-2,3%**
Примарно буџетско салдо	-1,6%	-1,4%	-1,0%	-0,5%
Производен јаз	-1,1%	-0,5%	0,6%	2,3%
Циклична буџетска компонента	-0,3%	-0,1%	0,2%	0,7%
Циклично прилагодено вкупно буџетско салдо	-2,6%	-2,6%	-2,7%	-3,0%
Циклично прилагодено примарно буџетско салдо	-1,3%	-1,3%	-1,2%	-1,2%

Извор: Пресметки на Министерство за финансии
Забелешка: Податоците за производен јаз и циклично прилагодено вкупно/примарно буџетско салдо се изразени во однос на потенцијалниот БДП.

Во 2018 година, имајќи предвид дека проектираниот БДП се очекува да се приближи до потенцијалниот, цикличната компонента на буџетот е стеснета, со што циклично прилагодениот буџетски дефицит е речиси изедначен со планираниот буџетски дефицит (види графикон 3.3). Во 2019 и 2020 година, во услови на позитивен производен јаз, пресметковниот циклично прилагоден буџетски дефицит е повисок од планираниот буџетски дефицит, односно изнесува 2,7% во 2019 година и 3,0% во 2020 година. Во анализираниот период, циклично прилагодениот примарен буџетски дефицит е прилично константен, односно изнесува 1,2% (Табела 3.4).

3.5. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВЕН ДОЛГ, СОСТОЈБА И ПРОЕКЦИИ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ЈАВНИОТ ДОЛГ

Државниот долг на Република Македонија[27] на крајот на третиот квартал од 2017 година изнесуваше 3,875.8 милиони евра, односно 37,8% од БДП. Вкупниот јавен долг[28], кој го вклучува државниот и гарантираниот долг, на крајот од третиот квартал е на ниво од 4,691.5 милиони евра што претставува 45,8% од БДП. Во анализираниот период, внатрешниот државен долг учествува со 38,7% во вкупниот државен долг, а надворешниот државен долг со 61,3%. Учеството на надворешниот државен долг бележи намалување за 2,2 п.п. во однос на крајот на 2016 година со оглед дека во текот на 2017 година беше ставен поголем акцент на задолжувањето на домашниот пазар, а од страна на надворешниот долг, целосно беше исплатен кредитот кон Дојче банк во износ од 75 милиони евра. Од аспект на каматната структура, долгот со фиксна каматна стапка незначително се намали за 0,1 п.п. во однос на крајот од 2016 година, со што државниот долг со фиксна каматна стапка изнесува 71,8% наспроти долгот со променлива каматна стапка кој изнесува 28,2%. Од аспект на валутната структура на долгот во странска валута, учеството на долгот деноминиран во евра изнесува 90,6% во портфолиото на државниот долг во странска валута и во споредба со крајот на 2016 година бележи зголемување од 1,2 п.п.

Рамката која ја одредува политиката на управување со јавниот долг во Република Македонија е среднорочната Фискалната стратегија која опфаќа период од 3 години.

Табела 3.5. Состојба на јавен долг (во милиони евра)

	2011	2012	2013	2014	2015	2016	30.9.2017
Надворешен јавен долг	1881,9	1941,2	2078,7	2725,1	2847,5	3286,0	3174,0
Државен долг	1582,1	1615,9	1597,5	2092,2	2096,7	2446,6	2376,7
Гарантиран долг	299,9	325,3	481,2	633,0	750,8	839,4	797,3
Домашен јавен долг	532,9	967,6	1202,7	1196,2	1379,7	1425,4	1517,5
Државен долг	510,8	938,6	1174,1	1170,3	1356,6	1404,9	1499,1
Гарантиран долг	22,1	29,0	28,6	25,9	23,2	20,5	18,4
Вк. јавен долг според Законот за јавен долг	2414,9	2908,8	3281,4	3921,3	4227,2	4711,4	4691,5
Вкупен јавен долг како % од БДП	32,0	38,3	40,3	45,8	46,6	48,5	45,8
Вкупен државен долг	2092,9	2554,5	2771,6	3262,5	3453,3	3851,5	3875,8
Државен долг како % од БДП	27,7	33,7	34,0	38,1	38,1	39,6	37,8
Вкупен гарантиран долг	322,0	354,3	509,8	658,9	774,0	859,9	815,7
Гарантиран долг како % од БДП	4,3	4,7	6,3	7,7	8,5	8,8	8,0

Извор: Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија

Во периодот 2018-2020 година се очекува продолжување на реализацијата на инвестициите започнати во претходниот период од областа на инфраструктурата, водовод и канализација, спортски објекти, образование, здравство, енергетика, изградбата на Националниот гасоводен систем како и останати проекти што се во согласност со програмата на Владата. Проектите ќе бидат имплементирани од страна на органите на државната управа кофинансирани со странски заеми, но со цврста определба да не се загрози долгорочната одржливост на нивото на задолженост на земјата. Согласно Фискалната стратегија, се очекува умерен и контролиран пораст на државниот долг до 42,6% од БДП на крајот на 2020 година, додека јавниот долг во истиот период се очекува да биде на ниво од 53,5% од БДП. Фискалната стратегија се доставува до Собранието на Република Македонија, при што законодавната власт има увид во политиката на управување со јавниот долг.

[27] Државен долг е збир на финансиски обврски создадени со задолжување на Република Македонија, јавните установи основани од Република Македонија и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

[28] Јавниот долг е збир од државниот долг и гарантираниот долг на јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост.

Графикон 3.4. Државен долг на земјите-членки на ЕУ и земји кандидати во втор квартал 2017 г. (% од БДП)



Извор: Министерство за финансии, Еуростат, октомври 2017

Со цел намалување на ризикот од промена на девизниот курс, во Стратегијата се утврдени лимити за валутна структура, при што минималното учество на евро долгот во портфолиото на долг во странска валута треба да биде 80%. Исто така, во Стратегијата е утврден лимит за каматната структура на државниот долг, односно долгот со фиксна каматна стапка треба да биде застапен со најмалку 50% во вкупното должничко портфолио.

Графикон 3.5. Проекција на вкупен јавен долг (државен и гарантиран јавен долг)



Извор: Министерство за финансии

Со цел да се заштити портфолиото на долгот на централната влада од ризикот за рефинансирање, минималното ниво на индикаторот „Просечно време на достасување“ во 2018 година треба да биде 3 години. Со цел да се заштити портфолиото на долгот на централната влада од ризикот од промена на каматните стапки, минималното ниво на индикаторот „Просечно време на промена на каматните стапки“ во 2018 година треба да биде 2 години.

Во текот на 2018 година проектиран е умерен пораст на инвестициската активност преку користење кредитна поддршка од странство. Исто така, во периодот 2018 – 2020 година, се очекува имплементација на инвестициите во инфраструктурата, водоводната и канализациската мрежа, изградба на социјални станови, инвестиции во образованието и здравството кои имаат за цел зголемување на продуктивноста, односно зајакнување на конкурентноста на економијата на долг рок. Во однос на движењето на гарантираниот јавен долг, се очекува умерено зголемување на истиот до 2019 година заради повлекување на средства од проектите главно во патната инфраструктура кои се имплементираат со заеми гарантирани од државата. По 2019 година овие заеми влегуваат во период на отплата и соодветно на тоа гарантираниот долг во однос на БДП се очекува да се намали.

Графикон 3.6. Структура на гарантиран јавен долг (30.09.2017 година)



Извор: Министерство за финансии

При реализирањето на новите задолжувања

се води сметка за долгорочната одржливост на долгот, при што процесот на издавање нови гаранции е строго регулиран и подлежи на постапката за задолжување утврдена во Законот за јавен долг, според која барателите на гаранциите треба да исполнат одредени критериуми за да може државата да издаде гаранција. Заклучно со 30.9.2017 година издадените државни гаранции изнесуваат 815,7 милиони евра, што претставува 8% од БДП (кои се вклучени во јавниот долг од 45,8% од БДП).

Примарен пазар на државни хартии од вредност. Согласно Календарот за издавање Државни хартии од вредност (ДХВ) на домашниот пазар, во периодот јануари – септември 2017 година Министерството за финансии на редовна основа издаваше 6 и 12 месечни државни записи, како и 2, 5 и 15 годишни државни обврзници. Во овој период спроведени беа вкупно 54 аукција на ДХВ, односно 26 на државни записи и 28 на државни обврзници. Вкупниот износ понуден за продажба на аукциите изнесуваше 40.295,78 милиони денари, побарувачката изнесуваше 57.584,28 милиони денари, а реализацијата изнесуваше 38.987,20 милиони денари. Во насока на намалување на фреквентноста на издавање на државни хартии од вредност, Министерството за финансии го намали бројот на одржани аукции во текот на еден календарски месец, и започнувајќи од вториот семестар на 2017 година спроведува по две аукции месечно.

Графикон. 3.7. Просечни каматни стапки на ДХВ без и со девизна клаузула



Извор: Министерство за финансии

На графикон 3.7. се прикажани каматните стапки на државните хартии од вредност во периодот декември 2016 година - септември 2017 година. Во јануари и март 2017 година Министерството за финансии ги намали каматните стапки на државните хартии од вредност за околу 0,50 п.п., а заклучно со септември 2017 година, каматните стапки на државните хартии од вредност се задржаа на истото ниво.

Заклучно со септември 2017 година, состојбата на недостасани ДХВ изнесува 87.847,65 милиони денари, од кои 38.327,86 милиони денари се државни записи, а 49.519,79 милиони денари се државни обврзници.

Од сопственичката структура на портфолиото на државните хартии од вредност се согледува зголемено учество на пензиските фондови, во споредба со истиот период од 2016 година, што процентуално се израмнува со учеството на комерцијалните банки кои во изминатиот период претставуваа доминантни инвеститори во државни хартии од вредност. (графикон 3.8).

Во периодот јануари - септември 2017 година, со исклучок на банките, штедилниците и физичките лица, останатите категории пазарни учесници бележеа зголемување на нивните учества во сопственичката структура. Во анализираниот период, учеството на банките бележи намалување за 3,58 п.п. во однос на учеството на останатите пазарни учесници. Заклучно со септември 2017 година, соодносот меѓу банките и останатите пазарни субјекти

изнесува 36,40% спрема 63,60%, соодветно. Таквата сопственичка структура го менува карактерот на портфолиото на државни хартии од вредност, зголемувајќи го неговото времетраење и намалувајќи ја изложеноста на ризикот од рефинансирање.

Графикон 3.8. Сопственичка структура на недостасани ДХВ

Состојба на 31.12.2016 година **Состојба на 30.09.2017 година**



Извор: Министерство за финансии

Секундарен пазар на ДХВ. Законската регулатива за секундарно тргување овозможува тргување со сите структурни ДХВ на Македонска берза А.Д, како и тргување со континуираните ДХВ на пазарите преку шалтер.

Во периодот јануари - септември 2017 година на Македонската берза беше евидентирано тргување со државните обврзници за денационализација. Вкупниот промет на тргување во овој период изнесува 164,00 милиони денари, што претставува намалување за 485,54 милиони денари во однос на истиот период од минатата година.

Во истиот период, на пазарот преку шалтер се реализирани 5 трансакции со ДХВ, кои се однесуваат на државни записи и 10 трансакции со ДХВ кои се однесуваат на државни обврзници. Вкупниот номинален износ на тргување изнесуваше 1.589,81 милиони денари. Споредено со тргувањето во истиот период лани, може да се констатира дека во 2017 година се реализирани помал број на трансакции со ДХВ, а вкупниот номинален износ на тргување е помал за 1.360,19 милиони денари.

Меѓународен пазар на капитал. Во текот на 2017 година, на меѓународниот пазар на капитал се тргуваше со еврообврзниците издадени од Република Македонија кои достасуваат во 2020 година, 2021 година и 2023 година. Заклучно со септември 2017 година, приносот до достасување на еврообврзницата што достасува во 2020 година изнесува 1,92%, додека за еврообврзницата што достасува во 2021 година приносот до достасување изнесува 2,18% и приносот до достасување на еврообврзницата што достасува во 2023 година изнесува 3,40%.

Кредитен рејтинг на Република Македонија. Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич“ на 4 август 2017 година, објави дека ја потврдува доделената оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска и домашна валута ВВ, со негативен изглед. На 15 септември 2017 година, агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ ја потврди претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска и домашна валута ВВ-, истовремено потврдувајќи го стабилниот изглед на земјата.

3.6. Сензитивна анализа

Сензитивност на буџетскиот дефицит. Среднорочните проекции секогаш се проследени со одреден степен на неизвесност и ризици, па во рамките на овој дел даваме преглед на резултатите од сензитивната анализа, со која е испитана чувствителноста на буџетскиот

дефицит преку три песимистички сценарија, кои претпоставуваат поинакви услови од оние земени како основа за среднорочните проекции.

Со оглед дека среднорочното фискално сценарио се темели на макроекономските претпоставки, нив ги сметаме за фактор со потенцијално влијание врз фискалните движења. Така, како прво сценарио претпоставуваме понизок економски раст, согласно алтернативните сценарија што се образложени во точката 2.3. Имено, основното сценарио врз кое се темелат проекциите на буџетските приходи и расходи, предвидува реален раст на БДП од 3,2% во 2018 година, 3,5% во 2019 година и 4,0% во 2020 година. Согласно првото алтернативно сценарио, проекцијата за реалниот раст на БДП во 2018 година е 2,5%, во 2019 година е 2,7%, а во 2020 година е 3,1%. Пониските проекции за економскиот раст имплицираат понизок раст на буџетските приходи, а при непроменети расходи и поголем буџетски дефицит во однос на основното сценарио, кој во 2018 година би изнесувал 3,1% од БДП, во 2019 година 3,0%, а во 2020 година 2,8%. Согласно второто алтернативно сценарио, реалниот раст на БДП во 2018 година е проектиран на 2,9%, во 2019 година на 3,1% и во 2020 година на 3,4%, што резултира со понизок раст на буџетски приходи и соодветно повисок дефицит споредено со основното сценарио, односно непроменето ниво на дефицит во 2018 година во однос на претходната година и дефицит од 2,8% и 2,6% од БДП во 2019 и 2020 година соодветно.

Како второ сценарио претпоставуваме одредено воздржување на економските субјекти од потрошувачка, и како последица на тоа намалување на годишните стапки на раст на вкупните буџетски приходи за 20% во анализираниот период во однос на првично предвидените стапки што се прикажани во табелата 3.6. Така, под претпоставка растот на буџетските приходи во 2018 година да изнесува 3,8%, во 2019 година 4,0% и во 2020 година 4,8%, буџетскиот дефицит би изнесувал околу 3,0% во периодот на предвидување, односно во просек би бил за 0,6 п.п. повисок над нивото предвидено со проекциите во основното сценарио. Во Табелата 3.6 е прикажан буџетскиот дефицит во овој период според основното и алтернативните сценарија.

Табела 3.6. Сензитивна анализа на буџетскиот дефицит

	2018	2019	2020
БДП, реална стапка на раст	3,2	3,5	4,0
Буџетски приходи, стапка на раст	4,7	5,1	6,0
Буџетски расходи, стапка на раст	4,1	4,5	5,0
Буџетски дефицит (% од БДП)			
Основно сценарио	-2,7	-2,5	-2,3
Сценарио 1а. Понизок економски раст во анализираниот период согласно првото алтернативно сценарио	-3,1	-3,0	-2,8
Сценарио 1б. Понизок економски раст во анализираниот период согласно второто алтернативно сценарио	-2,9	-2,8	-2,6
Сценарио 2. Намалување на стапката на раст на приходите за 1/5 во анализираниот период	-3,0	-3,1	-3,1
Сценарио 3. Зголемување на стапката на раст на расходите за 1/4 во 2018 и 2019 г.	-3,1	-3,2	-2,9

Извор: Пресметки на Министерството за финансии

Во третото сценарио се претпоставува зголемување на стапката на раст на буџетските расходи во 2018 и 2019 година за 25% во однос на планираната стапка на раст во основното сценарио. Како резултат на ова, односно раст на буџетските расходи за 5,2% и 5,6% во 2018 и 2019 година соодветно, буџетскиот дефицит изнесува 3,1% од БДП во 2018 година и 3,2% од БДП во 2019 година. Доколку проекциите за растот на буџетските приходи и расходи за 2020 година останат непроменети, буџетскиот дефицит бележи стеснување, но е повисок во однос на проекцијата во основното сценарио, како резултат на пренесените ефекти од претходните две години.

Доколку се оствари некое од прикажаните сценарија, Владата на РМ е подготвена соодветно да реагира, прилагодувајќи ја јавната потрошувачка, односно буџетските расходи, до ниво неопходно за да се задржат планираните стапки на буџетски дефицит.

Ризици на јавниот долг. Неизвесноста што произлегува од идното движење на макроекономските варијабли на меѓународниот пазар на капитал има значително влијание при донесувањето на одлуките за ефикасно управување со должничкото портфолио на државата. Во услови на големи осцилации на економските варијабли се јавува потреба од активно управување со ризиците на кои подлежи портфолиото на јавниот долг во Република Македонија. Како основни ризици што се идентификувани при управувањето со ова портфолио се јавуваат ризикот од рефинансирање, пазарниот ризик во кој се вклучени ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од промена на девизните курсеви, ризик поврзан со потенцијалните обврски и оперативен ризик.

Сензитивност на јавниот долг. Со цел испитување на изложеноста на портфолиото на долгот на пазарниот ризик, односно ризик од промена на каматните стапки и девизните курсеви, направена е анализа за влијанието на промената на каматните стапки и девизниот курс врз трошоците за сервисирање на надворешниот државен долг. Сензитивната анализа се заснова на следните претпоставки: со промена на една варијабла сите останати варијабли остануваат непроменети, т.е. ceteris paribus, при евентуални движења на другите валути во однос на еврото, девизниот курс на денарот во однос на еврото ја задржува стабилната вредност и непостоење корелација меѓу каматните движења и движењата на девизниот курс.

Табела 3.7. Анализа на сензитивноста на трошоците за сервисирање на надворешниот државен долг при промена на каматните стапки и девизните курсеви

индексни броеви	2018	2019	2020
Основно сценарио	100.0	100.0	100.0
Сценарио 1: зголемување на соодветните каматни стапки за 1 п.п.	106.0	106.6	105.8
Сценарио 2: зголемување на соодветните каматни стапки за 2 п.п.	112.0	113.2	111.5
Сценарио 3: апрецијација на другите валути од портфолиото во однос на еврото за 10%	101.2	101.6	100.5
Сценарио 4: депрецијација на другите валути од портфолиото во однос на еврото за 10%	98.8	98.4	99.5

Извор: Пресметки на Министерство за финансии

Анализата го опфаќа периодот 2018-2020 година и се заснова на сценарија на пораст на каматната стапка за 1 п.п. и за 2 п.п. од основното сценарио како и на апрецијација и депрецијација на еврото во однос на другите валути за 10%.

Главни заклучоци од оваа анализа се:

- каматните трошоци за сервисирање по основ на надворешниот државен долг се сензитивни на движењето на каматните стапки. Доколку каматните стапки во 2018 година пораснат за 1 п.п. тоа би предизвикало пораст на каматните трошоци за 6%, односно за 5,3 милиони евра. Оваа сензитивност може да се објасни како изложеност на должничкото портфолио на ризикот од промена на каматни стапки.

- Идна апрецијација/депрецијација на еврото во однос на другите валути во портфолиото (американскиот долар, јапонскиот јен и специјалните права за влечење) за 10% ќе предизвика зголемување/намалување на трошоците за сервисирање за 1,2% во 2018 година односно за 3,0 милиони евра. Евентуалните неповолни движења на девизните курсеви на другите валути во однос на еврото нема да предизвикаат позначително зголемување на трошоците за сервисирање поради фактот што најголемиот дел од надворешниот државен долг е деноминиран во евро валута.

3.7. ФИСКАЛНО УПРАВУВАЊЕ И БУЏЕТСКИ РАМКИ

Владата во декември 2017 година ја усвои Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии[29], по претходна консултација со претставници на меѓународната заедница, експертската јавност, невладините организации и други засегнати страни. Програмата ги посочува клучните предизвици во управувањето со јавните финансии и содржи мерки и активности со временска рамка за зајакнување на системот на јавни финансии и подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните трошења. Во Програмата за управување со јавни финансии утврдени се седум приоритетни области и тоа:

- Приоритет 1: подобрена фискална рамка;
- Приоритет 2: мобилизација на приходите;
- Приоритет 3: планирање и буџетирање;
- Приоритет 4: извршување на буџетот;
- Приоритет 5: транспарентно владино известување;
- Приоритет 6: внатрешна контрола и
- Приоритет 7: надворешна контрола и парламентарен надзор.

За следење на спроведувањето на реформите предвидени со Програмата, се предвидува формирање на Совет за управување со јавни финансии, како координативно тело на Владата на Република Македонија.

Советот за управување со јавни финансии ќе се формира со Одлука на Владата на Република Македонија, а ќе го води Министерот за финансии.

Врз основа на Програмата се изработи Секторски плански документ и предлог акциски документ со конкретни проекти за поддршка во рамки на ИПА 2 инструментот. Во рамки на предлог акцискиот документ, кој е во фаза на одобрување од страна на Делегацијата на ЕУ, предвидени се следниве резултати:

1. Подобрување на буџетскиот систем преку спроведување на новиот закон за буџети
2. Подобрување на стабилноста, ефикасноста и квалитетот на системот за прибирање приходи (даночен систем и политика и царински систем)
3. Подобрување на законската усогласеност, ефикасност и транспарентност на системот за јавни набавки
4. Зајакнување на внатрешната контрола согласно новата Стратегија за јавна внатрешна финансиска контрола
5. Подобрување на ефикасноста и влијанието на надворешната ревизија.

Во меѓувреме, Министерството за финансии започна со активности за подготовка на нов закон за буџети каде ќе бидат вклучени сите планирани реформи во однос на среднорочното буџетирање, како и воспоставување на фискални правила.

3.8. ОДРЖЛИВОСТ НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ

Пресметките за долгорочната одржливост на јавните финансии[30] се темелат на следните претпоставки:

- просечен раст на продуктивноста на трудот од 1,8%;
- зголемување на стапката на активност кај мажите од 77,8% во 2016 година на 86,3% во 2060 година;

[29] http://www.finance.gov.mk/files/u3/PFM%20Reform%20%20Programme__MK%20DEC%202017_final%20VLADA.pdf
[30] Види Табела 7 во Прилог 3.

- поинтензивно зголемување на стапката на активност кај жените (од 50,8% во 2016 година на 72% во 2060 година), со што учеството на женската популација во вкупното активно население се очекува да достигне 45,5% во 2060 година;
- поинтензивно намалување на стапката на невработеност до 2030 година, проектирана на 12,9% истата година, а со помал интензитет во останатите 30 години, при што стапката на невработеност во 2060 година е проектирана на 5,2%;
- зголемување на учеството на населението на возраст над 65 години на околу 26% до 2060 година.

Врз основа на претпоставките за раст на вработеноста и платите во земјата, се проценува просечен годишен раст од 5,1% на приходите од придонеси по основ на пензиско осигурување во анализираниот период, но нивното учество во БДП бележи постепено намалување и во 2060 година изнесуваат 4,9% од БДП. Во врска со расходите за пензии, потребно е да се напомене дека се опфатени оние на државниот пензиски фонд, додека расходите на приватните фондови за пензиско осигурување не се земени предвид. Така, учеството на расходите за пензии во БДП е предвидено да се задржи над нивото од 8% од БДП до 2030 година, а во наредниот период се очекува позначително намалување на учеството, ако се има предвид дека ќе дојде до намалување на делот на оние пензионери чии пензии се целосно исплатени од првиот столб, а ќе се зголеми делот на оние пензионери кои еден дел од нивните пензии ќе го примаат од вториот столб. Јавните расходи за здравствена заштита како процент од БДП се предвидува постепено да се зголемат и да достигнат 6% во 2060 година. Ваквиот проектиран пораст е делумно резултат на ефектите од стареењето на населението. Расходите за образование е предвидено да се зголемат за 5,7% просечно годишно во наредниот четириесет годишен период, со што нивното учество во БДП се очекува да достигне 5,4% во 2060 година. Каматните расходи е предвидено постепено да се намалат како процент од БДП и во 2060 година се очекува да изнесуваат нешто под 1%, согласно проектираното движење на буџетското салдо, односно државниот долг.

4. Структурни реформи за периодот 2018-2020 година

4.1. Идентификација на клучните предизвици за конкурентност и инклузивен раст

Економската активност во земјата во првите три квартали од 2017 година забележа пад од 0,4% на реална основа, како резултат на продолжената политичка криза која влијаеше на значителен пад на инвестициите од 5,9%. Потрошувачката забележа раст од 2,1%, кој е поттикнат од зголемувањето на приватната потрошувачка од 2,9%, додека јавната потрошувачка бележи пад од 1,4%. Извозот на стоки и услуги во првите три квартали на 2017 е зголемен за 8,1%, главно е поттикнат од зголемениот извоз на машини и транспортни уреди од 20,8% и хемиски производи од 15,7%. Увозот на стоки и услуги во истиот период забележа раст од 6,7%, со што нето-извозот има позитивен придонес врз растот.

Анализирано по сектори, градежната дејност, која во претходната година беше главен двигател на економскиот раст, во првите три квартали од 2017 година забележа значителен пад од 11,5% на реална основа. Пад е забележан и во индустријата од 3,9%, додека раст бележат земјоделството од 4,2% и услужниот сектор од 1,1%.

Со надминување на политичката криза и формирање на новата влада во јуни 2017 година, веќе кон крајот на третиот квартал од годината довербата на инвеститорите почна да се враќа. Во наредниот период се очекува заживување на економијата и интензивирање на економскиот раст воден од растот на инвестициите, приватната потрошувачка, како и извозот.

Како мала економија, Македонија мора да развива конкурентни разменливи добра со повисока вредност кои ќе ги движат извозот. Во последната декада структурата на

македонскиот извоз е значително променета во позитивна насока, со позначително учество на производи со повисок степен на финализација и технолошко ниво, во голем дел како резултат на странските директни инвестиции. Така, во првите девет месеци од 2017 година, учеството на овие категории производи во вкупниот извоз достигна речиси 53%, за разлика од пред 10 години, кога истото изнесувало 9,1%. Имено, опаѓа извозот на традиционални добра како руди или земјоделски производи, кои се во голем обем подложни на надворешни шокови поради промена на цени или климатски промени.

Графикон 4.1. Структура на извозот по СМТК во периодот 2007 - 2017 година (%)



Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС

Иако просечниот раст на македонската економија од 2009-2016 година изнесува 2,2% и над регионалниот просек од 1,5%[31], сепак стапките на раст се релативно ниски и ја одразуваат ниската продуктивност пред се заради ниските инвестиции на приватниот сектор, ниската активност на работната сила и недоволниот квалитет на образованието. Дополнително, промовирање на евтина работна сила не води кон постигнување на високи резултати, иако не може да се занемари бројката од 17.000 остварени вработувања во странските компании, имајќи предвид дека Македонија се уште има стапка на невработеност над 20%. Ефектот на странските компании не се преслика во доволен обем во домашната економија преку пренесување на модерна технологија, вработување на кадри со високо образование, трансфер на знаење и поголемо поврзување со домашните компании.

Во последниве неколку години, притисоците се зголемуваат и поради влошената фискална дисциплина и растечкиот јавен долг. И покрај тоа што земјата има еден од најниските државни долгови во Европа, кој изнесуваше 39% од БДП во 2015 година, Македонија има еден од најбрзо растечките долгови, кој е двојно зголемен од 2008 година, бидејќи фискалната политика во последниве години беше користена за да обезбеди стимул за краткорочен раст[32]. За да може животниот стандард во Република Македонија да конвергира со оној на земјите-членки на ЕУ, реалниот раст на БДП ќе треба да забрза на околу 4,5%[33] во следните 20 години.

Понатамошното подобрување на деловното окружување и условите за растот предводен од приватниот сектор се од суштинско значење за одржување на растот и создавањето работни места. Македонија постигна значителен напредок во подобрувањето на деловното окружување, заради што земјата е рангирана на 11-то место од 190 економии согласно извештајот на Светска банка, „Дуинг Бизнис 2018“. И покрај подобрувањето на деловните регулативи, домашните фирми продолжуваат да се соочуваат со тешкотии. Домашните фирми имаат потешкотии во пристапот до кредити и наплатата на побарувањата, а исто така се оптоварени со различни форми на непредвидливи и ад хок инспекции кои наметнуваат финансиски и нефинансиски трошоци[34]. Честите промени во законите и

[31] World Bank Macedonia Policy Notes 2017
[32] World Bank Macedonia Policy Notes 2017
[33] Ibid
[34] Ibid.

нивната нееднаква имплементација, исто така, претставуваат потешкотии за домашниот бизнис-сектор. Националната регулатива го содржи принципот на еднаков третман на домашните и странските компании инвеститори, но во пракса поддршката беше во голема мера обезбедена за СДИ. Постоењето неформален сектор создава нееднакви услови за компаниите кои плаќаат даноци и социјални придонеси и се придржуваат до законската регулатива. Банкарското кредитирање е главниот извор на финансирање на компаниите во земјата. Иако тоа е зголемено во изминатите години (вклучително и во периодот на глобалната криза), МСП продолжуваат да гледаат на пристапот до финансии како на главен предизвик во нивното работење. Алтернативните извори на финансирање се во рана фаза на развој, тие би можеле да имаат корист од зајакнување на правната рамка, посебно на активностите за факторинг, кои можат да бидат важна алтернатива на банкарското финансирање за МСП.

Капацитетот на домашните МСП за понатамошно интегрирање на меѓународните пазари е ограничен и како резултат на релативно нискиот раководен, финансиски и технички капацитет. Имајќи предвид дека географската насоченост на македонскиот извоз ја потврдува доминацијата на ЕУ како главна извозна дестинација, неопходно е да се преземат мерки со кои ќе им се овозможи на компаниите да станат конкурентни и да ги искористат поволностите од членството на Македонија во Светската трговска организација и ЦЕФТА, и особено од Спогодбата за стабилизација и асоцијација кои овозможуваат трговска размена без тарифни бариери. Иако Македонија е лидер во регионот во трговската политика и олеснувањето на трговијата, постои простор за подобрување во транспортот и логистиката кои можат да ги подобрат трговските перформанси, така што ќе ја направат испораката на стоки полесна, побрза и побезбедна. Прекуграничните тесни грла мора да се надминат за да се намалат трошоците и времето за транспорт, што директно ќе придонесе за конкурентноста на компаниите. Република Македонија е земја без излез на море и оттаму е особено зависна од добро развиена транспортна мрежа. Еден од главните предизвици на земјата е да го намали растојанието до извозните пазари и да ги намали трошоците за транспорт кои произлегуваат од лошата состојба на транспортните коридори и големите застои на граничните премини.

Влијание врз конкурентноста има и намалување на трошоците за користена енергија за производство. Снабдувањето со електрична енергија во Македонија главно се потпира на електричните централи на лигнит, кои придонесуваат повеќе од 50% во вкупното производство. На страната на побарувачката, Македонија се рангира меѓу енергетски најинтензивните економии на Балканот поради комбинацијата на енергетски интензивни индустрии (железо и челик, вадење руда, цемент), слабо изолирани згради и неефикасни електрични апарати во домаќинствата. Според извештајот за глобална конкурентност, иако севкупниот квалитет на снабдувањето со електрична енергија на Македонија е највисок во регионот на ЈИЕ6 (67 од 168 земји), сè уште заостанува зад земјите членки на ЕУ. Потребно е да се работи на подобрување на страната на понудата во комбинација со зголемувањето на енергетска ефикасност и намалувањето на загубите во дистрибуцијата. Неопходна е интеграција на Македонија на регионалниот пазар на енергија преку инвестиции во пренос на енергија и институционален развој кој ќе поддржи учество на пазарот во насока на обезбедување на сигурност во снабдувањето, одржливост и конкурентност.

За зголемување на продуктивноста, а со самото тоа и на конкурентноста, компаниите треба да се насочени кон поголемо производство со помалку ресурси, преку користење на современи технологии. Во таа насока, само иновациите може да овозможат успех на глобалниот пазар кој сè повеќе се интегрира. Најновите показатели на Европската иновативна ранг листа (2017 година) сèуште ја категоризираат Република Македонија како „умерен иноватор“ во споредба со другите европски земји. Ова рангирање произлегува од

слабите резултати (под просекот на ЕУ) во однос на неколку клучни показатели, иако постои постојан напредок во релативните перформанси, за 10,4% помеѓу 2010 и 2016 година.[35] Фондот за иновации и технолошки развој обезбедува можности за иновации и технолошки развој на компаниите, но сепак треба да се работи на развој капацитетите за апсорпција на грантовите за истражување, развој и иновации, да се зголеми соработката помеѓу академските институции и компаниите и да се зголеми подготвеноста за инвестиции. Компаниите се повеќе насочени кон купување нова технологија или иновативни решенија, но бројот и квалитетот на производите не се зголемува значително.

Високо квалификуван човечки капитал е неопходен предуслов за зголемување на иновативноста на компаниите. Ограничувањата поврзани со вештините се сметаат за најважни проблеми поврзани со работната сила во Република Македонија. Човечкиот капитал е низок и опаѓа, мерено со образовните постигнувања и здравствените показатели. Најновите резултати од Програмата за меѓународни оценки на учениците (ПИСА) укажуваат дека се влошени квалитетот на основното образование, како е релевантноста на средното образование во однос на пазарот. Усогласеноста на потребите на пазарот на трудот со вештините на работната сила произлегува од способноста на образовниот систем да креира знаење кое пазарот на трудот може да го апсорбира, а со тоа да влијае не само на зголемување на продуктивноста, туку и намалување на невработеноста.

Активните политики на пазарот на труд во изминатите години помогнаа да се намали невработеноста. Македонија е единствената земја во регионот каде што резултатите од вработувањето постојано се подобруваат од 2009 година. Вработеноста порасна за 2,5% во 2016 година и за 2,7% во првата половина од 2017 година. Голем дел од новосоздадените работни места се поврзани со програмите за вработување поддржани од владата во секторите трговија, транспортни услуги и производство. Стапката на невработеност се намали на 22,1% во третиот квартал од 2017 година, што преставува историски најниска стапка. Сепак, намалувањето на невработеноста делумно се објаснува со ниската стапка на учество во работната сила, која изнесуваше околу 57% на почетокот на 2017 година, што е најниска стапка од 2012 година. Сепак, невработеноста кај младите и долгорочната невработеност остануваат високи на 46 и 81%[36], соодветно.

Во Македонија има висока стапка на нееднаквост меѓу граѓаните по основ на доход, највисока во Европа и постои тенденција за нејзин раст. Најбогатите 1% во Македонија остваруваат 14% од вкупниот доход. Просечниот личен доход на овие најбогати луѓе е 14 пати поголем од просечниот личен доход во државата[37].

Растот во последниве години помогна да се намали сиромаштијата, во голема мера поддржано со фискалниот стимул, што предизвикува загриженост за одржливоста. Како резултат на солидниот раст и подобрените резултати од пазарот на труд, Македонија доживеа пад на сиромаштијата во посткризниот период (2009-2016). Сепак, и покрај значителното намалување на сиромаштијата во последните неколку години, близу 100.000 луѓе во Македонија сé уште живеат во екстремна сиромаштија. Што се однесува до услугите за социјална заштита, утврдено е дека тие не се прилагодени на индивидуалните потреби на крајните корисници и дека треба да бидат обезбедени во заедницата преку понатамошно спроведување на процесот на деинституционализација, децентрализација и диверзификација.

[35] European Innovation Scoreboard 2017
[36] Анкета на работна сила, ДЗС 2016
[37] http://www.finance.gov.mk/mk/neednakvost

4.2. Резиме на реформските мерки

Управување со јавните финансии
Мерка 1: Хармонизација на правната рамка на јавните набавки со законодавството на Европската унија (Acquis)
Мерка 2: Подобрување на Внатрешната финансиска контрола
Реформи на енергетскиот и транспортниот пазар
Мерка 3: Зголемување на конкурентноста на пазарот на електрична енергија
Мерка 4: Промоција на обновливи извори на енергија и унапредување на енергетската ефикасност
Мерка 5: Олеснување на прекуграничното преминување помеѓу Македонија и Србија
Развој на земјоделскиот сектор
Мерка 6: Подобрување на системите за наводнување
Мерка 7: Консолидација и дефрагментација на земјоделско земјиште
Мерка 8: Земјоделски задруги
Развој на секторот индустрија
Мерка 9: Активности за поддршка на привлекувањето СДИ и инвестиции од домашните компании
Мерка 10: Поддршка на инвестиции
Мерка 11: Подобрување на конкурентноста на компаниите за нови пазари
Развој на секторот услуги
Мерка 12: Зголемување на конкурентноста во секторот туризам и угостителство
Деловно окружување и намалување на неформалната економија
Мерка 13: Развој на национален портал за е-услуги
Истражување, развој и иновации, дигитална економија
Мерка 14: Подобрување на инфраструктурата и пристапот до финансии за истражување, развој и иновации
Реформи поврзани со трговијата
Мерка 15: Олеснување на трговијата
Образование и вештини
Мерка 16: Понатамошен развој на системот на квалификации
Вработување и пазар на труд
Мерка 17: Надградување на активните мерки вклучени во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот
Мерка 18: Гаранција за млади
Социјална инклузија, намалување на сиромаштијата и еднакви можности
Мерка 19: Унапредување на паричните надоместоци во социјалната заштита

4.3. Анализа по области и структурни реформски мерки

4.3.1. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ

Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии 2018-2021 (ПРУЈФ) е усвоена од Владата на РМ на 19 декември 2017 година. Истата е изработена имајќи ги предвид препораките од Оценката на финансиската отчетност на јавните расходи[38] (ПЕФА), Извештајот на СИГМА врз основа на мониторинг на имплементацијата на принципите на јавната администрација вклучително и јавните финансии[39], Извештај на СБ за јавните трошоци[40], Извештај на Мисијата по член 4 на ММФ[41] и Извештајот за напредокот на ЕК[42].

[38] https://pefa.org/sites/default/files/assements/comments/MK-Dec15-PFMPR-Public.pdf
[39] http://www.oecd-ilibrary.org/docserver/download/5jm0xw47v6f7-en.pdf?expires=1482240711&id=id&accname=guest&checksum=1C97E0A6161202E211BFA2CADF076D90
[40] http://documents.worldbank.org/curated/en/895641468269982851/pdf/Macedonia-PER-2015-Revised-for-Submission-Final-clean.pdf
[41] https://www.imf.org/external/pubs/ft/scr/2015/cr15242.pdf
[42] https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

ПРУЈФ предвидува подобрување во повеќе сегменти од областа на јавните финансии и тоа: зајакнување и имплементација на среднорочна буџетска рамка вклучително буџетско планирање, воведување интегриран информациски систем за управување со јавните финансии, подобрување на усогласеноста, ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки, модернизирање на даночниот систем и подобрување на даночната наплата, зголемување на квалитетот на царинските процедури и услуги, натамошно подобрување на јавната внатрешна финансиска контрола и ефикасноста на надворешната ревизија.

Во областа УЈФ ги анализираме главните пречки во системот на јавните набавки и во јавната внатрешна финансиска контрола. Предвидените промени во другите области на ПРУЈФ се опишани во точка 3.7 Фискално управување и буџетски рамки.

Системот на јавни набавки е неопходен за регулирање на процесот на користење на јавните средства од страна на јавните (државните) органи, поради добивање на потребните ресурси од надворешни, комерцијални извори. Тенденцијата и целта на регулираниот процес на користењето на овие средства е постигнување фер процес, фер учество на деловниот сектор во него и добивање на најдобра вредност за вложените пари.

Законот за јавни набавки (ЗЈН) се заснова на директивите за јавните набавки на Европската унија што беа во сила во времето на неговото донесување (2007). Во извештаите на Европската комисија, како и во извештаите на СИГМА, беше потврдено дека „ЗЈН е генерално усогласен со законодавството на ЕУ“[43]. Меѓутоа, од донесувањето на ЗЈН, усогласеноста со барањата на ЕУ не само што не е подобрена туку, напротив, нивото на усогласеност е намалено со честите измени и дополнувања, особено од 2013 година наваму. Зачестеноста на измените заедно со нивната целокупна природа и опфат можат да влијаат на правната сигурност. Од друга страна, овој тренд, исто така, одразуваше многу активен интерес на националните органи за важноста на законодавството за јавни набавки кое, доколку се координира конструктивно, може да придонесе за идни стратегиски реформи.[44]

Друг дел во областа на ПФМ е ефективната внатрешна финансиска контрола кај субјектите од јавниот сектор, што е суштината на доброто управување со јавните средства, заради што е неопходно внатрешната контрола да ги обезбеди потребните гаранции за постигнување оптимален сооднос на цената и квалитетот на законски, финансиски одговорен, етички и соодветен начин.

Иако прописите од оваа област главно се добри, сепак тие мора да се преоценат со цел зголемување на раководната одговорност преку користење на современите методи за управување и мерење на ефикасноста, ефективноста, економичноста и транспарентноста при користење на јавните средства и зголемување на капацитетите на администрацијата во управувањето со ризици.

Со усвојување на ПРУЈФ делумно беше реализирана препораката 4 од Заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог од 2016 и од 2017 година. Предвидените промени поврзани со приоритизацијата на јавните инвестиции според јасни цели на политиките; поголема транспарентност на критериумите за избор на инвестиции и за нивното влијание врз економскиот раст и врз фискалните движења се опишани во точка 1.1. (под препорака 4) и точка 3.7 Фискално управување и буџетски рамки.

[43] Извештај. Преглед на системот на Јавни набавки. СИГМА. април 2016 година
[44] Конечен извештај на извршена ревизија на успешност. ДЗР. 26.4.2017.

Мерка 1: Хармонизација на правната рамка на јавните набавки со законодавството на Европската унија (Acquis)

Опис на мерката

Оваа мерка има за цел пред сè да го усогласи ЗЈН со директивите 2014/24/ЕУ, 2014/25/ЕУ, Директивата за одбрана и безбедност и делумно со Директивата за правна заштита 2007/66/ЕК. Имено, постоечкиот систем на правна заштита пропишана со ЗЈН се базира на одредени елементи од Директивата за правна заштита, но остануваат уште некои битни елементи да се имплементираат како на пример алтернативните казни.

Предвидени се две активности: 1. Усвојување нов ЗЈН кој, меѓу другото, ќе воведе обврска за објавување на годишните планови за јавни набавки на договорните органи и 2. Професионализација на државните службеници што работат со јавни набавки.

Објавувањето на годишните планови за јавни набавки и нивните измени и дополнувања, ќе доведе до поголема транспарентност на целокупниот процес во спроведувањето постапки за доделување договори за јавни набавки.

Професионализацијата на државните службеници што работат со јавни набавки ќе доведе до зајакнувањето на капацитетите на договорните органи и економските оператори за примена на ЗЈН, преку системски пристап на организирање обуки и сертификација на лица за јавни набавки, особено за новините предвидени со новиот ЗЈН.

Планирани активности во 2018 година

- Усвојување нов ЗЈН со пакет подзаконски акти усогласени со новите директиви и надградба на софтверот за јавни набавки.

Планирани активности во 2019 и 2020 година

- Професионализација на државните службеници што работат со јавни набавки

Одговорна институција за спроведување на активностите е Бирото за јавни набавки.

Индикатори на успешност и цели

- Усвоен нов ЗЈН со пакет подзаконски акти усогласени со новите директиви – 2018 г.,
- Објавени Годишни планови на договорните органи – 100% во 2020 година,
- Број на обучени службеници за јавни набавки согласно новиот Закон за јавните набавки – минимум 300 државни службеници годишно.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Усогласувањето со директивите преку новиот ЗЈН ќе им овозможи на МСП полесно и поевтино учество во постапките за доделување договори за јавни набавки, ќе обезбеди најдобра вредност за парите за јавни набавки и ќе овозможи почитување на принципите на ЕУ за транспарентност и конкурентност. Исто така, ќе овозможи еколошките, социјалните, како и иновативните аспекти да бидат земени предвид при доделувањето на јавните договори, така што јавните набавки ќе го поттикнуваат напредокот кон одредени цели на јавните политики. Покрај тоа, се користи холистички поглед на вредноста што се добива за парите, така што повеќе не се поставува само прашањето на минимизирање на трошоците, туку и анализа што друго може да се постигне преку набавките.

Создавањето услови за фер конкуренција помеѓу економските оператори во голема мера овозможува придобивки и за договорните органи, бидејќи добивањето конкурентни прифатливи понуди може да резултира со заштеда и рационално искористување на јавните средства. Заштедите на јавните средства, оставаат простор за нивно распределување на други важни полиња.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

1. Усвојување нов ЗЈН во согласност со законодавството на ЕУ - 50.000 евра донација за техничка помош и надградба на софтверот за овозможување објавување на годишните планови за набавки на договорните органи – 15.000 евра од буџетот на БЈН.

2. Професионализација на државните службеници што работат со јавни набавки - 30.000 евра годишно.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Со новиот Закон за јавни набавки кој ќе биде усогласен со Директивите на ЕУ од 2014 година, ќе се олесни пристапот на МСП, ќе се промовираат зелените набавки, иновациите, принципот да се добие најдобра вредност за потрошените пари при спроведување на јавните набавки, а воедно ќе се обезбеди почитување на принципите транспарентност и конкуренција. Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Мерка 2: Подобрување на Внатрешната финансиска контрола

Опис на мерката

Раководителите во субјектите од јавниот сектор имаат целосна одговорност во обезбедувањето транспарентно и ефикасно управување со јавно доверените ресурси, преку воспоставување ефикасен систем за внатрешна контрола. Овој систем треба да обезбеди добро финансиско управување во јавниот сектор во функција на насочување и контролирање на финансиските ефекти од работењето на начин кој го поддржува остварувањето на целите. Притоа, средствата ќе се трошат на законски, коректен, економичен, ефикасен и ефективен начин. Покрај ова системот треба да обезбеди сигурност и сеопфатност на финансиските извештаи и заштита на средствата од загуби предизвикани од лошото управување, неоправданото трошење и користење.

Воведувањето и спроведувањето на принципите на добро управување е тежок и долготраен процес кој не само што бара промена на националното законодавство за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија, туку и на културата, размислувањето, менталитетот на лидерите на буџетските корисници и нивните вработени, а потешкотиите што се појавија во изминатиот период при спроведување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола треба да бидат анализирани за да се дадат насоки за подобрување на процесот на добро управување.

Планирани активности во 2018 година

- Преоценување на политиките во областа на јавната внатрешна финансиска контрола

Подготовка на нов стратешки документ „Политики за јавната внатрешна финансиска контрола во периодот од 2018 до 2020 година“ (PIFC Policy Paper 2018-2020) кој ќе обезбеди одржливост на зајакнатата раководна одговорност и подобра ефикасност во управувањето со јавните финансии преку зајакнување на внатрешните контроли, зајакнување на внатрешната ревизија, односно подигање на административните капацитети во јавниот сектор на сите нивоа.

Планирани активности во 2019 година

- Усогласување на правната рамка за внатрешна контрола во јавниот сектор со рамката за внатрешна контрола на COSO (Committee for Sponsoring Organization of the Treadway Commission).

Донесување нов Закон за системот на внатрешни контроли во јавниот сектор со што ќе се изврши понатамошно усогласување на правната рамка со COSO.

Планирани активности во 2020 година

- Имплементација на новиот Закон за системот на внатрешни контроли во јавниот сектор

Надлежна институција: Министерство за финансии.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Планираните реформи во јавниот сектор се очекува на подолг рок да влијаат врз економскиот раст на земјата, преку почитување на принципите на „добро управување“ што во основа подразбира ефикасно управување со јавните средства на сите нивоа и продукција на видливи вредности кои ќе придонесат за создавање подобри услови за работа на целата економија.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Планираните активности ќе бидат финансирани со 1 милион евра од донации.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Мерката ќе придонесе кон ефективно користење на ресурсите од страна на јавниот сектор и поддржување на конкурентноста што е значајно за создавање подобри работни места. Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Ризик во спроведувањето на мерката во областа на внатрешната контрола е директно поврзан со успешноста на спроведувањето на мерките предвидени во рамки на Програмата за реформа на јавната администрација, Програмата за реформа во управувањето со јавните финансии и мерките поврзани со борбата против корупцијата.

4.3.2. РЕФОРМИ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ И ТРАНСПОРТНИОТ ПАЗАР

Енергетски пазар - Република Македонија има ограничени можности за обезбедување енергија и е зависна од увозот на енергија со оглед на тоа што побарувачката за енергија ја надмина домашната понуда. Во вкупната количина електрична енергија за потребите на потрошувачите за 2016 година, домашното производство учествува со 70,77%, додека увозот учествува со 29,23%. Вкупниот инсталиран капацитет на централите за производство на електрична енергија изнесува 2.057 MW.

Во однос на развиените земји, Република Македонија има висока потрошувачка на вкупно потребна енергија по БДП и покрај тоа што има ниска потрошувачка на енергија по жител. Индикаторот за енергетска интензивност изразен како однос помеѓу вкупно потребна енергија по единица БДП е влошен за 2% во 2016 година (332 кгое/1.000 евра во 2015 година, 338 кгое/1.000 евра во 2016 година), посочувајќи ја енергетската ефикасност како важен придонесувач на состојбата. Само за споредба во ЕУ-28, вкупно потребната енергија по единица БДП изнесувала 120 кгое/1.000 евра во 2015 година.

На Самитот на земјите од Западен Балкан (WB6) во август 2015 година, Република Македонија ја потпиша заедничката Декларација за воспоставување на регионалната канцеларија за соработка на земјите од Западен Балкан, со што се согласи да ги спроведе таканаречените „меки“ мерки за енергетски реформи кои се поделени во четири групи и тоа: 1) развој на пазарот на електрична енергија, 2) прекугранично балансирање, 3) регионална распределба на капацитети, и 4) вкрстени мерки. Во мониторинг извештајот на Секретаријатот на Енергетската заедница (СЕЗ), Република Македонија е оценета со низок степен на имплементација на мерките за енергетски реформи, како што е прикажано на графиконот.



Нискиот степен на имплементација произлегува од недонесување на Законот за енергетика во 2015 година со кој требаше да се транспонира Третиот енергетски пакет на ЕУ, како и нереализираната либерализација на пазарот на електрична енергија. Согласно Извештајот за работа на Регулаторната комисија за енергетика за 2016 година, процентот на либерализација на пазарот на електрична енергија изнесува приближно 47% во 2016 година.

На 4 јули 2016 година во Париз во рамките на Самитот на земјите од Западен Балкан (WB6), Република Македонија ја потпиша Повелбата за одржливост, за што СЕЗ има подготвено детален План за имплементација на мерки кои се однесуваат на: унапредување на управувањето со енергетската ефикасност, имплементација на мерки за поддршка за подобрување на одржливоста на енергетскиот системи, мерки за намалување на негативните последици од климатските промени и транспарентност на одржливи енергетски пазари. Во мониторинг извештајот на СЕЗ, Република Македонија е оценета со низок степен на имплементација на мерките од Повелбата за одржливост како што е прикажано на графиконот.



Во тек е подготовка на нов Закон за енергетика и Закон за енергетска ефикасност, во кои ќе се имплементираат одредбите и обврските што произлегуваат од Третиот енергетски пакет на ЕУ, Директивата за обновливи извори на енергија (нови пазарно ориентирани механизми за поддршка) и Директивата за енергетска ефикасност, и истите треба да бидат донесени во првата половина на 2018 година.

Транспортен пазар - Економскиот развој на Република Македонија, како мала континентална земја, во голем дел зависи од добро развиена транспортна мрежа. Најважните транспортни коридори се Паневропскиот коридор X, кој се протега од север кон југ низ целата земја (од границата со Србија до границата со Грција) и Паневропскиот коридор VIII, кој се протега од исток кон запад и ги поврзува пристаништето Драч во Албанија со пристаништата Бургас и Варна на Црно Море во Бугарија.

Патната инфраструктура е важен приоритет, бидејќи 85% од патниците и 91% од извезените или меѓународно превезените стоки се превезуваат во патниот сообраќај. Патната мрежа има вкупно 14.182 км. Патиштата се класифицираат како: автопати (242 км), магистрални патишта (911 км), регионални патишта (3.771 км) и локални патишта (приближно 9.258 км).

Патниот сообраќај е примарен начин за меѓуградско патување, по што следува железничкиот, со вкупна должина на железничката мрежа од 700 км и пред сè се користи за патување долж Коридор X.

Постигнат е напредок во имплементација на проектите за изградба и подготовка на документацијата за изградба во однос на патните и железничките делници долж Коридор VIII и X (Xd), како дел од индикативното проширување на мрежата ТЕН-Т на ЈИЕ.

Довршувањето на градежните работи по должината на делницата Демир Капија - Смоквица ќе го комплетира Коридорот X до стандард на целосно автопатско решение во првата половина на 2018 година. Патната мрежа на Коридорот VIII е само 36% на ниво на автопат и бара понатамошно надградување. Западниот дел од Коридорот VIII во моментов се проширува на ниво на автопат. Во моментов, патната врска е единствената врска со Бугарија и Албанија. Иако железничкиот Коридор X е функционален, во тек е негова рехабилитација.

Доминацијата на патниот транспорт, особено во превозот на стоки, доведува до зголемување на застоите на граничните премини и намалување на брзиот проток на стоката со што се наметнува потребата од преземање мерки кои ќе придонесат кон намалување на дисбалансот во транспортот преку зголемување на учеството на железничкиот транспорт.

Олеснувањето на меѓународниот железнички транспорт преку намалување на времето на чекање на граничните премини со скратување на процедурите за преминување на границата согласно принципот на едношалтерскиот систем ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на железничкиот транспорт.

Развојот на патната и железничката инфраструктура е надополнет со имплементација на хоризонталните мерки, дел од реформските мерки за поврзаност.

Во тек е подготовка на национална стратегија за транспортниот сектор до 2030 година, која се очекува да биде усвоена во првиот квартал од 2018 година. Стратегијата е насочена кон подобрување на економската ефикасност, безбедноста и пристапноста на транспортот, управување со влијанието врз животната средина и идните транспортни активности и обезбедување интеграција со останатите секторски политики.

Либерализацијата во железничкиот транспорт, односно отворањето на пазарот за влез на нови оператори сè уште не е целосно спроведена. Со цел усогласување со законодавството на ЕУ во делот на либерализација на железничкиот транспорт и создавање амбиент во кој националната транспортна компанија ќе биде подготвена за отворање на пазарот, во тек е проектот „Деловна сегментација во Македонски Железници Транспорт АД - Скопје“.

Мерка 3: Зголемување на конкурентноста на пазарот на електрична енергија

Опис на мерката

Донесувањето на новиот Закон за енергетика ќе овозможи исполнување на мерките за енергетски реформи, отстранување на главните правни пречки за воспоставување организиран пазар за електрична енергија,како и понатамошна либерализација на пазарот на енергија. Со воспоставување берза на електрична енергија ќе се овозможи сигурно функционирање на ликвиден пазар на енергија и создавање услови за поголема конкуренција при снабдувањето со енергија на потрошувачите во Република Македонија. Владата усвои Акционен план за воспоставување национален организиран пазар на електрична енергија (берза на електрична енергија) и го задолжи АД МЕПСО, како оператор на пазарот на електрична енергија да го спроведе истиот. Од страна на Енергетската заедница е обезбедена техничка помош за изнаоѓање компатибилно решение за организирање пазар за ден однапред на електрична енергија и приклучување кон соседните берзи, како и процедури за назначување на Номинирани оператори на пазарот на

електрична енергија (НЕМО) во согласност со регулативата на ЕУ, САСМ (Capacity Allocation and Congestion Management). Овие активности ќе овозможат исполнување на мерките за енергетски реформи од група 1.

Со донесените измени на Правилата за пазар на електрична енергија со примена од 1 јули 2018 година, се воспоставува национален пазар за балансирање и недискриминаторска и пазарна прекугранична размена на услуги за балансирање, кој е целосно пазарно ориентиран и се применува на сите учесници на пазарот, вклучувајќи го и регулираниот дел од пазарот. АД МЕПСО (ТСО) ќе набави услуги за балансирање од давателите на балансни услуги во националниот, а во перспектива и од регионалниот пазар за балансирање по конкурентни услови. Производната компанија АД ЕЛЕМ потпиша Меморандум за разбирање со СЕЗ со кој ќе обезбеди техничка помош за подобрување на нејзините капацитети за тргување со електрична енергија и развој на бизнис стратегии за управување со своето производство на електрична енергија и портфолио за тргување со цел да биде конкурентен на пазарот на електрична енергија, при што постепено ќе се овозможи дерегулација на производната цена. Со ова се исполнуваат мерките за енергетски реформи од група 2 и 4.

АД МЕПСО (ТСО) потпиша Договор на 31 мај 2016 година и стана основач и партнер во Канцеларијата за координирана аукција на капацитети на Југоисточна Европа (SEE CAO), со што практично започна процесот на координирана распределба на расположливите прекугранични преносни капацитети на македонско-грчката граница. Со останатите соседни систем оператори (македонско-српска и македонско-бугарска граница) ќе се реализира кога тие ќе се приклучат на SEE CAO. Со ова се исполнуваат мерките за енергетски реформи од група 3.

Носители на мерката се: Влада на Република Македонија, Министерство за економија, Регулаторна комисија за енергетика, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО.

Планирани активности во 2018 година

- Донесување Закон за енергетика и подзаконска регулатива,
- Раздвојување и сертифицирање на операторот на преносниот систем во согласност со Третиот енергетски пакет,
- Воспоставување национален пазар за балансирање и недискриминаторска и пазарна прекугранична размена на услуги за балансирање,
- Донесување Акционен план за фазно напуштање на регулираната цена,
- Набавка на техничка поддршка и обезбедување платформа за тргување, клиринг и порамнување,
- Корпоративен план за друштвото носител на дејноста - организиран пазар на електрична енергија,
- Формирање друштво (берза на електрична енергија),
- Дизајнирање стратегии за тргување, портфолио и решенија за управување со ризици, земајќи ги предвид генерациите во секој корисник,
- Кодекс на однесување (усогласеност со законските и регулаторните барања).

Планирани активности во 2019 година

- Обука и едукација на кадар за начинот на работа на трговската платформа, како и обука на учесници на пазарот,
- Правила за тргување, клиринг и договори,
- Имплементација на платформи за тргување и клиринг,
- Избор на банка за порамнување,
- Промоција на организиран пазар,

- Обезбедување на услугите за балансирање на регионално ниво.

Планирани активности во 2020 година

- Функционирање на организиран пазар на електрична енергија,
- Приклучување кон соседна берза на електрична енергија.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Со оваа мерка ќе се овозможи ликвиден пазар на електрична енергија и создавање услови за поголема конкуренција при снабдувањето со енергија. Понатамошната либерализација индиректно влијае врз другите економски сектори, кои поттикнуваат зголемена продуктивност, водена од конкуренцијата во енергетскиот сектор, и пониски цени на електрична енергија. Во Извештајот на ОЕЦД за евалуација на меките мерки[45] е даден детален преглед на придобивките во милиони евра со имплементација на меките мерки на краткорочен и среднорочен период во Делот 3 Резултати од економските анализи Табела 1- Преглед на резултати. Сите резултати се дополнителни придобивки во милиони евра во споредба со основното сценарио денес (без примена на соодветната мека мерка). Y + 1 изнесува 444,28 милиони евра, а во Y + 5 е 1.903,04 милиони евра.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Обезбедена е техничка помош за имплементација на новиот Закон за енергетика и подзаконските акти што произлегуваат од законот, од страна на донатори и СЕЗ.

За формирање на берза на електрична енергија потребни се околу 1 милион евра кои би се обезбедиле од сопствени средства на АД МЕПСО и донатори.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Отворањето на пазарот на електрична енергија позитивно влијае врз вработеноста имајќи предвид дека отворањето нови компании директно влијаат врз отворањето нови работни места. Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Ненавременото донесување на новиот Закон за енергетика може да доведе до доцнење во однос на отворањето пазар, односно либерализација на пазарот на електрична енергија.

Мерка 4: Промоција на обновливи извори на енергија и унапредување на енергетската ефикасност

Опис на мерката

Поголемо искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) и подобрување на енергетската ефикасност (ЕЕ) е една од главните стратешки цели на Владата на Република Македонија. Подобрувањето на енергетската ефикасност и заштедата на енергија доведува до намалување на потрошувачката на финална енергија, што директно влијае на зголемување на уделот на ОИЕ во потрошувачката на финална енергија.

Согласно Акциониот план за ОИЕ, процентуалното учество на ОИЕ во 2020 година треба да изнесува 23,9%, што треба да се постигне преку изградба на нови централи кои користат ОИЕ, како и со засилени мерки за енергетска ефикасност. Според Вториот извештај за напредокот на ОИЕ, учеството на ОИЕ во 2014 година изнесува 19,7%, а во 2015 година изнесува 19,9%. Согласно потпишаната Повелба за одржливост во рамки на Самитот на земјите од Западен Балкан (WB6), Република Македонија се обврза на воведување пазарно ориентирани механизми за поддршка на промоцијата на ОИЕ (аукции и повластени

[45]The OECD Report on Soft Measure evaluation regarding the electricity market's reform priorities for the Republic of Macedonia

премиуми), кои би се стекнувале на конкурентен и транспарентен начин, а се уредени со новиот Закон за енергетика.

Владата на Република Македонија ќе објави јавен повик за доделување 3-4 локации за изградба на фотонапонски централи со капацитет 20-25 MW, при што ќе се обезбеди државно земјиште со уредена инфраструктура и приклучок до електроенергетската мрежа. Ветерната централа Богданци (во моментов со инсталиран капацитет од 36,8 MW) ќе биде завршена со изградба на Фаза 2 со капацитет од 13,2 MW и производство од околу 35 GWh. Воедно Владата ќе објави јавен повик за изградба на ветерни централи со моќност од 50 MW со користење на (feed-in premium), на локации за кои веќе постои утврден потенцијал за производство на енергија од ветер.

За имплементација на мерките за унапредување на ЕЕ потребно е донесување на Стратегијата за реновирање згради до 2050 година и функционирање на Фонд за ЕЕ за поддршка на побрзо спроведување на успешни програми за ЕЕ.

Носители на мерката се: Влада на Република Македонија, Министерство за економија, Агенција за енергетика, Регулаторна комисија за енергетика и АД МЕПСО.

Планирани активности во 2018 година

- Донесување на Законот за енергетска ефикасност,
- Подзаконска регулатива во која ќе бидат пропишани процедурите за стекнување на правото на повластени премиуми,
- Подготовка на тендерска документација за јавен оглас со модел на договор за повластена премија,
- Објавување јавен оглас за надавање на висината на повластената премија за точно одредени локации,
- Изработка на Стратегијата за реновирање згради до 2050 година,
- Доусогласување на законодавството за примена на договорите за енергетски услуги.

Планирани активности во 2019 година

- Реализација на јавен оглас за точно одредени локации и склучување договори,
- Започнување изградба на електроцентрали што користат ОИЕ,
- Одлука на Владата со која ќе се определи кои згради на државните органи ќе бидат предмет на реконструкција во 2019 година,
- Иницијални активности за воспоставување Фонд за ЕЕ.

Планирани активности во 2020 година

- Изградба на електроцентрали кои користат ОИЕ,
- Функционален Фонд за ЕЕ.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Преку реализација на мерката ќе се постигне диверзификација во снабдувањето, поголема искористеност на ОИЕ, како и намалување на емисиите на стакленички гасови и подобрување на животната средина и ќе се помогне за непречена транзиција на земјата кон нискоемисиона, конкурентна економија. Постојат статистички показатели (студија на VividEconomics – Енергетска ефикасност и економски развој, јуни 2013 година) дека ЕЕ позитивно придонесува кон економскиот развој.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Обезбедена е техничка помош за имплементација на Законот за енергетика и Законот за енергетска ефикасност и подзаконските акти за ОИЕ од страна на донатори. За изработка на Стратегијата за реновирање згради до 2050 година потребни се 400.000 евра и истите се

очекува да бидат обезбедени со донаторска помош. Преку Светска банка, во наредниот период се планира обезбедување техничка помош за воспоставување Фонд за ЕЕ.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Работни места во ОИЕ може да се создадат директно и индиректно во производство и дистрибуција на опрема, управување со проекти, инсталација, работење и одржување. Со воведување мерки на ЕЕ се очекува ангажирање на висококвалификуван кадар кој ќе биде постојано ангажиран за следење на потрошувачката и предлагање нови мерки за заштеди. Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Инвеститорите во ОИЕ може да се соочат со ризик од промени на пазарната цена на електрична енергија, што може да има директно влијание врз нивниот приход со користењето повластени премиуми.

Доколку не се започне со изготвување на Стратегијата за реновирање згради на почетокот на 2018 година, постои ризик за ненавремено спроведување на сите други активности.

Мерка 5: Олеснување на прекуграничното преминување помеѓу Македонија и Србија

Опис на мерката

Со цел да се намали времето на преминување на македонско-српската граница, Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија, во февруари 2015 година ја потпишаа Спогодба за утврдување на граничните процедури. Во јуни 2016 година се склучија и Протоколите меѓу релевантните служби од Македонија и Србија (полиција, царина, инспекциски служби итн.), во согласност со Директивата 2012/34 на Европскиот Парламент и Советот од 21 ноември 2012 година за создавање единствен европски простор.

Со изградбата на заедничкиот железнички граничен премин во Табановце, ќе се постигне ефикасен и брз премин на патнички и товарен сообраќај на граничниот премин, преку скратување на процедурите за контроли кои треба да бидат извршени од страна на службите од двете држави по принципот на едношалтерски систем.

Мерката беше содржана во Програмата за економски реформи 2017-2019 година. Предвидените активности за 2016 година се завршени, односно во октомври 2016 година Управниот комитет за следење и управување на сите активности на Проектот во кој членуваат претставници на сите инволвирани институции од Република Македонија и Република Србија го одобри и прифати Извештајот за проценетите потреби на службениот персонал и концепт дизајнот.

Во февруари 2017 година се одржа воведниот состанок за фазата 2 од Проектот. Во тек е изработка на урбанистичко-планската документација, Физибилити студијата и Еколошкиот извештај. Станицата се планира да биде ставена во функција во 2021 година, а дотогаш ќе бидат завршени градежните активности за подобрување на условите на железничкиот Коридор X на териториите на Република Србија и Република Македонија.

Планирани активности во 2018 година

- Изработка на урбанистичко-планска документација, Физибилити студија и на основните проекти.

Планирани активности во 2019 година

- Избор на изведувач на градбата, надзор над градбата и склучување договори.

Планирани активности во 2020 година

- Изведба на градежните активности.

Носител на активностите е Министерството за транспорт и врски.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Најголемо влијание се очекува да биде во заштедата на време. Вкупното време на патување кое ќе биде намалено, како резултат на изградбата на заедничкиот железнички граничен премин Табановце, може да се очекува да биде 30 минути од претходните 60 минути за патнички воз, заради фактот што повеќето контроли ќе се вршат во возот во движење и 90 минути од претходните 180 минути траење по товарен воз.

Заради заштеда на време како што е предвидено, конкурентноста на Коридорот X ќе се зголеми, особено за меѓународниот транспорт. Како што е споменато погоре, може да се очекува повеќе операции со воз (главно товарни) и повеќе оператори на воз да работат на мрежата.

Компаниите што вршат транспортни активности ќе имаат пониски трошоци и пократко време за транспорт, со што ќе се создадат услови да се зголеми обемот на превоз со железница.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Проектирање: 380.000 евра донација - техничка помош.

Изградба: околу 3.500.000 евра - финансиските средства се планира да се обезбедат како инвестициски грант преку инструментот на WBIF во 2018 година.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Изградбата на заедничката погранична станица ќе има директно краткорочно влијание врз вработувањето, преку ангажирање градежни работници. Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Пролонгирање на градежните активности за завршување на железничкиот граничен премин (ГП). Надминување: редовно следење на имплементацијата на активностите за изградба на ГП. Регионалната димензија на мерката придонесува да се намали ризикот од ненавремено спроведување на активностите.

4.3.3. СЕКТОРСКИ РАЗВОЈ

4.3.3.1. Развој на земјоделскиот сектор

Земјоделството има важна улога во македонското општество, и се карактеризира со големи регионални разлики. Неговото учество во вкупната бруто додадена вредност (БДВ) е 10% во 2015 година (ДЗС), но достигна до 35% во Југоисточниот регион и до 20% во Пелагонискиот, Полошкиот и Вардарскиот регион. Во исто време, неговото учество во вработувањето е 18% во 2015 година и стагнира во текот на изминатите години (ДЗС).

Создавањето работни места претставува најголем приоритет во Република Македонија, а понатамошната модернизација и развој на земјоделско-прехранбениот сектор може да генерира создавање работни места и економски раст. Руралните средини во Република Македонија се соочуваат со многу структурни и социо-економски предизвици. Големи рурални средини остануваат депопулирани и нивните ресурси се неискористени, со негативни економски, социјални и еколошки последици. Бројот на населението во руралните средини стагнираше во текот на последната деценија, земено како учество во бројот на вкупното население, со околу 42% (ДЗС). Можностите за вработување во руралните средини се ограничени и доминира единствено земјоделството како стопанска гранка. Сите овие фактори го ограничуваат отворањето работни места во руралните средини и економскиот раст.

Примарното земјоделско производство останува со ниска продуктивност и со ниски приходи. Повеќето земјоделски производители се занимаваат со производство за сопствени потреби и мала продажба, се водат како невработени и се слабо ангажирани на пазарот на трудот. Просечната големина на земјоделските стопанства во 2016 година изнесува 1,8 ха и 2,1 добиточни единици. Додадената вредност по работник во земјоделството[46], како мерка на продуктивноста на земјоделството, во 2016 година изнесува 19.127 и е 2/3 од просекот на ЕУ кој изнесува 29.425.

Податоците за обработливо земјиште укажуваат на прекумерна фрагментација на земјиштето каде што просечната големина на парцелите во приватна сопственост изнесува 0,22 ха, додека во државна сопственост е 0,56 ха. Окрупнувањето на земјоделското земјиште ќе се одвива преку процеси на размена на парцелите со или без промена на нивната форма, до целосна промена на границите на земјишните парцели за да се добијат окрупнети земјишни површини со правилна форма, погодна за земјоделско производство. Дополнително, ќе се изврши ревизија на веќе доделеното државно земјоделско земјиште и категоризација на земјиштето според квалитетот, од што ќе зависи големината и времетраењето на концесијата.

Зголемувањето на трговскиот дефицит во земјоделско-прехранбената индустрија на Република Македонија ја одразува слабата конкурентност на секторот. Земјата е нето-увозник на земјоделско-прехранбени производи, имајќи негативно трговско салдо повеќе од една деценија. Ситуацијата во трговијата со земјоделско-прехранбени производи продолжи да се влошува во последните неколку години, и покрај подобрувањето на општите трговски перформанси во целост. Само неколку земјоделско-прехранбени производи, како што се некои видови овошје и зеленчук, вино, тутун и јагнешко месо, остваруваат трговски вишок. Оттаму, ќе се финансира изградба на современи складишни капацитети и откупно-дистрибутивни центри во производните региони за специфични земјоделски производи чиј капацитет ќе биде над 5.000 тони, како и создавање и заштита на производи со препознатлив бренд, знак за квалитет или географско потекло.

Повеќето преработени прехранбени производи се увезуваат. Во таа насока, земјоделската политика ќе биде насочена и кон зголемување на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност.

Зголемената ранливост на Република Македонија кон климатските промени претставува дополнителен предизвик за земјоделството. Климатските промени веќе ја погодуваат земјата и нивните негативни влијанија веројатно ќе се зголемат во текот на следните децении. Зголемувањето на средните температури (од 2.5°C во летниот период, до 2050 година) и воден дефицит (пад од 17% во летниот период, до 2050 година) се факторите на ризик кои најверојатно ќе се појават во иднина (Светска банка 2010). Како одговор на предизвиците кон климатските промени ќе се изврши реонизација на земјоделството според почвено-климатските услови на реоните за планско растително и сточарско производство и ќе се направат листи на препорачани култури и сорти, земајќи ги предвид традиционалните производства и потребите на културите за вода. Дополнително, обработливите површини ќе се зголемат со инвестирање во хидромелиоративни системи.

Со цел обезбедување здрава храна за граѓаните на Република Македонија и зголемување на извозот, ќе се намали стапката на ДДВ за ветеринарните лекови, ќе се преземе регистрацијата на ветеринарно-медицински препарати од ЕУ, ќе се субвенционира

[46] https://data.worldbank.org/indicator/EA.PRD.AGRI.KD?locations=MK&year_high_desc=true

воведувањето нови акредитирани методи и акредитацијата на лабораториите што се занимаваат со контрола на безбедноста на храната за извоз и за домашниот пазар.

Мерка 6: Подобрување на системите за наводнување

Опис на мерката

Оваа мерка продолжува од минатата година, деталите за имплементацијата на мерката се прикажани во Табела 11.

Изградбата на дел од предвидените големи капитални инвестиции во нови хидросистеми и инвестиции за проширување и реконструкција на постоечките хидросистеми во земјата е започната и ќе продолжи во наредниот период. Крајната цел на инвестициите во водостопанството е зголемување на наводнуваните површини во земјата на ниво на инсталиран капацитет (144.000 ха) и постепено проширување на хидросистемите да се постигне целта за наводнувана површина на половина од обработливата површина (околу 250.000 ха). Овие инвестиции ќе имаат директно влијание врз зголемување на приносите и на физичкиот обем на земјоделското производство.

Активностите се реализираат согласно „Инвестицискиот план за водостопанска инфраструктура 2015-2025 година“, каде се опфатени следниве инфраструктурни работи:

- Рехабилитација и реконструкција на постојната инфраструктура за наводнување и одводнување, со цел постигнување одржливост во користењето на водите;
- Надградба и проширување на постоечките хидросистеми, со цел зголемување на наводнуваната површина во земјата и
- Изградба на нови големи објекти.

Планирани активности во 2018 година

- Продолжување на изградбата на браната Конско,
- Започнување изградба на брана Речани,
- Започнување изградба на главен довод во рамки на проектот Равен – Речица,
- Завршување со изработка на техничка и планска документација за изградба на брана на Слупчанска Река и поднесување барање за одобрение за градење на браната,
- Продолжување на разговорите и постапување по укажувањата од ЕИБ со цел одобрување на кредит за изградба на фаза 2 – наводнување и фаза 3 – енергетика од ХС Злетовица,
- Почеток на изградба на системот за наводнување Јужновардарска Долина II-фаза,
- Изработка на тендерска документација за изградба на мали системи за наводнување до 300 ха и почеток на градба на три системи за наводнување.

Планирани активности во 2019 година

- Продолжување на изградбата на браната Конско,
- Продолжување на изградбата на браната Речани,
- Продолжување на изградбата на ХС Равен – Речица,
- Започнување со изградба на брана на Слупчанска Река,
- Започнување постапка за избор на изведувач за изградба на фаза II-наводнување и фаза III–енергетика од ХС Злетовица,
- Продолжување на изградба на системот за наводнување Јужно Вардарска долина II фаза,
- Завршување на изработка на тендерска документација за изградба на мали системи за наводнување до 300 ха и завршување со градба на три системи.

Планирани активности во 2020 година

- Продолжување на изградбата на браната Конско,
- Продолжување на изградбата на браната Речани,
- Продолжување на изградбата на ХС Равен – Речица,
- Продолжување на изградбата на браната на Слупчанска Река,

- Започнување со изградба на ХС Злетовица II и III фаза,
- Продолжување на изградбата на системот за наводнување Јужновардарска Долина II фаза,
- Започнување нов тригодишен период на инвестиции во мали системи за наводнување до 300 ха.

Носител на мерката е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ).

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Спроведувањето на мерката ќе го зголеми учеството на наводнуваното земјоделско земјиште од моменталните 4% на приближно 6% (од 20.575 до 32.275 ха) и исто така ќе ги подобри постоечките системи за наводнување. Пристапот на земјоделците до редовно наводнување се очекува да придонесе за одржливост на земјоделското стопанство, како и зголемени приноси, а со тоа ќе влијае и на зголемување на конкурентноста на земјоделското производство. Дополнително, мерката ќе овозможи производство на електрична енергија преку изградба на хидроцентрали, како и обезбедување дополнителни количини вода за хидросистемот „Спас на Дојранското Езеро“.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Вкупниот трошок за мерката за периодот 2018 – 2020 година изнесува приближно 123 милиони евра, од кои 119,1 се средства од Буџетот на РМ, а 3,9 се небуџетско финансирање.

Во милиони евра	2018	2019	2020
Изградба на брана Конско	10,1	10,1	9,7
Изградба на брана Речани	5,1	7,1	5,0
Изградба на ХС Равен – Речица	5,2	5,2	2,3
Злетовица втора и трета фаза	7,4	24,8	17,3
Јужновардарска Долина втора фаза	6,1	3,0	0,1
Изработка на тендерска документација за изградба на мали системи за наводнување до 300 ха	0,3	0,6	3,0

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Изградбата на хидросистемите ќе има директно краткорочно влијание врз вработувањето, преку ангажирање градежни работници. Во моментов нема проценка за овие вработувања. Дополнително, на среден и долг рок се очекува позитивно влијание врз вработеноста како резултат на зголемена конкурентност на земјоделскиот сектор.

Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Недостаток од финансиски средства, како и долг процес на добивање на потребните дозволи и одобренија за градба.

Мерка 7: Консолидација и дефрагментација на земјоделско земјиште

Опис на мерката

Оваа мерка продолжува од минатата година, деталите за имплементацијата на мерката се прикажани во Табела 11.

Тековните активности за консолидација на земјиштето се одвиваат во рамките на проектот на ИПА 2015 "Имплементирање на националната програма за консолидација на земјиштето". Потенцијалните проекти за консолидација на земјиште се во фаза на идентификација врз основа на физибилити студијата на национално ниво и проценка на интересот на земјосопствениците и други фактори на влијание во микро-локациите низ целата земја.

При спроведувањето на двата пилот-проекта за консолидација во определени региони во земјата во периодот од 2014 – 2016 година беа утврдени низа пречки и недоречености во

постојното законско решение кои го оневозможуваат спроведувањето на консолидацијата на земјоделско земјиште во постапките на распределба и размена на земјиште. Од тие причини се работи на изменување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште кој се очекува да биде усвоен во 2018 година.

Очекуваните ефекти од процесот се намалување на фрагментацијата на земјишните парцели, нивно групирање, подобрена форма на парцелите за примена на современи техники и технологии на производство, зголемување на просечната големина и обезбедување пристап до парцели за нови или рехабилитирани системи за наводнување и до обновената или новоизградената патна инфраструктура.

Активностите се реализираат согласно Националната стратегија за консолидација на земјоделско земјиште 2012-2020 година.

Планирани активности во 2018 година

-Усвојување ревидирана и подобрена законска рамка за консолидација на земјоделско земјиште,
- Јакнење на капацитетите на МЗШВ, особено на подрачните единици и на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште размена и идентификација на земјишни парцели,
- Подготовка на 12 физибилити студии (анализа на сегашната состојба) на селектирани микро локации како потенцијални консолидациони подрачја,
-Селекција и обука на даватели на услуги за подготовка на планови за консолидација и планови за инфраструктура,
-Подготовка на процедура и методологија за подготовка на планови за консолидација и планови за инфраструктура,
- Подготовка на 9 планови за консолидација за одбрани консолидациони подрачја,
- Имплементација на постапките на консолидација во започнатите пилот подрачја КО Конче и КО Егри.

Планирани активности во 2019 година

- Селектирање нови подрачја со потенцијал за консолидација на земјоделско земјиште,
- Продолжување на јакнењето на капацитетите на МЗШВ, особено на подрачните единици и на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште размена и идентификација на земјишни парцели,
- Подготовка на нови 3 физибилити студии (анализа на сегашната состојба) на селектирани микро локации како потенцијални консолидациони подрачја,
- Продолжување со обука на даватели на услуги за подготовка на планови за консолидација и планови за инфраструктура,
- Финализација на консолидацијата во започнатите пилот подрачја КО Конче и КО Егри,
- Имплементација на нови 4 консолидациони постапки,
- Подготовка на 4 планови за инфраструктура,
- Подготовка на процедура и методологија за анализа на влијанието на консолидационата постапка врз животната средина и спроведување 4 анализи,
- Подготовка на Национална програма за консолидација на земјоделско земјиште,
- Воспоставување систем за мониторинг и евалуација на Националната програма за консолидација на земјоделско земјиште.

Планирани активности во 2020 година

- Продолжување со јакнењето на капацитетите на МЗШВ, особено на подрачните единици и на Секторот за консолидација на земјоделско земјиште размена и идентификација на земјишни парцели,
- Продолжување со обука на даватели на услуги за подготовка на планови за инфраструктура,

- Финализација на 4 нови консолидациони постапки,
- Финализација на 4 планови за инфраструктура и изградба на истата,
- Финализација на 4 анализи за влијанието на животната средина во подрачјата каде што се спроведува консолидација на земјоделско земјиште,
- Усвојување на Национална програма за консолидација на земјоделско земјиште.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Подобрувањето на структурата на земјоделските имоти преку окрупнување на земјоделските парцели и добивање поголеми и подобро обликувани земјоделски површини треба да го олесни усвојувањето на новите земјоделски технологии што ќе доведат до ефикасен земјоделски сектор. Придобивките од консолидацијата на земјиштето во земјите на ЕУ покажуваат зголемување на бруто приходот на земјоделците и намалување на работното време во оваа област.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Вкупните трошоци за спроведување на Стратегијата за консолидација на земјоделско земјиште се обезбедени од ИПА II и ФАО во вкупен износ за целокупниот период на спроведување од 2.561.189 евра, од кои 914.809 евра во 2018 година, 835.305 евра во 2019 година и 79.444 евра во 2020 година.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Резултатите од различни истражувања на проектите за консолидација на земјиште покажуваат дека многу заедници во кои е спроведена консолидација на земјиште покажуваат зголемување на бројот на создадени нови работни места.

Новата законска рамка за поддршка на имплементацијата на постапките за консолидација на земјоделско земјиште, особено го акцентира родовото прашање, преку обезбедување механизми за инклузија на жените во процесите на носење одлуки преку гарантирање на нивните права како косопственици (регистрирани или нерегистрирани) на земјоделското земјиште.

Потенцијални ризици

Долг процес на спроведување на постапките за консолидација и институционална и организациска подготвеност на останатите засегнати државни органи и институции да ги прифатат и поддржат бараните постапки за спроведување консолидација на земјоделско земјиште. Ризикот од недостаток на доверба врз основа на лошото искуство во минатото ќе се решава со транспарентно управуван процес на консолидација на земјиштето со запишување на сите учесници во областа на консолидацијата. Добивањето согласност од сопствениците на земјиштето за крајниот резултат на консолидацијата на земјиштето дополнително ќе помогне да се надмине препознатливиот ризик. Пристапот за консолидација на земјиштето, кој ќе биде употребен/имплементиран, се базира на најдобрите практики на земјите од ЕУ за спроведување консолидација на земјиштето.

Мерка 8: Земјоделски задруги

Опис на мерката

Оваа мерка продолжува од минатата година, деталите за имплементацијата на мерката се прикажани во Табела 11.

Активностите за поддршка на здружувањето на земјоделците во земјоделски задруги се содржани во проектот „Формирање и поддршка на земјоделски задруги“ и мерката „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење земјоделска дејност“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

Формирањето земјоделски задруги е предвидено во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 година, со цел подобрување на структурата во земјоделскиот сектор, односно подобрување на позицијата на пазарот на земјоделците и зголемување на нивната преговарачка моќ во однос на откупувачите, како и постигнување пониска цена за набавка на репроматеријали и механизација и средства за инвестиции.

Во регистарот на земјоделски задруги досега се запишани 39 земјоделски задруги, од кои 7 земјоделски задруги се од голем обем, останатите 32 земјоделски задруги се од мал обем, со вкупен капацитет од околу 1130 хектари обработлива површина, 1.000 пчелни семејства, 450 грла говеда, 200 кози и 250 овци.

Планирани активности во 2018 година

- Поттикнување на процесот на пазарно – ориентирано здружување на земјоделците во земјоделски задруги,

- Обезбедување континуирана финансиска поддршка за задруги (континуирано спроведување на мерките од претходниот период),

- Поддршка наменета за инвестиции во преработка, финализирање и пласман на земјоделски производи.

Планирани активности во 2019 година

- Обезбедување континуирана финансиска поддршка за задруги (континуирано спроведување на мерките од претходниот период,

- Поддршка наменета за инвестиции во преработка, финализирање и пласман на земјоделски производи.

Планирани активности во 2020 година

- Поддршка за стекнување со Заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и прехранбени производи,

- Обезбедување континуирана финансиска поддршка за задруги (континуирано спроведување на мерките од претходниот период),

- Поддршка наменета за инвестиции во преработка, финализирање и пласман на земјоделски производи.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Потребата за формирање земјоделски задруги претставува можност за развој на земјоделските стопанства, кои преку поттикнување економско здружување во земјоделски задруги, со заеднички настап во производството, продажбата и пласманот на своите производи, ќе се постигне зајакнување на нивната пазарна улога, зголемување на конкурентноста и ефикасноста во работењето, зголемување на индивидуалниот приход на земјоделецот, поквалитетно производство, сигурен пласман, повисока поддршка од државата и поголем профит. Како резултат на тоа, целта на хоризонталната интеграција на субјектите што се вклучени во секторот за производство на храна во основа е ориентирана кон земјоделските задруги кои на најсоодветен начин ќе доведат до подобрување на структурата за снабдување со земјоделски производи.

Проценети трошоци за активности и буџетско влијание

Вкупните трошоци за спроведувањето се 6.265.000 евра, од кои за 2018 година: 2.645.000 евра, во 2019 година: 1.060.000 евра и во 2020 година: 2.560.000 евра.

- Поттикнување на процесот на пазарно-ориентирано здружување на земјоделците во земјоделски задруги и Обезбедување на континуирана финансиска поддршка за задруги: 845.000 евра во 2018 година, 1.060.000 евра во 2019 година и 1.060.000 евра во 2020 година од Буџетот на Република Македонија.

- Поддршка наменета за инвестиции во преработка, финализирање и пласман на земјоделски производи: 1.800.000 евра за 2018 година и 1.500.000 евра за 2020 година од надворешен донатор.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Развојот на земјоделските задруги дополнително ќе придонесе за заедницата преку зголемување и задржување на работните места во земјоделството и преработувачката индустрија. Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Ограничените капацитети на задругите може да ја попречат модернизацијата на производствените практики на членовите и трансферот на нови технологии во производството.

4.3.3.2. Развој на секторот индустрија

Согласно прелиминарните податоци на ДЗС за 2016 година, секторот индустрија учествува со 17,3% во БДП, при што преработувачката индустрија учествува со 12,2%. Иако во изминатите години постепено се менува структурата на индустријата кон производство на производи со повисока технолошка вредност, таа и понатаму во голема мера се потпира на производството од традиционалните сектори како текстилната, прехранбената, рударската и индустријата за производство на метали. Во 2016 година, преработувачката индустрија учествуваше со 82,9% во вкупното индустриско производство, додека рударството и производството на електрична енергија, гас, пареа и климатизација учествуваа со 9,1% и 7,9% соодветно. Во рамки на преработувачката индустрија, производството на храна и пијалаци учествува со 15,9%, производството на текстил и облека со 12,6% и производството на метали и фабрикувани метални производи со 8,9% од вкупното индустриско производство. Како резултат на отворањето нови капацитети, пред сè во технолошко-индустриските развојни зони, производството на машини и уреди достигна учество од 10,9% и заедно со производството на моторни возила (6,5%) и производството на електрична опрема (4,9%) сочинуваат повеќе од една петтина (22,3%) од вкупното индустриско производство.

Домашниот пазар е релативно мал и не нуди доволен простор за раст на економијата. Затоа, алтернативата се гледа преку проширување на извозот на домашните компании и пристап до странски пазари. Со цел унапредување на извозот, на домашните компании им недостига поддршка за иновации на продукти и диверзификација, за пронаоѓање соодветни бизнис-партнери во други земји, за презентирање на нивното производство на странски пазари.

Индексот на конкурентни индустриски перформанси (CIP)[47] на УНИДО е добар индикатор за капацитетот и потенцијалот на индустријата. Индустриската конкурентност се дефинира како капацитет на државите да го зголемат своето присуство на меѓународните и домашните пазари додека ги развиваат индустриските сектори и активностите со повисока додадена вредност и технолошки состав. Според УНИДО, индексот за македонската индустрија изнесува 0,028 во 2015 година (последни достапни податоци). На пример, Германија има највисок CIP индекс од 0,541.

Проблемите со кои се соочува индустријата се зависноста од увоз на суровини и интермедијарни добра, извоз на производи каде што цената е примарен двигател на конкурентноста, недоволен развој на кластерите, недоволен развој на управувачките и маркетиншките вештини и друго. Значаен проблем е и недостатокот на соработка помеѓу

[47] United Nations Industrial Development Organization, Industrial Development Report 2018

научните и образовните институции и индустријата, како и слабата усогласеност на образовните програми со потребите на пазарот на труд, што резултира со недостаток на адекватно обучена работна сила.

Иако во изминатиот период во земјата се отворија повеќе индустриски капацитети, главно СДИ, со кои се диверзифицираше индустриското производство, сепак, прелевањето во домашната економија е ограничено и очекуваниот мултипликаторски ефект на соработка со домашните компании е сè уште низок (помалку од 1%).

Националната регулатива го содржи принципот на еднаков третман на домашните и странските компании, но во пракса поддршката беше во голема мера обезбедена за СДИ. За да се обезбедат широки придобивки и одржливост на стратегијата за раст, потребно е да се отстранат пречките со кои се соочува домашниот приватен сектор.

Во моментов се спроведува ревизија на постојната Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 година, анализа на постигнатите ефекти и подобрување/ревидирање на стратешката рамка за поддршка на индустрискиот развој на земјата.

Мерка 9: Активности за поддршка на привлекувањето СДИ и инвестиции од домашните компании

Опис на мерката

Националната регулатива го содржи принципот на еднаков третман на домашните и странските компании инвеститори, но во пракса поддршката беше во голема мера обезбедена за СДИ. Во рамки на Планот за економски раст, усвоен од Владата во декември 2017 година, се дава еднаков третман на домашните и на странските инвеститори. Оваа мерка дава приоритет на зголемување на домашните приватни инвестиции, ефикасноста, продуктивноста и конкурентноста на приватниот сектор, што е во иста линија со Програмата за работа на Владата за 2017-2021 година, како и со националната Стратегија за конкурентност и нејзиниот Акциски план за 2016-2020 година.

Активностите ќе се фокусираат на привлекување СДИ, поддршка на инвестициите од домашните компании и поддршка на "brown-field" инвестиции.

Планирани активности за 2018 година

Активност 1: Воведување правна, финансиска и организациска рамка за спроведување на активностите за поддршка.

Активност 2: Поддршка на нови СДИ и домашни компании кои ќе инвестираат во нови (green-field[48]) инвестиции во рамки на постојните „пакети за поддршка" (на пр. даночни ослободувања) спроведени во инвестициските проекти во зоните.

Поддршката ќе биде обезбедена преку следново:

Активност 2.1. Поддршка за ново креирани работни места и за новокреирани работни места со повисоки плати, каде што висината на финансиската поддршка ќе зависи од висината на платата на новото работно место;

Активност 2.2. Поддршка за воспоставување и подобрување на бизнис-соработката на СДИ со македонски добавувачи, каде што бизнис соработката со домашните компании ќе биде мерена согласно учеството (процентот) на вкупните ресурси, производи/услуги набавени од домашни (македонски) компании.

Активност 3. Поддршка за купување средства на компании во несолвентност или во ликвидација. Мерката предвидува обезбедување повратен грант од 10% од висината на

[48] Овие инвестиции вклучуваат нови постројки на нови локации, или нови постројки во постојни локации (производствени погони) на компании.

инвестицијата употребена за купување средства на компанија во несолвентност или ликвидација. Фондовите ќе бидат повратени по рестартирањето на компанијата.

Активност 4. Поддршка за инвестициски проекти со големо влијание врз домашната економија. Оваа активност предвидува поддршка за инвестициски проекти со големо влијание врз развојот на одредена индустриска гранка и/или сектор во македонската економија, или кои е веројатно дека ќе водат кон вклучување домашни компании во меѓународниот синџир на вредност. За привлекување СДИ со вкупни годишни приходи поголеми од милијарда долари, ќе бидат креирани дополнителни видови поддршка.

Планирани активности за 2019 и 2020 година

Активностите 2, 3 и 4 ќе се спроведуваат и во 2019 и 2020 година.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Мерката треба да води до поконкурентна економија. Очекувањата ќе бидат остварени преку различни активности поврзани со поддршка на СДИ и креирање поврзување со домашните инвестициски проекти и бизниси, како и со напорите за инвестиции и финансирање за креирање високо платени работни места. Зајакнувањето на соработката помеѓу СДИ и домашните компании треба исто така да води до проширување на синџирот за набавки. Исто така, се очекува дека проширувањето на синџирот за набавка ќе води кон интернационализација и зголемување на способностите за извоз на домашните компании (и капацитетите во некои случаи). Целокупно, мерката ќе придонесе за развој на економијата преку зголемување на конкурентноста водена од стабилни компании со солидни биланси и позитивни резултати.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Планираната вредност на мерката е околу 20 милиони евра годишно, или околу 80 милиони евра за период од 4 години.

Очекувано влијание врз вработувањето и родовата еднаквост

Оваа мерка е дизајнирана да го поттикне вработувањето работна сила со развиени вештини на високо квалитетни и добро платени работни места. Во изминативе 10 години преку спроведување мерки за поддршка на СДИ се креираа околу 10.000 работни места.

Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Координација помеѓу институциите што ќе ги реализираат мерките, интерес на компаниите за искористување на мерките. Редовна комуникација меѓу институциите и континуирано следење на имплементацијата на мерките.

Мерка 10: Поддршка на инвестиции

Опис на мерката

Еден од главните принципи на Планот за економски раст е да се стимулира македонската економија и нејзиниот раст. Поддршката на домашните компании ќе биде подобрена со цел компаниите да станат поконкурентни на странските пазари, и примарно во регионот на Западен Балкан. Логиката на мерката е да се поддржат субјектите способни да ги зголемат приватните инвестиции, ефикасноста, продуктивноста и конкурентноста на домашниот приватен сектор. Мерката е усогласена со Програмата за работа на Владата 2017-2021 година, како и националната Стратегија за конкурентност и нејзиниот Акционен план за периодот 2016-2020 година.

Планирани активности во 2018 година

Активностите се насочени кон поддршка на инвестициите на домашните компании, создавање посилни врски за технолошка соработка помеѓу домашните компании и СДИ со

научни институции, институции за истражување и развој (И&Р) и универзитети (кластеринг), стимулација на иновации и модернизација на технологија. Попрецизно, предвидени се следните активности:

Активност 1: Воведување или подобрување (ревизија) на правната, финансиската и организационата рамка за спроведување на активностите за поддршка.

Активност 2: Поддршка на инвестиции за развој. Преку оваа активност компаниите што ќе го зголемат бројот на вработени и вкупните приходи од работењето (total operational revenues) над просечниот број вработени во претходните 3 години ќе бидат стимулирани.

Активност 3: Поддршка на растот на МСП. Преку оваа активност МСП ќе бидат стимулирани да: обезбедат сертификати за квалитет (HACCP, HALAL, ISO, итн.); купување опрема и специфичен софтвер; покривање на трошоци за тренинг и професионален развој на вработените; стимулации за иницијативи/проекти за подобрување на пристапот до финансии за МСП.

Активност 4: Поддршка за трансфер и/или основање на И&Р оддели и оддели за иновации во компании основани во земјата. Оваа активност воведува стимулации за иновациски активности и И&Р во македонски компании преку низа стимулации (поврат на 50% од признаените трошоци направени за индустриско истражување и развој, од кои 30% ќе биде поврат на вредноста на новата опрема набавена од компанијата корисник).

Планирани активности во 2019 и 2020 година

Активностите 2,3 и 4 ќе продолжат да се спроведуваат и во 2019 и во 2020 година.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Оваа мерка ќе стимулира инвестирање во технолошкиот развој, што ќе има ефект врз продуктивноста, профитабилноста и конкурентноста на компаниите, како на домашниот, така и на странските пазари.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Планирана вредност на мерката е околу 5 милиони евра годишно, односно околу 20 милиони евра за период од 4 години.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Очекуваните директни влијанија на оваа мерка се вработување високо квалификувана работна сила, и поддршка на вработените преку поврат на трошоците за истражување и развој вклучително и платите на вработените во секторите за истражување и развој. Оваа мерка исто така придонесува во задржување на младите високо-квалификувани луѓе во државата и намалување на ефектот на одлив на мозоци.

Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Подготвеноста на компаниите да преземат такви инвестиции е еден од ризиците предвидени при спроведувањето на оваа мерка. Координација помеѓу институциите што ќе ги реализираат мерките, интерес на компаниите за искористување на мерките. Редовна комуникација меѓу институциите и континуирано следење на имплементацијата на мерките.

Мерка 11: Подобрување на конкурентноста на компаниите за нови пазари

Опис на мерката

Мерката опфаќа поддршка на домашните компании за: иновации на продукти и диверзификација, пронаоѓање соодветни бизнис партнери во други земји, презентирање на нивното производство на странски пазари итн.

Планирани активности во 2018 година

Активност 1: Финансиска поддршка за компании што ќе ја подобрат својата конкурентност на нови пазари. Компаниите што ги исполнуваат критериумите ќе добијат финансиска помош во вид на грант во вредност од 10% од директните инвестициски трошоци за зголемување на конкурентноста на нови пазари. Дополнително, ако новите пазари се во земјите од Западен Балкан поддршката ќе биде зголемена за дополнителни 10%.

Активност 2: Поддршка во изнаоѓање партнери и пристап до нови пазари. Под оваа активност поддршка ќе биде овозможена за презентации на компании на деловни саеми во други земји, бизнис и политички мисии во странски држави, B2B средби, анализи на странски пазари, сертифицирање производи во согласност со потребите на странските пазари. Спроведувањето на оваа активност е усогласена со мисијата на Европската мрежа за претприемништво (Enterprise Europe Network) која помага на бизниси да иновираат и растат на меѓународна сцена, и напорите не исклучуваат ниедна поддршка на компаниите.

Планирани активности во 2019 и 2020 година

Активностите 1 и 2 од 2018 година ќе продолжат и во следните две години.

Очекувано влијание на конкурентноста/оправданост на мерката

Активностите за поддршка во оваа мерка се очекува да го олеснат пристапот на домашните компании до нови пазари, што се очекува да доведе до зголемено производство и нови инвестиции во производствени погони.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Планираната вредност на мерката е околу 5 милиони евра годишно, односно околу 20 милиони евра за период од 4 години.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Олеснетиот пристап до нови пазари и проширување на производството се очекува да придонесе кон создавање нови работни места и зголемување на вработеноста.

Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Координација помеѓу институциите кои ќе ги реализираат мерките, интерес на компаниите за искористување на мерките. Редовна комуникација меѓу институциите и континуирано следење на имплементацијата на мерките.

4.3.3.3 Развој на секторот услуги

Услужниот сектор во македонската економија има највисоко учество во БДП со повеќе од 50%. Секторот регистрираше раст од 3,9% во 2015 година, каде што најголем придонес во растот беше евидентиран во трговијата на големо и на мало со реална стапка на раст од 7,3%. Услужниот сектор исто така вработува најголем број лица во економијата со учество од над 50% во 2015 година. Во рамки на услужниот сектор најголемите активности за поддршка се поврзани со дигиталната економија или блиску поврзани со тоа - креативните индустрии[49], како и туризмот.

Туризам и угостителство. Македонија има добар туристички потенцијал, но недостасува соодветен пристап кон планирање и управување со развојот на туризмот во земјата. Ограничувачки фактор е доцнењето со усвојувањето нова стратегија за развој на туризмот,

[49] Специфичната мерка за креативни индустрии од ПЕР 2017-2019 година не е предложена во ПЕР 2018-2020 година поради настанати одложувања во спроведувањето. Креативните индустрии се поддржани преку разни средства/инструменти од страна на националните институции.

како и ниското ниво на реализација на активностите поставени во претходната стратегија за периодот 2009-2013 година.

Вкупниот придонес на патувањето и туризмот кон БДП, вработувањето и вкупните капитални инвестиции во 2014 година беа релативно ниски (5,2%, 4,7% и 2,2%, соодветно) во споредба со другите земји во регионот (WTTC 2015). Главниот град Скопје и Охрид, градот заштитен од УНЕСКО, скијачките центри Маврово и Попова Шапка, остануваат клучните туристички дестинации во земјата, придружени од селскиот, алтернативниот и туризмот поврзан со културното наследство.

Земјата има потреба од сеопфатен пристап и насочена акција во секторот туризам, каде што неколку активности се спроведуваа во текот на изминатата година, а истите ќе продолжат и следната. Зголемувањето на капацитетите за туризам и угостителство, како и подобрувањето на нивниот квалитет и ефикасност, се предизвици кои се очекува да се надминат со новата Стратегија за туризам. Покрај тоа, сите анализи покажуваат дека туристичкиот сектор се соочува со проблеми кога станува збор за јасни и насочени промоции, капацитети за апсорбирање на новите туристи и за потребите за подобро управување со дестинации.

Број на туристи и ноќевања

	Категорија	2015	2016	2016, август	2017, август
Број на туристи	Домашни	330.537	346.359 (+4,8%)	266.119	283.656 (6,6%)
	Странски	485.530	510.484 (+5,1%)	351.031	430.818 (22,7%)
	Вкупно	816.067	856.843 (+5,0%)	617.150	714.474 (+15.8%)
Број на ноќевања	Домашни	1.357.822	1.407.143 (+3,6%)	1.195.597	1.247.627 (+4,4%)
	Странски	1.036.383	1.054.017 (+1,7%)	733.682	899.588 (+22,6%)
	Вкупно	2.394.205	2.461.160 (+2,8%)	1.929.279	2.147.215 (+11,3%)

Извор: Државен завод за статистика

Мерка 12: Зголемување на конкурентноста во секторот туризам и угостителство

Опис на мерката

Оваа мерка продолжува од минатата година, деталите за имплементацијата на мерката се прикажани во Табела 11.

Мерката ќе обезбеди поддршка и градење на капацитетите за подобрување на окружувањето и вештините, заедно со насочени инвестиции во инфраструктурата, поддршка на туристичките активности и промоција на дестинации, а ќе помогне и за подобро поврзување со сродните индустрии и МСП. Ќе бидат поддржани неколку потенцијални туристички дестинации во земјата преку комбинација на инфраструктурни инвестиции, техничка помош и поддршка за градење на капацитетите. Ова се очекува да резултира со подобрено окружување за инвестиции од страна на приватниот сектор и воспоставување структури за управување со регионалните туристички дестинации.

Мерката се состои од следните компоненти:

I. **Локална и регионална конкурентност во туризмот** – четиригодишна операција за финансирање инвестиции во инфраструктурата и услугите поврзани со туристички дестинации. Предвидена е поддршка за големи и мали инвестиции во одбрани туристички дестинации со цел да се надгради понудата на услуги во поглед на атракции, локации и општо искуство на посетители. Крајна цел е зголемување на придонесот на туризмот кон локалниот економски развој и подобрување на капацитетот на јавните субјекти да го поттикнат развојот на туризмот и да го олеснат управувањето со дестинации.

Инвестициите вклучуваат: 1/Санација на локалитети на културно и природно наследство, фасади од згради со традиционално и историско значење (објекти од историска вредност и / или традиционална архитектура); 2/Рехабилитација на комунална инфраструктура и

комунални услуги во централните историски области (историски јадра) и објекти за одмор во јавна сопственост; 3/Подобрување на пристапните патишта до локации и атракции, уредување и јавен паркинг; 4/Сигнализација со знаци; 5/Надградба на јавните простори и културни објекти, зимски и лековити одморалишта; 6/Мапирање и надградба на маршрути и патеки за пешачење и велосипедизам; и 7/Изградба или рехабилитација на туристички информативни киосци и канцеларии и јавни тоалети.

II. **Програма за зголемување на можностите за вработување на пазарот** која се состои од спроведување активности за зголемување на конкурентноста на МСП во секторот туризам, што ќе придонесе за зголемување на приходите на мажите и на жените, особено на младите. Ќе бидат поддржани три туристички дестинации Охрид, Маврово и Крушево за искористување на целосниот потенцијал на нивното историско, природно и културно наследство преку методологијата на Универзитетот Св. Гален за заедничко управување со дестинации, подобрување на услугите и збогатување на туристичката понуда.

Националната агенција за промоција и поддршка на туризмот и македонските туристички агенции ќе продолжат да го промовираат и поддржуваат туристичкиот сектор во Македонија преку насочена промоција на меѓународните пазари, со што треба да ја подобри конкурентноста на туристичкиот сектор на национално ниво.

Воведувањето нови и надградени услуги како што се спасување, осигурување, паркирање итн., ќе бидат вградени во туристичката понуда за Крушево, со што ќе се создаде основа за комерцијално одржлив бизнис модел и ќе се создаде конкурентска предност на Крушево како дестинација за параглајдерство.

Консолидација и зајакнување на секторот туристички водичи преку интерактивна ИТ платформа која ќе има поголемо влијание врз македонската туристичка индустрија. Воспоставувањето глобални стандарди во секторот туристички водичи (дигитален регистар на лиценцирани туристички водичи, критериуми за разгледување на лиценците, системот за оценување, онлајн прегледи итн.) Индиректно ќе помогнат во развојот и пристапот до нови пазари и ќе ги поддржи напорите на земјата во откривањето нови дестинации за активен туризам.

Планирани активности во 2018 година

- Воспоставување процес за управување со дестинации,

- Имплементација на големи инфраструктурни и мали инвестициски подгрантови според шемата за грантови,

- Зајакнување на капацитетите за имплементација на активностите на клучните владини институции, како и на приватниот сектор и граѓанските здруженија со цел да имаат активна улога во развојот на туризмот во Македонија,

- Подобрен пристап до меѓународните пазари (дестинацијата Охрид да се изгради на ниво на извоз),

- Подобрено управување со дестинации за пристап до меѓународните пазари за параглајдерство (дестинација Крушево),

- Подобрени услуги на туристички водичи и нивна видливост за туристички агенции.

Планирани активности во 2019 година

Завршување на започнатите активности во 2018 година.

Планирани активности во 2020 година

Се очекува да започне втората фаза од Проектот за зголемување на можностите за вработување на пазарот.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Очекуваните резултати се ориентирани кон локалниот економски раст, но исто така и кон подобрување на продуктивноста, квалитетот на услугите, врските и иновациите.

Следејќи ги трендовите од изминатите години, предвидено е да се постигнат следниве клучни показатели во туристичкиот сектор:

- број на туристи - продолжен годишен раст од 5% годишно, достигнувајќи 1.000.000 туристи до крајот на 2019 година (од кои 50% странски туристи),
- број на ноќевања - продолжен раст за 3% годишно, достигнувајќи 2.700.000 до крајот на 2019 година.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Вкупните потребни средства за спроведување на мерката во следните три години изнесуваат 17.900.000 евра, обезбедени од фондовите на ИПА со национален придонес и надворешен донатор. За 2018 година потребните средства изнесуваат 9 милиони евра, во 2019 година предвидени се 7,9 милиони евра, а во 2020 година 1 милион евра.

Очекувано влијание врз вработувањето и родовата еднаквост

Ќе се создадат нови работни места по целиот синџир на вредности во туристичка индустрија и се очекува поголемо учество на млади луѓе и жени. Исто така, се очекува дека активностите ќе резултираат со прелевање на ефектот врз другите индустрии и сектори во нивниот понатамошен раст и развој (образование, трговија, транспорт итн.).

Имајќи предвид дека родовата нееднаквост е особено застапена во руралните подрачја, оваа мерка може да има позитивно влијание врз стапката на активност на жените.

Потенцијални ризици

Севкупниот ризик на мерката е умерен. Како значителни ризици кои можат да се појават се следните: 1. ризици поврзани со управување на мерката и промена на нивото, како и постојаноста на поддршката на агенцијата што ја спроведува мерката и на јавните субјекти кои се корисници на мерката, 2. ниско ниво на соработка помеѓу засегнатите страни и ограничени капацитети за спроведување на мерката и 3. потенцијални ризици од несоодветно искористени средства.

Мерки за надминување на ризиците: силна комуникација со институциите, приватниот сектор, граѓанското општество и други релевантни засегнати страни со цел одржување широка платформа за поддршка на реформите која ќе помогне да се надмине ризикот на несоодветно управување со активностите; градење на капацитетите на агенциите од јавниот сектор и значителна техничка помош за координација на агенциите и јавно-приватен дијалог; непосредно следење на расположливите и потрошените средства и поврзување со релевантните носители на одлуки со цел избегнување тесни грла во спроведувањето на активностите.

4.3.4. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

Преку низа преземени мерки во изминатите години, Македонија значително го зајакна своето деловно окружување, но сепак постои простор за понатамошно подобрување. Во најновиот извештај за водење бизнис на Светска банка „Дуинг бизнис 2018“ Македонија е рангирана на 11-то место помеѓу 190 економии. Македонија е најдобро рангирана во областа Заштита на малцински инвеститори (4 место), Пристап до кредити (12 место), Започнување бизнис (22 место) итн. Сепак, постојат области како Регистрирање имот и Пристап до електрична енергија каде што има простор за подобрување.

Македонија, и покрај тоа што е мала континентална економија, е релативно конкурентна и динамична во однос на нејзините регионални конкуренти[50]. Приватниот сектор главно го сочинуваат МСП кои учествуваат со 99,8% во вкупниот број активни претпријатија. МСП се доминантен тип на претпријатија. Заради нивното високо учество во вкупниот број претпријатија тие се значајни извори за вработување, инвестиции како и важни креатори на БДП. Растечкиот број МСП апсорбира најголем дел од работната сила и придонесува за намалување на невработеноста. Малите и средните претпријатија придонесуваат со 76,6% во вкупниот број вработени и 66,6% на додадената вредност.

За деловно окружување кое ќе обезбеди подинамичен раст потребно е да се обрне особено внимание на следното:

- честата измена на законските прописи и регулатива во изминатиот период создаде непредвидливо окружување како за домашните така и за странските компании.
- и покрај ниското даночно оптоварување, компаниите се жалат на т.н. парафискални давачки, особено микро и малите претпријатија посочуваат дека овие плаќања не ја земаат предвид големината на фирмата. Честопати има поклопување на исти давачки на централно и на локално ниво, а дополнителен проблем е фактот дека кај некои од давачките нема јасна цел за што би се користеле и што се финансира преку нив.
- нејасното толкување на деловните регулативи, особено од страна на локалната администрација, нееднаквото спроведување на правилата и договорите, како и корупцијата и големата неформална економија го попречуваат развојот на приватниот сектор[51].
- големата неформална економија во Македонија (проценета од ДЗС на околу 17% од вкупното производство) создава нееднаков терен за формалните бизниси кои плаќаат даноци и придонеси и ги почитуваат прописите. Всушност, околу 30% од компаниите го истакнуваат неформалниот сектор како примарна пречка за раст[52].
- МСП во регионот на ЈИЕ повеќе не го идентификуваат пристапот кон финансии како примарно ограничување за развој на бизнисот, а посочуваат дека финансиската писменост и подготвеноста за инвестиции се на ниско ниво, особено кај новите претпријатија.[53]

Но, недостасува Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија. Во финална фаза на подготовка е нова Стратегија за МСП која се очекува да биде усвоена во првиот квартал од 2018 година. Во тек е подготовка на Стратегија за формализирање на неформалната економија 2018-2022 година која исто така се очекува да биде усвоена во 2018 година.

Е-услуги. Моментално не постои единствен централен портал за пристап до владините е-услуги со повисоко ниво на софистицираност, а корисниците пристапуваат кон е-услугите на неунифициран начин. Порталот за е-услуги www.uslugi.gov.mk е застарен и обезбедува услуги само на информативно ниво. Од друга страна, голем број институции ги нудат нивните услуги по електронски пат преку сопствените портали каде што електронската идентификација и плаќањето на е-услугите не се конзистентни за сите е-услуги, што создава збунетост и ја обесхрабрува употребата на е-услуги. Според препораките наведени во извештајот на СИГМА за 2015 година, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) треба да го модернизира порталот за јавни услуги.

Еден од главните приоритети на Владата на Република Македонија е зголемување на квалитетот на административните услуги. Во таа насока се направени измени во Законот за

[50] Извештајот за проценка на имплементацијата на Европскиот акт за мали бизниси (Small Business Act)
[51] Извештај на Европска комисија за напредокот на Република Македонија 2016 година
[52] World bank Policy notes 2017
[53] Assessment framework for research, development and innovation Competitiveness in South East Europe A POLICY OUTLOOK, 2018

општата управна постапка (ЗОУП) со цел подобрување на давањето јавни услуги преку комплетно координирани и интегрирани активности на јавната администрација.

Бидејќи административните процедури за давање јавни услуги се комплексни процеси кои подразбираат размена на докази и податоци помеѓу институциите по службена должност, воспоставувањето Каталог за јавни услуги ќе помогне во имплементацијата на ЗОУП, во насока на системско управување на податоците за секоја од јавните услуги, согласно пропишаните законски одредби. Каталогот на услуги ќе се користи за дигитализација на услугите, упростување на процесите (административна гилотина, "cutting red tape" и др.) и пред сè при развој на нови и подобрување на постојните е-услуги за граѓаните и бизнисите.

Мерка 13: Развој на национален портал за е-услуги

Опис на мерката

Мерката предвидува активности за воспоставување динамичен веб-портал за е-услуги (Национален портал за е-услуги), како единствена точка на контакт со државните тела според едношалтерскиот принцип и користење стандардизирани кориснички интерфејси. Визуелниот дизајн на порталот, леснотијата на користење, лесната навигација и користењето W3CG стандарди се особено значајни. Целта на порталот за е-услуги е да ја зголеми ефикасноста на државните институции и да обезбеди побрзи и поедноставни услуги, преку создавање единствена точка на контакт помеѓу граѓаните и бизнисите (корисници на е-услуги) и давателите на услуги и преку имплементирање решение кое ќе изврши електронска размена на податоци помеѓу институциите за забрзување на процесот на испорака на е-услуги.

Порталот е-услуги е тесно поврзан и со тековните активности за интероперабилност, Националниот регистар на население/Централен електронски регистар на население, Каталогот на услуги, како и со отворање Сали за јавни услуги и усогласување со Директивата за услуги од законодавството на ЕУ[54].

Каталогот на услуги ќе ги опфати сите јавни услуги, податоци и докази потребни за остварување јавни услуги, законски рокови за остварување на услугите, дистинкција на податоците и документите што ќе се прибавуваат по службена должност и оние што граѓаните и правните субјекти ќе треба да ги приложуваат кон барањата, правни лекови за секоја од услугите, висината на таксите и надоместоците за услугата и други податоци. Веќе е развиено софтверско решение за управување со Каталогот како регистар на услуги и до сега во него се внесени податоци за 199 услуги опфатени со 26 закони. Каталог на јавни услуги ќе придонесе за подобрена евиденција и преглед на јавните услуги кои ги даваат државните институции и унифицирање на услугите.

Планирани активности во 2018 година

- Пополнување на Каталогот на услуги со податоци за услугите од преостанати закони;
- Квалитативна анализа на податоците од Каталогот (административна гилотина),
- Ревизија и промена на Законот за електронско управување и неговите подзаконски акти;
- Усвојување Закон за електронски услуги, како и негови подзаконски акти;
- Развој на нови електронски услуги;
- Пуштање во употреба и промоција на Националниот портал за е-услуги;
- Обуки за вработените во администрацијата - корисници на порталот.

[54] Релевантното законодавство на ЕУ (Регулатива 910/2015 и акти за спроведување, Директива 95/46 и Регулатива 2016/679 и Директива 2003/98), како и останати документи (Акциски план на ЕУ за е-влада 2016-2020 година, ажурирана Европска рамка за интероперабилност, ЕУ Извештај за е-Влада 2016); Закон за електронско управување и подзаконски акти, Закон за податоци во електронска форма и електронска потпис, Закон за општа управна постапка итн.

Активностите ќе бидат спроведени од страна на МИОА во соработка со други институции.

Планирани активности во 2019 година

- Анализа на користењето на Националниот портал за е-услуги;
- Промоција на Националниот портал за е-услуги;
- Обуки на вработените од администрацијата за измените во Законот за електронско управување и имплементација на Законот за електронски услуги;
- Обуки за вработените во администрацијата - корисници на порталот;
- Квалитативна анализа на податоците од Каталогот (административна гилотина);
- Анализа за поврзување на Каталогот на јавни услуги со Националниот портал за е-услуги со цел автоматизирани измени на процесите на Порталот врз основа на измени во Каталогот и давање препораки.

Активностите ќе бидат спроведени од страна на МИОА во соработка со други институции.

Планирани активности во 2020 година

- Поврзување на Каталогот на јавни услуги со Националниот портал за е-услуги.

Активностите ќе бидат спроведени од страна на МИОА во соработка со други институции.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Со Националниот портал за е-услуги се очекува намалување на административниот товар за граѓаните и бизнисите. Намалувањето на времето за добивање на услугите повлекува намалување на трошоците на бизнисите, што ќе доведе до нивна поголема конкурентност.

Проценети трошоци на активностите и буџетско влијание

Проценетиот трошок за развојот на Националниот портал е 518.980 евра. Трошокот за Каталогот на услуги е 200.000 евра (по 100.000 евра во 2018 и 2019 година).

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Преку намалувањето на административниот товар на компаниите и зголемување на нивната конкурентност, компаниите имаат услови за проширување на своите активности и нови вработувања.

Електронските услуги се подеднакво достапни за сите граѓани и бизниси, независно од локацијата (урбани и рурални средини), половата и социјалната припадност, степенот и видот на попреченост и друго.

Потенцијални ризици

Недоволна координација и комуникација помеѓу институциите кои треба да бидат вклучени со давање е-услуги на порталот. Ризикот се надминува преку формирање работна група со претставници од засегнатите страни.

4.3.5. ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ИНОВАЦИИ, ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА

Проценките за спроведување на Актот за мали бизниси (“Small Business Act”), ја рангираат Република Македонија како водечка во регионот на Западен Балкан во поглед на иновациски политики наменети за МСП. Сепак, и покрај остварениот значителен напредок во креирање, спроведување и следење на иновациските политики во периодот од 2012 до 2015 година[55], најновата Европска иновациска ранг листа (2017) сè уште ја категоризира Република Македонија како „умерен иноватор“ во споредба со останатите европски држави.[56]

[55] SME Policy Index: Western Balkans and Turkey 2016
[56] European Innovation Scoreboard 2017

Иако анализите идентификуваат раст на извозот на средните и високи технологии и раст на јавните вложувања во истражување и развој, вкупните вложувања за истражување, развој и иновации како процент од БДП се сè уште на незначително ниво што укажува на скромни инвестиции од страна и на јавниот и на приватниот сектор.[57]

Партнерствата за иновативни проекти помеѓу приватниот сектор, академијата и владините институции со координирани активности може да креира дополнителна вредност во иновациската дејност. Основниот предизвик при воспоставување на овие партнерства е да се осигура ефективна комуникација помеѓу чинителите имајќи ги предвид разликите во нивните приоритети, средини на дејствување и начин на размислување.

Промовирање на иновациската дејност на ниво на компанија (како на пример, воведување нови производи/процеси/услуги и/или подобрување на квалитетот на постоечките производи/процеси/услуги) е клучно за регионалната интеграција, интеграцијата во Европската истражувачка област, како и за усогласеност со барањата и стандардите на ЕУ во клучните индустрии[58]. Економски развој кој е предводен од иновации и ориентиран кон извоз подразбира промени во политиките и подобрување на поддршката за истражување и иновации. Согласно податоците од горенаведените анализи, обезбедување , поддршка во сите фази на иновацискиот циклус (од почетна идеја до комерцијализација на глобален пазар) вклучително и механизми за поддршка на соработката помеѓу приватниот сектор и академијата, како и зајакнување на истражувачката база и капацитетите на приватниот сектор за апсорпција на инвестиции претставуваат сериозен предизвик. Адресирањето на овие предизвици ќе овозможат земјата да изгради иновациски екосистем кој ќе ја олесни транзицијата кон економија базирана на знаење. Клучните стратешки документи преку кои координирано се таргетираат овие предизвици се Стратегија за иновации за период 2012-2020 година, Стратегијата за конкурентност за период 2016-2020 година и Сеопфатна стратегија за образование 2018-2025 година.

Мерка 14: Подобрување на инфраструктурата и пристапот до финансии за истражување, развој и иновации

Опис на мерката

Оваа мерка продолжува од минатата година, деталите за имплементацијата на мерката се прикажани во Табела 11.

Постојната инфраструктура за поддршка на истражување, развој и иновации се состои од следните два инструмента: (1) Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва: старт-ап и спин-оф и (2) Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации. Во 2017 година, Фондот за иновации и технолошки развој работеше на изработка на подзаконски акти за воведување нови инструменти кои ќе бидат пилотирани во наредниот период:

Инструмент III – „Кофинансирани грантови за екстензија на технологии“

Инструментот ќе биде наменет за анализа на потребите и воведување нови и напредни технологии кои би ги подобриле перформансите и конкурентноста на МСП. Напредните технологии би овозможиле понатамошно воведување и зајакнување на иновативните активности кај претпријатијата и би го подобриле потенцијалот на приватниот сектор за апсорпција на инвестициски капитал.

Инструмент IV – „Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори“

[57]Assessment framework for research, development and innovation Competitiveness in South East Europe A POLICY OUTLOOK,2018
[58]World Bank, Policy Notes 2017

Инструментот ќе биде наменет за воспоставување и функционирање на деловно-технолошки акцелератори како субјекти за давање инфраструктурна и финансиска поддршка на иновациската дејност преку обезбедување технички и финансиски ресурси, како и зајакнување на човечките капацитети на новоосновани претпријатија старт-апи со што ќе се зголеми нивната подготвеност за привлекување инвестиции и капитал.

Инструмент V –Техничка помош за поддршка на иновативна дејност

Инструментот ќе биде наменет за обезбедување надворешна стручна поддршка на иновативните претпријатија преку: анализа на иновативен потенцијал, воведување и управување со иновации, заштита на интелектуална сопственост, подготовка за привлекување инвестиции, развој на иновациски проекти, идентификација на извори за финансирање, трансфер на технологии и зајакнување на соработката помеѓу приватниот сектор и академијата.

Инструмент VI - Примена на иновативни решенија во јавниот сектор и одржување тематски предизвици

Преку овој инструмент ќе се организираат натпревари, тематски предизвици, прототрони и/или хакатони на кои МСП ќе предлагаат иновативни решенија за проблемите од јавен интерес. Примената на овие иновативни решенија ќе придонесе кон зголемување на квалитетот на јавните услуги и ефикасноста на работењето во јавниот сектор.

Планирани активности во 2018 година

- Усвојување подзаконски акти за воведување на новите инструменти за поддршка,
- Пилотирање на новите инструменти за поддршка (објава на јавни повици за секој од новите инструменти за поддршка).

Планирани активности во 2019-2020 година

- Спроведување на новите инструменти за поддршка (објавување јавни повици согласно Годишниот план за работа на ФИТР и следење на одобрените проекти),
- Следење и евалуација на резултатите на програмско ниво.

Одговорна институција: Фонд за иновации и технолошки развој.

Очекувано влијание на конкурентноста/оправданост на мерката

Се очекува горенаведените инструменти за поддршка да го зголемат нивото на јавни и приватни инвестиции во истражување, развој и иновации, да го зголемат бројот на компании кои вовеле иновација, да ги зајакнат човечките капацитети на МСП и да поттикнат соработка помеѓу високообразовните институции и приватниот сектор. Зголеменото вложување во истражување, развој и иновации придонесува кон зголемување на квалитетот на производите и услугите, а со тоа и зголемување на конкурентноста на домашните компании.

Проценети трошоци на активностите и буџетско влијание (во евра):

Инструмент	2018 година	2019 година	2020 година
III.	675.000	400.000	325.000
IV.	542.000	500.000	458.000
V.	250.000	200.000	200.000
VI.	200.000	250.000	300.000

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Преку вложувањата во истражување, развој и иновации се зголемува конкурентноста на домашните компании на домашниот и на глобалниот пазар, што пак резултира со економски раст и зголемен број работни места за високообразовани кадри.

Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

Понатамошното јакнење на капацитетите на ФИТР е предуслов за успешно спроведување на инструментите наведени под оваа мерка. Подобрувањето на подготвеноста за инвестиции кај МСП паралелно со зголемувањето на финансиската поддршка е од клучно значење за апсорпција на достапните фондови. Недоволната комплементарност на ресурсите и механизмите претставува значителен ризик за понатамошното спроведување на постојните и новите инструменти за поддршка на иновациската дејност. За таа цел, во наредниот период Фондот ќе ги зајакне своите човечки ресурси со нови вработувања и соодветни обуки за своите вработени. Фондот, исто така, ќе вложи дополнителни напори за да обезбеди техничка помош за зајакнување на капацитетите на потенцијалните кандидати и корисниците на грантот, особено во однос на зголемување на инвестициската подготвеност паралелно со имплементацијата на сите инструменти за поддршка.

4.3.6. РЕФОРМИ ПОВРЗАНИ СО ТРГОВИЈАТА

Трговските односи на земјите од регионот со ЕУ се дел од спогодбите или процесите за стабилизација и асоцијација кои бараат усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ со цел воспоставување слободна трговска област помеѓу земјите-кандидати или потенцијални кандидати и ЕУ. Албанија, Македонија и Црна Гора се исто така и членки на Светската трговска организација (СТО). Сите земји се потписнички на Договорот за слободна трговија во Централна Европа (ЦЕФТА), и за тие кои сè уште не се членки на СТО, ова е од голема корист бидејќи им помага да ги исполнат критериумите за членство во СТО.

Мерките за трговска либерализација и олеснување како дел од мултилатерални трговски договори овозможуваат пристап до поголеми пазари и глобални синџири на вредности и можност за компаниите да ја зголемат нивната конкурентност. Кога стоките и услугите ја минуваат границата повеќепати и се предмет на процедури за примерок и тестирање кои се повторуваат, истото има влијание како на домашните производители, така и на странските добавувачи преку зголемување на цената на тргување.

Во Западен Балкан постои заедничка иницијатива за забрзување на регионалната економска соработка и развој на регионален економски простор, базиран на ЦЕФТА и правилата и принципите на ЕУ како што се рефлектира во Договорите за стабилизација и асоцијација (ССА), која постепено ќе овозможи зголемување на слободното движење на стоки, услуги, инвестиции и квалификувани работници, во целосна кохерентност со патот на развојот на секоја земја. Оваа "регионална економска област" ќе помогне да се ослободи огромниот потенцијал на регионот од околу 20 милиони луѓе преку креирање подобри и поодржливи економски можности за сите и привлекување повеќе СДИ од сегашните индивидуални напори.

Трговската политика на регионот, согласно Договорот ЦЕФТА, овозможува значително ниво на отвореност на пазарот со стоки и можност за поширока либерализација на трговијата со услуги. Економиите во регионот постигнаа напредок во креирање политики кои ја олеснуваат трговијата, но сè уште се соочуваат со нетарифни бариери и ограничувања во трговијата со услуги. Во однос на нетарифните бариери потребно е подобрување во неколку категории, како технички стандарди, санитарни и фитосанитарни мерки и административни пречки.

За да се зајакне и подобри квалитетот на анализата на ризикот за избегнување повторување на земање и тестирање примероци, како и да се воспостават регионални стандарди за меѓусебно признавање на програмите, документите и инспекциски сертификати, за да се

олесни трговијата со стоки, земјите на ЦЕФТА преземаат активности за примена на регионални протоколи кои ќе бидат составен дел на Договорот ЦЕФТА.

Мерка 15: Олеснување на трговијата

Опис на мерката

Со спроведување пракса на контроли базирани на анализа на ризик и со претходно доставување на информациите или издадените ветеринарни или фитосанитарни сертификати преку системот TRACEE, ќе се намалат времето и трошокот за увоз и извоз.

Мерката е поврзана со Дополнителниот протокол 5 кон Договорот ЦЕФТА со цел поедноставување на инспекциите што се однесуваат на сите процедури за дозволи и намалување на формалностите во најголем можен обем преку електронска размена на информации помеѓу царинските институции. Преговорите за Дополнителниот протокол 5 започнаа во 2015 година и се очекува истиот да стапи на сила во 2018 година.

Трговската политика и нејзино олеснување се дел од столбот за Интегриран раст на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 година. Главна цел на овој столб е промовирање регионална трговија која не е дискриминаторски, а е транспарентна и предвидлива и го засилува движењето на стоки и услуги во регионот.

Планирани активности во 2018 година

Довршување на постапката за ратификација на Дополнителниот протокол 5. Ефективна примена на протоколот се очекува кон крајот на 2018 година откако сите земји на ЦЕФТА ќе ја завршат ратификационата постапка.

Планирани активности во 2019 година

Развивање транспарентни алатки (проширување на TRACEE апликацијата за сертификати во ветерината, креирање систем за фитосанитарни сертификати) и надградба на царинските системи наменети за размена на податоци помеѓу царинските органи во регионот.

Очекувани влијанија врз конкурентноста/оправданост на мерката

Преку поедноставување на царинските и трговски процедури, мерката ќе придонесе да се намалат трошоците и времето потребни за извоз и увоз на стоки. Се проценува дека трговските трошоци и просечното време потребно за увоз и извоз наспроти другите земји од ЦЕФТА ќе се намалат за 47%. Тоа ќе придонесе за зголемување на извозот во другите земји од ЦЕФТА за 3,5% годишно.

Проценети трошоци на активностите и буџетско влијание

Планираните активности во 2018 година ќе се финансираат во рамки на регионален ИПА Проект за земјите на ЦЕФТА. Планираните активности во 2019 година изнесуваат 51,5 илјади евра кои ќе се предвидат во Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Поотворени пазари за стоки и услуги стимулираат создавање работни места.

Родовата еднаквост ќе биде почитувана во процесот на спроведување на мерката.

Потенцијални ризици

За да стапи на сила Протоколот потребно е истиот да го ратификуваат најмалку три земји.

4.3.7. ОБРАЗОВАНИЕ И ВЕШТИНИ

Иако пристапот до образование е подобрен, остануваат предизвиците во обезбедувањето вештини за „новата економија“[59], како и поврзување на образовниот систем со потребите на приватниот сектор. Средното стручно образование и обука и високото образование ставаат акцент на традиционалните когнитивни вештини, а во случајот на средното стручно образование, фокусот е на тесно дефинираните професионални профили, со ниска вертикална и хоризонтална флексибилност. Недостасуваат „вештини на новата економија“, како што се способност за извршување комплексни задачи, аналитички и организациски способности итн., што упатува на тоа дека образованието мора да ја смени својата улога од учење факти и теорија кон развивање вештини што може да се применат на различни работни места.

Стручното средно и постсредно образование не привлекуваат доволен број ученици поради застарените и нереформирани стручни профили. Од тие причини во тек е реформа на сите наставни програми во средните стручни училишта со модуларен пристап. Иако Македонија има индекс од 2,5 за соработка меѓу Центарот за стручно образование и обука и бизнис заедницата[60], што е повисоко во однос на повеќето земји од ЈИЕ, сепак постои простор за унапредување.

Работодавачите сè уште не се свесни за суштинската улога што ја имаат Националните стандарди на занимања (кои даваат информации за работното место и за знаењата, вештините и компетенциите потребни за извршување на работните задачи и претставуваат база за изработка на квалификации) и стандардите на квалификации во создавањето релевантност меѓу бизнисите и стручното образование и обука. Учениците во стручното образование треба да бидат подготвени за влез на современ пазар на труд кој брзо се менува.

Со цел оптимизација (на ефикасноста и ефективноста) на системот за стручно образование и обука во однос на расходите, релевантноста и потребите на пазарот на труд, ќе биде направена проценка на потребите на институциите и училиштата за стручно образование и обука. Целта е да се обезбеди соодветна основа за воспоставување регионални центри за извонредност. Оваа активност ќе опфати и обука на наставниците од средните стручни училишта. Исто така, ќе се посвети внимание на понатамошниот развој на меѓусебната соработка помеѓу училиштата за стручно образование и обука и бизнис заедницата, со цел подобрување на вработливоста на младите. Идејата е да се поттикне учењето базирано на работа преку стимулирање на компаниите да ги прифатат учениците за практично образование и обука со цел да им овозможат вештини кои ќе одговараат на специфичните потреби на работата.

Главни предизвици во високото образование се недоволниот квалитет проследен со нецелосно функционален систем за акредитација и евалуација на универзитети и неприлагодени студиски програми на потребите на пазарот на труд. Речиси една третина од неодамна дипломираните студенти имаат работа што не е усогласена со нивното поле на учење. Покрај тоа, повеќе од половина од неодамна дипломираните студенти се „вертикално" неусогласени, при што една третина има квалификација над потребите на работата, а една петтина има квалификација под потребите на работата. Друг предизвик е недостигот од работно искуство и немање доволни и соодветни вештини на дипломирани студенти кога ќе влезат на пазарот на труд, што ги ограничува нивните можности за

[59] World Bank Country Partnership Strategy for the Republic of Macedonia 2015 – 2018

[60] (кој се движи од 1 до 5) Извештајот на ОЕЦД за конкурентноста во земјите од ЈИЕ

работа[61]. За надминување на овие наоди, Министерството за образование и наука во соработка со високообразовните установи и други заинтересирани страни работи на нов Закон за високото образование, како и на развивање нов модел за финансирање на универзитетите базиран на излезни резултати.

Главни предизвици за неформалното образование и образованието за возрасни се неусогласеноста помеѓу побарувачката и понудата на образование за возрасни поради недостатокот на информации за потребите од работна сила, ниската свест на населението и компаниите, неразработениот систем за валидирање на неформалното и информалното учење.

Клучните стратешки документи преку кои координирано се таргетираат овие предизвици се: Стратегија за Југоисточна Европа за 2020 година, Сеопфатна стратегија за образование 2018-2025 година, Стратегија за стручното образование и обука во контекст на доживотно учење 2013 -2020 година, Стратегија за образование на возрасните и други.

Мерка 16: Понатамошен развој на системот на квалификации

Опис на мерката

Оваа мерка продолжува од минатата година, деталите за имплементацијата на мерката се прикажани во Табела 11.

Анализите покажаа дека постои голем расчекор на вештините стекнати во образовниот процес и потребите на работодавачите. Постојат повеќе сектори каде што не можат да се најдат работници со соодветни вештини и квалификации. За таа цел е развиена Националната рамка на квалификации (НКФ) за доживотно учење како алатка за реформи во системот на образованието и обуката и алатка за комуникација за брз одговор на потребите на работодавачите.

Националниот систем за квалификација ќе биде поддржан од Опсерваторијата за вештини преку која ќе се врши анализа на адекватноста на вештините со кои располагаат учениците и студентите во корелација со потребите на пазарот на труд со цел континуирано подобрување на наставните програми во согласност со барањата на работодавачите. Опсерваторијата за вештини, исто така, ќе ги поддржи клучните засегнати страни, вклучувајќи ги универзитетите, средните училишта, давателите на обука итн. Целта на Опсерваторијата за вештини е да го поддржи развојот на креирање политики базирани на докази за развој на стручното образование преку обезбедување соодветен аналитички и информативен капацитет.

Започнати се реформи во стручното образование и обука и според направената анализа на пазарот на труд изготвени се 79 нови квалификации во формалното образование и 5 стандарди на квалификации во неформалното образование. Во рамките на образованието на возрасните развиени се 34 посебни програми како можност за стекнување квалификација, преквалификација и доквалификација согласно потребите на пазарот на труд.

Започна и подлабока соработка со работодавачите преку практичната настава кај работодавач, кои ги подготвуваат учениците за работните процеси во текот на школувањето и во изработката на наставните планови и програми. Обучени се 737 сертифицирани ментори во компании кои ги водат учениците низ процесот на учење во компанијата и развиени се околу 200 стандарди на занимања во соработка со работодавачите.

[61] European Commission, Report on Higher Education Provision and Labour Market Needs

Планирани активности за 2018 година

Планирана активност	Одговорна институција
1. Развој на 10 квалификации согласно барањата на работодавачите и новите технологии во компаниите	Национален одбор за македонската рамка на квалификации; Секторски комисии; Министерство за образование и наука; Центар за стручно образование и обука; Работодавачи
2. Формирање 3 секторски комисии за квалификации	Национален одбор за македонската рамка на квалификации;
3. Имплементација и операционализација на Опсерваторијата на вештини. Поврзување со информациските системи на сите инволвирани институции и преземање податоци. Спроведување обука за користење на Опсерваторијата на вештини за вработените во МОН кои се инволвирани во процесот на креирање образовни политики.	Министерство за образование и наука – Проект за развој на вештини и поддршка на иновации
4. Развој на 5 посебни програми за образование на возрасни и обуки за доквалификација и преквалификација за полесна вработливост во новите компании и мобилност на работниците	- Центар за образование на возрасните, Понудувачи на образовни услуги
5. Зголемување на бројот на работодавачи кои соработуваат со високообразовните институции, како и со средните стручни училишта со цел обезбедување квалитетна практична работа на студентите и учениците во компаниите и можност за препознавање на работната сила од страна на компанијата каде што се изведува практичната работа.	- Универзитети и високообразовни институции, Средни стручни училишта, Компании

Планирани активности во 2019 година

Планирана активност	Одговорна институција
1. Развој на 5 квалификации барани од страна на работодавачите и флексибилен пристап до нивно стекнување	Национален одбор за македонската рамка на квалификации; Секторски комисии; Министерство за образование и наука; Центар за стручно образование и обука; Понудувачи на образовни услуги
2. Развој на програми за обуки и обуки за специфични работни места за доквалификација	Понудувачи на образовни услуги и високообразовни институции
3. Зајакнување на соработката помеѓу високообразовните институции и приватниот сектор, како и средните стручни училишта и приватниот сектор со цел обезбедување квалитетна практична работа на студентите и учениците во компаниите.	Универзитети и високообразовните институции; Средни стручни училишта; Компании

Планирани активности за 2020 година

Планирана активност	Одговорна институција
1. Обуки за трансверзални вештини по барање на работодавачите	Работодавачи; Понудувачи на образовни услуги
2. Валидација на неформалното образование за стекнување специфични квалификации (воспоставување на системот за валидација - препознавање на претходното учење)	Центар за стручно образование и обука; Посебни акредитирани установи за валидација на неформалното образование

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Вработени со поквалитетни квалификации ќе овозможат повисока ефикасност и продуктивност во компаниите и намалување на трошокот за обука на вработените за доквалификација. Мерката ќе придонесе за намалување на неадекватноста помеѓу образованието и потребите на пазарот на труд, стекнување вештини и компетенции кои ќе ги задоволат потребите на пазарот на труд, препознавање на стекнатите квалификации во

државата од страна на странските инвеститори и препознавање на квалификациите стекнати во странство од страна на домашните работодавачи за полесна вработливост на барателите на работа.

Проценети трошоци на активностите и буџетско влијание

	2017	2018	2019	2020
Буџетски расходи (во евра)	1.822.635	1.617.635	263.250	288.750
Небуџетско финансирање (во евра)	2.043.000	3.000	310.000	310.000

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Зголемувањето на квалитетот на наставните програми ќе доведе до стекнување знаења, вештини и компетенции кои ќе овозможат лесно наоѓање работа по завршување на образованието. Дополнително, силните трансверзални вештини, стекнати како резултат на новите реформирани наставни програми, ќе придонесат за подобра мобилност на работната сила и развој на кариерата. Најголем дел од компаниите во Македонија се МСП, кои немаат капацитет да го препознаваат и развиваат потенцијалот на нивните вработени, затоа НРК како „централна точка" за сите чинители ќе придонесе за подобро препознавање на потребните вештини и компетенции.

Потенцијални ризици

Непостоење целокупна рамка за имплементација на сите активности може да придонесе до донесување различни несистемски одлуки; недоволни капацитети за администрирање на имплементацијата на активностите придонесува до доцнење на активностите и обесхрабрување на сите учесници во процесот; немање заеднички пристап кон работата може да го отежни спроведувањето одредени активности; неефикасно водство на реформскиот процес влијае негативно на донесување важни одлуки и ефективно течење на активностите; и недоволен интерес на релевантните учесници, особено работодавачите, чии мислења и сугестии се пресудни.

Со цел надминување на потенцијалните ризици МОН презема повеќе активности како што се: формирање придружни тела за поддршка на НРК (секторски комисии) каде што се вклучени Организацијата на работодавачи, синдикатите, студентите, високообразовните институции, владини институции, здруженија итн; јакнење на свеста за улогата на НРК; подобрување на предвидувањата на потребите на пазарот на труд заради подобрување на образовните програми, креирање нови квалификации и зајакнување на процедурите за осигурување квалитет; и изнаоѓање адекватни инструменти за мотивирање на работодавачите.

4.3.8. ВРАБОТУВАЊЕ И ПАЗАР НА ТРУД

Земјата сè уште се соочува со висока стапка на невработеност и ниски стапки на вработеност и активност. Стапката на вработеност е ниска како резултат на ниската вработеност на жените и на младите лица. Стапката на вработеност на младите е околу 2,5 пати пониска од просекот во земјата. Младите луѓе се соочуваат со тешкотии при транзицијата од образование кон пазарот на труд. Невработеноста на младите опаѓа со зголемување на нивото на образование, така што необразованите или ниско образованите млади се соочуваат со повисоки стапки на невработеност од оние со завршено средно и високо образование. Во структурата на вработеноста најзастапени се занимањата за кои се потребни работници со средно образование. Значаен дел од невработените лица се долгорочно невработени, со што тие ги губат своите знаења и вештини, нивната продуктивност се намалува, а со тоа и шансите да најдат работа. Стапката на активност е ниска како резултат на ниската активност на жените и нискообразованите лица.

Во август 2017 година беше донесена Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 – ЕСРП, која ги идентификува следните цели: 1/Подобрување на економскиот развој и креирање работни места, 2/Подобрување на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории лица (млади, долгорочно невработени и други), 3/Справување со неформалната вработеност, 4/Унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување, и 5/Зајакнување на социјалниот дијалог во РМ на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и на локално ниво, унапредување на колективното договарање.

Во еден од заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог од мај 2017 година истакната е потребата „да се зголеми опфатот на активните мерки за долгорочно невработените, младите и нискоквалификуваните лица“. Исто така, во Оценката на Програмата за економски реформи 2017-2019 година е наведено дека „административната поделба помеѓу регистрираните активни и други лица што бараат работа (пасивни) прави вештачка и административна бариера за користење на активните мерки“.

Причините за високата невработеност најчесто се поврзуваат со недоволната побарувачка за работна сила, што пак во голема мера е последица на слабиот економски раст во изминатава деценија. За да се подобрат состојбите на пазарот на труд[62] потребно е да се поттикне побарувачката на работна сила преку создавање услови за попродуктивните фирми да растат и да вработуваат работници, да се подобри нивото на вештини на населението во насока на задоволување на побарувачката за современи вештини, кои се соодветни за работното место, како и да им помогне на маргинализираните групи да влезат на пазарот на труд.

Досега, мерките на страната на понудата на работна сила главно беа насочени кон подобрување на вештините на невработените лица, преквалификација и доквалификација, поддршка на младите невработени лица да се стекнат со работно искуство, итн. Сепак, поврзувањето на потребите на компаниите и на понудената работна сила останува голем предизвик.

Во изминатиот период беше спроведена оценка на влијанието на активните мерки за вработување, кои беа прилагодени согласно препораките, беа одредени квоти од минимум 30% учество на младите во активните мерки за вработување, беше развиено мерење на перформансите на учесниците во услугите и мерките за вработување, беа подобрени информациите за пазарот на труд, а се спроведе и модернизација на работењето и услугите на Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ). Сепак, сè уште малку работодавачи ги користат услугите на АВРМ за посредување при вработување. Исто така, во изминатите две години АВРМ спроведува профилирање на невработените лица и изработка на индивидуални планови за вработување, преку кои најранливите категории се насочуваат кон активните мерки за вработување.

Мерка 17: Надградување на активните мерки вклучени во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот

Опис на мерката

Секоја година Владата усвојува годишен оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (ОП) во кој се содржани мерки за самовработување и започнување бизнис, програми за субвенционирано вработување, обуки за познат работодавач и за барани занимања, општинско-корисни работи, пилот мерки, како и услуги за вработување и за работодавачите и за барателите на работа.

[62] Policy Note 2017 година од Светска Банка

Во изминатите години право на учество имаа само активните баратели на работа во АВРМ (лица што се пријавуваат секој месец), додека од 2018 година се овозможува учество на сите баратели на работа регистрирани во АВРМ. Профилирањето на невработените лица и индивидуални планови за вработување служат за насочување кон активните мерки на најранливите невработени лица. Така, покрај младите, долгорочно невработените, нискоквалификуваните и невработените на возраст над 50 години, ќе се стави фокус и на лицата кои повеќе од 5 години се неактивни на пазарот на труд. Исто така, ќе се вклучат и активности за развој на социјалното претприемништво, како и мерки за рана превенција од губење на знаењата и вештините на младите лица по завршување на образованието до вклучувањето на пазарот на труд (гаранција за млади).

На среден рок, со цел обезбедување поверодостојни информации за побарувачката на работна сила ќе се развие Преглед на занимања, заснован на статистички податоци и анкетни истражувања. Врз основа на добиените податоци ќе се обезбедат поадекватни активни мерки (обуки) во идните ОП. Дисеминацијата на информациите за занимањата ќе се врши преку посебна интернет страница.

Оваа мерка е поврзана со ЕСРП 2020, Стратегијата за вработување 2016-2020 година и Програмата на Владата на РМ 2017-2019 година, пред сѐ во делот на пристојна работа.

Планирани активности во 2018 година

- Детална анализа на активните мерки и програмите што се имплементираа изминатите години со цел да се откријат недостатоците и да се развијат подобрени активни мерки.

- Подготовка и усвојување ОП за 2018 година.

- Развој и имплементација на Преглед на занимања.

Планирани активности во 2019 и 2020 година

- Подготовка и усвојување ОП врз основа на Прегледот на занимања.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Преку соодветни активни мерки дизајнирани согласно потребите на работодавачите, се очекува да се намали несовпаѓањето на понудата и побарувачката на работна сила.

Проценети трошоци на активностите и буџетско влијание

Во Буџетот на РМ за 2018 година обезбедени се 16 милиони евра.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Со оглед дека планираниот опфат на ОП за 2018 година е 16.000 невработени лица, се очекува значителен број од тие лица да се вработат. За илустрација, во 2016 година со ОП беа опфатени 6.551 лице, од кои 3.618 или 55% се со статус вработени.

Во насока на почитување на принципот на родова еднаквост, ќе се поттикнуваат жените да учествуваат во активните мерки.

Преку профилирањето и индивидуалните планови, активните мерки ќе се насочуваат кон најранливите категории на пазарот на труд (лица кои најверојатно не би се вработиле ако не учествуваат во мерките). Мерката се очекува да има поголемо влијание врз активација на неактивните на пазарот на труд преку овозможување учество во активните мерки на потенцијални 100.000 пасивни баратели на работа.

Потенцијални ризици

Несоодветно дизајнирање на активните политики, неинформираност и слаб интерес на невработените лица и работодавачите може да води кон нецелосно остварување на планираниот опфат на корисници. Недоволниот број вработени во АВРМ кои работат со невработените лица (1:358) може да го отежне успешното спроведување на активните мерки.

За надминување на овие потенцијални ризици при изработката на ОП активно ќе се вклучат работодавачите, локалната заедница и други заинтересирани страни. Исто така, ќе се спроведат јавни дебати и Економско-социјалниот совет ќе го разгледа ОП, а воедно ОП ќе се промовира и на националните медиуми. Доколку има слаб интерес ќе се направи ревизија во насока на пренасочување на ресурсите кон мерките за кои има поголем интерес. Поради немање можности за зголемување на бројот на вработени во АВРМ, капацитетите континуирано ќе се подобруваат преку внатрешна прераспределба на работните задачи и соодветни обуки на вработените.

Мерка 18: Гаранција за млади

Опис на мерката

Со мерката Гаранција за млади ќе се овозможи секое младо лице на возраст до 29 години да добие соодветна понуда за вработување, можност да го продолжи образованието или да биде вклучено во некоја од мерките за практикантство или обука за подготовка за вработување. Ова ќе се овозможи во период од 4 месеци по завршувањето на образованието, односно евидентирањето како невработено лице во АВРМ.

Гаранцијата за млади започнува со мерките за активација на младите лица. Првично ќе се применува за младите лица кои се активни баратели на работа и за првпат регистрирани како невработени. Откако невработените лица се евидентираат во регистарот на невработени, веднаш се упатуваат на нивното прво интервју со стручно лице од АВРМ, кое прави профилирање на нивната вработливост со помош на контролен прашалник и се изготвуваат соодветни индивидуални планови за вработување (ИПВ). Во ИПВ се дефинираат активностите што ќе му овозможат на лицето во наредниот период од 4 месеци да биде повторно вклучено во образовен процес (но не во редовното образование) или да биде вклучено во некоја од мерките и услугите за вработување кои ќе му овозможат зголемување на неговите можности за полесно вработување, односно ќе му биде понудено соодветно вработување кое одговара на неговото образование и вештини. Во тие активности спаѓаат групно и индивидуално советување и информирање; давање услуги за помош при барање работа; мотивациски обуки; вклучување во некоја од мерките за интеграција на пазарот на трудот (мерки за вработување, за едукација и за обука).

Планирани активности во 2018 година

Мерката пробно ќе се имплементира само во 3 центри за вработување

Планирани активности во 2019 година

Целосно имплементирање во сите 30 центри за вработување, имајќи го превид искуството од пробната имплементација од претходната година.

Планирани активности во 2020 година

Оваа мерка ќе се спроведува како редовна активност на АВРМ, имајќи го предвид искуството од претходните години.

Очекувано влијание на конкурентноста/оправданост на мерката

Сите активностите што се предвидени во рамки на оваа мерка се очекува да ја зголемат конкурентноста на младите лица за нивна полесна инклузија на пазарот на трудот. Притоа, конкурентноста ќе се оценува преку индикатори што ќе бидат утврдени пред почетокот на имплементација на мерката.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Во 2018 година, планираниот опфат на учесници во 3-те центри за вработување е 1.200 лица, за што се потребни 1.595.000 евра, кои се предвидени во Буџетот на РМ. Во 2019 и 2020

година планираниот опфат на учесници во сите центри за вработување е 9.500 лица годишно, за што ќе бидат потребни 12.628.000 евра годишно.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Мерката има за цел да влијае на подобрување на можностите за вработување на младите лица, а со тоа и на зголемување на нивната вработеност. Вработувањето на младите лица што биле вклучени во оваа мерка ќе се следи на месечно, полугодишно и годишно ниво. Притоа, ќе се следи и родовата застапеност.

Потенцијални ризици

Недоволниот број вработени во АВРМ кои работат со невработените лица (1:358) може негативно да влијае врз успешното спроведување на мерката. Поради немање можности за зголемување на бројот на вработени во АВРМ, капацитетите континуирано ќе се подобруваат преку внатрешна прераспределба на работните задачи и соодветни обуки на вработените.

4.3.9. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА, НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Република Македонија бележи тренд на намалување на сиромаштијата и нееднаквоста, кои и покрај овие позитивни трендови, сè уште се на високо ниво. Според последните објавени податоци од ДЗС, стапката на сиромашни лица во 2016 година изнесува 21,8%, додека коефициентот Gini (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) изнесува 33,6%.

Лаекен индикатори за сиромаштијата и социјалната исклученост, 2013-2016 година

	2013	2014	2015	2016
Стапка на сиромашни лица, % од населението	24,2	22,1	21,5	21,8
Број на лица кои живеат под прагот на сиромаштијата, во илјади	500,4	457,2	445,2	450,5
Праг на сиромаштија за самечко домаќинство, годишен еквивалентен приход во денари	70.275	71.925	78.362	82.560
Праг на сиромаштија за четиричлено домаќинство (2 возрасни и 2 деца помали од 14 години), годишен еквивалентен приход во денари	147.578	151.043	164.560	173.376
Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пензии, % од населението	41,0	41,7	40,5	41,6
Нерамномерна распределба на приходите, S80/S20 квинтилен сооднос на приходи, %	8,4	7,2	6,6	6,6
Нерамномерна распределба на приходите, коефициент Gini, %	37,0	35,2	33,7	33,6

Извор: ДЗС

Сепак, и покрај намалувањето на стапката на сиромаштија од 27% во 2010 година на 21,8% во 2016 година, сиромаштијата и нееднаквоста се високи споредено со други земји од регионот со слично ниво на развој[63] и постои загриженост за одржливоста на овие придобивки од намалувањето на сиромаштијата.

Неопходни се значајни реформи, меѓу другото и во делот на редизајнирање на видовите и адекватноста на паричните давања за социјална заштита, како помош и поддршка на најранливите категории за справување со сиромаштијата, особено имајќи ја предвид целта на Владата на Република Македонија за намалување на стапката на сиромаштија под 16% до 2020 година.

Анализите покажуваат дека системот на социјалната заштита се наоѓа во фаза кога е неопходно да се преземат суштествени реформи, пред сè со цел да се подобри ефективноста на паричните давања и ефикасноста на бенефициите и социјалните услуги што се испорачуваат до крајните корисници. Досегашниот дизајн на социјалните трансфери е

[63] World Bank Policy Notes 2017

доста нерамномерен и неадекватен и како таков, придонесува кон продлабочување на нееднаквоста во општеството. Во однос на услугите од социјална заштита утврдено е дека тие не ги следат индивидуалните потреби на крајните корисници, при што истите треба да се обезбедат во заедницата преку натамошно спроведување на процесот на деинституционализација, децентрализација и плурализација.

Иако Законот за социјална заштита овозможува плурализација во обезбедувањето социјални услуги, тие главно се обезбедени од страна на институциите на национално ниво. Недостасува иницијатива од општините да основаат установи за институционална или вонинституционална социјална заштита, како и интерес на локалните заедници за вклучување во спроведувањето на политиките, координација на локално ниво и поголема соработка со институциите на национално ниво. Приватната иницијатива не е доволно застапена во однос на сите услуги од социјална заштита, а како причина може да се истакне и непостоењето цена на чинење на услугата дефинирана од страна на државата (по час и по корисник). Евидентен е недостатокот на обезбедување социјални услуги од страна на граѓанскиот сектор, кој вообичаено зависи од средства обезбедени од страна на надворешни донатори. Со тоа, пристапот до услуги за социјална заштита, како и опфатот на корисници на овие услуги во рамки на воспоставените форми на социјална заштита не ги задоволуваат потребите на ранливите категории во целост.

Мерка 19: Унапредување на паричните надоместоци во социјалната заштита

Опис на мерката

Преку реформа на системот на парични давања од социјална заштита ќе се обезбеди правилно таргетирање и насочување на социјалните бенефициии кон лицата во социјален ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Со воведување програма за минимален адекватен приход ќе се овозможи семејствата во социјален ризик (материјално најзагрозените семејства) да добијат паричен надомест како надополнување на приходот до линијата на сиромаштија. Се планира воведување семејни пакети и групирање на правата од социјална и детска заштита. Дел од овие трансфери ќе бидат условени со влез на пазарот на труд и зајакнување на капацитетите на работоспособните корисници.

Овие мерки ќе имаат директно влијание врз намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост на ранливите категории граѓани.

Планирани активности во 2018 година

- Анализа и подготовка на предлози за редефинирање на системот на социјална заштита,

- Изработка на нацрт-текст на нов Закон за социјална заштита, консултативен процес со засегнатите страни и подготовка на подзаконски акти,

- Почеток на активности за промена и надградба на постоечкото софтверско решение за администрирање на паричните права, каде што покрај правата, ќе бидат опфатени и социјалните услуги.

Планирани активности во 2019 година

- Донесување нов Закон за социјална заштита,

- Обуки за лицата вработени во системот на социјалната заштита, со цел запознавање со новите решенија и нивно непречено спроведување,

- Јавна кампања за новите законски решенија со цел запознавање на крајните корисници,

- Финализирање на надградбата на софтверското решение за администрирање на паричните права и социјалните услуги.

Очекувано влијание врз конкурентноста/оправданост на мерката

Подобро таргетирање на целните групи и зголемување на ефективноста на паричните трансфери придонесува за излегување од кругот на сиромаштија, економско зајакнување и социјална инклузија. Мерката ќе придонесе за оптимално искористување на финансиските средства насочени кон обезбедување социјални услуги.

Проценети трошоци за активностите и буџетско влијание

Средствата за спроведување на планираните активности ќе бидат финансирани во рамки на проект на Светска банка, но точните износи ќе бидат познати по спроведување на деталните анализи и подготовката на законското решение.

Очекувано влијание на вработеноста и родовата еднаквост

Паричните трансфери за работоспособните корисници се предвидува да бидат условени со зајакнување на нивните работни капацитети и вклучување на пазарот на труд, со што се очекува и вработување на дел од корисниците. Родовата еднаквост ќе се почитува при спроведувањето на оваа мерка.

Потенцијални ризици

Практичната примена на Законот и исплатата на паричните права е поврзана со навремено донесување на новите подзаконски акти и надградба на системот за администрирање на паричните права.

5. БУЏЕТСКИ ИМПЛИКАЦИИ НА СТРУКТУРНИТЕ РЕФОРМИ

Проектираните расходи на Буџетот на Република Македонија ги опфаќаат и расходите за клучните структурни реформи во следниот период. Значителни средства ќе бидат одвоени за поддршка на домашните компании за инвестиции и подобрување на конкурентноста, како и за привлекување на СДИ како исклучително важен фактор за остварување на повисоки стапки на економски раст. За унапредување на состојбите на пазарот на труд предвидени се значителни средства за активни политики и мерки. Исто така, за унапредување на земјоделското производство, одвоени се значителни средства за унапредување на системите за наводнување, консолидација и дефрагментација на земјоделското земјиште и поддршка на земјоделските задруги. Ефектот врз буџетските приходи е пресметан кај Мерката 1: Хармонизација на правната рамка на јавните набавки со законодавството на Европската унија (Acquis).

Повеќе детали за буџетските импликации на структурните реформи се прикажани во Табела 10 од Анекс 3.

6. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАШАЊА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Програмата на економски реформи за 2018-2020 година преставува заеднички резултат на повеќе институции, а целокупната подготовка се координира од страна на Министерството за финансии. Самата подготовка на оваа програма како кохерентен стратешки документ претставува потврда за капацитетот на администрацијата, од аспект на координацијата и ефикасноста во работата. Програмата ја изработи Министерството за финансии, координирано од министерот за финансии, во соработка со следните институции:

- Кабинет на Заменик Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања;
- Секретаријат за европски прашања на Република Македонија;
- Народна банка на Република Македонија;
- Министерство за економија;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Министерство за образование и наука;

- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за информатичко општество и администрација;
- Министерство за правда;
- Биро за јавни набавки;
- Фонд за иновации и технолошки развој;
- Агенција за вработување на Република Македонија;
- Министерство за финансии - Царинска управа.

Програмата беше усвоена од Владата на РМ на 23 јануари 2018 година.

Поаѓајќи од фактот што Програмата треба да се достави до ЕК најдоцна до 31ви јануари 2018 година, на предлог на Министерството за финансии сите учесници во процесот утврдија временска рамка за реализација на активностите за подготовка на овој документ:

- На 9 јуни 2017 година се одржа Иницијален состанок за ПЕР, на кој учествуваа околу 70 лица, меѓу кои: министерот за финансии, претставникот од Директоратот за проширување на ЕК надлежен за Република Македонија, координаторите од надлежните институции вклучени во процесот, претставници од Делегацијата на ЕУ, ОЕЦД, како и претставници од заинтересираните страни;
- Од 9 јуни до 30 август 2017 година министерствата и другите институции вршеа дијагностика на својот сектор, со помош на алатките добиени од ОЕЦД и формулираа предлози за секторски реформски мерки и заедно со дијагностиката ги доставија до Министерството за финансии;
- На 30 август 2017 се одржа работен состанок на министрите со експертската јавност каде се разгледуваа првичните верзии на дијагностиката и одредувањето приоритетност на предлог реформските мерки;
- До 11 септември 2017 година беше составена Првата нацрт верзија на Структурните реформски мерки и доставена до ОЕЦД;
- Од 27 - 29 септември 2017 година се одржа работилница на ОЕЦД каде детално беше разгледувана нацрт ПЕР (работилница со дискусија за ажурираните дијагностики и одредување приоритетност на реформите). По работилницата, дел од преработените нацрт мерки беа испратени до ОЕЦД на 10 октомври 2017, со дополнување на другите мерки на 19 октомври 2017 година;
- Од 24 – 27 октомври 2017 година се одржа ТАИЕКС експертска мисија за проценка на буџетското влијание (трошоци и приходи) на структурните реформи, очекуваното влијание врз конкурентноста, вработувањето и родово влијание на предлог мерките;
- На 26 октомври 2017 година беше добиен одговор со препораки од ОЕЦД кој беше веднаш испратен до институциите;
- На 31 октомври 2017 година беше составена Втората нацрт верзија на Структурните реформски мерки со вклучени препораки од ОЕЦД и ТАИЕКС експертите и беше доставена до ЕК;
- На 8 и 9 ноември 2017 година се реализираше мисија на ЕК за поддршка на подготовката на ПЕР;
- На 27 ноември 2017 година, врз база на добиените препораки од ЕК и ОЕЦД, беше изработена Третата нацрт верзија на Структурните реформски мерки;
- Од 27 ноември до 10 декември 2017 година Третата верзија на ПЕР беше објавена на интернет страната на МФ, како дел од процесот за консултации со јавноста;

- На 5 декември 2017 година се одржа Консултативен состанок со заинтересираните страни, на кои беше договорено мислења и предлози за ПЕР да бидат доставени до 10 декември 2017 година;
- До 25 декември 2017 беше изработена прва верзија на останатиот дел од Програмата за економски реформи (макроекономска и фискална рамка);
- На 26 декември 2017 година Програмата беше разгледана на седница на Економско-социјалниот совет;
- Доставување на ПЕР до Владата на РМ – 5 јануари 2018 година;
- Владата ја усвои Програмата на седница одржана на 23 јануари 2018 година;
- Испраќање на ПЕР до Европската комисија најдоцна до 31 јануари 2018 година.

Имајќи предвид дека за минатогодишната Програма Европската комисија искажа признание за напорите кои Владата ги вложува во спроведувањето реформи за подобрување на конкурентноста, Министерството за финансии направи особен напор да го задржи, но и да го подобри квалитетот на годинашниот документ согласно препораките дадени од Комисијата.

При изработката се спроведе и процес на консултација со заинтересираните страни: бизнис заедницата, универзитетите, ЗЕЛС, локалните власти, социјалните партнери, граѓанскиот сектор и другите заинтересирани страни.

Во таа насока, од 27 ноември до 8 декември 2017 година нацрт ПЕР 2018-2020 беше објавен на интернет страницата на Министерството за финансии, а истовремено беа испратени покани до заинтересираните страни да дадат активен придонес во процесот на изработката на документот преку давање мислења за содржината на документот и предлози за негово подобрување. Добиените мислења и предлози беа разгледани од институциите кои учествуваат во изработката на ПЕР 2018-2020. Дополнително, на 5 декември 2017 година, во просториите на Министерството за финансии се одржа јавна расправа помеѓу институциите кои учествуваат во подготовка на документот, претставници од Европската делегација во Скопје и претставници од заинтересираните страни.

За прв пат оваа година, на 26 декември 2018 година, нацрт ПЕР 2018-2020 беше разгледан и на седница на Економско-социјалниот совет.

Подетални информации за процесот процес на консултација со заинтересираните страни и добиените мислења и предлози има во Анекс 4 кон документот.

Анекс 1. Показатели за македонската економија за 2016 година согласно Процедурата за макроекономските нерамнотежи на Европската комисија

Следењето на економијата врз основа на листата на показатели за внатрешни и надворешни нерамнотежи со утврдени индикативни прагови, согласно процедурата за макроекономски нерамнотежи[64] (Macroeconomic imbalances procedures - MIP) на ЕК, која се спроведува за земјите - членки на ЕУ, е корисно и за следење на основните области на ранливост и кај земјите кандидати, како и за согледување на степенот на нивната конвергенција кон ЕУ. Во продолжение се прикажани основните показатели во рамки на овој пристап за македонската економија во 2016 година, согласно дадените прагови.

Табела

Показатели	Индикативни прагови		2011	2012	2013	2014	2015	2016
	долен	горен						
Надворешни нерамнотежи и конкурентност								
Биланс на тековна сметка (% од БДП, 3-годишен подвижен просек)	-4	6	-3,8	-2,6	-2,4	-1,8	-1,4	-1,9
Нето меѓународна инвестициска позиција (на крај на година во % од БДП)	-35		**-52,6**	**-55,1**	**-55,9**	**-53,1**	**-56,0**	**-57,3**
Реален ефективен девизен курс (според трошоци на животот, 3-годишна процентна промена)	-11	11	-1,4	-2,5	2,1	2,7	2,3	1,9
Учество во светскиот извоз (по тековни цени, 5-годишна процентна промена)	-6		23,0	-10,4	-7,7	21,7	25,2	23,1
Номинални трошоци по единица труд (3-годишна процентна промена)		12	0,6	1,6	4,2	1,6	2,9	2,4
Внатрешни нерамнотежи	**долен**	**горен**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**
Цени на недвижности (годишна промена во %, дефлационирани)		6	-10,3	-1,1	-6,1	-0,5	0,1	0,8
Кредитни текови на приватен сектор (во % од БДП)		14	3,5	2,4	2,8	4,4	4,4	3
Долг на приватен сектор (во % од БДП)		133	81,5	86,4	83,7	85,1	87,2	87,6
Јавен долг (во % од БДП)		60	32,0	38,3	40,3	45,8	46,6	48,5
Обврски на финансискиот сектор (годишна процентна промена)		16,5	9,6	9,9	4,9	7,9	8,0	3,7
Стапка на невработеност (3 годишен подвижен просек)		10	31,9	31,5	30,4	29,3	27,7	25,9
Стапка на активност (3-годишна промена во процентни поени)	-0,2		0,5	-0,2	0,3	1,0	0,8	-1,2
Стапка на долгорочна невработеност (3-годишна промена во процентни поени)		0,5	-2,8	-0,8	-2,8	-2,5	-4,2	-4,7
Стапка на невработеност кај младите (3-годишна промена во процентни поени)		2	-1,2	-1,1	-1,7	-2,1	-6,6	-3,6

Извор: Националните институции, IMF, Eurostat; пресметки на НБРМ врз основа на расположливи податоци, при што дел од показателите не кореспондираат целосно со барањата во рамки на овој пристап. Потемнетите делови укажуваат на пречекорување на прагот. Термините 3-годишна и 5-годишна процентна промена се однесуваат на промена во однос на трета и петта претходна година.

Дефицитот на тековната сметка на Република Македонија, како тригодишен подвижен просек, во периодот 2011 - 2016 година, се одржува на пониско ниво од утврдениот долен праг на ранливост (-4% од БДП), со што се наоѓа во рамки на дозволениот интервал. Нето меѓународната инвестициска позиција на земјата во периодот од 2011 година наваму има тренд на продлабочување (со одредено подобрување во 2014 година), при што во 2016 година достигна -57,3% од БДП. Ова ниво е значително под прагот на ранливост од -35% од БДП. Треба да се има предвид дека нето меѓународната позиција на страната на обврските ги вклучува и СДИ, кои сочинуваат близу половина од порастот на вкупните обврски кон странство во последните години. Во овој контекст, при анализата на земјите кои конвергираат, токму заради ефектот од СДИ, според пристапот на ЕК треба да се земат предвид и други показатели, како што е нето надворешниот долг, којшто ги опфаќа само должничките инструменти, на нето-основа. На крајот на 2016 година, нето надворешниот долг на Република Македонија изнесува 27,1% од БДП.

Во периодот 2013 - 2016 година, промените на РЕДК укажуваат на умерена апрецијација од околу 2% (условена главно од НЕДК), што е во рамки на дозволениот интервал. Извозниот пазарен удел на економијата во светскиот извоз, како петгодишна промена, по падот во 2012

[64] Alert Mechanism Report, European Commission, February, 2012.

- 2013 година како последица од кризата, во периодот 2014 - 2016 година бележи забрзан годишен раст. Ваквите движења се одраз на подобрените извозни остварувања, условени од структурните промени во економијата, со влезот на нови извозно-ориентирани странски компании во последните неколку години. Номиналните трошоци по единица производ следени како тригодишна промена се движат во безбедната зона, при што во последните три години се релативно стабилни, бележејќи умерени годишни промени. *Општо гледано, имајќи ги предвид аргументите во доменот на обврските кон странство, анализата упатува на солидни движења во надворешниот сектор.*

Во доменот на показателите за внатрешните нерамнотежи, годишните промени на кредитите на банките кај приватниот сектор во периодот од 2011 година наваму се на умерено ниво и постојано под прагот на ранливост (14% од БДП). За разлика од периодот 2014 – 2015 година кога промената на кредитите умерено забрза (на 4,4% од БДП во двете години), во 2016 година показателот забави на 3% од БДП (коригирано за отписите), и натаму значително пониско ниво од утврдениот праг. Обврските на финансискиот сектор во 2016 година забавија и остварија стапка на годишен раст од 3,7%, што е под утврдениот праг (16,5%). Цените на недвижностите во периодот 2011 - 2014 година бележеа негативни годишни промени, додека во последните две години имаа ниски позитивни промени (0,8% во 2016 година). Вкупниот внатрешен и надворешен долг на приватниот сектор (кредити од домашни банки и од странство) е, исто така, постојано под прагот на ранливост. Во 2016 година, тој изнесува 87,6% од БДП (коригирано за отписите кај домашните банки), што е значително под утврдениот праг од 133% од БДП, но од друга страна, треба да се наведе дека во последните години показателот има главно растечки тренд. Долгот на јавниот сектор, исто така, е на ниво коешто е пониско од утврдениот праг (во 2016 година на нивото од 48,5%, наспроти прагот од 60% од БДП за општа влада), но со динамика на постојан раст.

Стапката на невработеност, како тригодишен подвижен просек, иако во последните години се намалува, сепак постојано е значително над прагот, којшто е поставен на 10%. Во областа на пазарот на трудот, ЕК во 2015 година дополнително ги воведе и показателите за стапката на активност, стапката на невработеност кај младите (на возраст од 15 до 24 години) и стапката на долгорочната невработеност (невработени лица подолго од една година). Кај дел од овие показатели за македонската економија во 2016 година се остварени поволни промени (намалување на невработеноста кај младите и долгорочната невработеност), во рамки на безбедната зона. Единствено кај стапката на активност е остварено намалување, повисоко од дозволениот праг. *Оттука, во доменот на внатрешните нерамнотежи, македонската економија покажува ранливост во однос на вкупната стапка на невработеност и тековно кај стапката на активност, иако со поволни придвижувања кај стапката на невработеност и кај другите дополнителните показатели од овој сегмент.*

Анекс 2. Анализа на одржливоста на надворешниот долг

Со анализата за одржливоста на надворешниот долг[65], бруто надворешниот долг на крајот на 2017 година се проценува на 75,3% од БДП, што претставува пораст во однос на претходната година за 1,1 п.п. од БДП. Во услови на намалување на јавниот долг за 1,2 п.п. при поголем износ на отплати, оценетото зголемување на надворешниот долг главно ја одразува оцената за зголемен долг на приватниот сектор за 2,3 п.п. од БДП, согласно проценките за движењето на меѓукомпаниискиот долг во последниот квартал на 2017 година. Во следните две години се оценува натамошен пораст на надворешниот долг, согласно најавените нови задолжувања на јавниот сектор, додека во 2020 година се очекува негово намалување при висок износ на отплати (за достасана еврообврзница). Сепак, во 2020 година нивото на надворешен долг би било повисоко во однос на остареното ниво во 2016 година за 2п.п. од БДП, што произлегува од зголемувањето на приватниот долг за 2,3 п.п., додека јавниот долг е понизок за 0,3 п.п. од БДП.



Примарниот дефицит на тековната сметка (без каматните плаќања) е тек што креира долг, и покрај неговото одржување на ниско ниво во следниот тригодишен период. Од друга страна, автоматската динамика на долгот (која ги вклучува ефектите од растот на реалниот БДП, промените во цените и во номиналната ефективна каматна стапка) и недолжничките капитални текови делуваат во насока на негово намалување. Треба да се истакне дека во следниот тригодишен период се очекува раст на девизните резерви и нивно одржување на адекватно ниво.



Во рамки на надворешниот јавен долг, зголемено учество во БДП во 2020 година споредено со 2016 година се очекува кај долгот на централната влада и фондовите (за 0,3 п.п.) и кај долгот на јавните претпријатија (за 1,5 п.п.), согласно очекуваните задолжувања за инфраструктурните проекти, наспроти очекуваното намалување кај другите институционални сегменти (јавни банки). Кај приватниот надворешен долг, повисоко учество во БДП во 2020 година споредено со 2016 година се предвидува единствено кај

[65]Извор: Пресметки и анализа на НБРМ, базирана на пристапот на ММФ. Основното сценарио претпоставува просечен раст на БДП во периодот 2018-2020 година од 3,7%, базира на Фискалната стратегија на Република Македонија 2018-2020 и прикажаната проекција за платниот биланс, при што треба да се има предвид дека платно-билансната статистика не соодветствува целосно со статистиката на надворешниот долг.

меѓукомпанискиот долг, што би било делумно неутрализирано со намалувањето кај другите категории (заеми, трговски кредити).

Стрес-тестовите покажуваат дека очекуваната динамика на долгот на среден рок, сепак, е особено сензитивна на шоковите кај примарната тековна сметка и економскиот раст. Фактор којшто ја намалува ранливоста е самата структура на надворешниот долг, каде релативно високо учество од близу 40% за целиот период на проекција имаат меѓукомпанискиот долги трговските кредити, како пофлексибилни и помалку ризични форми на долг.

Анекс 3: Преглед на податоци

Табела 1а. Макроекономско сценарио

	ESA	2016	2016	2017	2018	2019	2020
		Ниво (милијарди евра)	Стапка на промена				
1. Реален БДП по пазарни цени	B1*g	9,339	2,9	1,6	3,2	3,5	4,0
2. БДП по пазарни цени	B1*g	9,723	7,1	5,3	5,3	5,9	6,4
Компоненти на реален БДП							
3. Приватна потрошувачка	P3	6,440	3,1	2,7	2,8	3,0	3,1
4. Јавна потрошувачка	P3	1,569	1,9	1,6	1,3	1,3	1,3
5. Инвестиции во основни средства[66]	P51	3,125	13,3	-2,7	3,6	4,5	5,0
6. Промена во залихите (% од БДП)	P52+P53	:	:	:	:	:	:
7. Извоз на стоки и услуги	P6	4,781	8,1	7,8	7,5	8,0	8,2
8. Увоз на стоки и услуги	P7	6,576	11,6	5,3	6,0	6,7	6,5
Придонес во раст на БДП							
9. Финална домашна побарувачка		11,1	6,5	1,2	3,2	3,6	3,8
10. Промена во залихите	P52+P53	:	:	:	:	:	:
11. Нето извоз	B11	-1,8	-3,6	0,5	0,0	-0,1	0,2

Извор: ДЗС и пресметки на Министерство за финансии

Табела 1б. Ценовни движења

		2016	2017	2018	2019	2020
1. БДП дефлатор	%	4,1	3,6	2,0	2,3	2,3
2. Дефлатор на приватната потрошувачка	%	-0,4	1,6	1,8	2,2	2,3
3. HICP	%	:	:	:	:	:
4. Стапка на инфлација (CPI)	%	-0,2	1,4	2,0	2,0	2,0
5. Дефлатор на јавната потрошувачка	%	0,3	1,1	1,0	1,5	1,5
6. Дефлатор на инвестициите	%	1,4	5,6	2,6	2,6	2,5
7. Дефлатор на извозот (стоки и услуги)	%	1,6	4,1	1,3	1,6	1,7
8. Дефлатор на увозот (стоки и услуги)	%	-4,3	2,3	1,3	1,6	1,7

Извор: Пресметки на Министерство за финансии и НБРМ

Табела 1в. Движења на пазарот на труд[67]

	ESA	2016	2016	2017	2018	2019	2020
		ниво	Стапка на промена				
1. Население (илјади)			2.072,5	2.074,8	2.077,0	2.079,3	2.081,6
2. Население (стапка на раст, во %)			0,1	0,1	0,1	0,1	0,1
3. Работоспособно население (илјади)			1.678,9	1.678,4	1.678,7	1.679,6	1.680,8
4. Стапка на активност			56,5	56,8	57,2	57,7	58,2
5. Вработеност (број на вработени, илјади)			723,6	740,2	754,4	770,2	787,2
6. Вработеност, работни часови			:	:	:	:	:
7. Вработеност (раст во %)			2,5	2,3	1,9	2,1	2,2
8. Вработени во јавен сектор (лица)			:	:	:	:	:
9. Вработени во јавен сектор (раст во %)			:	:	:	:	:
10. Стапка на невработеност			23,7	22,4	21,5	20,5	19,5
11. Продуктивност на трудот, лица (реален БДП по вработен)		795,0	0,4	-0,6	1,3	1,4	1,8
12. Продуктивност на трудот, работни часови (реален БДП по работен час)			:	:	:	:	:
13. Надоместок за вработените	D1	:	:	:	:	:	:

Извор: ДЗС и пресметки на Министерство за финансии

[66] Податоците се однесуваат на бруто инвестициите
[67] Показателите се однесуваат на возрасната група над 15 години

Табела 1г. Секторски биланс

Процент од БДП	ESA	2016	2017	2018	2019	2020
1. Нето позајмување /задолжување vis-à-vis остаток од светот	B9	3,4	-2,6	3,0	1,1	1,1
од кое:						
Биланс на добра и услуги		-14,8	-14,1	-13,4	-12,7	-12,3
Биланс на примарен доход и трансфери		12,1	12,0	11,6	11,0	10,5
Капитална сметка		6,0	-0,5	4,7	2,9	2,9
2. Нето позајмување /задолжување на приватниот сектор	B9/EDP B9	6,1	0,4	5,5	3,7	3,2
3. Нето позајмување /задолжување на општа влада		-2,7	-2,9	-2,7	-2,5	-2,3
4. Статистичко отстапување		0,0	0,0	0,0	0,0	0,0

Извор: НБРМ и МФ

Табела 1д. БДП, инвестиции и бруто додадена вредност

	ESA	2016	2017	2018	2019	2020
БДП и инвестиции						
БДП по тековни цени (во милијарди денари)	B1g	598,9	630,9	664,1	703,1	748,1
Инвестиции (% од БДП)		32,6	31,8	32,1	32,5	32,9
Раст на бруто додадена вредност, процентуални промени по константни цени						
1. Земјоделство		2,8	:	:	:	:
2. Индустрија (без градежништво)		1,4	:	:	:	:
3. Градежништво		11,9	:	:	:	:
4. Услуги		2,6	:	:	:	:

Извор: ДЗС и пресметки на Министерството за финансии

Табела 1ѓ. Движења во надворешниот сектор

Во милијарди евра	2016	2017	2018	2019	2020
1. Салдо на тековна сметка (% од БДП)	-2,7	-2,0	-1,8	-1,8	-1,9
2. Извоз на добра	3,5	3,9	4,3	4,7	5,1
3. Увоз на добра	5,3	5,7	6,2	6,7	7,2
4. Трговски биланс	-1,8	-1,8	-1,9	-2,0	-2,1
5. Извоз на услуги	1,4	1,4	1,6	1,8	1,9
6. Увоз на услуги	1,1	1,1	1,2	1,2	1,3
7. Услуги, нето	0,3	0,3	0,4	0,5	0,6
8. Нето каматни плаќања од странство	:	:	:	:	:
9. Друг нето доход од странство	-0,4	-0,4	-0,5	-0,6	-0,6
10. Тековни трансфери	1,6	1,7	1,7	1,8	1,9
11. од кои од ЕУ	:	:	:	:	:
12. Салдо на тековна сметка	-0,3	-0,2	-0,2	-0,2	-0,2
13. СДИ	0,3	0,3	0,3	0,3	0,4
14. Девизни резерви *	2,6	2,3	:	:	:
15. Надворешен долг*	7,2	7,4	:	:	:
16. од кој: јавен долг	3,4	3,4	:	:	:
17. од кој: деноминиран во странска валута	:	:	:	:	:
18. од кој: достасани отплати	:	:	:	:	:
19. Девизен курс на денарот vis-à-vis еврото (крај на година)	61,5	61,6	61,6	61,6	61,6
20. Девизен курс на денарот vis-à-vis еврото (год. просек)	61,6	61,6	61,6	61,6	61,6
21. Нето странско штедење (% од БДП)	:	:	:	:	:
22. Домашно приватно штедење (% од БДП)	:	:	:	:	:
23. Домашни приватни инвестиции (% од БДП)	:	:	:	:	:
24. Домашно јавно штедење (% од БДП)	:	:	:	:	:
25. Домашни јавни инвестиции (% од БДП)	:	:	:	:	:

Извор: Народна банка на Република Македонија

* Податоците за 2017 година се заклучно со септември 2017 година

Табела 1е. Индикатори на одржливост

	Димензија	2013	2014	2015	2016	2017
1. Дефицит на тековна сметка*	% од БДП	-1,6	-0,5	-2,0	-2,7	-2,0
2. Нето меѓународна инвестициона позиција**	% од БДП	-55,9	-53,1	-56,0	-57,3	-58,5
3. Учество на извозот*	% раст	4,8	13,7	2,0	11,6	2,4
4. Реален ефективен девизен курс**	% раст	1,6	1,0	-0,3	1,2	-1,1
5. Номинален трошок на работната сила по единица производ**	% раст	1,0	-1,1	0,1	2,0	6,5
6. Тек на кредити на приватен сектор***	% од БДП	2,8	4,4	4,4	3,0	:
7. Долг на приватниот сектор***	% од БДП	83,7	85,1	87,2	87,6	:
8. Државен долг	% од БДП	34,0	38,0	38,1	39,5	39,2

Извор: Народна банка на Република Македонија и Министерство за финансии
*Проценка за 2017 година
** Податоците за 2017 година се заклучно со септември 2017 година
***Податоците за 2016 се коригирани за отписите на нефункционалните кредити

Табела 2а. Преглед на Општ владин буџет

	ESA	2016	2016	2017	2018	2019	2020
		Ниво (милијарди денари)	% од БДП				
Суфицит / дефицит (B9) по под сектори							
1. Општ владин буџет	S13	-15,912	-2,7	-2,9	-2,7	-2,5	-2,3
2. Буџет на централна власт	S1311	-16,736	-2,8	-3,0	-2,7	-2,5	-2,3
3. Централен буџет	S1312	:	:	:	:	:	:
4. Буџет на ЕЛС	S1313	0,140	0,0	0,0	0,0	0,0	0,0
5. Буџетски фондови	S1314	0,685	0,1	0,0	0,0	0,0	0,0
Општа влада (S13)							
6. Вкупни приходи	TR	181,745	30,3	31,3	31,1	30,7	30,5
7. Вкупни расходи	TE	197,657	33,0	34,2	33,8	33,3	32,8
8. Суфицит / дефицит	EDP.B9	-15,912	-2,7	-2,9	-2,7	-2,5	-2,3
9. Каматни расходи	EDP.D41	6,927	1,2	1,3	1,3	1,5	1,8
10. Примарно салдо		-8,985	-1,5	-1,6	-1,4	-1,0	-0,5
11. Еднократни и други времени мерки		:	:	:	:	:	:
Компоненти на приходи							
12. Вкупни даноци (11 = 11a+11b+11c)		107,895	18,0	18,3	18,6	18,5	18,3
12a. Даноци на производство и увоз	D2	78,327	13,1	13,4	13,5	13,4	13,3
12b. Тековни даноци на доход и богатство	D5	26,744	4,5	4,3	4,6	4,6	4,6
12c. Даноци на капитал	D91	2,824	0,5	0,5	0,5	0,4	0,4
13. Социјални придонеси	D61	50,300	8,4	8,4	8,3	8,3	8,3
14. Данок на имот	D4	4,757	0,8	0,7	0,6	0,6	0,5
15. Друго (15 = 16-(12+13+14))		18,793	3,1	4,0	3,6	3,4	3,4
16 = 6. Вкупни приходи	TR	181,745	30,3	31,3	31,1	30,7	30,5
p.m.: Даночно оптоварување (D2+D5+D61+D91-D995)		158,195	26,4	26,6	26,9	26,8	26,6
Издвоени компоненти на расходи							
17. Колективна потрошувачка	P32	63,753	10,6	10,6	10,3	9,7	9,1
18. Вкупни социјални трансфери	D62 + D63	89,005	14,9	15,0	14,9	14,8	14,6
18a. Социјални трансфери во натура	P31 = D63	:	:	:	:	:	:
18b. Други трансфери	D62	89,005	14,9	15,0	14,9	14,8	14,6
19. = 9. Каматни расходи	EDP.D41	6,927	1,2	1,3	1,3	1,5	1,8
20. Субвенции	D3	14,530	2,4	2,7	2,8	2,7	2,6
21. Инвестиции во основни средства	P51	22,649	3,8	4,6	4,5	4,5	4,7
22. Друго (22 = 23-(17+18+19+20+21)		0,793	0,1	:	:	:	:
23. = 7. Вкупни расходи	TE	197,657	33,0	34,2	33,8	33,3	32,8
p.m. надомест на вработените во јавен сектор	D1	40,598	6,8	6,6	6,4	6,1	5,7

Извор: Министерство за финансии

Табела 2б. Преглед на Општ владин буџет

	ESA	2016	2017	2018	2019	2020
		милијарди денари				
Суфицит / дефицит (B9) по под сектори						
1. Општ владин буџет	S13	-15,91	-18,57	-18,23	-17,93	-16,88
2. Буџет на централна власт	S1311	-16,74	-18,76	-18,23	-17,93	-16,88
3. Централен буџет	S1312	:	:	:	:	:
4. Буџет на ЕЛС	S1313	0,14	0,0	0,0	0,0	0,0
5. Буџетски фондови	S1314	0,69	0,19	0,0	0,0	0,0
Општа влада (S13)						
6. Вкупни приходи	TR	181,75	197,50	206,26	216,04	228,23
7. Вкупни расходи	TE	197,66	216,06	224,50	233,97	245,10
8. Суфицит / дефицит	EDP.B9	-15,91	-18,57	-18,23	-17,93	-16,88
9. Каматни расходи	EDP.D41	6,93	8,27	8,74	10,84	13,47
10. Примарно салдо		-8,99	-10,30	-9,49	-7,09	-3,40
11. Еднократни и други времени мерки		:	:	:	:	:
Компоненти на приходи						
12. Вкупни даноци (11 = 11a+11b+11c)		107,90	115,21	123,25	129,84	136,77
12a. Даноци на производство и увоз	D2	78,33	84,80	89,86	94,48	99,31
12b. Тековни даноци на доход и богатство	D5	26,74	27,40	30,39	32,36	34,45
12c. Даноци на капитал	D91	2,82	3,00	3,00	3,00	3,00
13. Социјални придонеси	D61	50,30	52,74	55,40	58,70	62,19
14. Данок на имот	D4	4,76	4,46	3,88	3,88	3,88
15. Друго (15 = 16-(12+13+14))		18,79	25,09	23,73	23,62	25,39
16 = 6. Вкупни приходи	TR	181,75	197,50	206,26	216,04	228,23
p.m.: Даночно оптоварување (D2+D5+D61+D91-D995)		158,20	167,95	178,65	188,54	198,96
Издвоени компоненти на расходи						
17. Колективна потрошувачка	P32	63,75	66,88	68,16	68,41	68,41
18. Вкупни социјални трансфери	D62 + D63	89,01	94,83	98,83	103,99	109,26
18a. Социјални трансфери во натура	P31 = D63	:	:	:	:	:
18b. Други трансфери	D62	89,01	94,83	98,83	103,99	109,26
19. = 9. Каматни расходи	EDP.D41	6,93	8,27	8,74	10,84	13,47
20. Субвенции	D3	14,53	16,97	18,64	18,82	19,12
21. Инвестиции во основни средства	P51	22,65	29,14	30,13	31,91	34,84
22. Друго (22 = 23-(17+18+19+20+21)		0,79	:	:	:	:
23.=7. Вкупни расходи	TE	197,66	216,06	224,50	233,97	245,10
p.m. надомест на вработените во јавен сектор	D1	40,60	41,44	42,40	42,65	42,65

Извор: Министерство за финансии

Табела 3. Функционална поделба на расходите на Општа влада

Процент од БДП	COFOG	2016	2017	2018	2019	2020
1. Општи јавни услуги	1	3,7	4,4	3,6	:	:
2. Одбрана	2	1,0	0,9	1,0	:	:
3. Јавен ред и мир	3	2,4	2,3	2,2	:	:
4. Економски политики	4	3,2	3,4	3,7	:	:
5. Заштита на животната средина	5	0,1	0,1	0,1	:	:
6. Комунални услуги и услуги за домување	6	2,1	2,3	2,4	:	:
7. Здравство	7	4,9	4,9	4,9	:	:
8. Рекреативни. културни и религиозни активности	8	0,7	0,8	0,7	:	:
9. Образование	9	3,7	3,8	3,9	:	:
10. Социјална заштита	10	11,3	11,4	11,3	:	:
11. Вкупни расходи (ставка 7 = 23 во Табела 2)	TE	33,0	34,2	33,8	33,3	32,8

Извор: Министерство за финансии

Табела 4. Движења на долгот на општа влада

Процент од БДП	ESA	2016	2017	2018	2019	2020
1. Бруто долг		39,5	39,2	42,4	44,6	42,5
2. Промена на стапката на бруто долгот		:	-0,4	3,3	2,1	-2,1
Придонес кон промена на нивото на бруто долг						
3. Примарно салдо		1,5	1,6	1,4	1,0	0,5
4. Каматни расходи		1,2	1,3	1,3	1,5	1,8
5. Состојба – тек прилагодување		-2,7	-3,3	0,5	-0,4	-4,3
од кои:						
- Разлики помеѓу кеш и пресметковна основа		:	:	:	:	:
- Нето акумулација на финансиски средства		:	:	:	:	:
од кои:						
- Приватизација		:	:	:	:	:
- Ефекти на вреднување и друго		:	:	:	:	:
p.m. имплицитна каматна стапка на долгот		3,3	3,5	3,5	3,8	4,3
Други релевантни променливи						
6. Ликвидни финансиски средства		:	:	:	:	:
7. Нето финансиски долг (7 = 1 - 6)		:	:	:	:	:

Извор: Министерство за финансии

Табела 5. Циклични движења

Процент од БДП	ESA	2016	2017	2018	2019	2020
1. Реален раст на БДП (%)	B1g	2,9	1,6	3,2	3,5	4,0
2. Суфицит / дефицит на Општ владин буџет	EDP.B.9	-2,7	-2,9	-2,7	-2,5	-2,3
3. Каматни расходи	EDP.D.41	1,2	1,3	1,3	1,5	1,8
4. Еднократни и други времени мерки		:	:	:	:	:
5. Потенцијален раст на БДП (%)		2,9	2,7	2,6	2,4	2,2
Придонес:						
- труд		1,4	1,4	1,2	1,0	0,8
- капитал		1,9	1,7	1,7	1,7	1,7
- вкупна факторска продуктивност		-0,4	-0,4	-0,3	-0,3	-0,2
6. Производствен јаз		0,0	-1,1	-0,5	0,6	2,3
7. Циклична буџетска компонента		0,0	-0,3	-0,1	0,2	0,7
8. Циклично прилагодено салдо (2-7)		-2,7	-2,6	-2,6	-2,7	-3,0
9. Циклично прилагодено примарно салдо (8-3)		-1,5	-1,3	-1,3	-1,2	-1,2
10. Структурно салдо (8-4)		:	:	:	:	:

Извор: Министерство за финансии

Табела 6. Разлики со претходната програма

	2016	2017	2018	2019	2020
1. Раст на БДП					
Претходна Програма	2,3	3,0	3,5	4,0	:
Нова Програма	2,9	1,6	3,2	3,5	4,0
Разлика (п.п.)	0,6	-1,4	-0,3	-0,5	:
2. Суфицит / дефицит на општа влада (% од БДП)					
Претходна Програма	-4,0	-3,0	-2,6	-2,2	:
Нова Програма	-2,7	-2,9	-2,7	-2,5	-2,3
Разлика (п.п.)	1,3	0,1	-0,1	-0,3	:
3. Бруто долг на општа влада (% од БДП)					
Претходна Програма	41,3	42,7	43,0	43,9	:
Нова Програма	39,5	39,2	42,4	44,6	42,5
Разлика (п.п.)	-1,8	-3,5	-0,6	0,7	:

Извор: Пресметки на Министерство за финансии

Табела 7. Долгорочна одржливост на јавните финансии

% од БДП	2007	2010	2020	2030	2040	2050	2060
Вкупни расходи	:	34,8	32,8	31,4	30,3	28,7	27,5
Од кои:	:	:	:	:	:	:	:
- Расходи поврзани со стареење на населението	:	:	:	:	:	:	:
- Расходи по основ на пензии	:	8,6	8,9	8,3	7,7	7,1	6,6
- Пензии за социјално осигурување	:	:	:	:	:	:	:
- Старосна и предвремена пензија	:	:	:	:	:	:	:
- Други пензии (инвалидитет, др,)	:	:	:	:	:	:	:
- Професионални пензии (ако е во општа влада)	:	:	:	:	:	:	:
- Здравство	:	4,5	4,8	5,0	5,3	5,7	6,0
- Долгорочна нега (оваа ставка претходно беше вклучена во здравство)	:	:	:	:	:	:	:
Образование	:	4,6	4,8	5,1	5,3	5,3	5,4
Други расходи поврзани со стареењето на населението	:	:	:	:	:	:	:
Каматни расходи	:	0,7	1,8	1,7	1,6	1,1	0,7
Вкупни приходи	:	32,4	30,5	30,3	29,6	28,7	27,7
Од кои: приход од имот	:	:	:	:	:	:	:
Од кои: од придонеси за пензии (соц. придонеси)	:	6,0	5,6	5,4	5,2	5,1	4,9
Износ на ср-ва за пензии и резерви	:	:	:	:	:	:	:
Од кои: консолидиран износ на ср-ва на ПИОМ (други ср-ва освен обврски на државата)	:	:	:	:	:	:	:
Претпоставки							
Раст на продуктивноста на трудот	:	2,2	1,8	1,8	1,8	1,8	1,8
Реален раст на БДП	:	3,4	4,0	3,7	3,4	3,2	3,1
Стапка на активност, мажи (20-64)[68]	:	77,7	78,7	81,2	83,4	85,1	86,3
Стапка на активност, жени (20-64)	:	50,4	53,1	57,8	62,6	67,4	72,0
Стапка на активност, вкупно (20-64)	:	64,2	66,1	69,6	73,1	76,3	79,2
Стапка на невработеност	:	32,2	19,7	12,9	9,2	6,8	5,2
Однос меѓу население над 65 г, и вкупно население	:	11,7	13,5	15,8	18,6	22,1	26,2

Извор: Пресметки на Министерството за финансии

Табела 7а. Потенцијални обврски

% од БДП	2017	2018
Јавни гаранции	10,0	:
Од кои: поврзани со финансискиот сектор	1,8	:

Извор: Министерство за финансии

Табела 8. Основни претпоставки за надворешното економско окружување

	Димензија	2016	2017	2018	2019	2020
Краткорочна каматна стапка	Год. просек	-0,3	-0,3	-0,3	-0,1	0,1
Долгорочна каматна стапка	Год. просек	0,8	1,1	1,1	1,4	1,7
USD/EUR девизен курс	Год. просек	1,1069	1,1295	1,178	1,178	1,178
Номинален ефективен девизен курс	Год. просек	:	:	:	:	:
Девизен курс во однос на евро	Год. просек	61,60	61,60	61,60	61,60	61,60
Глобален раст на БДП, со исклучок на ЕУ	Год. просек	3,4	3,8	4,0	4,0	4,0
Стапка на раст на ЕУ	Год. просек	1,9	2,3	2,1	1,9	2,0
Стапка на раст на релевантни странски пазари	Год. просек	:	:	:	:	:
Светски увоз, со исклучок на ЕУ	Год. просек	1,3	4,2	4,1	4,1	4,1
Цени на нафта (Брент, USD /барел)	Год. просек	44,8	54,3	61,6	58,9	57,3

Извор: Европска комисија, Есенски проекции 2017 година и Европска централна банка

[68] Пресметките за пазарот на трудот се однесуваат за возрасната група 15-64 години.

Табела 9. Индикатори на пазарот на труд и социјални индикатори

	Извор	2014	2015	2016	2017*	2018*
1. Стапка на активност (%) вкупно (15+)	ДЗС	57,3	57,0	56,5	:	:
- мажи	ДЗС	69,3	68,9	69,2	:	:
- жени	ДЗС	45,3	44,9	43,8	:	:
2. Стапка на вработеност (%) вкупно (15+)	ДЗС	41,2	42,1	43,1	44,1	44,9
- мажи	ДЗС	50,1	50,5	52,3	:	:
- жени	ДЗС	32,4	33,7	33,8	:	:
3. Стапка на невработеност (%) вкупно (15+)	е	28,0	26,1	23,7	22,4	21,5
- мажи	е	27,6	26,7	24,4	:	:
- жени	е	28,6	25,1	22,7	:	:
4. Стапка на долгорочна невработеност	ДЗС	23,4	21,3	19,2	:	:
- мажи	ДЗС	23,1	22,1	20,1	:	:
- жени	ДЗС	23,8	20,1	17,8	:	:
5. Стапка на невработеност кај млади (15-24) (%)	е	53,1	47,3	48,2	:	:
- мажи	е	52,0	49,7	47,9	:	:
- жени	е	55,0	43,3	48,8	:	:
6. Млади лица (15-24) кои не се вработени и не се вклучени во образование или обука (NEET), во %	е	25,2	24,7	24,3	:	:
7. Лица кои рано го напуштаат образованието, во %	е	12,5	11,4	9,9	:	:
8. Стапка на активност во рано детско учење и згрижување и воспитување	е	:	:	:	:	:
9. GINI коефициент	е	35,2	33,7	33,6	:	:
10. Нерамномерна распределба на приходи S80/S20, %	е	7,2	6,6	6,6	:	:
11. Трошоци за социјална заштита како % од БДП	МФ	:	11.3	11,3	11,4	11,3
12. Трошоци за здравствена заштита како % од БДП	МФ	:	5,0	4,9	4,9	4,9
13. Стапка на сиромаштија пред социјалните трансфери и пензии, во %	е	41,7	40,5	41,6	:	:
14. Стапка на сиромаштија	е	22,1	21,5	21,9	:	:
15. Јаз на сиромаштија	е	:	:	:	:	:

* Податоците за 2017 и 2018 година се проекции

Табела 10. Матрица на потребните средства

Опис	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година
Мерка 1: Хармонизација на правната рамка на јавните набавки со законодавството на ЕУ (Acquis)				
А. Времетраење на мерката*		X	X	X
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	13.000	-5.000	5.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	40.000	50.000	55.000
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	27.000	55.000	50.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	50.000	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 2: Подобрување на Внатрешната финансиска контрола				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	0	0	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	0	0	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	333.000	333.000	333.000
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	333.000	333.000	333.000
Мерка 3: Зголемување на конкурентноста на пазарот на електрична енергија				

А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	0	-400.000	-600.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	0	400.000	600.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 4: Промоција на обновливи извори на енергија и унапредување на енергетската ефикасност				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	0	0	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	0	0	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	400.000	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 5: Олеснување на прекуграничното преминување помеѓу Македонија и Србија				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	0	0	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	0	0	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	380.000	2.000.000	1.500.000
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	380.000	0	0
Мерка 6: Подобрување на системите за наводнување				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	15.055.216	34.120.521	50.504.886	34.625.407
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)				
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	15.055.216	34.120.521	50.504.886	34.625.407
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	1.455.111	325.733	651.466	2.996.743
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	652.000	325.733	651.466	2.996.743
Мерка 7: Консолидација и дефрагментација на земјоделско земјиште				
А. Времетраење на мерката*				X
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	-330.000	-330.000	-340.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	330.000	330.000	340.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	598.500	780,594	780,595	500.000
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	500.000	780,594	780,595	500.000
Мерка 8: Земјоделски задруги				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	-47.000	-845.000	-1.060.000	-1.060.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	47.000	845.000	1.060.000	1.060.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	1.800.000	0	1.500.000
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	1.800.000	0	1.500.000

Мерка 9: Активности за поддршка на привлекувањето СДИ и инвестиции од домашните компании				
А. Времетраење на мерката*		x	x	x
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	- 20.000.000	- 20.000.000	- 20.000.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	20.000.000	20.000.000	20.000.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 10: Поддршка на инвестиции				
А. Времетраење на мерката*		x	x	x
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	- 5.000.000	- 5.000.000	- 5.000.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	5.000.000	5.000.000	5.000.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 11: Подобрување на конкурентноста на компаниите за нови пазари				
А. Времетраење на мерката*		x	x	x
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	- 5.000.000	- 5.000.000	- 5.000.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	5.000.000	5.000.000	5.000.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 12: Зголемување на конкурентноста во секторот туризам и угостителство				
А. Времетраење на мерката*	X	X	X	X
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	- 1.000.000	- 2.100.000	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)		0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	1.000.000	2.100.000	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	4.300.000	8.000.000	5.800.000	1.000.000
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	4.000.000	7.000.000	4.800.000	0
Мерка 13: Развој на национален портал за е-услуги				
А. Времетраење на мерката*	X		X	
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	-30.046	-493.351	0	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	30.046	493.351	0	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	270.416	296.667	100.000	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	270.416	196.667	0	0
Мерка 14: Подобрување на инфраструктурата и пристапот до финансии за истражување, развој и иновации				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	-1.667.000	-1.350.000	-1.283.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0			
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	1.667.000	1.350.000	1.283.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	40.000	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	40.000	0	0
Мерка 15: Олеснување на трговијата				

А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	0	-51.500	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	0	51.500	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 16: Понатамошен развој на системот на квалификации				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	-1.822.635	-1.617.632	-263.650	-288.750
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	1.822.635	1.617.632	263.650	288.750
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	2.043.000	3.000	310.000	310.000
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	2.043.000	3.000	310.000	310.000
Мерка 17: Надградување на активните мерки вклучени во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот				
А. Времетраење на мерката*		X	X	X
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	-16.000.000	-16.000.000	-16.000.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0			
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	16.000.000	16.000.000	16.000.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 18: Гаранција за млади				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	-1.595.000	-12.628.000	-12.628.000
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	1.595.000	12.628.000	12.628.000
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Мерка 19: Унапредување на паричните надоместоци во социјалната заштита[69]				
А. Времетраење на мерката*				
В. Директен нето ефект врз буџетот (доколку има) (во евра)	0	0	0	0
В.1 Директен ефект врз буџетските приходи (во евра)	0	0	0	0
В.2 Директен ефект врз буџетските расходи (во евра)	0	0	0	0
В.3 Евентуално небуџетско финансирање (во евра)	0	0	0	0
- В.3.1 Од кое средства од IPA вклучувајќи и средства од WBIF (во евра)	0	0	0	0
Вкупен нето буџетски ефект				
Вкупен ефект врз буџетските приходи	0	40.000	50.000	55.000
Вкупен ефект врз буџетските расходи	16.954.896	87.695.504	114.743.036	96.875.157

* Почеток и доколку е потребно, крај на имплементацијата обележано со ознака „X”

[69] Средствата за спроведување на планираните активности ќе бидат обезбедени во рамки на проект на Светска банка, но точните износи ќе бидат познати по спроведување на деталните анализи и подготовката на законското решение.

Табела 11: Известување за спроведувањето на структурните реформи од Програмата на економски реформи 2016-2018 и 2017-2019 година

	Мерка 1: Програма за реформи во управувањето со јавните финансии
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Усвојување на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии како активност беше предвидена во Програмата на економски реформи 2017-2019. Програмата содржи приоритети, мерки и активности за подобрување на повеќе сегменти од јавните финансии: зајакнување и имплементација на среднорочна буџетска рамка и буџетско планирање, воведување на интегриран информациски систем за управување со јавните финансии, подобрување на усогласеноста, ефикасноста и ефективноста на системот на јавни набавки, модернизирање на даночен систем и подобрување на даночната наплата, зголемување на квалитет на царински процедури и услуги, подобрување на јавна внатрешна финансиска контрола и ефикасноста на надворешната контрола.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Да, Програмата е усвоена од Владата на 19 декември 2017 година.
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Во 2017 година се финализираше нацрт програмата; Министерството за финансии како координатор и носител на дел од активностите организираше јавен настан за консултација со сите засегнати страни околу предложените мерки; Се подготви Секторски плански документ во кој се содржани мерки и активности од Програмата предложени да се финансираат во рамки на ЕУ ИПА 2 инструментот; Последователно на Секторскиот плански документ, во тек е подготовка на Акциски документ со конкретни проектни предлози за предложените мерки, кои се очекува да почнат да се спроведуваат од 2018 година па натаму, во зависност од секој поединечен проектен циклус
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Пресметаниот вкупен индикативен трошок за спроведување на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии изнесува околу 40 милиони евра, од кои приближно 8 милиони евра се национално кофинансирање, а останатото се предвидува да се обезбеди со донаторска поддршка. Индикативна вредност на Акцискиот документ со конкретни проектни предлози за предложените мерки изнесува околу 18 милиони евра.
	Мерка 2: Систем (ИТ платформа) за координација, менаџмент, мониторинг и евалуација на јавните фондови на регионално и локално ниво – СиРеРа (SiReRa)
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Воспоставувањето Систем (ИТ Платформа) со неколку компоненти (за човечки ресурси, проекти, програми и финансии) ќе обезбеди информации и поддршка на процесот на планирање и спроведување на активности за регионален и локален развој, со цел подобрување на социо – економските услови и квалитетот на живот. Системот ќе врши мониторинг на спроведување и алоцираните средства од Буџетот на РМ и разни донатори и ќе обезбеди податоци за донесување на идни стратешки одлуки. За 2016 и 2017 беше предвидено развој на документација во поглед на ИТ системот, воспоставување правна и организациска рамка за функционирање на системот, обезбедување средства за спроведување на активностите и започнување со имплементацијата.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Делумно.
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените	Активностите за 2016 се реализираа, односно се развија детални концепти за операциите за подсистемите од системот, односно за човечки ресурси (вклучително и обука), програми и проекти (вклучително и следење на буџетите и следење на развојот на планските региони).

активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Активностите за 2017 се делумно реализирани, односно потпишан е договор со донатор со кој се обезбедени 50% од средствата за реализација, додека 50% ги обезбедува Владата. Сепак поради изборниот процес во 2017 година, Договорот за спроведување на активностите и почетокот на имплементација се уште не се реализирани. Активностите започнаа во јануари 2018 година. Согласно Оценката на Програмата за економски реформи 2017-2019 година од страна на Европската комисија, мерката е оценето дека е посоодветно да се вклучи во областа реформа на јавна администрација и затоа не е дел од ПЕР 2018-2020.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Нема отстапување. Средства се предвидени во Буџетот на РМ за 2018 година во висина од 150.000 евра годишно во наредните три години.
	Мерка 3: Заедничка погранична железничка станица Македонија - Србија
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Во 2016 година - Започнување на ангажманот на Консултантот (IPF4/COWI) - Реализација на фаза 1 од Проектот, што опфаќа изработка на Извештај за проценети потреби на службениот персонал од Република Македонија и Република Србија, како и изработка на Концепт дизајн на заедничката гранична станица со пропратни содржини - Усвојување на документите од фаза 1 Во 2017 година - Започнување со фаза 2 од ангажманот на консултантите, што опфаќа изработка на Физибилити студија, урбанистички планови, Оценка на влијанието на животната средина, инвестиционо-техничка документација, тендерска документација за избор на изведувач и проектна задача за избор на консултанти кои ќе вршат стручен Надзор над градбата, подготовка на Апликација за инвестициски грант за инструментот на WBIF.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Предвидените активности за 2016 година се исполнија во целост, односно во октомври 2016 година Управниот Комитет за следење и управување на сите активности на Проектот во кој членуваат претставници на сите инволвирани институции од РМ и РС го одобри и прифати Извештајот за проценетите потреби на службениот персонал на РМ и РС и концепт дизајнот, со што заврши фазата 1 од ангажманот на Консултантите. До крајот на 2016 година и почетокот на 2017 година Консултантите работеа на потребата од зголемување на буџетот, односно во јануари 2017 година дополнителни средства беа лоцирани во Буџет и истите беа одобрен од страна на WBIF. Во февруари 2017 година се одржа првиот состанок за фазата 2 од ангажманот на консултантот. Консултантот започна со изработка на урбанистичко-планската документација и паралелно со ова ќе работат на изработката на Физибилити студијата и Еколошкиот Извештај. Реформата ќе продолжи и во 2018 година и понатаму.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето	/

и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	
	Мерка 4: Надградба и рехабилитација на Коридор X
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Преку е надградба и рехабилитација на транспортниот Коридор X целиот патен Коридор X ќе се комплетира на ниво на автопат, а заедно со рехабилитација на делници долж Коридор X капацитетот и севкупната ефикасност на патот Е-75 Север - Југ ќе се подобри. Исто така, се предвидува и доградба и модернизација на железничкиот Коридор X. Во 2016 година *- Рехабилитација на железничката станица Скопје* - Рехабилитација на мостовите долж Коридор 10 со грант од НАТО Во 2017 година - Изградба на патна делница Демир Капија – Смоквица во должина од 28,3 км - Рехабилитација и надградба на делницата Смоквица - Гевгелија во должина од 10,15 км. - Рехабилитација и надградба левата секција од автопатската делница Куманово–Миладиновци во должина од околу 22,5 км - Рехабилитација на делницата Неготино-Демир Капија - Обновување на железничката делница Неготино – Ногаевци во должина од 30 км - Модернизација на 10 железнички станици долж Коридор X.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Да/Делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Поради слабата финансиска кондиција на Изведувачот, реализацијата на градежните активности на ремонтот на делницата од Ногаевци до Неготино се одвиваат со многу забавено темпо. Активностите ќе продолжат и во 2018 година. Договорот за изведување на градежните работи склучен меѓу Македонски железници Инфраструктура и Изведувачот е продолжуван по пат на Анекси во шест наврати, односно Изведувачот треба заклучно со 31.12.2017 година да ги заврши градежните активности. Поради слабиот прогрес, повеќе од сигурно е дека рокот за изведба ќе се продолжи и во 2018 година. Паралелно со продолжување на рокот на завршување на градежните работи досега во четири наврата се продолжува и последниот датум на расположливост на заемот, односно заклучно со 31.12.2017 година ќе треба да се повлечат и реализираат сите средства од заемот. Поради слабиот прогрес на работите и потребата од продолжување на рокот за изведба на градежните активности за 2018 година, ќе треба повторно да се продолжи и последниот датум на расположливост на заемот.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Нема отстапување од предвидените трошоци.
	Мерка 5: Надградба и рехабилитација на Коридор VIII
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	2017 година - Изградба на автопатот А2, делница Кичево – Охрид (57 км)

	- Куманово-Бељаковце, согласно Договорот за градење склучен меѓу ЈП МЖИ и Изведувачот, градбата требаше да заврши во септември 2016 година. Меѓутоа поради бројни проблеми, проектот не е завршен во предвидениот рок, односно заклучно со септември 2016 година финансискиот прогрес е 18,99%. Единицата повеќе не е оперативна, што доведува до застој во работењето. - Бељаковце-Крива Паланка, изработката на основните проекти е во финална фаза. Распишан е тендер за избор на изведувач во мај 2016 година. До крајниот рок - 22.07.2016 година, 17 апликати поднесоа документација за предквалификација. Проценката на апликациите е во тек. На Самитот во Трст (12.07.2017 година), за оваа делница доделен е инвестициски грант во висина од 70.000.000 евра, со што кредитното задолжување од 145.000.000 евра ќе се намали за доделениот грант. Единицата повеќе не е оперативна, што доведува до застој во работењето. - Подготовка на основен проект со тендерска документација за изградба на железничката делница Крива Паланка- Деве Баир, граница со Република Бугарија: во декември 2017 година заврши ангажманот на консултантите кои ја изработија основната документација. - Подготовка на основен проект со тендерска документација за изградба на нова железничка делница од Кичево - Лин, граница со Албанија: во декември 2017 година заврши ангажманот на консултантите кои ја изработија основната документација.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	1. За делницата Куманово-Бељаковце: Делумно 2. За делницата Бељаковце- Крива Паланка: Делумно 3. За делницата од Крива Паланка- Дева Баир, граница со Република Бугарија : Да, активностите се во целост завршени во 2017 година.
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	1. За делницата Куманово-Бељаковце, поднесен е предлог текст на Анекс кон Договорот за градење со цел рокот на изведба да се продолжи до мај 2019 година. ЕБОР не го одобрува Анексот, од причина што со Анексот, покрај продолжување на рокот за изведба, Изведувачот побарува и дополнителни финансиски средства кои не се квантифицирани, односно Банката побарува да се прикажат финансиските импликации по Проектот. Во првата половина од 2017 година, Банката назначи свои консултанти кои направија проценка на постигнатиот прогрес од аспект на екологија и физичка реализација на Проектот. По добивање на Извештаите од овие две мисии, Банката ќе излезе со свои став по однос на каснењето со Проектот. Потребно е Единицата за имплементација на проектот, повторно да продолжи со работа. 2. За делницата Бељаковце-Крива Паланка, потребно е Единицата за имплементација на проектот, повторно да продолжи со работа, за да би можело проценката за апликациите за предквалификација да продолжи. Ангажманот на консултантот кои ги изработува основните проекти и треба да даде техничка помош во однос на изборот на изведувачот, до склучување на договор со изведувачот треба да се продолжи. 3. За делницата од Крива Паланка- Деве Баир, граница со Република Бугарија: активностите за подготовка на основен проект со тендерска документација се во целост завршени во 2017 година.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Нема отстапување од предвидените трошоци.
	Мерка 6. Изградба на интерконективен 400 kV далекувод од ТС Битола 2 до македонско албанска граница и ТС 400/110 kV Охрид.
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Македонија – Албанија Интерконекција фаза 1 Овој проект во себе содржи повеќе делови и тоа: ГРАНТ

	Проектирање: Македонија – Албанија интерконекција фаза 1 – главен проект за 400 kV далекувод Битола-Охрид и 400/110kV трафостаница во Охрид Додека средствата од заемот се наменети за: 1. Изградба на 400 kV далекувод ТС Битола 2- МК-АЛ граница 2. Изградба на нова 400/110 kV ТС во близина на Охрид 3. Ново 400 kV поле во ТС Битола 2 4. Унапредување на Смарт Грид – Паметна мрежа во АД МЕПСО Средствата се обезбедени од: Заем од ЕБОР за реализација на проекти од важност за АД МЕПСО 37 милиони евра Грант 12 милиони евра, потпишан на 22.02.2016 година, а добиен од IPA II и Луксембург Главна активност претставува изработката на Македонија – Албанија интерконекција фаза 1 – главен проект за 400 kV далекувод Битола-Охрид и 400/110kV трафостаница во Охрид -ГРАНТ
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Подготвена тендерска документација за одреден број на подпроекти. Објавени тендери и за дел од нив евалуационите процеси се во тек. -започнатите активности се спроведуваат во период од 18 месеци. -подолготрајни тендерски процедури со осврт на евалуациите. -Да, реформите ќе продолжат и во 2018 година
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	/
	Мерка 7: Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Самиот проект е финансиран со заем од ЕБОР, Договорот за Заем е потпишан на 18.12.2013 година. Со самото тоа се овозможени непречени услови за изведување на дадените проекти. Структурата на заемот и на изворите на финансирање се наведени во табелата подолу. Извори на финансирање — Евра Сопствени средства АД МЕПСО — 15,500,000 ЗАЕМ

	ЕБОР 25,000,000 Вкупно финансирање 40,500,000 Овој тип на Заем кој АД МЕПСО го има земено од ЕБОР е без државна гаранција со што се потврдува капацитетот на компанијата да испорача навремено плаќање на пристигнатите обврски. Средствата од Заемот се наменети за реализација на следните активности: 1. Набавка на високонапонска опрема за трафостаниците 2. Далечинско следење, видео надзор и управување со трафостаници 3. Телекомуникациска опрема за затворање на оптичката мрежа во преносната мрежа и подготовка на модел за максимално искористување 4. Замена на 110 kV далекуводи 5. Консултантски услуги за Единицата за имплементација на проектот. Овие проекти се изведуваат согледувајќи ја: • потребата за подобрување на стабилноста и сигурноста на електроенергетскиот систем, зголемување на ефикасноста на компанијата • постојната состојба на старата опрема во трафостаниците и проблемите кои постојат при манипулација со истата • техничката неможност за далечинска манипулација на постојната опрема преку SCADA системите • тешкотиите и ризиците при експлоатација, поради застареност на опремата • неможноста за редовно одржување, поради немање на резервни делови кои не се произведуваат години наназад • подобрување на состојбата со животната средина • заштеди во трошоците за одржување на опремата • зголемување на факторот на безбедност во снабдувањето со електрична енергија на системот за пренос во сите трафостаници каде што се предвидува инсталирање на нова опрема • подобрување на доверливоста на напојувањето со електрична енергија и тоа за регионите кои се наведени о кои се покриваат со овие далекуводи
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	-Подготвена тендерска документација за одреден број на подпроекти. Објавени тендери и за дел од нив евалуационите процеси се во тек. -започнатите активности се спроведуваат во период од 18 месеци. -подолготрајни тендерски процедури со осврт на евалуациите. -Да, реформите ќе продолжат и во 2018 година
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето	/

и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	
	Мерка 8: Подобрување на системите за наводнување
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Со цел да се обезбедат континуирани и долгорочни инвестиции во инфраструктурата за наводнување и одводнување, изготвен е десетгодишен плански документ „Инвестициски план за водостопанска инфраструктура за периодот 2015-2025 година“. Овој план вклучува: Рехабилитација и реконструкција на постојната инфраструктура за наводнување и одводнување, со цел постигнување одржливост во користењето на водите; Надградба и проширување на постојните хидросистеми, со цел зголемување на наводнуваната површина во земјата; и Изградба на нови големи објекти во македонскиот хидросистем. 1. Завршување на изградбата на пат до локацијата каде што ќе се гради браната Оризарска и добивање дозвола за градба. 2. Градежни работи за изградба на брана Конско 3. Добивање градежна дозвола за изградба на систем за наводнување Равен Речица 4. Завршна техничка и планска документација за изградба на брана на Слупчанска река и аплицирање за дозвола за градба 5. Завршување на тендерската документација за II фаза - наводнување и III фаза - хидроцентрали на хидросистемот Злетовица 6. Започнување на градежни работи на системот за наводнување Јужно Вардарска долина - II фаза 7. Подготовка на тендерско досие за изградба на 8-10 мали системи за наводнување под 300 ха (ИПА).
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	1. Делумно 2. Да 3. Делумно 4. Да 5. Да 6. Делумно 7. Да
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	**Изградба на брана Конско** Согласно условите на договорот завршено е со подготвителни работи на градилиштето и во тек се градежни работи. **Изградба на брана на река Оризарска** Работите за изградба на пристапниот пат се во завршна фаза. Работите за изградба на браната не се започнати, бидејќи во тек е постапка за добивање на одобрението за градење. **Изградба на ХС Равен - Речица** Склучени се договори за изведба и надзор над изведбата. Работите за изведба не се започнати од причина што сеуште не е обезбедено Одобрение за градење. **Изградба на брана на река Слупчанска** Изработен е Идеен проект и усвоено техничко решение за оптимален тип на браната и на придружните објекти. Согласно динамиката, предвидено е реализацијата на овие два договори (проектирање и ревизија) да заврши во 2017 година. **Хидросистем Злетовица** До крајот на 2017 година треба да се заврши со изработката на техничката документација за Фаза II - наводнување и Фаза III - енергетика **Хидросистем Лисиче** Редовни активности за стопанисување со хидросистемот

	Наводнување на Јужно Вардарска долина Во тек е постапка за избор на изведувач на системот за наводнување Јужно Вардарска долина втора фаза **Изградба на мали системи за наводнување до 300 ха финансиран преку ИПА** Склучен е договор за изработка на тендерска документација за изградба на 6-8 мали системи за наводнување **Реализацијата на сите наведени проекти ќе продолжи и во 2018 година**
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Вкупните буџетски трошоци за овие проекти во 2017 година се 1.211.911 евра (до октомври 2017 година), очекуваното плаќање до крајот на 2017 година изнесува 11.307.197 евра. Вкупните проценети трошоци за овие проекти во 2017 година беа 12.050.330 евра.
	Мерка 9: Консолидација и дефрагментација на земјоделското земјиште
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	1. Продолжување со проектните активности (2 пилот проекти за консолидација на земјиште) со проектот поддржан од ФАО "Поддршка за спроведување на национална програма за консолидација на земјиште". 2. Потпишување на проектот "Воведување на националната програма за консолидација на земјиштето" (MAINLAND). 3. Подигнување на свеста за постапките за консолидација и идентификација на нови консолидациони региони; Иницијатива на процес на градење на капацитетите на МЗШВ и другите засегнати страни за успешна имплементација на проектите за консолидација на земјоделското земјиште; Иницијатива на процес на развој на алатки и процедури за спроведување на проектите за консолидација; Воспоставување систем за мониторинг и евалуација.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	1. 2016 -да, 2017 -не 2. да 3. делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	- Иницијатива на процес на градење на капацитетите на МЗШВ и другите засегнати страни за успешна имплементација на проектите за консолидација на земјоделското земјиште; Иницијатива на процес на развој на алатки и процедури за спроведување на проектите за консолидација; Подобрување на законската рамка и законот за консолидација на земјоделското земјиште. - Активностите беа спроведени до крајот на 2017 - Задоцнување со постапката на Измената на Законот за консолидација на земјоделското земјиште. - Реформата ќе продолжи и во 2018 година
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните	/

трошоци)	
	Мерка 10: Земјоделски задруги
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	1. Поттикнување на процесот на пазарно-ориентирано здружување на земјоделците во земјоделски задруги; 2. Обезбедување на континуирана финансиска поддршка за задруги (континуирано спроведување на мерките од претходниот период) и 3. Поддршка наменета за инвестиции во преработка, финализирање и пласман на земјоделски производи.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	1. Не 2. Делумно 3. Не
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	2. Објавен Јавен повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година по мерката „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност“ и подмерката „Основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на земјоделски задруги“ Повиците се објавуваат квартално, согласно договорот постигнат со Македонска асоцијација на земјоделски задруги и тоа: • за прв квартал најдоцна до 15 април 2017 година; • за втор квартал најдоцна до 15 јули 2017 година; • за трет квартал најдоцна до 15 октомври 2017 година и • четврт квартал најдоцна до 31 декември 2017 година. - Мерката ќе продолжи и во 2018 година
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Буџетот за мерка 131 "Економско здружение на земјоделски стопанства за заеднички земјоделски активности" за 2017 година е планиран на 975.000 евра и по исплатата на обврските од буџетот од претходната година останаа 47.000 евра.
	Мерка 11: Зголемување на конкурентноста во секторот туризам и угостителство.
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Активностите планирани за 2016 и 2017 година беа насочени кон подобрување на пристапот до странски пазари, за што беа спроведени активности со ентитети во Охрид. Активностите беа насочени и кон управување со дестинации во туризмот, при што како дел од пазарот беше опфатено параглајдерството. Исто така, за подобрување на туристичката услуга беа спроведени активности за унапредување на работата на туристичките водичи во рамки на туристичките агенции.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Да
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Во периодот 2016-2017 година, следните интервенции се спроведени: – Учење на најдобрите пракси за студенти од областа туризам и угостителство во Македонија – Подобрување на стандардите за работа на туристичките водичи – Подобрување на искуството на параглајдерите во Крушево – Обука за професионалци во областа туризам преку споделување на искуство и размена на знаење – Мерки за енергетска ефикасност на хотели – Мастер обука за менаџмент на приходи и расходи, дистрибуција и техники за продажба за менаџментот и квалитет на услуги ориентирани кон клиенти и комуникација со клиенти.

	– Организација на првата регионална конференција за активен туризам – Поддршка и развој на Модел за успешен туризам за зимски спортови во Маврово. – Споделување знаење и вештини за подобрување на туризмот на планина во Маврово Интервенции за поддршка ќе продолжат и во 2018 година, во зависност од потребите на пазарот.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Трошоци од Буџетот на РМ нема и не се предвидени. Активностите се планирани и се спроведуваат со средства од донатор во висина од 6,25 милиони швајцарски франци за цело времетраење на проектот (од 1 април 2015 до 30 март 2019 година).
	Мерка 12: Зголемување на конкурентноста во секторот на креативни индустрии
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Активностите за 2016 и 2017 година опфаќаат поддршка на пристапот до пазарот за дизајнери, дизајнирање со социјално влијание, зголемување на извозот на ИТ компаниите и услуги за поддршка за ИТ компании.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Во периодот 2016-2017 година, следните интервенции се спроведени/ поддржани: – Менторство за подобар успех на компании во сопственост на жени – Обезбедување консултантска помош за жени претприемачи – Мерки за поддршка за вработување на млади – Поддршка на дизајн на креативни решенија во областа на економијата, културата и социјалните иновации – „Хоби кое ќе се претвори во Професија“- поддршка на можностите за вработување на млади и жени. Мерката ќе продолжи да се спроведува, со одложување до ангажирање соодветен локален имплементатор, поради што истата не е предложена како мерка во ЕРП 2018-2020.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Трошоци од Буџетот на РМ нема и не се предвидени. Активностите се планирани и се спроведуваат со средства од донатор во висина од 6,25 милиони швајцарски франци за цело времетраење на проектот (од 1 април 2015 до 30 март 2019 година).
	Мерка 13: Развој на национален портал за е-услуги
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Овој проект се реализира преку склучен договор за услуги кој е финансиран во рамки на ИПА 2012 и содржи две компоненти и повеќе мерки и активности, меѓу кои и: **Компонента 1:** Помош на МИОА во спроведувањето на е-Владини политики ***Операција 1.1.*** Подобрување на правната рамка за електронско управување ***Операција 1.2.*** Имплементација на е-услуги (Решение за регистар на население и национален портал за е-услуги) Активност: Развој на решение за регистар на население

	Активност: Развој на национален портал за е-услуги кој го користи системот за интероперабилност кој ќе функционира како:1/Регистар на е-услуги, 2/Систем за развој и управување со е-услуги и 3/Систем за автентикација и управување со корисници. Воедно ќе се изврши интеграција на постојните е-услуги и системот ќе нуди опција за е-плаќање. Активност: Зголемена употреба на е-услуги од страна на крајните корисници Активност: План за комуникација и промоција на регистарот на население Активност: Зајакнување на капацитетите на интернет клубовите како центри за поддршка за користење на електронски административни услуги ***Операција 1.3.*** Подобрување на мерењето на квалитетот на услугите Активност: Надградба на едношалтерскиот механизам во однос на техничкиот, организацискиот и правниот аспект Активност: Развој на интегриран позадински систем за „оцени ја администрација“ Активност: Зајакнување на капацитетите за обезбедување на административни услуги Активност: Подобрување на процесот за донесување на административни услуги **Компонента 2:** Зајакнување на капацитетите на МИОА за координација на хоризонталните политики ***Операција 2.1.*** Подобрување на координацијата на хоризонталните политики во однос на РЈА ***Операција 2.2.*** Подобрување на координацијата на хоризонталните политики во однос на развој на информатичко општество
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Делумно
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Активноста која се однесува на националниот портал за е-услуги започна со селектирање и анализа на релевантната ЕУ регулатива (Директивата 95/46 и Регулативата 2016/679 и Директивата 2003/98) како и релевантните документи (Акцискиот план 2016-2020 за еВлада, ажурираната Европска рамка за интероперабилност и извештајот за еВлада 2016) Започната е анализата на Законот за електронско управување и неговите подзаконски акти и првите нацрт упатства за негова ревизија и упатства за исполнување на ЕУ барањата во однос на електронска идентификација. Воедно, се преземаа чекори за дизајнирање и воспоставување на функционалната архитектура на решението. Ова вклучува декомпозиција на општите компоненти и дефинирањето на нивните функционалности како интегрален дел од Националниот е-Портал. Спроведувањето на сите активности се во согласност со планот за работа кој беше дефиниран во почетната фаза на проектот. Активностите ќе продолжат и во 2018 година (Јули).
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	Спроведувањето на сите активности се во согласност со планот за работа кој беше дефиниран во почетната фаза на проектот (Јули 2018).
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Нема отстапување (проектот е финансиран во рамки на ИПА).
	Мерка 14: Усвојување на Национална стратегија за МСП (2017-2022) со Акциски план (2018-2020)
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Во 2017 година беше предвидено усвојување на Национална стратегија за МСП (2017-2023), насочена кон поддршка на развојот на МСП и претприемништвото со цел зголемување на продуктивноста и иновативноста на МСП и подобрување на нивната конкурентност на националниот и меѓународните пазари.
Дали активностите планирани за 2016	Не

и 2017 година се спроведени?	
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Националната стратегија за МСП е изготвена од страна на експерти од Меѓународната организација на трудот во соработка со Министерството за економија и останатите надлежни институции. Усвојувањето на стратегијата беше предвидено за првата половина од 2017 година, но истото беше одложено заради изборниот процес во државата. Во јануари 2018 година Стратегијата ќе се достави до Владата за усвојување.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Изработката на Стратегијата беше финансирана од Меѓународната организација на трудот. Нема отстапување од планираните трошоци.
	Мерка 15: Подобрување на инфраструктурата и пристапот до финансии за истражување, развој и иновации
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Мерката предвидува развој и пилотирање на следните нови инструменти за поддршка: Инструмент III – „Кофинансирани грантови за екстензија на технологии“ Инструмент IV – „Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори“ Инструмент V –Техничка помош за поддршка на иновативна дејност Инструмент VI - Примена на иновативни решенија во јавен сектор и одржување на тематски предизвици
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	3. Делумно 4. Делумно 5. Делумно 6. Н/П
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Изработени се два подзаконски акти: - Правилник за инструментот за поддршка Кофинансирани грантови за екстензија на технологии - Правилник за инструментот за поддршка Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори. Бидејќи средствата за финансирање на имплементацијата на овие два инструмента се обезбедени преку заем од Светска банка, правилниците беа изготвувани во соработка со експерти на Светска банка. Се очекува двата правилника да бидат усвоени во првиот квартал на 2018 година. Објавувањето на повик и процедурата за доделување финансиски средства под двата нови инструмента за поддршка, односно пилотирањето на двата нови инструмента за поддршка би се спровело во 2018 година. Во однос на воведување на инструментот за поддршка –Техничка помош за поддршка на иновативна дејност, под Механизмот за поддршка на европските интеграции, одобрен за финансирање е проект за анализа на потребите и изработка на подзаконски акти за воведување на овој инструмент. Изработена е техничка спецификација за набавка на услуги за спроведување на проектот. Во декември 2017 година е направен избор на добавувач на услуги и спроведувањето на проектот ќе почне во јануари 2018. Во декември 2017 година беше пилотиран Инструментот IV - Примена на иновативни решенија во јавен сектор и одржување на

	тематски предизвици преку објавување на „О2 – предизвик за намалување на загадувањето на воздухот во урбаните средини во Република Македонија“ и „Предизвик за млади истражувачки и истражувачи“.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	Предложената мерка ќе продолжи да се спроведува во 2018 година.
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Во 2017 година спроведувањето на горенаведените активности поврзани со предложената мерка се финансираше преку буџетот за оперативно работење на Фондот. Со оглед на тоа што финансиска помош под новите инструменти за поддршка сеуште не е доделена, односно инструментите сеуште не се пилотирани, не се направени трошоци посебно наменети за оваа мерка
	Мерка 16: Троен хеликс партнерство
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	1. Предлог за измени и дополнување на Законот за иновациска дејност а со цел обезбедување правна рамка за НКТТ, како и за вклучување на Фондот за иновации и технолошки развој како еден од основачите на НКТТ. 2. Операционализација на НКТТ (екипирање тим, опремување на НКТТ, организирање обуки за вработените, воспоставување на процесите и развој на стратегија за заштита на интелектуална сопственост, развој на маркетинг стратегија, развој на стратегија за финансирање и стратегија за обезбедување извори на финансирање, воспоставување систем за финансиско известување и контрола.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	1. Да 2. Не
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	- Изготвување на предлог измени на Законот за иновациска дејност и нивно доставување до Влада на Република Македонија за усвојување. Предлог измените се усвоени на Владата и доставени во собраниска процедура за усвојување. Во октомври 2016 предлог измените на Законот за иновациска дејност се усвоени од Собранието на Република Македонија. - одржувањето на основачко собрание за формирање на НКТТ и распишување на конкурс за избор на директор се одложени поради парламентарните избори во Република Македонија. - Мерката ќе продолжи да се имплементира, но истата не е дел од ПЕР 2018-2020 бидејќи има застој во активностите, но се очекува да продолжи во 2019 година.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	/
	Мерка 17: Надградба на објектите за царинење на патните гранични премини Табановце (ИПА 2012) и Ќафасан (ИПА 2013)
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	2017 година: 1. Продолжување со изградбата на ГП Табановце. Планираниот период за работа е 12 месеци. На крајот на 2017 година завршија градежните работи на ГП Табановце. 2. ГП Ќафасан - тендерската постапка е успешно завршена во третиот квартал на 2017 година. Проектот започна да се спроведува во

	четвртиот квартал од 2017 година.
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	2017 година: 1. Да 2. Да
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	2018 година: 1. Административни постапки (примопредавање и употребна дозвола). 2. Продолжување со градежните работи. Во четвртиот квартал од 2018 се планира да се заврши надградбата, градежните работи и надградените објекти на ГП Ќафасан и истите да бидат функционални во 2019 година. Мерката ќе продолжи во 2018 година.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Активност 1 - Нема отстапувања. Активност 2 - Во 2017 година нема реални трошоци.
	Мерка 18: Понатамошен развој на системот на квалификации
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	**2016** 1. Да се анализираат и редефинираат постоечките квалификации и да се развијат нови квалификации според потребите на пазарот на труд 2. Воспоставување на Секторски комисии за квалификации 3. Хармонизација на пазарот на труд со техничкото стручно образование преку развој на наставни програми базирани на стандардите на занимања и промоција на соработката помеѓу училиштата и индустријата преку грантови за училиштата 4. Реформирање на наставната програма, практичната работа, соработката на учениците и наставниците во двегодишното и тригодишното стручно образование и обука, развој на нови стандарди на занимања и стандарди на квалификации. 5. Зајакнување на соработката помеѓу институциите за високо образование и приватниот сектор, и стручните училишта и приватниот сектор за обезбедување на квалитетна практична работа на студентите и учениците во компаниите **2017** 1. Развој на квалификации за два приоритетни сектори 2. Развој на нови стандарди на занимања – 60 стандарди според анализите на потребите на пазарот на труд 3. Развој на специјални програми за образованието на возрасни и редизајнирање на старите квалификации
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	**2016** **2017** 1. **Да**/Не/Делумно 1. **Да**/Не/Делумно 2. Да/Не/**Делумно** 2. **Да**/Не/Делумно 3. Да/Не/**Делумно** 3. **Да**/Не/Делумно **4.** Да/Не/**Делумно**

	5. Да/Не/**Делумно**
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	**2016** 1. Анализа и редефинирање на постоечките квалификации и развој на нови квалификации според потребите на пазарот на труд (средина на јуни 2016) - Анализа на анкетата и проценката на пазарот на труд подготвена за процесот на реформирање на наставната програма за СОО и образованието за возрасни 2. Воспоставување на секторски комисии за квалификации (продолжува во 2018 година) - Одредени се критериуми за избор на членовите на секторските комисии Оваа активност не е целосно реализирана заради процесот на парламентарните избори во нашата земја. Но сепак таргетирани се лица од определени институции кои директно се инволвирани во сите активности за НРК и го познаваат процесот на НРК. 3. Хармонизација на пазарот на труд и техничкото стручно образование преку развој на наставни програми базирани на стандарди на занимања и промоција на соработката помеѓу училиштата и индустријата преку грантови за училиштата (продолжува во 2017 година). - Изготвена анализа за потребите на пазарот на труд - Изготвен модел за техничко стручно образование - Изготвена Концепција за модернизација на техничкото образование - Направен е избор на 10 пилот училишта и компании кои ќе соработуваат - Продлабочување на соработката помеѓу училиштата и компаниите со воспоставување на реалните компании и практичната обука во компанија (учење засновано за работа) - Обуки и курсеви за ученици и наставници (подобрување на квалификациите на наставниците) - Почеток на дизајнирање на стандарди на квалификации и наставни програми/модули. 4. Реформирање на наставната програма, практичната работа, соработката помеѓу учениците и наставниците во двегодишното и тригодишното стручно образование и обука, развој на нови стандарди за занимања и стандарди за квалификации (продолжува во 2017 година) - Завршена е теренската анализа на потребни вештини и квалификации „ Анализа на анкетата и проценката на пазарот на труд подготвена за процесот на реформирање на наставната програма за СОО и образованието за возрасни” - Дефинирани приоритетни сектори за развој на квалификации врз основа на анализата - Подготвени се документите (Методологија за осигурување на перманентна хармонизација и усогласување на стручното образование и обука со пазарот на труд, методологија за развој на посебни програми за возрасни базирано на потребите на пазарот на труд и водич за развојот и запишување на резултатите од учењето и нивна проценка). - Развиени се 60 стандарди за занимања - Почеток на развој на стандарди за квалификации и наставни програми согласно направената анализа 5. Зајакнување на соработката помеѓу институциите за високо образование и приватниот сектор, и стручните училишта и приватниот сектор за обезбедување на квалитетна практична работа на студентите и учениците во компаниите (продолжува во 2017 година). - Развиена методологија за евалуација на студиски програми во поглед на барањата на пазарот на труд и директна вклученост на работодавачите - Развиени 7 кариерни центри на универзитетите како врска помеѓу студентите и работодавачите каде би се изведувала практичната настава - Воспоставена соработка помеѓу стручното училиште и компанијата каде учениците одат на практична обука во компании и

	директно се запознаваат со целиот работен процес. - Верификација на работодавачите за спроведување на практична обука се изведува согласно Законот за стручно образование и обука - Обучени 379 и 358 сертифицирани ментори во компании кои ќе ги водат учениците низ процесот на учење во компанијата **2017** 1. Развој на квалификации за два приоритетни сектори (продолжува во 2018) Иако беа планирани два сектора, во рамките на овие активности се опфатени **повеќе сектори** и дизајнирани се вкупно 79 квалификации во формалното образование и 5 стандарди на квалификации во неформалното образование. - Изготвени се нацрт - документи во насока на квалитетен квалификациски систем 1. Правилник за работа на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации; 2. Прирачник за формата, содржината и работа на Регистарот за Националната рамка на квалификации; 3. Прирачник за работа на одделението на НРК; 4. Протокол за соработка помеѓу Секторските комисии за квалификации; 5. Протокол за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните во изготвување на стандардите за квалификации; 6. Протокол за соработка на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и Одборот за акредитација и евалуација на високото образование; 7. Протокол за соработка на сите заинтересирани страни во процесот на НРК; 8. Прирачник за прилагодување на постоечките квалификации кон барањата на НРК и ЕРК; 9. Прирачник за осигурување на квалитет при развивањето на нови стручни квалификации во Македонскиот систем на квалификации; 10. Процедура за осигурување квалитет: Евалуација на ново развиена квалификација; 11. Прирачник за развивање на нови квалификации - Започнат е процес на модуларен пристап на стекнување на квалификации и постигнување на резултатите од учењето кој овозможува олеснување на проодноста и мобилноста во стручното образование и обука. - Развиени 76 образовни квалификации (стандард на квалификација и наставни планови програми) (47 стандарди на квалификации во стручното образование и обука со траење од три години од кои 13 стандарди на квалификации се редизајнирани, а 34 се нови и 29 во стручното оспособување со траење до две години) и редизајнирани се наставните планови и програми (40 % општообразовни предмети, 20% стручни предмети и 40 % практична настава од кои 30 % кај работодавач) - Развиени се 3 стандарди на занимање и редизајнирани се 3 наставни планови и програми во стручното образование и обука со траење од четири години врз модуларен пристап и акцент на практичната настава (4 часа неделно во III година и 6 часа неделно во IV година) во формалното образование. (Оваа учебна година учениците ќе изучуваа 3 редефинирани квалификации – хотелско –туристички техничар, градежен техничар и електротехничар за компјутерска техника или автоматика.) - На барање на Занаетчиската комора и Секцијата на фризери редизајниран постоечкиот стандард на квалификација – мајстор фризер и еден модул од наставната програма што го покрива образовниот дел (постсреднио образование) - Развиени 4 нови квалификации на барање на работодавачите од Секторот туризам и угостителство и Секторот електротехника, потсектор ИТ (бариста, продавач на авио-билети, софтвер тестер –почетник и софтвер тестер-советник) - Развиени се 6 стандарди на квалификации за постсредното специјалистичко образование (Контролор за технички преглед на

	возила, Специјалист за шумарски работи, Винар специјалист, Специјалист за електрични мерни инструменти и мерни уреди, - Готвач специјалист и Инструктор за возење) врз основа на кои ќе се развијат наставни планови и програми. - Можност за вертикално напредување (од пониско во повисоко ниво на образование) со претходно задоволување на одредени услови - полагање на пет диференцијални испити. Учениците кои завршиле 3-годишно стручно образование имаат право, со полагање на овие испити, да го продолжат своето образование во четиригодишното стручно образование, а понатаму да полагаат државна матура, или завршен испит, што им овозможува проодност до високото образование. - Зајакната соработка со бизнис секторот преку учество на работодавачите во изготвување на стандарди на занимања, стандарди на квалификации и во наставните програми како членови во работни групи. - Реализација на практична обука кај работодавачи верификувани за спроведување на практична обука на учениците. Изготвена е интегрирана анализа за состојбите на учење засновано на работа и во подготовка е Концепт за учење засновано на работа. - (Пред изведување на практичната обука кај работодавачите се потпишува договор помеѓу ученикот, односно родителот/старател, установата за стручно образование и обука и работодавачот). - Продолжуваат обуките за ментори кои ќе ги водат учениците низ процесот на учење во компанијата. - Обуки за наставниците за изведување на настава преку постигнување на резултатите од учењето и модуларен пристап. 2. Развој на нови стандарди на занимања - 60 стандарди според анализите на потребите на пазарот на труд (продолжува во 2018). Стандардите на занимања се основа за изготвување на целосни или делумни квалификации според потребите на пазарот на труд. - развиени се 90 нови стандарди за занимања (а во постапка на одобрување се уште 35 нови стандарди на занимања) 3. Развој на специјални програми за образованието на возрасни и редизајнирање на старите квалификации (продолжува во 2018) - развиени 34 посебни програми за образованието на возрасни како можност за стекнување на квалификација, преквалификација и доквалификација согласно потребите на пазарот на труд, низ системот на доживотно учење за побрза вработливост на лицата.
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Нема отстапување од реалните трошоци
	Мерка 19: Профилирање на невработените лица и изготвување на Индивидуален план за вработување 2
Краток опис на активностите планирани за 2016 и 2017 година	Мерката се применува за евидентираните невработени лица кои се пријавени во АВРМ како активни баратели на работа. Откако невработените лица се евидентираат во регистарот на невработени, се упатуваат на нивното прво интервју со стручно лице од АВРМ. На првото интервју, лицето од АВРМ ги собира сите лични информации за поединецот и со помош на контролниот список за вработливост, го класифицира во еден од трите профили (прави профилирање на невработеното лице) како директно вработлив, умерени пречки, значителни пречки. Ако невработеното лице се класифицира како директно вработлив или со умерени пречки при вработување, советодавната сесија продолжува со развивање на Индивидуален план за вработување, согласно постоечката пракса во локалните центри за вработување на АВРМ (ИПВ верзија 1). Ако се утврди дека невработеното лице се соочува со значителни пречки при вработувањето, првата сесија завршува со заведување на информациите за поединецот и закажување на втор (подолг) состанок за формулирање на индивидуална

	стратегија за вработување (ИПВ верзија 2).
Дали активностите планирани за 2016 и 2017 година се спроведени?	Да
Ако да/делумно, вклучете: - Опис на преземените чекори - Временска рамка на спроведените активности - Потешкотии и одлагања на спроведувањето - Дали реформата ќе продолжи и во 2018 година	Во 2016 година особено се развиваше процесот на профилирање на невработените лица. Заклучно со 31 декември 2016 година, направено е профилирање на 7.665 лица (од кои 3449 жени), а од нив на 3.094 (40,36%) млади до 29 години. Со цел, постојано да се развива и подобрува оваа услуга со невработените лица, за вработените од центрите за вработување беа организирани дополнителни обуки во рамките на ЕУ Твининг проектот "Поддршка на Агенцијата за вработување за имплементација на активни мерки и услуги на пазарот на трудот". Исто така, во организација на АВРМ беа реализирани обуки низ работилници на тема: "Профилирање и Индивидуален план за вработување на тешко вработливи лица (ИПВ2)". Овие обуки беа реализирани преку 6 работилници (6 групи на центри за вработување) во кои учествуваа вкупно 87 вработени од сите центри за вработување. Обуките беа реализирани во периодот септември-октомври 2016 година. Почнувајќи од 2016 година, оваа мерка претставува редовна активност на центрите за вработување
Ако реформата не продолжи да се спроведува во 2018 година, објаснете зошто	/
Реалниот трошок на спроведувањето и влијанието врз годишниот буџет (наведете доколку има отстапување од предвидените/планираните трошоци)	Трошокот за профилирање и изработка на индивидуален план за вработување 2 изнесува 336,00 денари по лице. Нема отстапување од предвидените трошоци.

Анекс 4. Придонес од консултациите со заинтересираните страни за ПЕР 2018-2020

Програмата на економски реформи за 2018 година преставува заеднички резултат на повеќе институции, а целокупната подготовка се координира од страна на Министерството за финансии.

Содржина на Програмата на економски реформи	Институција	Номинација
1. Општа рамка и цели на политиката	Министерство за финансии	Андрија Алексоски Весна Цветанова Бојана Илиевска
1.1. Реализирани активности согласно заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог помеѓу ЕУ, Западен Балкан и Турција од 23 мај 2017 г	Сите вклучени институции	
2. Макроекономска рамка		
2.1. Последни макроекономски движења	Министерство за финансии Народна Банка на Република Македонија	Неџати Куртиши Анета Крстевска Наташа Андреева
2.2. Среднорочно макроекономско сценарио	Министерство за финансии Народна Банка на Република Македонија	Неџати Куртиши Анета Крстевска Виолета С. Петреска Анета Крстевска
2.3. Алтернативно сценарио и ризици	Министерство за финансии Народна Банка на Република Македонија	Неџати Куртиши Анета Крстевска
3. Фискална рамка		
3.1. Фискална стратегија и среднорочни цели	Министерство за финансии	Маја Аргировска Верица Проковиќ
3.2. Реализација на Буџетот во 2017 година	Министерство за финансии	Билјана Миноска Мара Срезовска Лилјана Ѓуровска
3.3. Среднорочни очекувања	Министерство за финансии	Маја Аргировска Верица Проковиќ
3.4. Структурен дефицит	Министерство за финансии	Неџати Куртиши
3.5. Управување со јавен долг, состојба и проекции на движењето на јавниот долг	Министерство за финансии	Сања М. Манчева Дејан Николовски
3.6. Сензитивна анализа	Министерство за финансии	Неџати Куртиши Сања М. Манчева Дејан Николовски
3.7. Фискално управување и буџетски рамки	Министерство за финансии	Маја Аргировска Верица Проковиќ
3.8. Одржливост на јавните финансии	Министерство за финансии	Неџати Куртиши
4. Приоритетни структурни реформи за периодот 2018-2020 година		
4.1. Идентификација на клучните пречки за раст и конкурентност	Министерство за финансии	Андрија Алексоски Весна Цветанова Бојана Илиевска
4.2. Резиме на приоритетните реформи	Министерство за финансии	Андрија Алексоски Весна Цветанова Бојана Илиевска
4.3. Приоритетни структурни реформи по области		
4.3.1. Управување со јавните финансии	Министерство за финансии Биро за јавни набавки	Трајко Спасовски Фросина Дониновска Сусинов

4.3.2. Реформи на енергетскиот и транспортниот пазар	Кабинет на ЗПВРМ за економски прашања Министерство за економија Министерство за транспорт и врски	Наташа Велјановска Милица Карафилоска Андонов Горан Темовски Билјана Здравева Јасминка Киркова
4.3.3. Секторски развој		
4.3.3.1. Развој на земјоделскиот сектор	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	Маја Лазареска Кирил Георгиевски Александар Митревски Лиле Симоновска
4.3.3.2. Развој на секторот индустрија	Министерство за финансии Кабинет на ЗПВРМ за економски прашања	Ѓоко Ѓорѓески Дане Јосифовски
4.3.3.3 Развој на секторот услуги	Кабинет на ЗПВРМ за економски прашања	Маја Бариќ
4.3.4. Деловно окружување и намалување на неформалната економија	Министерство за финансии Министерство за информатичко општество и администрација	Андрија Алексоски Весна Цветанова Бојана Илиевска Розалинда Стојова
4.3.5. Истражување, развој и иновации, дигитална економија	Фонд за иновации и технолошки развој	Катарина Кречева
4.3.6. Реформи поврзани со трговијата	Министерство за финансии Министерство за економија	Весна Цветанова Илир Шабани
4.3.7. Образование и вештини	Министерство за образование и наука	Билјана Трајковска
4.3.8. Вработеност и пазар на труд	Министерство за труд и социјална политика Агенција за вработување на РМ	Горан Велески Билјана Живковска
4.3.9. Социјална инклузија, намалување на сиромаштијата и еднакви можности	Министерство за труд и социјална политика	Софија Спасевска
5. Буџетски импликации на структурните реформи	Сите вклучени институции	
6. Институционални прашања и вклучување на засегнатите страни	Министерство за финансии	Андрија Алексоски Весна Цветанова Бојана Илиевска
7. Анекси	Сите вклучени институции	

Имајќи во предвид дека за минатогодишната Програма Европската комисија искажа признание за напорите кои Владата ги вложува во спроведувањето реформи за подобрување на конкурентноста, Министерството за финансии направи особен напор да го задржи, но и да го подобри квалитетот на овогодишниот документ согласно препораките дадени од Комисијата.

При изработката на Програмата се спроведе и процес на консултација со заинтересираните страни на национално ниво: бизнис заедницата, универзитетите, ЗЕЛС, локалните власти, социјалните партнери, граѓанскиот сектор и другите заинтересирани страни. Процесот на консултација се одвиваше согласно Упатството за ПЕР 2018.

На 9 јуни 2017 година се одржа иницијален состанок со заинтересираните страни со следниот дневен ред:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF FINANCE

Иницијален состанок за

Програмата за економски реформи

ДНЕВЕН РЕД

9 Јуни 2017 година

МЕСТО: хотел Холидеј Ин Скопје
ул. Филип Втори Македонски бр. 5
1000 Скопје,
Република Македонија

9 Јуни 2017 година

10:45 – 11:00	Регистрација
11:00 – 11:30	**Поздравни говори**
	г-н **Драган Тевдовски,** министер за финансии г-н **Вилем Ное,** ДГ НЕАР, Европска Комисија г-ѓа **Маржена Кисиелевска**, раководител на одделот за југоисточна Европа во ОЕЦД модератор **г-н Андрија Алексоски,** национален координатор за Програмата за економски реформи (ПЕР)
11:30 – 12:00	**Научени лекции од процесот за ПЕР 2017, проследени со дискусија на тркалезна маса**
	г-ѓа **Весна Цветанова,** помошник раководител на Секторот за макроекономска политика, Министерство за финансии *Презентација на Процената на Комисијата за ПЕР 2017 година и на Заедничките заклучоци од Економскиот и финансискиот дијалог, проследени со дискусија на тркалезната маса*
12:00 – 12:30	**Упатството за ПЕР 2018 проследено со дискусија на тркалезна маса**
	г-ца **Бојана Илиевска,** раководител на одделение во Секторот за макроекономска политика, Министерство за финансии *Презентација на новата верзија на Упатството за ПЕР како поддршка на процесот на подготовка на ПЕР 2018-2020, проследена со дискусија на тркалезната маса*
12:30-13:00	**ОЕЦД поддршка за подготовка на ПЕР проследено со дискусија на тркалезна маса**
	г-ѓа **Анита Рихтер,** ОЕЦД раководител на проект, оддел за југоисточна Европа *Поддршка на ОЕЦД на земјите од Западен Балкан и Турција при подготовка на Програмата за економски реформи 2018-2020, Алатка за мониторинг на реформските мерки, проследена со дискусија на тркалезната маса.*
13:00-13:30	**ОЕЦД Процес на подготовка и работен план на ПЕР 2018 година проследен со дискусија на тркалезна маса**
	г-н **Андрија Алексоски,** Национален координатор за Програма за економски реформи, Министерство за финансии *Главните одредници и клучните датуми, со фокус на процесот на внатрешна координација на Владата, консултации со засегнатите страни и опции за дополнителната техничка поддршка. Презентација на работен план за подготовка на ПЕР 2018-2020, проследена со дискусија на тркалезната маса*
13:30-14:30	**Ручек**

Потоа, од 27 ноември до 8 декември 2017 година нацрт ПЕР 2018 беше објавена на интернет страницата на Министерството за финансии, а истовремено беа испратени јавен повик и покани до заинтересираните страни да дадат активен придонес во процесот на изработката на документот преку давање мислења за содржината на документот и предлози за негово подобрување http://finance.gov.mk/mk/node/6843.

На 5 декември 2017 година, во просториите на Министерството за финансии се одржа јавна расправа помеѓу институциите кои учествуваат во подготовка на документот, претставници од Европската делегација во Скопје и претставници од заинтересираните страни.

Консултации за нацрт Програмата за економски реформи 2018 – 2020 година

ПОВИК ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ ЗА КОНСУЛТАЦИИ ЗА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ 2018 – 2020 ГОДИНА

Ви ја претставуваме нацрт Програмата на економски реформи за 2018 – 2020 година (ПЕР 2018), која Владата на Република Македонија ќе ја достави до Европската комисија до 31 Јануари 2018 година, по усвојување на нејзиниот текст.

Со подготовка на ПЕР, Владата на Република Македонија од 2014 година се приклучи кон пристапот на Европската комисија за поддршка на долгорочен раст и конкурентност преку економското управување како клучен столб во процесот на проширување, со цел да се обезбеди подобро известување за националните планови за економски политики, вклучително и потребните структурни реформи.

Нацрт ПЕР 2018 е подготвена преку веќе воспоставениот национален процес на консултации централно координиран од страна на Министерството за финансии. Документот е изработен согласно „Водичот за програми за економски реформи" издаден од Европската комисија во Април 2017 година. Во изработката е користена експертска поддршка од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).

Со оглед на важноста на овој документ и потребата тој да биде квалитетно изработен, се спроведува процес на широка вклученост на заинтересирани страни. Затоа ги покануваме: бизнис заедницата, универзитетите, локалните власти, социјалните партнери, граѓанскиот сектор и другите чинители и заинтересирани страни за активен придонес во процесот на изработката на документот.

Вашите мислења, коментари и предлози може да ги доставите најдоцна до 8 Декември 2017 година на следните е-маил адреси:

Andrija.Aleksoski@finance.gov.mk координатор на Програмата на економски реформи

Bojana.Ilievska@finance.gov.mk

Во текот на консултациите со заинтересираните страни беа добиени следните мислења и предлози:

11-ти Декември, 2017

Почитуван г. Алексоски,

Во прилог одговорите на АмЧам Македонија за нацрт-Национална програма за економски реформи за 2018-2020 година, која беше објавена за јавно коментирање на 28.11.2017 година. Ве молиме имајте во предвид дека коментарите Ви ги испраќаме на македонски и на англиски јазик за да можете да ги искористите соодветно.

Би сакала да се заблагодарам на Министерството за Финансии за вклучувањето на Американската Стопанска Комора во Македонија во процесот на разгледување и коментирање на Националната програма на економски реформи за 2018-2020 година. Би напоменала дека за да има поголема вклученост на сите релевантни страни во насока на создавање на квалитетен документ кој ќе одговара на реалната состојба, најдобро е нацрт програмите да се објавуваат на Единствениот Национален Регистар за Прописи на Република Македонија (ЕНЕР), оставајќи простор за нивно разгледување и коментирање од најмалку 15 работни дена.

Имајќи го предвид ограниченото време кое го имавме за коментирање на Програмата, ние ги лимитиравме нашите коментари на само две потсекции од документот (4.3.1 Управување со јавните финансии и 4.3.4 Деловно опкружување). Од истата причина, ние сме отворени за континуиран дијалог во однос на деталите од имплементацијата на Програмата.

Генерално, нашите впечатоци се дека предложените мерки не опфаќаат неколку важни предизвици и поради тоа овие мерки нема да и помогнат на земјата да ги оствари своите цели поврзани со реформите и развојот. Особено, сметаме дека Програмата треба да вклучи мерки од следниве реформски области:

- Да се обезбеди транспарентност и навремена исплата кон приватниот сектор од страна на сите буџетски корисници;
- Поттикнување на вистински, отворен и системски дијалог со претставниците на компаниите;
- Намалување на сивата економија;
- Намалување на легислативната конфузија;
- Зголемување на предвидливоста, конзистентноста и непристрасноста на инспекциите;
- Зголемување на транспарентноста и надзорот на механизмите за жалба и поплаки кои можат да ги користат компаниите;
- Осигурување дека пара-фискалните трошоци, политиките за оданочување и казнување се рационални и фер;
- Поттикнување на практиканствата во компаниите; и
- Обезбедување на стратешки инвестиции за поквалитетно образование.

Се надевам дека ќе ги прифатите овие коментари, каква што и ни беше намерата, како конструктивна критика насочена кон подготовка на програма со високо квалитетни реформи. Доколку имате одредени прашања или коментари, Ве молам да ме контактирате.

Со почит,

Дијана Десподов
Извршен директор

АмЧам Македонија
Васил Ѓоргов 20А, Кат 3
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389 (0)2 3216 714
www.amcham.com.mk

Одговор на АмЧам Македонија на првата верзија на Нацрт-Програмата на економски реформи 2018-2020 објавена за јавно коментирање на 28.11.2017г.

Коментари на потсекција 4.3.1: Управување со јавните финансии

Иако не е експлицитно наведено како посакувана цел или предлог реформска мерка 1 ниту 2, ние ќе го поздравиме имплементирањето на сите реформи кои се во насока на зголемување на транспарентноста на практиките на плаќање извршени од буџетските корисници кон изведувачите од приватниот сектор, како и нивната навременост. Задоцнетото плаќање од страна на буџетските корисници кон компаниите од приватниот сектор, значително придонесува за проблемите со ликвидноста во земјата. Законот за финансиска дисциплина важи подеднакво за сите буџетски корисници, но не постојат докази дека практиките на плаќање на институциите се подобрени. Со оглед на обврската на државата самата да се следи во овој процес (вклучително самата да изрекува парични казни до Министерот за Финансии), транспарентност на практиките за јавни плаќања е клучен елемент кој треба да се реши.

Друга значајна реформа во оваа насока ќе биде да се дефинира стандардизирана методологија во рамки на Законот за Извршување со која резервираните "оперативни средства" на Општините треба да се пресметуваат во извршната постапка и да се воведат други мерки со кои ќе се спречи бесрамната и долгорочна злоупотреба на приватните изведувачи кои имаат извршено работи од јавна корист, во добра волја. Во постојниот Закон за извршување не постои методологија со која судиите можат да го утврдат минималното ниво на "оперативни фондови" неопходно за општините да продолжат со непречена работа (член 218). Во пракса, ова значи дека приватните изведувачи кои имаат извршено работи од јавен интерес и пред суд го докажале своето право да бидат платени за нивната работа, понекогаш не можат да го остварат ова право. Во суштина, овој исклучок им овозможува на општините да работат надвор од законот, да го избегнат решавањето на заостанати долгови и да продолжат со нормална работа, вклучително и објавување на нови тендери.

Коментари на потсекција 4.3.4: Деловно Опкружување и Намалување на Неформалната Економија

Се согласуваме дека напорите на владата да реформира различни аспекти од македонското деловно опкружување во согласност со процените за "Doing Business" извештајот и во помала мера за Извештајот за глобална конкурентност (the *Global Competitiveness Report)*, ја подобрија перцепцијата за земјата како дестинација за директни странски инвестиции во регионот. Ова се потврди преку зголемениот број на браунфилд и гринфилд директни странски инвестиции и зголемената вработеност во ваквите ново воспоставени операции во земјата. Исто така, ограничен број на бирократско-административни процеси суштински беа подобрени, што им помогна на оние компании кои најчесто се среќаваат со нив.

За жал, мерките вклучени во нацрт верзијата на Програмата за 2018-2020г. се ограничени на една долго најавувана мала инвестиција на портал за услуги на е-влада. Иако континуираната инвестиција во системи за Е-Влада и донесување на стратегии за МСП се добредојдени, овие мерки не се доволни и не можат да бидат оценети како фундаментални реформи.

Наместо тоа, потребни се конкретни и мерливи реформи во повеќе фундаментални области кои ќе предизвикаат позитивна промена во севкупното деловно опкружување. Овие реформи треба да вклучуваат мерки кои ќе:

- Поттикнат вистински, отворен и системски дијалог со индустријата преку соодветна употреба на Единствениот Национален Електронски Регистар на прописи (ЕНЕР), укинувајќи ја употребата на „скратената постапка“ во Парламентот и продолжувајќи на стандардниот рок за јавно коментирање;
- Ја намалат сивата економија преку јасно утврдување на надлежностите на извршните органи, со цел тие да не се преклопуваат помеѓу две или повеќе институции, нивните вработени да се соодветно обучени, опремени и мотивирани за да се справат со овој проблем систематски, на територијата на целата држава;
- Ја намалат регулаторната конфузија со тоа што официјални, консолидирани правни текстови би биле објавувани почесто, намалувајќи ја колизијата помеѓу новите закони и постојаната легислатива и барајќи извршните органи да објавуваат официјални, правно-обврзувачки насоки за примената на законите во одредени случаи;
- Општо усогласување на даночното законодавство (Данокот на добивка и Данокот на додадена вредност) со потребите на глобалната дигитална трансформација. Ова ќе придонесе зголемување на понудата на електронски услуги и водење електронска трговија во Република Македонија, како и за целокупната транспарентност и собирање на приходи.
- Да ја зголемат предвидливоста, конзистентноста и непристрасноста на инспекциите преку зголемување на обемот на работата на Инспекцискиот совет; зголемување на транспарентноста на сите државни институции кои спроведуваат инспекции; зголемување на транспарентноста за изрекувањето на казни како и материјали со инструкции за да им се помогне на компаниите што подобро да го усогласат своето работење со законските прописи, и укинување на стимулациите за инспекторите од зголемување на приливите;
- Ја зголемат транспарентноста и надзорот на механизмите за жалба кои можат да ги користат компаниите; и
- Осигурат дека пара-фискалните трошоци, политиките на изречување на казнии одаочувањето на компаниите се рационални и правични.

Поттикнување на вистински, отворен и системски дијалог со претставници на компаниите

Вистински, отворен и системски дијалог со претставниците на компанииите мора да биде камен-темелник на идните напори на Владата за подобрување на деловното опкружување.

Воведувањето на ЕНЕР од страна на Владата беше за пофалба бидејќи е чекор кон зголемување на јавниот коментар за предлог-законите, нешто што е признато од страна на многу фактори. За жал, резултатите покажуваат дека платформата се користи повременоод страна на министерствата за да ги известат граѓаните за планираните промени во законодавството и за истата алатка е потребна дополнителна заложба за нејзиното развивање, како и систематска употреба.

Додека одредени компании и деловни асоцијации повремено се поканети на акционо-ориентирани средби со највисоките владини претставници, огромното мнозинство на компании кои работат во земјата се системски исклучени од законодавно-регулаторниот дијалог. Тоа е затоа што многу закони се донесени без да биде овозможен период за јавно коментирање. Таканаречената "кратка постапка" е наменета да се користи само кога предложените измени не се "сложени и големи". Со оглед на неодреденоста на оваа дефиниција, оваа постапка се користи за сите видови на промени, со што се намалува ефикасноста на паралелните напори кои ги прават одредени државни органи при

спроведувањето на дијалог со одредени претставници на бизнис заедницата. Значајна реформа во јавно-приватниот дијалог треба да започне со мораториум на користењето на "кратка постапка" од страна на Парламентот.

Конечно, дури и кога се почитува рокот од 10 календарски дена за јавно коментирање, утврден од Владата, едноставно е недоволен за обмислен и конструктивен одговор од претставниците на компаниите. Поради ова, за значајна реформа би се сметало доколку се утврди минимален рок од 15 работни дена за јавно коментирање за целата легислатива, и рок од 20 работни дена за јавно коментирање во летниот период и за време на празниците.

Намалување на сивата економија

Ги поздравуваме значителните напори на Владата започнати во 2012 година, за намалување на бројот на нерегистрирани компании како и казнувањето на оние компании кои не управуваат соодветно со трансакциите во готово и не плаќаат даноци, согласно законот. Сепак, изненадени сме од фактот, што во Програмата за 2018-2020 година не се вклучени реформски мерки кои ќе придонесат за понатамошно намалување на сивата економија. Сметаме дека неопходни се реформи кои соодветно ќе ги утврдат надлежностите на извршните органи, за да не се преклопуваат помеѓу две или повеќе институции, а вработените да се соодветно обучени, опремени и мотивирани за да се соочат со овој проблем систематски, низ целата територија на државата.

Државниот пазарен инспекторат (ДПИ) треба да биде една од најважните извршни институции во земјата кога се работи за справување со сивата економија. Сепак, ДПИ практично нема буџетски средства за компјутери, софтвер, возила, складиште за запленети предмети или други фундаментални алатки кои ќе овозможат доследна реализација на неговата мисија. Дополнително, постапувајќи по владина одлука, во просек 70% од инспекциите кои ги спроведува ДПИ се согласно законот за забрана на пушењето и работното време. Сите овие фактори заедно ја ограничуваат способноста на ДПИ да се справи со сивата економија.

Слично на тоа, додека предложените мерки во Програмата, се надоврзуваат на програмите на Владата за поддршка на иновациите во приватниот сектор, истражување и развој и сл, Државниот завод за индустриска сопственост се мачи со вршењето на неговите најосновни функции за обработка на апликации за патенти и заштита на трговски марки. Во годишниот извештај од 2015 година, ДЗИС известува дека имаат примено 5.357 апликации за признавање и заштита на трговски марки во Македонија, но успеваат да издадат само 614 одлуки кои ги признаат овие права (11%). Всушност, овој соодност е во просек од 20% за периодот 2003-2014. Ова значи дека постојат илјадници трговски марки (многу од нив глобално признати) кои допрва треба да добијат основно признавање на нивните права во Македонија. Ние сметаме дека напорите на Владата за поттикнување на иновациите меѓу локалните компании мораат да почнат од ефикасно признавање и заштита на оние марки кои се веќе присутни во Македонија.

Намалување на регулаторната конфузија

Покрај постојаното менување на легислатива и регулатива, компаниите кои делуваат во Македонија многу ретко се вклучени во процесот при подготовката на актите и често се соочуваат и со висок степен на регулаторна конфузија предизвикана од:

- Недостигот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) која ќе го утврди влијанието врз приватниот сектор како и потребното време компаниите да се адаптираат на новата легислатива;
- Недостигот на официјално пречистени текстови од сите закони кои се на сила;
- Усвојувањето на закони кои се во колизија со постојната легислатива; и
- Недостигот на официјални информации објавени од надлежните институции за тоа како законите ќе се применуваат во конкретни случаи.

Поради ова, сметаме дека реформа која би била насочена кон намалување на регулаторната конфузија треба да ги содржи сите погоре наведени прашања.

Вообичаена пракса е македонскиот Парламент да усвојува закони кои веднаш стапуваат на сила по нивното објавување во Службен весник. Ова значи дека компаниите практично немаат време да ги адаптираат своите системи, да организираат обуки за своите вработени или да преземат мерки за да го усогласат своето работење со одреден закон пред тој официјално да стапи на сила. Сметаме дека ова делумно се должи на фактот дека владините процени за влијанието на регулативата не го земаат предвид влијанието врз приватниот сектор (туку само влијанието врз државниот буџет). „Сивата зона“ креирана од оваа пракса е дополнително усложнета поради недостигот на подзаконски акти кои често се усвојуваат со задоцнување од неколкумесеци. Поради ова, потребна е реформа која ќе се насочи кон намалување на регулаторната конфузија и таа треба да вклучи мерки кои ќе осигурат дека компаниите нема да се сметаат за одговорни за неусогласеност со новиот закон се додека подзаконските акти не се соодветно објавени и разумно време е поминато, кое ќе им овозможи на компаниите да го усогласат работењето со подзаконските акти.

Многу често, компаниите се принудени да работат со неофицијални текстови на законите кои се консолидирани со измените и дополнувањата или од приватни компании за услуги или од вработените во компанијата. Оваа практика ги изложува компаниите на непотребен правен ризик и ги фаворизира големите организации кои имаат ресурси за водење на овој сложен процес. На пример, Законот за данок на додадена вредност не бил консолидиран во периодот од 1999 – 2013, покрај многуте амандмани донесени во овој период. Поради ова, потребна е реформа насочена кон намалување на регулаторната конфузија која ќе овозможи создавање на процедури со кои надлежните институции ќе бидат задолжени да објавуваат официјални, пречистени текстови кои ќе може да ги користи целата јавност во рок од 1 месец од секој и сите усвоени амандмани.

Иако Секретаријатот за законодавство е задолжен да осигури новите закони да не се во колизија со веќе постојните прописи, ова сепак редовно се случува. Неопходна е реформа која ќе обезбеди Секретаријатот да ги има неопходните ресурси, овластувања и влијание за намалување на конфузијата создадена во случаите кога законите се во меѓусебен судир.

На крајот, компаниите често имаат потреба од официјално упатство за примената на законите во нивната конкретна ситуација. Денеска, институциите кои имаат овластување да одлучат како одредена регулатива ќе се примени во конкретна ситуација на одредена компанија, тие сепак не ги објавуваат издадените мислења официјално. Ова, поттикнува нееднаква примена и значи дека компаниите не можат да знаат како одреден закон би се применил во слични случаи, освен во ретките случаи кога компаниите ќе побараат автентично толкување во Парламентот. Имајќи ја предвид бавноста на одговорот и загриженоста за заштита на приватноста, ова процедура многу ретко се користи. Компаниите исто така се обесхрабрени да ја користат оваа процедура поради парламентарната практика да ги одбива барањата врз основ дека усвоените закони се јасни. Поради ова, треба да се направи реформа со која ќе се наложи на извршните органи да објавуваат официјални, правно-обврзувачки упатства за примената на казните во конкретни случаи (се разбира исклучувајќи ги податоците за ентитетот). Ова е особено клучно во случаите кога компаниите се казнети за толкување на примената на законот поинаку од извршниот орган.

Зголемување на предвидливоста, конзистентноста и непристрасноста на инспекциите

Реформи насочени кон поголема предвидливост, конзистентност и непристрасност на инспекциите би имале големо значење за локалното деловно опкружување. Таквите реформи би го намалиле ризикот од неусогласеност за компаниите и би ја зголемиле нивната стапката за проактивно усогласување. Конкретно реформи се потребни во:

- Проширување на одговорностина Инспекцискиот совет на сите владини ентитети кои спроведуваат инспекции;
- Задолжување сите државни институции кои спроведуваат инспекции да ги објавуваат на интернет материјалите кои се релевантни за компаниите, за тие да можат да ја разберат нивната улога и да увидат како можат да ги контактираат за прашања;
- Зголемување на транспарентноста за изречените казни како и материјали со инструкции за компаниите да ја зголемат своето проактивно усогласување; и
- Бришење на сите стимулации за инспекторите да ја зголемуваат наплатата од компаниите.

Формирањето на Инспекцискиот совет, кој има за цел да ја стандардизира работата на сите инспекторати, беше значаен чекор во правилна насока. Сепак, Инспекцискиот совет треба да ги вклучи сите државни институции кои спроведуваат инспекции (пр. Управа за јавни приходи, Царинска управа). Исто така, неопходна е реформа со цел идентификување и елиминирање на преклопувањата во надлежностите на државните институции кои спроведуваат инспекции.

Со цел зголемување на основната свесност за бројот, типот и одговорностите на најмалку 28 тела кои извршуваат инспекциската функција, секое од овие тела треба да има своја функционална веб страна, на која ќе бидат објавени сите релевантни закони, подзаконски акти и внатрешни процедури кои се неопходни за компаниите да ја сфатат нивната работа како и да можат да ги контактираат за отворени прашања. На пример, моментално нема ниту една информација достапна на интернет за Државниот инспекторат за земјоделство.

Сметаме дека зголемувањето на транспарентноста за изречените казни е уште една важна реформа која треба да се спроведе. Доколку казните треба да имаат инструктивна улога за другите компании, мора да има јавно расположливи повеќе податоци за типот на ентитети кои се казнувани (пр. големина, сектор, регион) и за типот на прекршоци. За да се зголеми усогласеноста, најдобро би било доколку инспекторатите редовно објавуваат случаи и материјали со инструкции за прашања за кои компаниите најчесто се казнувани.

Дополнително, инспекторатите не смеат да бидат стимулирани на било каков начин да го „полнат буџетот“ од компаниите. На пример, во извештајот на УЈП од 2007 година стои дека „25% од приходите од откриени и наплатени даноци и камати” ќе се користат како извор за финансирање на оваа институција. Ние сметаме дека ова создава директна мотивација за инспекторите да изнајдат начини за зголемување на приливите од даноци, отколку само да се осигурат дека законите правилно се применуваат.

Зголемување на транспарентноста и надзорот на механизмите за жалби и поплаки кои ги користат компаниите

За да се избегне одржување на деловно опкружување каде компаниите се сметаат за виновни уште пред да се докаже дека се невини, потребно е механизмите за жалби и поплаки да бидат конзистентни, транспарентни и ефикасни. Поради ова, неопходно е да се направи реформа за да се спречи злоупотребата од индивидуални инспектори врз компаниите преку зголемување на транспарентноста на институциите кои ги процесираат жалбите на компаниите и осигурување дека најдобрите практики се применети. Ваквите мерки треба да содржат активности поврзани со внатрешен и независен надзор на механизмот за жалби и објавување на детални податоци за добиените поплаки од компаниите. Важни прашања кои треба да се одговорат се:

- Колкав дел од жалбите на одлуките на институциите се целосно или делумно прифатени или одбиени?
- Колку често Управниот суд носи поинакви одлуки од оние донесени од надлежната државна институција?
- Кои чекори се преземаат за да се осигури дека одлуките на Управниот суд се почитуваат? и

- Дали изречените дисциплински мерки за државните службеници се конзистентни?

Како дел од реформата, клучно е да се зголеми транспарентноста на работата на Управниот инспекторат. Во отсуство на конкретни информации за работата на оваа институција, компаниите се сомневаат дека таа ја извршува предвидената функција.

Да се обезбедат рационални и фер Пара-фискални трошоци, Даноци и Казнени Политики

Столб на стратегијата на Македонија за привлекување странски директни инвестиции е одржувањето на релативно ниските даночни стапки и едноставниот даночен систем. Сепак, не се превземаат мерки за да се спречи порастот на огромен број на пара-фискални давачки кои компаниите мора да ги платат. Барем делумно, се чини дека се во пораст. Така, една важна реформа би вклучила најпрвин проценка а потоа и рационализирање на пара-фискалните давачки наплатени на национално и на локално ниво. Веруваме дека оваа реформа ќе им овозможи на компаниите да направат уште попрецизни проценки на своите инвестиции и оперативни трошоци, како и да им овозможи на креаторите на политиките и законите да го согледаат идното зголемување на трошоците во холистички контекст.

Моментално, многу мал дел од деловната заедница носи екстремно голем дел од даночниот товар. Даночниот товар на економијата треба да биде распределен низ сите сектори на многу по еднаков начин, за да се избегне намалувањето на конкурентноста во одредени сектори. Поради ова, АмЧам препорачува даночната структура на земјата да се ревидира и реформира со цел распределување на даночниот товар на земјата што е можно по еднакво.

Неодамнешните измени на Законот за прекршоци, со кои се намалија казните во голем број на закони, е чекор во права насока, бидејќи казните континуирано беа зголемувани во изминатите неколку години без да се води сметка за нивното влијание на компаниите од сите големини. Сепак, политиките за казнување мора да се реформираат фундаментално со цел да се осигури дека тие служат во функција на поттикнување на усогласеност на работењето на компаниите со законите. Особено, големината на казната за еден прекршок мора да кореспондира со сериозноста на прекршокот; човечки грешки или грешки на системот не треба да се казнуваат, исто така компании кои доброволно ја утврдиле и поправиле грешката не треба да бидат казнети, а извршните органи пред да изречат казни треба да издадат предупредување и да ги едуцираат компаниите, но и да дадат време за корективни дејствија.

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

0302-195-1/17
Скопје, 07.12.2017

До: Министерство за финансии на Република Македонија
Ул. Даме Груев, бр.12
1000 Скопје, Република Македонија

За: г. Андрија Алексоски, координатор на Програмата на економски реформи

Предмет: Мислење на Сојуз на стопански комори на Македонија по нацрт Програма на економски реформи 2018 – 2020 година

Почитуван г. Алексоски,

Би сакале да искажеме благодарност за досегашната соработка и изразиме надеж за продлабочување на истата во иднина.

Во оваа насока, и согласно нашето учество на јавната расправа по предлог Програмата на економски реформи 2018 – 2020 година, која се одржа на 05.12.2017 година во Министерството за финансии истакнуваме благодарност за можноста за достава на коментари по нацрт Програмата.

Сојуз на стопански комори на Македонија како најголема деловна македонска мрежа која ги застапува бизнис интересите на македонските компании континуирано ја следи економската состојба и предлага мерки и активности за унапредување и понатамошен развој. Во оваа насока, а согласно утврденото мислење на бизнис заедницата сметаме дека во идните економски реформи приоритети треба да се дадат на намалувањето на неформалната економија како и реформи и унапредување на инспекцискиот систем. За таа цел, предлагаме точка 4.3.4 Деловно опкружување и намалување на неформалната економија да се дополни со конкретни мерки и/или механизми за намалување на неформалната економија кои ќе бидат во насока на заштита на регистрираните македонски компании кои работат сериозно и професионално и поради тоа се во можност да допринесат за развој на економијата. Исто така, сметаме дека неопходно е спроведување на реформи на инспекцискиот систем во смисла на ревидирање на законската регулатива, унифицирано толкување на истата од страна на сите инспекторати, доквалификација на кадрите кои вршат надзор, како и правилно и професионално утврдување на фактичката состојба.

Секторскиот развој на земјоделството, индустријата и туризмот, реформите во енергетиката и транспортот, како и поддршка на иновациите, мерки за развој на пазарот на трудот и унапредувањето на образованието се активности кои како бизнис заедницат ги поддржувани, а се опфатени во Програмата.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нè контактирате на тел: 076 455 045 или на е-маил: info@chamber.mk.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

Маја Савеска, советник
Сојуз на стопански комори на Македонија

International Chamber of Commerce
The world business organization

World Chambers Federation

КОМЕНТАР
COMMENT

Бр. 19

на Нацрт Програмата за економски реформи (2018 – 2020)

05 декември 2017

Министерството за финансии ја објави Нацрт Програмата за економски реформи (2018 – 2020). Finance Think оценува дека документот е составен на **јасни и солидни економски основи** и нуди сеопфатна анализа на приоритетните структурни реформи кои ѝ се потребни на Македонската економија. Finance Think смета дека програмата е целосно посветена кон реформи и позитивен чекор е што таа е во согласност со препораките на домашната експертска јавност и меѓународните институции. **Програмата јасно инкорпорира мерки од неколку други програми на државни и меѓународни институции, што е добра насока кон институционално усогласување на мерките кои се приоритетни за Македонската економија.**

Finance Think има неколку коментари и сугестии кон програмата, сè со цел нејзино подобрување. Подетално во следните точки:

- **Презентирањето на очекуваното влијание врз конкурентноста/оправданост за сите мерки е коректно и во позитивна насока, но објаснувањата се недоволно јасни и комплетни.** Прво, изостанува концизност при презентирање на оправданоста за секоја од мерките. Објаснувањата имаат тенденција да бидат генерализирани и недостигаат податоци врз кои таа би се утврдила. Второ, во самите мерки изостануваат анализи врз основа на кои е утврдено дека секоја од мерките е оправдана, или врз кои е утврдено нивното влијание врз конкурентноста. Ако ваквите анализи се имплементираат, **Finance Think предлага експертската јавност да има увид во методот и претпоставките преку кои е дојдено до заклучоците за оправданоста и очекуваното влијание на секоја мерка.**
- Finance Think го поздравува презентирањето на очекуваното влијание врз вработувањето и родот на секоја од мерките. Имено, како организација која ги следи родовите и доходовните нееднаквости, сметаме дека ваквото презентирање на мерките е во вистинска насока кон поголема инклузивност на различните засегнати страни. Со цел нивно подобрување, Finance Think предлага **појасно и детално презентирање на нивните влијанија**. Во сегашната форма, **недостигаат резултатите од влијанието на мерките врз вработувањето и родот, како и методите користени при утврдување на таквото влијание.**
- Мерката за зголемување на конкурентноста на пазарот на електрична енергија **е за поздравување.** Претходната година, Finance Think изработи Кост-Бенфит анализа околу Либерализацијата на пазарот на електрична енергија во Македонија, каде што се утврди дека домаќинствата како и државните институции би

Finance Think – 2017 All right reserved.

стекнале поголема заштеда и дел од трошоците за електрична енергија би се намениле за други потреби. Finance Think предлага да се **спроведе кост-бенефит анализа на национално ниво, како и ценовна анализа за ефектите од либерализацијата на пазарот.**

- Предложените мерки за развој на земјоделскиот сектор се соодветни и коректни. Земјоделието, како дел од клучните сектори во Македонија, има потреба од подобрување и технолошки развој кој би бил споредлив и конкурентен со земјите од ЈИЕ и ЕУ. Finance Think предлага претпазлив пристап кон финансиската поддршка на земјоделието, со оглед дека Кост-Бенефит анализата околу субвенционирањето на земјоделието покажа дека земјоделските субвенции се **несоодветно искористени за подобрување на земјоделскиот сектор, туку беа користени главно како социјална мерка.**Finance Think предлага да се оспособи Агенцијата за финансиска поддршка и развој на земјоделието во **спроведување на мониторинг и евалуација на субвенциите со цел да се обезбеди дека истите се соодветно искористени во подобрувањето на конкурентноста на овој сектор.**

- Finance Think смета дека мерките за развој на индустријата се соодветни и се меѓусебно поврзани со мерките предложени во Планот за економски раст на Владата на Република Македонија. Ваквата поврзаност е од клучна важност и укажува дека државните институции имаат меѓусебна комуникација во **изнаоѓањето заеднички мерки кои би придонеле кон подобрување на економијата**. Сметаме дека мерките би дале **позитивен финансиски импулс за компаниите на краток рок и би обезбедиле подолгорочна стабилност на бизнис секторот.** Подетално, погледнете го ФТ Коментар бр. 16.

- Мерките околу деловното окружување и намалувањето на неформалната економија **укажуваат дека програмата соодветно ги таргетира и согледува проблемите на Македонската економија.** Слабата точка на овој сегмент од нацрт Програмата е што недостигаат мерки за адресирање на проблемите кај инспекторатите кои вршат инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и акти од страна на бизнис секторот во Република Македонија. Брифот на политики бр.20 укажа на тоа дека во претходните години многу од малите и средни претпријатија во Република Македонија беа жртви на пристрасност, фаворизирање и злоупотреба од страна на инспекциските служби. **Ваквата тенденција ја зголемува корупцијата во приватниот сектор и креира нееднаквост во економијата.** Дополнително, присуството на неформалната економија е потврдено од анализата „Плата во плико“, во која се утврди дека 17.8% од работниците во Македонија кои имаат формален договор за вработување, добиле плата во плико во 2017 година. Ваквите резултати се должат и на несоодветното работење на инспекторатите. **Finance Think предлага јасно и концизно креирање дополнителни политики/мерки кои би ги адресирале проблемите кои ги имаат инспекторатите во Македонија.**

- **Finance Think ги поздравува предложените мерки за истражување, развој и иновации, и дигитална економија.** Имено, сметаме дека мерката на троен хеликс партнерство би придонела кон **зголемување на иновациските потенцијали на Македонија, а со тоа и врз генералниот економски раст на државата.** Со цел подобрување на предвидените мерки, Finance Think предлага и **мерки кои би поттикнале изградба на технолошки паркови и претприемачки центри** коишто ќе овозможат вмрежување на иновациски *start-up*-и со инвестициски фирми од домашно и странско потекло.

- Посебниот акцент на стручното средно образование во предложените мерки за реформи во образованието **е во позитивна насока и во линија со размислувањата на домашната експертска јавности и меѓународните финансиските институции.** Finance Think предлага да се размислат начини и мерки со кои би се **поттикнало поголемо учество на жените во стручното средно образование** со оглед дека жените се многу малку присутни во стручните професии. Со ова би се обезбедил зголемен опсег на образовни избори за жените и би се

Finance Think – 2017 All right reserved.

отстранила бариерата за новното учество во стручните професии. За повеќе, погледнете ги публикациите на Finance Think за родови и доходни нееднаквости.

- Зголемувањето на финансиските средства за мерките за вработување и пазар на труд, како и посоодветно таргетирање на најранливите невработени лица, се соодветни и во линија со препораките од Брифот на политики бр. 14 на Finance Think. **Укажуваме на претпазливост кај мерката 19: Гаранција за млади** каде што **не е утврдено како ќе се гарантира** соодветна понуда за вработување, практикантство или обука на младото невработено лице на пазар на кој постои недоволна побарувачка за работни места без работно искуство и големо несовпаѓање помеѓу понудените и побаруваните вештини.
- Finance Think оценува дека мерката за унапредување на паричните надоместоци во социјалната заштита е соодветна, но предлага ваквата мерка да биде имплементирана **по ревидирање на корисниците (таргетирањето) на паричен надоместок.** Исто така, предлагаме да се **направи соодветна анализа на ефектите кои ќе ги има зголемувањето врз буџетот** на Република Македонија, како и **да се дефинира од каде ќе биде финансирано ваквото зголемување**. Овие предлози се во насока кон зголемување на буџетската транспарентност како и утврдување на целоисходноста на имплементирање на политиките. Finance Think препорачува да се воведе шема за гарантиран минимален доход (ГМД), пришто според нашата студија на оваа тема, трите посебни дизајни на ГМД значајно помагаат во намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста.

Finance Think – 2017 All right reserved.

МАКАМ-ТРАНС

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКАМ-ТРАНС
Бр. 03-130/1
05.12 2017 год.
СКОПЈЕ

Програма за економски реформи 2018 – 2020 година

Почитувани,

Асоцијација Макам-транс е здружение на работодавачи од областа на превоз во патниот сообраќај со близу 2000 членки трговски друштва на кои основна дејност пред се е превоз на стоки во патниот сообраќај.

Со особено внимание ја разгледавме Нацрт програмата на економски реформи (2018-2020) која во целост има позитивен тренд за овозможување на услови за обезбедување на одржлив раст и развој на стопанството во целина доколку истата се спроведува согласно зацртаните приоритети и транспарентност на државните институции со цел да се опфатат сите заинтересирани чинители од реалниот сектор.

Би сакале да укажеме на еден факт кој е испуштен во оваа програма и не е доволно анализиран како би се откриле причините за застој на граничните премини.

Во точка 4.3.2. РЕФОРМИ НА ЕНЕРЕТСКИОТ И ТРАНСПОРТНИОТ ПАЗАР е наведено :

„Доминацијата на патниот транспорт, особено во превозот на стоки, доведува до зголемување на застоите на граничните премини и намалување на брзиот проток на стоката со што се наметнува потребата од преземање на мерки кои ќе придонесат кон намалување на дисбалансот во транспортот преку зголемување на учеството на железничкиот транспорт."

Согласно сите истражувања кои се правени во изминатиот период не е причината за застој на граничните премини „доминацијата на патниот транспорт" туку тесните грла што постојат на граничните премини, недостаток на поголем број на ленти за излез од државата, преголемите процедури како на инспекторските органи лоцирани на граничните линии така и на царинските органи.

Надминување на овој проблем нема да се реши со зголемување на учеството на железничкиот транспорт, затоа што едниот и другиот превоз секогаш се надополнувале особено што железничкиот превоз не е достапен секогаш до почетната односно крајната дестинација и без патниот превоз би бил нефлексибилен и тешко достапен. Согласно оваа Програма се предвидува голема поддршка и развој на земјоделскиот сектор чии производи не можат и не смеат да се превезуваат со железница во поголема мера кога се работи за производи кои се лесно расипливи и бараат брзина во доставата до крајниот корисник на истите. Голем дел на производи од зоните кои имаат голема вредност не смеат да се превезуваат со железница што е видно и од забраната за превоз на товарните моторни возила заедно со стоката со воз низ територија на Австрија.

Најбрз можен начин кој не бара големи средства е изградба/додавање две ленти за излез од државата во должина од 1,5 км на граничниот премин Табановце што претставува инфраструктурно решение особено што постои и готов проект од 600 м кој не бил доправен и е составен дел на проектот за изградба на автопат Табановце. Вакви слични зафати со спроведување на соодветна анализа треба да се направи на сите гранични премини од „А" категорија со цел да се прошират премините, да се

поправат пристапите до царинските терминали и патиштата. Исто така потребно е и во патниот превоз да се примени правилото за воспоставување на олеснување на меѓународниот патен превоз на стока, преку намалување на времето на чекање на граничните премини со скратување на процедурите за преминување на границата согласно принципот на едношалтерскиот систем „one-stop shop" како што е спроведен во другите држави во нашето опкружување (Косово – Албанија, Албанија – Црна Гора и т.н). Сите овие активности мора да се спроведуваат паралелно со спроведување на одредбите од договорот на ЦЕФТА.

Во поголем дел од Програмата се одредуваат стимулативни мерки за развој на земјоделскиот сектор, секторот индустрија, секторот услуга, што значи зголемување на производи за извоз од нашата држава, но неминовен е и увозот на производи кои ќе се користат како репроматеријали или готови производи, но за жал нема ниту еден елемент за обезбедување на одржлив раст и развој на превозните трговски друштва од приватниот сектор. Остануваме во надеж дека по нашата претходна интервенција до Министерството за транспорт и врски ќе се предвидат соодветни мерки и за помош и поддршка и на овој услужен сектор со Националната транспортна стратегија 2017-2030 кој е стратешки документ за развој на севкупната транспортната политика во Република Македонија по примерот на државите од Европска Унија без разлика дали се работи за јавен или приватен сектор.

Особено го поздравуваме делот 4.3.7 ОБРАЗОВАНИЕ И ВЕШТИНИ кој се однесува на воспоставување на мерки за зголемување на активните мерки за долгорочно невработени лица, млади и нискоквалификувани.
Веќе неколку години превозните трговски друштва се соочуваат со недостаток на професионални возачи (повеќето се отидени во државите од ЕУ), разбравме дека веќе 20 години е укинат смерот „возач" во средното техничко училиште АСУЦ, барањата кои ги имавме за дообука и преквалификација на невработени лица во 2016 година (60 лица) не е спроведено ни до ден денес.

Остануваме во надеж дека овие наши сугестии ќе бидат земени во предвид при спроведување на Програмата за економски реформи 2018-2020 година.

Со почит,
Биљана Муратовска
Генерален секретар

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКАМ-ТРАНС
www.makamtrans.org.mk "Перо Наков бр.1" 1000, Скопје 02/ 2551 057